

# 1. ВОВЕД

*Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.*

*Собранието е еднодомно кое го сочинуваат 120 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.*

*Во сегашниот состав на Собранието пратениците се избрани врз основа на пропорционален модел и тие својата функција ја вршат професионално.*

*Пратениците се избираат за време од четири години и тие не можат да бидат отповикани.*

*Врз основа на Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија:*

*- го донесува и изменува Уставот;*

*- донесува закони и дава автентично толкување на законите;*

*- ги утврдува јавните давачки;*

*- донесува Републички буџет и завршна сметка на буџетот*

*- донесува просторен план на Републиката;*

*-ратификува меѓународни договори;*

*- одлучува за војна и мир;*

*- донесува одлука за менување на границата на Републиката;*

*- донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;*

*- распишува референдум;*

*- одлучува за резервите на Републиката;*

*- основа совети;*

*- избира Влада на Република Македонија;*

*- избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;*

*- врши избор и разрешување на судии;*

*- врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон;*

*- врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;*

*- дава амнестија и*

*- врши други работи утврдени со Уставот.*

*Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, дек-ларации, резолуции, препораки и заклучоци.*

*Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието се утврдуваат со Деловник што Собранието го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со оглед на тоа што законодавната дејност е основна дејност на Собранието, во Деловникот е прецизно уредена постапката за разгледување и донесување на законите и другите акти. Исто така, со Деловникот се уредени инструментите и постапката преку кои Собранието врши политичка контрола и надзор врз работата на органите на извршната власт, како и други прашања што произлегуваат од уставните надлежностинаСобранието*

## 2.1. ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Петтите парламентарните избори во Република Македонија се одржаа на 5 јули 2006 година. Гласањето се одвиваше во шест изборни единици по пропорционалниот модел.

Во шесте изборни единици, односно на **2973** избирачки места, од вкупно евидентираните **1 741 449** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го оствариjа **933 089** избирачи односно **53,58%.**

На **135** кандидатски листи, предложени се и утврдени **2700** кандидати за избор на пратеници од **26** политички партии**, 7** коалиции и **2** листи на група избирачи.

### Изборна единица број 1

Во првата изборна единица се утврдени **29** листи на кандидати за пратеници и тоа **23** самостојни листи на политички партии и **6** листи на коалиции со вкупно **580** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **290 584** избирачи во избирачкиот список на **429** избирачки места гласале **162 199** избирачи односно **55,82%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **7** пратенички места, Коалицијата "За Македонија заедно" **5** пратенички места, Нова социал-домакратска партија **- 2**, Демократската Партија на Албанците - **2**, Коалицијата ДУИ-ПДП - **2**, Демократска обнова на Македонија - **1** и ВМРО- Народна Партија **едно** пратеничко место.

### Изборна единица број 2

Во втората изборна единица се утврдени **25** листи на кандидати за пратеници и тоа **19** самостојни листи на политички партии и **6** листи на коалиции со вкупно **500** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **295 523** избирачи во избирачкиот список на **381** избирачки места гласале **152 443** избирачи односно **51,58%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **7** пратенички места, Коалицијата "За Македонија заедно" **5** пратенички места, Нова социал-домакратска партија **- 2**, Демократската Партија на Албанците - **2**, Коалицијата ДУИ-ПДП - **3** и ВМРО- Народна Партија **едно** пратеничко место.

### Изборна единица број 3

Во третата изборна единица се утврдени **20** листи на кандидати за пратеници и тоа **15** самостојни листи на политички партии и **5** листи на коалиции со вкупно **400** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **285 166** избирачи во избирачкиот список на **625** избирачки места гласале **176 371** избирачи односно **61,85%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **10** пратенички места, Коалицијата "За Македонија заедно" **7** пратенички места, Нова социал-домакратска партија **- 1** и ВМРО-Народна Партија **2** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **20** листи на кандидати за пратеници и тоа **14** самостојни листи на политички партии, **4** листи на коалиции и **1** на група граѓани со вкупно **400** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **285 748** избирачи во избирачкиот список на **558** избирачки места гласале **184 173** избирачи односно **64,45%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **11** пратенички места, Коалицијата "За Македонија заедно" **7** пратенички места, Нова социал-домакратска партија **- 1** и ВМРО-Народна Партија **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 5**

Во петата изборна единица се утврдени **22** листи на кандидати за пратеници и тоа **15** самостојни листи на политички партии, **6** листи на коалиции и **1** на група граѓани со вкупно **440** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **284 894** избирачи во избирачкиот список на **548** избирачки места гласале **158 118** избирачи односно **55,50%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **8** пратенички места, Коалицијата "За Македонија заедно" **6** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **1**, Коалицијата ДУИ-ПДП - **2,** Нова социал-домакратска партија **- 1,** Партијата за европска иднина - ПЕИ **- 1** и ВМРО- Народна Партија **1** пратеничко место.

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **18** листи на кандидати за пратеници и тоа **13** самостојни листи на политички партии и **5** листи на коалиции со вкупно **360** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **299 534** избирачи во избирачкиот список на **435** избирачки места гласале **141 587** избирачи односно **47,27%.**

Според резултатите Коалицијата ДУИ-ПДП освои **10** пратенички места, Демократската Партија на Албанците - **6**, Коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР" освои **2** пратенички места и Коалицијата "За Македонија заедно" **2** пратенички места.

## Петти парламентарни избори
## 05 јули 2006 година - Изборни резултати

| Изборна единица | Број на избирачки места | Вкупен број на запишани избирачи во ЕИС | Вкупно гласале % | Неважечки ливчиња | Кандидатска листа | Добиени гласови | Број на мандати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број 1 Кисела Вода** | **429** | **290.584** | **162.199 55,82%** | **7.538** | НСДП | 12.549 | **2** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 34.688 | **5** |
| | | | | | ДОМ | 6.800 | **1** |
| | | | | | ДПА | 13.126 | **2** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 48.170 | **7** |
| | | | | | ВМРО-НП | 7.406 | **1** |
| | | | | | ДУИ; ПДП | 16.779 | **2** |
| **Број 2 Куманово** | **381** | **295.523** | **152.443 51,58%** | **6.312** | ДУИ; ПДП | 19.469 | **3** |
| | | | | | ДПА | 12.500 | **2** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 29.012 | **5** |
| | | | | | НСДП | 10.887 | **2** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 39.543 | **7** |
| | | | | | ВМРО-НП | 9.044 | **1** |
| **Број 3 Штип** | **625** | **285.166** | **176.371 61,85%** | **8.225** | ВМРО-НП | 15.311 | **2** |
| | | | | | НСДП | 12.338 | **1** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 70.202 | **10** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 47.063 | **7** |
| **Број 4 Струмица** | **558** | **285.748** | **184.173 64,45%** | **6.725** | НСДП | 7.404 | **1** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 79.656 | **11** |
| | | | | | ВМРО-НП | 11.623 | **1** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 57.230 | **7** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број 5 Битола | 548 | 284.894 | 158.118 55,50% | 6.179 | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 55.657 | **8** |
| | | | | | НСДП | 9.071 | **1** |
| | | | | | ВМРО-НП | 10.997 | **1** |
| | | | | | ПЕИ | 6.459 | **1** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 37.412 | **6** |
| | | | | | ДУИ; ПДП | 13.424 | **2** |
| | | | | | ДПА | 7.561 | **1** |
| Број 6 Тетово | 435 | 299.534 | 141.587 47,27% | 2.894 | ДУИ; ПДП | 61.144 | **10** |
| | | | | | ДПА | 36.408 | **6** |
| | | | | | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ; ЛПМ; СПМ; ДС; ПДТМ; СРМ; СДА; ПВМ; ЕПМ; ПЗ; НДМ; БДП; ПДСРМ и ПИР | 11.344 | **2** |
| | | | | | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 13.058 | **2** |
| **Вкупно:** | **2.976** | **1.741.449** | **974.891** | **37.873** | | **823.335** | **120** |

## 2.2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

Во составот на Собранието на Република Македонија во овој петти пратенички состав на Собраниетогодина влегоа **45** пратеници од редовите на Коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, ЛП, СПМ, ДС, ПДТМ, СРМ, СДА, ПВМ, ЕПМ, ПЗ, НДМ, БДП, ПДСРМ и ПИР", **32** пратеници од Коалицијата "За Македонија заедно", **17** пратеници од Коалицијата ДУИ-ПДП, **11** пратеници од ДПА**,** **7** пратеници од Новата социјалдемократска партија, **6** пратеници од ВМРО Народна Партија и по **1** пратеник од ДОМ и ПЕИ.

**Петти парламентарни избори 05 јули 2006 година**

**Изборни резултати - *Број на добиени мандати во изборните единици***

| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1. | Коалиција ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО); ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА; СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА; ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ; ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА; СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА; СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-СДА; ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА; ЕВРОПСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА; ПАРТИЈА НА ЗЕЛЕНИТЕ; НАРОДНО ДВИЖЕРЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА; БОШЊАЧКА ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА; ПАРТИЈА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ СИЛИ НА РОМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА; ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА РОМИТЕ | 7 | 7 | 10 | 11 | 8 | 2 | 45 |
| 2. | Коалиција ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО | 5 | 5 | 7 | 7 | 6 | 2 | 32 |
| 3. | ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ), ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ (ПДП) | 2 | 3 | - | - | 2 | 10 | 17 |
| 4. | ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА) | 2 | 2 | - | - | 1 | 6 | 11 |
| 5. | НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | - | 7 |
| 6. | ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | - | 6 |
| 7. | ДОМ - ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА | 1 | - | - | - | - | - | 1 |
| 8. | ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА - ПЕИ | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| | ВКУПНО: | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | *20* | 120 |

**Извор на податоците:** Извештаи за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година, Државна изборна комисија.

## ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

| реден број | име и презиме | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Ајдини Насер | ДПА | |
| 4. | Алити Рафиз | ДУИ | |
| 5. | Анастасовски Иван | НСДП | |
| 6. | Андов Стојан | ЛП | |
| 7. | Арифи Теута | ДУИ | |
| 8. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 9. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 10. | Беџети Бљерим | ПДП | |
| 11. | Божиновска Валентина | ВМРО-НП | |
| 12. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 13. | Бучковски Владо | СДСМ | |
| 14. | Буџаку Агрон | ДУИ | |
| 15. | Вејсели Абдулади | ПДП | |
| 16. | Велиу Фазли | ДУИ | |
| 17. | Вељановски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Витанов Зоран | СПМ | |
| 19. | Георгиевскаи Љубиша | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Георгиевски Љубчо | ВМРО-НП | |
| 21. | Герамитчиоски Тале | СДСМ | |
| 22. | Гечев Илија | СДСМ | 25.08.2006 - оставка,<br>заменет со Киров Ацо |
| 23. | Гинев Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Грковска Славица | СДСМ | |
| 25. | Грозданов Цветко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран Премиер на Владата,<br>заменет со Спасеновски Александар |
| 27. | Дамески Панче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Даневски Томе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Деркоски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Димеска Катерина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Димитровски Ратко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 32. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 33. | Догани Бесим | ДПА | |
| 34. | Додовски Марјан | ВМРО-НП | |
| 35. | Дончев Данаил | ВМРО-НП | |
| 36. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Дураку Садула | ДУИ | |
| 38. | Гелова Стојанова Соња | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 39. | Ѓорѓеска Ружа | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 40. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 41. | Жерновски Андреј | ЛП | |
| 42. | Зашов Благој | НСДП | |
| 43. | Иванов Љубосав Ѕинго | СПМ | |
| 44. | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| 45. | Иванова Јаготка | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 46. | Ивановски Игор | СДСМ | |
| 47. | Илоски Илија | СДСМ | 25.08.2006 - оставка, заменет со Гештаковски Кире |
| 48. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 49. | Јакупи Зумрете | ДУИ | |
| 50. | Јаневска Весна | ВМРО-НП | |
| 51. | Јанкуловски Живко | НСДП | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Секуловска Мирјана |
| 52. | Јанкуловска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избрана за министер во Владата, заменета со Георгиевски Веле |
| 53. | Јашари Аднан | ДУИ | |
| 54. | Каба Гарип | ДПА | |
| 55. | Кадри Флора | ДПА | |
| 56. | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Китаноски Лазар | СДСМ | |
| 58. | Кондарко Борис | СДСМ | |
| 59. | Коњановски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Кипаризовска Крстевска Анита |
| 60. | Коцев Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 61. | Крстевски Зоран | ЛП | 26.08.2006- именуван за директор на ЈПАУ, заменет со Андоновска Марија -ВМРО-ДПМНЕ |
| 62. | Куновска Јагнула | НСДП | |
| 63. | Лалчевска Ристанка | ЛП | |
| 64. | Макрадули Јани | СДСМ | |
| 65. | Манасиевски Јован | ЛП | |
| 66. | Маркоски Гоце | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 67. | Матоши Ружди | ДПА | |
| 68. | Мемети Влора | ДПА | 08.11.2006 - оставка, заменета со Рамадани Агим |
| 69. | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Димитриевски Дарко |
| 70. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 71. | Митановски Веле | НСДП | |
| 72. | Митрева Илинка | СДСМ | |
| 73. | Младеновска Георгиевска Мери | СДСМ | |
| 74. | Мустафа Неждет | СДСМ | |
| 75. | Најдовски Слободан | ЛДП | |
| 76. | Незири Хади | ДПТМ | |
| 77. | Незировиќ Сафет | ПДП | |
| 78. | Николов Маријанчо | СДСМ | |
| 79. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 80. | Оровчанец Ѓорѓи | ВМРО-НП | |
| 81. | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 82. | Пенов Ристо | ЛДП | |
| 83. | Петковски Тито | НСДП | |
| 84. | Петров Горан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 85. | Положани Азис | ДУИ | |
| 86. | Поп Арсов Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 87. | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| 88. | Поповски Никола | СДСМ | |
| 89. | Рахиќ Есад | СДСМ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 90. | Реџепи Даут | ДПА | |
| 91. | Рилкоски Никола | СДСМ | |
| 92. | Салиу Селвие | ДУИ | |
| 93. | Салиу Шабан | СРМ | |
| 94. | Селмани Ајше | ДУИ | |
| 95. | Селмани Елмазе | ДПА | |
| 96. | Селмани Имер | ДПА | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Хазбие Ибиши |
| 97. | Серафимов Влатко | СДСМ | |
| 98. | Славески Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- избран за министер во Владата, заменет со Петрески Зоран |
| 99. | Спасовски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 100. | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 101. | Стефановска Анета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 102. | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| 103. | Стојанов Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 104. | Сулејмани Фадил | ДУИ | од 25.10.2006 независен пратеник |
| 105. | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 106. | Тачи Мендух | ДПА | |
| 107. | Ташева Виолета | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 108. | Топузова Каревска Роза | ЛДП | |
| 109. | Трајанов Павле | ДС | |
| 110. | Ќурчиев Никола | СДСМ | |
| 111. | Филипова Верица | СДСМ | |
| 112. | Хани Тахир | ДУИ | |
| 113. | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| 114. | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| 115. | Цветковска Благородна | СДСМ | |
| 116. | Чингоски Влатко | ВМРО-ДПМНЕ | 26.08.2006- именуван за директор, заменет со Стојче Крстевски |
| 117. | Џафери Арбен | ДПА | |
| 118. | Шамбевски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 119. | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| 120. | Шутаров Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 121. | Киров Ацо | СДСМ | 14.09.2006 наместо Илија Гечев |
| 122. | Гештаковски Кире | СДСМ | 14.09.2006 наместо Илија Илоски |
| 123. | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Груевски Никола |
| 124. | Георгиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Јанкуловска Гордана |
| 125. | Кипаризовска Крстевска Анита | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Коњановски Зоран |
| 126. | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Милошоски Антонио |
| 127. | Петрески Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 14.09.2006 наместо Славески Трајко |
| 128. | Секуловска Мирјана | НСДП | 14.09.2006 наместо Јанкуловски Живко |
| 129. | Хазбие Ибиши | ДПА | 14.09.2006 наместо Селмани Имер |
| 130. | Крстевски Стојче | ВМРО-ДПМНЕ | 29.09.2006 наместо Чингоски Влатко |
| 131. | Андоновска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | 29.09.2006 наместо Крстевски Зоран |
| 132. | Рамадани Агим | ДПА | 24.11.2006 наместо Влора Мемети |

## ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО (ВМРО-ДПМНЕ)


Силвана Бонева


Трајко Вељановски


Гелова Стојанова Соња


Љубиша Георгиевски


Јован Гинев


Цветко Грозданов


Дарко Димитриевски


Панче Дамески


Томе Даневски


Оливер Деркоски


Катерина Димеска


Ратко Димитровски


Илија Димовски


Благородна Дулиќ


Ружа Ѓорѓеска


Владимир Ѓорчев


Јаготка Ивановска


Светлана Јакимовска


Марија Андоновска


Илија Китановски


Веле Ѓорѓиевски


Ванчо Коцев


Гоце Маркоски


Анита
Кипаризовска-Крстевска


Александар Николоски

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Миле Пачемски


Горан Петров


Петар Поп Арсов


Стојче Крстевски


Нада Станчевска


Анета Стефановска


Ристо Стојанов


Танчева Тулиева Надица


Виолета Ташева


Зоран Петрески


Шамбевски Оливер


Васко Шутаров


Александар Спасеновски

## Социјалистичка партија на Македонија (СПМ)


Владанка Авировиќ


Зоран Витанов


Љубосав Иванов - Ѕинго

## Либерална партија (ЛП)


Стојан Андов


Ристанка Лалчевска

## Нова Социјал-демократска партија (НСДП)


Иван Анастасовски


Благој Зашов


Живко Јанкуловски


Јагнула Куновска


Горан Мисовски


Веле Митановски


Тито Петковски


Мирјана Секуловска

## Демократска партија на албанците (ДПА)


Насер Ајдини


Бесим Догани


Гарип Каба


Флора Кадри


Ружди Матоши


Даут Рецепи


Ибиши Хазбије


Елмазе Селмани


Мендух Тачи


Арбен Џафери


Агим Рамадани

## ВМРО-Народна партија (ВМРО-НП)


Валентина Божиновска


Љубчо Георгиевски


Данаил Дончев


Марјан Додовски


Весна Јаневска


Ѓорѓи Оровчанец

## Движење за обнова на Македонија (ДОМ)



Лилјана Поповска

## Демократски сојуз (ДС)



Павле Трајанов

## Партија за европска иднина (ПЕИ)



Фијат Цановски

## Сојуз на Ромите



Шабан Салиу

## Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Никола Поповски


Есад Рахиќ


Никола Рилкоски


Влатко Серафимов


Оливер Спасовски


Радмила Шекеринска


Никола Ќуркчиев


Верица Филипова


Тале Герамитчиоски


Благородна Цветковска


Цветанка Иванова


Весна Бендевска


Владо Бучковски


Борис Кондарко


Славица Грковска


Илинка Митрева


Игор Ивановски


Мери Младеновска-Ѓорѓиевска


Марјанчо Николов


Јани Макрадули


Лазар Китановски


Ацо Киров


Кире Гештаковски

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА


Хади Незири


Кенан Хасипи

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА


Иван Стоилковиќ

## ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ


Неждет Мустафа

## ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА (ЛДП)


Андреј Жерновски


Јован Манасиевски


Слободан Најдовски


Ристо Пенов


Роза Топузова-Каревска

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Џеват Адеми


Рафис Алити


Теута Арифи


Агрон Буџаку


Фазли Велиу


Садула Дураку


Зумрете Јакупи


Аднан Јашари


Азис Положани


Селвие Салиу


Ајше Селмани


Тахир Хани


Али Ахмети

## Независен пратеник


Фадил Сулејмани

## Партија за демократски просперитет (ПДП)


Блерим Беџети


Абдулади Вејсели


Сафет Незири

## 2.3. Етничка структура на пратеници

| година | македонци | | албанци | | турци | | роми | | срби | | бошњаци | | власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 26.07 | 85 | 70,83 | 28 | 23,3 | 2 | 1,66 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | / | | 1 | 0,83 |
| 31.12 | 84 | 70 | 28 | 23,3 | 2 | 1,66 | 2 | 1,66 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 | 1 | 0,83 |

## 2.4. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 26.07.2006 | 85 | 70,83 | 35 | 29,16 |
| 31.12.2006 | 84 | 70 | 36 | 30 |

## 2.5. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 26.07.2006 | 4 | 3,33 | 29 | 24,16 | 56 | 46,66 | 23 | 19,16 | 6 | 5 | 2 | 1,66 |
| 31.12.2006 | 7 | 5,83 | 26 | 21,66 | 56 | 46,66 | 23 | 19,16 | 6 | 5 | 2 | 1,66 |

## 2.6. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 26.07.2006 | 6 | 5 | 4 | 3,33 | 110 | 91,66 | 14 | 17 | 3 |
| 31.12.2006 | 8 | 6,66 | 3 | 2,5 | 109 | 90,83 | 12 | 16 | 4 |

# 3. СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ




вкупно седници - 24

завршени - 18

незавршени - 6



# Посебни седници

## Посебни седници во периодот 26.07.2006 - 31.12.2006

**Пратенички прашања - 1**

- 22 седница, одржана на 28.12.2006 година;

**Обраќања - 2**

- Претседател на Република Хрватска, Стипе Месиќ (10 седница, 24.10.2006 година)
- Претседател на Република Македонија, Бранко Црвенковски, (19 седница, 21.12.2006 година).

**Свечени - 1**

- свечена седница по повод петнаесетгодишнината од денот на независноста на Република Македонија - Осми септември (03 седница, 07.09.2006 година).

Времетраење на седници

- Според број на работни денови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 6 -та седница со 21 работен ден (103 часа и 05 минути).
- Според вкупен број на работни часови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 6 -та седница со 103 часа и 05 минути.
- Според континуитет, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е седмото продолжение на 16 -та седница, кое траело од 11,45 часот во среда до 00,30 часот следниот ден во четврток.
- Според вкупен број на работни часови, најкратка седница на Собранието на Република Македонија е 10-та седница која траела 15 минути - (од 13,20 часот до 13,35 часот).

## 3.2. Присуство и учество на седниците

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| прва | 2 | 5 часа и 45 минути |
| втора | 4 | 25 часа и 15 минути |
| трета | 1 | 20 минути |
| четврта | 3 | 18 часа и 25 минути |
| петта | 1 | 1 час и 05 минути |
| шеста | **21** | **103 часа и 05 минути** |
| седма | 1 | 6 часа |
| осма | 1 | 7 часа и 45 минути |
| деветта | 1 | 40 минути |
| десетта | **1** | **15 минути** |
| единаесетта | 1 | 20 минути |
| дванаесетта | 10 | 56 часа и 15 минути |
| тринаесетта | 1 | 45 минути |
| четиринаесетта | 7 | 39 часа и 10 минути |
| петнаесетта | 1 | 45 минути |
| шеснаесетта | 9 | 63 часа и 10 минути |
| седумнаесетта | 1 | 1 час и 05 минути |
| осумнаесетта | 1 | 20 минути |
| деветнаесетта | 1 | 40 минути |
| дваесет и прва | 2 | 9 часа и 15 минути |
| дваесет и втора | 1 | 6 часа и 40 минути |
| дваесет и четврта | 2 | 8 часа и 15 минути |
| дваесет и петта | 1 | 25 минути |
| **ВКУПНО: 23 седници** | **74 дена** | **355 часа и 40 минути** |

*Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 63.*
*Во текот на тие работни денови остварени се :*
*вкупно присуства: 7560*
*вкупно отсуства: 1116 од кои:*
*- оправдани 849*
*- неоправдани 267*

***Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници***




*број на пратеници присутни во денови кога се одржувале седници*

Согласно со Деловникот (член 29) на пратеник кој отсуствува најмалку четири пати континуирано од седници на Собранието, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство.
.




**одбитоци според месеци**

## 3.3. Одлучување и гласање



## 3.4. ФАЗИ И ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Собранието, како законодавен орган, усвојува закони на неговите седници.*

*Право на предлагање закон има секој пратеник, Владата на Република Македонија и 10.000 избирачи.*

*Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*

*Предлогот за донесување на закон се разгледува на седниците на надлежното работно тело, како и на други работни тела во чиј делокруг спаѓаат прашања што се уредуваат со законот. Работните тела доставуваат извештај до Собранието во кој го изнесуваат својот став во однос на предлогот. Мислење доставува и Владата, доколку таа не е предлагач на законот.*

*Врз основа на заклучокот на Собранието, предлагачот подготвува предлог на закон. Предлогот на закон повторно го разгледуваат работните тела кои го разгледувале во претходната фаза и доставуваат извештај на Собранието.*

*Во оваа фаза може да се поднесуваат амандмани на текстот на предложениот закон, од страна на секој пратеник, работно тело на Собранието и Владата.*

*За посложени и системски закони можна е уште една фаза - односно нацрт на закон пред изготвувањето на предлогот на закон.*

*Доколку не се работи за сложен и обемен закон, можно е тој да се донесе по скратена постапка - односно предлог за донесување на закон, со предлог на закон.*

*По општата и амандманската расправа на пленарна седница на Собранието, Собранието гласа за донесување на законот ако присуствуваат мнозинство пратеници. Законите, по правило, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку една третина од вкупниот број пратеници. Уставот ги утврдува исклучоците, односно оние закони за кои е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.*

*Законите се прогласуваат со указ кој го потпишуваат претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.*

*Претседателот на Републиката мо-же да одлучи да не го потпише указот за потпишување на законот. Во тој случај, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (апсолутно мнозинство), претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише указот и за прогласување на законите кои се донесени со двотретинско мнозинство.*

*Законите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија"*




| | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | недонесени | повлечени | прва фаза | нацрт закон | усвоени | неусвоени | неосновани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | закони | 42 | 27 | | 1 | | | | | | 14 |
| **2.** | одлуки | 61 | 57 | | 1 | | | | | | 3 |
| **3.** | декларации | 1 | 1 | | | | | | | | |
| **4.** | извештаи | 1 | | | | | | | | | 1 |
| **5.** | планови | 1 | | | | | | | | | 1 |
| **6.** | автентични толкувања | 1 | | | | | | | | | 1 |
| **7.** | интерпелација | 1 | | | | | | | 1 | | |
| | **ВКУПНО** | **108** | **85** | | **2** | | | | **1** | | **20** |




| седница | разгледани | донесени | недонесени | повлечени | 1 фаза | нацрт |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **04** | 2 | 1 | | 1 | | |
| **06** | 2 | 2 | | | | |
| **07** | 1 | 1 | | | | |
| **12** | 9 | 9 | | | | |
| **13** | 1 | 1 | | | | |
| **14** | 10 | 10 | | | | |
| **16** | 4 | 4 | | | | |
| вкупно | 29 | 28 | | 1 | | |

## ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ 29




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 28




## НЕДОНЕСЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ (16)



## 3.4.1. Донесени закони




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност | Влада | скратена | 4<br>19.09.2006 |
| 2. | Закон за изменување и дополнување на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата | Влада | скратена | 7<br>13.10.2006 |
| 3. | Закон за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија,2006 година | Влада | итна | 13<br>27.10.2006 |
| 4. | Предлог на закон за полиција | Влада | редовна | 6<br>30.10.2006 |
| 5. | Закон за следење на комуникациите | Влада | скратена | 6<br>15.11.2006 |
| 6. | **Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година** | **Влада** | **редовна** | **12<br>16.11.2006** |
| 7. | Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата | Влада | скратена | 12<br>24.11.2006 |
| 8. | Закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања. | Влада | скратена | 12<br>24.11.2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај | Влада | скратена | 12<br>27.11.2006 |
| 10. | Закон за изменување на Законот за стечај | Влада | скратена | 12<br>27.11.2006 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија | Влада | скратена | 12<br>29.11.2006 |
| 12. | Закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија | Влада | скратена | 14<br>07.12.2006 |
| 13. | Закон за дополнување на Законот за извршување | Влада | скратена | 14<br>07.12.2006 |
| 14. | **Буџет на Република Македонија за 2007 година** | **Влада** | **редовна** | **16<br>29.12.2006** |
| 15. | Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година | Влада | скратена | 16<br>29.12.2006 |
| 16. | Закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок од доход | Влада | скратена | 16<br>29.12.2006 |
| 17. | Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка | Влада | скратена | 16<br>29.12.2006 |

## 3.4.2. Донесени ратификации

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот | Влада | скратена | 12 24.11.2006 |
| 2. | Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај | Влада | скратена | 12 24.11.2006 |
| 3. | Закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија | Влада | скратена | 14 06.12.2006 |
| 4. | Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал | Влада | скратена | 14 06.12.2006 |
| 5. | Закон за ратификација на Протоколот за оружје со заслепувачки ласер (Протокол IV од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја) | Влада | скратена | 14 07.12.2006 |
| 6. | Закон за ратификација на Протоколот за експлозивни остатоци од војна (Протокол V од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја) | Влада | скратена | 14 07.12.2006 |
| 7. | Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за враќање и преземање на лица кои престојуваат без одобрение | Влада | скратена | 14 07.12.2006 |
| 8. | Закон за ратификација на Спогодбата за измена на Спогодбата за стопанска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија | Влада | скратена | 14 07.12.2006 |
| 9. | Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната влада на Република Австрија за преземање на лица со незаконски престој | Влада | скратена | 14 07.12.2006 |
| 10. | Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за прекугранична полициска соработка | Влада | скратена | 14 07.12.2006 |

## 3.4.3. Повлечени закони

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон | Влада | 04<br>19.09.2006 |

# 3.5. ОДЛУКИ И ДРУГИ АКТИ

## 3.5.1. ОДЛУКИ






| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија | Претседавач на Собранието | редовна | 1 кон.сед. 26.07.2006 |
| 2. | Верификација на мандатите на пратениците | Верификационата комисија | редовна | 1 кон.сед. 26.07.2006 |
| 3. | Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија | Група од 11 пратеници | редовна | 1 кон.сед. 26.07.2006 |
| 4. | Избор на Претседател на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | редовна | 1 кон.сед. 01.08.2006 |
| 5. | **Избор на Влада на Република Македонија** | **мандатар Никола Груевски** | **редовна** | **2 26.08.2006** |
| 6. | Одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловничко и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија. | Комисијата за прашања за изборите и именувањата | редовна | 2 07.09.2006 |
| 7. | Одлука за основање на постојани реботни тела на Собранието на Република Македонија. | Силвана Бонева, Т. Вељановски, Г. Јанкуловска, Горан Мисовски, Марјан Додовски, О. Спасовски, Роза Т. Каревска, Лилјана Поповска и Фљора Кадри | редовна | 2 07.09.2006 |
| 8. | Одлука за дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија. | Силвана Бонева, Т. Вељановски, Г. Јанкуловска, Горан Мисовски, Марјан Додовски, О. Спасовски, Роза Т. Каревска, Лилјана Поповска и Фљора Кадри | редовна | 2 07.09.2006 |
| 9. | Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија | Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања | редовна | 4 14.09.2006 |
| 10. | Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 4 14.09.2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 4<br>14.09.2006 |
| 12. | Одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници | Влада | редовна | 4<br>14.09.2006 |
| 13. | Именување заменици министри во Владата на Република Македонија | Влада | редовна | 5<br>21.09.2006 |
| 14. | Одлука за утврдување на бројот на потпретседатели во Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 5<br>21.09.2006 |
| 15. | Одлука за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 5<br>21.09.2006 |
| 16. | Одлука за избор на членови на комитетот за односи меѓу заедниците | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 8<br>27.09.2006 |
| 17. | Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија | Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања | редовна | 6<br>29.09.2006 |
| 18. | Одлука за изменување на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа | Влада | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 19. | Одлука за избор на претсе-датели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 20. | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 21. | Одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламен-тарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 22 | Одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно-европската иницијатива | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 24. | Одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 25. | Одлука за избор на шеф,членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија воСобранието на Западноевропската Унија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 9<br>10.10.2006 |
| 26. | Одлука за изменување на одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал | Силвана Бонева, Горан Мисовски, Весна Јаневска, Ружди Матоши и Роза Т. Каревска | итна | 7<br>13.10.2006 |
| 27. | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа | Влада | итна | 11<br>16.10.2006 |
| 28. | Одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 29. | Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 30. | Одлука за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 31. | Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 32. | Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 33. | Одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби во областа на пазарот на хартии од вредност | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34. | Одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 35. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија | Т. Вељановски, Есад Рахиќ, Горан Мисовски, Р. Лалчевска, Гарип Каба, Силвана Бонева и Јани Макрадули | редовна | 12<br>08.11.2006 |
| 36. | Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија | Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања | редовна | 15<br>24.11.2006 |
| 37. | Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 38. | Одлука за изменување на одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 39. | Одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 40. | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интер-парламентарната унија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 41. | Одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северно-атланската договорна организација | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 42. | Одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно-европската иницијатива | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 43. | Одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 44. | Одлука за изменување на одлуката за избор на шеф,членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Совет на Европа | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 45. | Одлука за изменување на одлуката за претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 46. | Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита од конкуренција | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 47. | Одлука за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 14<br>30.11.2006 |
| 48. | Одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак. | Влада | редовна | 18<br>01.12.2006 |
| 49. | Одлука за огласување именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 16<br>13.12.2006 |
| 50. | Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 16<br>13.12.2006 |
| 51. | Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 16<br>13.12.2006 |
| 52. | Избор на член на Владата на Република Македонија. | Влада | редовна | 17<br>21.12.2006 |
| 53. | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан | Влада | редовна | 25<br>27.12.2006 |
| 54. | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа | Влада | редовна | 25<br>27.12.2006 |

## 3.5.2. ОДЛУКИ ВО СУДСТВО И ОБВИНИТЕЛСТВО

**Одлуки по предлагачи**




**Одлуки по постапка**




| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Поведување на постапка за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија | Влада | редовна | 4<br>20.09.2006 |
| 2. | Разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија | Влада | итна | 7<br>13.10.2006 |
| 3. | Одлука за огласување именување на Јавен обвинител на Република Македонија | Комисија за прашања на изборите и именувањата | редовна | 16<br>13.12.2006 |

# 3.5.3. ДРУГИ АКТИ

## ДЕКЛАРАЦИИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | усвоена/ неусвоена | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство. | Група пратеници | усвоена | 15 24.11.2006 |

## ИНТЕРПЕЛАЦИИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | усвоена/ неусвоена | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Интерпелација за работата на министерот за образование и наука, господин Сулејман Рушити | Пратеничка група на ДУИ | неусвоена | 14 06.12.2006 |

# 3.6. АМАНДМАНИ




| *предлагачи* | *поднесени* | *усвоени* | *неусвоени* | *повлечени* |
|---|---|---|---|---|
| *Влада на Р.М* | 91 | 90 | - | 1 |
| *Комисии* | 34 | 34 | - | - |
| *Пратеници* | 305 | 40 | 196 | 69 |
| ***Вкупно*** | ***430*** | ***164*** | ***196*** | ***70*** |

# 3.7. ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА






| Седница број | | 22 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на пратеници кои поставиле прашање | | 16 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 16 |
| ПОСТАВЕНИ | Политички систем | 22 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 22 |
| | Економски систем | 14 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 14 |
| | Јавни дејности | 10 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 10 |
| Вкупно: | | 46 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 46 |
| Одговорени на самата седница | Политички систем | 16 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 16 |
| | Економски систем | 8 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 8 |
| | Јавни дејности | 8 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 8 |
| Вкупно: | | 32 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 32 |
| Одговорени во писмена форма | Политички систем | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| | Економски систем | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Јавни дејности | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупно: | | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Неодговорени прашања | Политички систем | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 5 |
| | Економски систем | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 6 |
| | Јавни дејности | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 |
| Вкупно: | | 13 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 13 |

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА И КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА И КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

## 4.1 РАБОТНИ ТЕЛА

*Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2006, 97/2006 и 102/2006) во Собранието на Република Македонија се основани 19 комии и еден комитет.*

*Значајна постигнување во работењето на овој парламентарен состав е основањето на Комисија за еднакви можности на жените и мажите, како своевиден напредок на планот на родовата еднаквост и наше приближување до ЕУ.*

***Состав на комисиите***

Составот на комисиите од редот на пратениците е утврден со Одлука на Собранието (Службен весник на Република Македонија, бр. 107/2006), во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи. Со цел да се обезбеди поголема стручност и транспарентност, со Деловникот на Собранието на РМ дадена е можност во работата на комисиите да присуствуваат и да учествуваат научни, стручни и јавни работници, како и претставници на локалната самоуправа, јавните претпријатија, синдикатот и други институции.

Работното тело има претседател, заменик на претседателот, одреден број на членови и нивни заменици

***Организација и функционирање на комисиите***

Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието се утврдени во Деловникот за работата на Собранието на Република Македонија (донесен на 15 јули 2002 година).

Според Деловникот, работното тело работи на седница што ја свикува претседателот на работното тело. Претседателот е должен да свика седница и на барање на претседателот на Собранието, или ако тоа го предложат најмалку една третина од членовите на работното тело, во спротивно седницата на работното тело ја свикува претседателот на Собранието

***Комисиите - форум за дебати во функција на седниците на Собранието***

Работата на комисиите е во функција на пленарните седници, што претставува квалитетен инструмент за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Покрај разгледувањето на законски предлози и следење на извршувањето на актите на Собранието, комисиите расправаат и на актуелни теми во областите за кои имаат надлежност, што претставува еден вид контролна функција на комисиите на реализацијата на владините политики. Карактеристика на комисиското работење во овој парламентарен состав се и јавните дебати.

Во периодот 26 јули - 31 декември 2006 година, собраниските комисии вкупно 86 седници, на чии дневни редови се нашле 219 точки. Од нив 101 се законски проекти, меѓу кои доминираат законите од политичкиот систем (57 закони), потоа од економската сфера (27 закони) и од јавните дејности (17 закони)

***Табела: работно тело и број на членови***

| РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ |
|---|---|
| *Комисија за уставни прашања* | *претседател + 16 члена* |
| *Законодавно - правна комисија* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за одбрана и безбедност* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за надворешна политика* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за европски прашања* | *претседател + 12 члена* |
| *Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот* | *претседател + 8 члена* |
| *Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнување и на Агенцијата за разузнување* | *претседател + 8 члена* |
| *Комисија за финансирање* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за економски прашања* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за транспорт и врски и екологија* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за образование, наука и спорт* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за култура* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за здравство* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за труд и социјална политика* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за еднакви можности на жените и мажите* | *претседател +10 члена* |
| *Комисија за прашања на изборите и именувањата* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања* | *претседател + 8 члена* |
| *Комитет за односи меѓу заедниците* | *претседател + 18 члена* |

***Разгледани закони по области***



# Комисија за уставни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- спроведување на Уставот;

-предлози за изменување и дополнување на Уставот;

-начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и

- други прашања од уставен карактер.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **СТОЈАН АНДОВ,**<br>- претседател |
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,**<br>- заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ:** | |
| 1. | Благородна Дулиќ |
| 2. | Дарко Димитриевски |
| 3. | Анита К. Крстевска |
| 4. | Оливер Деркоски |
| 5. | Тито Петковски |
| 6. | Бесим Догани |
| 7. | Ѓорѓи Оровчанец |
| 8. | Владо Бучковски |
| 9. | Лазар Китановски |
| 10. | Мери М. Ѓорѓиевска |
| 11. | Ристо Пенов |
| 12. | Иван Стоиљковиќ |
| 13. | Илија Димовски |
| 14. | Фазли Велиу |
| 15. | Блерим Беџети |
| 16. | Тахир Хани |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:** | |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Зоран Петрески |
| 3. | Ристана Лалчевска |
| 4. | Шабан Салиу |
| 5. | Александар Спасеновски |
| 6. | Јагнула Куновска |
| 7. | Даут Реџепи |
| 8. | Данаил Дончев |
| 9. | Цветанка Иванова |
| 10. | Борис Кондарко |
| 11. | Оливер Спасовски |
| 12. | Јован Манасијевски |
| 13. | Кенан Хасипи |
| 14. | Азис Положани |
| 15. | Џеват Адеми |
| 16. | Селвие Салиу |

Комисијата за уставни прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, кое согласно утврдените надлежности разгледува прашања што се однесуваат на спроведувањето на Уставот на Република Македонија и предлозите за изменување и дополнување на Уставот.

Начинот и обемот на работа на Комисијата е диктиран и произлегува од карактерот и специфичноста на прашањата што се во нејзина надлежност.

Во извештајниот период, Комисијата одржа една седница на која се расправаше по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, предложен од Владата на Република Македонија, а со кој се предлага измена на Уставот заради создавање основ за воведување на задолжително средно образование, основање на приватни установи во основното образованието и промена на името на Народната банка на Република Македонија и дел од целите-функциите на Банката.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 1 |
| Измени на Уставот | | 1 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- усогласеност на законите со законодавството на Европската унија;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието и
- други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија.

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ ,** - претседател |
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ:** |
| 1. | Ристанка Лалчевска |
| 2. | Надица Танчева Тулиева |
| 3. | Анета Стефановска |
| 4. | Илија Димовски |
| 5. | Јагнула Куновска |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Ѓорѓи Оровчанец |
| 8. | Цветанка Иванова |
| 9. | Борис Кондарко |
| 10. | Оливер Спасовски |
| 11. | Аднан Јашари |
| 12. | Блерим Беџети |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:** |
| 1. | Павле Трајанов |
| 2. | Трајко Вељаноски |
| 3. | Дарко Димитриевски |
| 4. | Шабан Салиу |
| 5. | Благој Зашов |
| 6. | Флора Кадри |
| 7. | Валентина Божиновска |
| 8. | Никола Рилкоски |
| 9. | Весна Бендевска |
| 10. | Роза Топузова Каревска |
| 11. | Тахир Хани |
| 12. | Абдулади Вејсели |

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од сите области, односно од економската, политичката и од областа на јавните дејности.

**Од областа на политичкиот систем Комисијата** ги разгледа следните предлози на закони:

-Предлог-законот за полиција;
-законот за следење на комуникации;
-измените и дополнувањата на Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата;
-измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа;
-измените и дополнувањата на Законот за здруженија на граѓани и фондации;
-измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата;
-измените и дополнувањата на Законот за политички партии;
-измените и дополнувањата на Законот за празниците;
-дополнувањата на Законот за извршување.

**Од областа на економскиот систем Комисијата** ги разгледа следните предлози на закони:

-измените и дополнувањата на Законот за данокот на додадена вредност;

-измените и дополнувањата на Законот за електронски комуникации;
-измените и доплнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;
-измените на Законот за стечај;
-измените и дополнувањата на Законот за трговија;
-измените и дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност;
-измените и дополнувањата на Законот за регистрирање на готовински плаќања;
-измените и дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај;
-измените и дополнувањата на Законот за Народна банка на Република Македонија;
-Буџетот на Република Македонија за 2007 година;
-законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година;
-измените и дополнувањата на Законот за персонален данок на доход;
-измените и дополнувањата на Законот за данокот од добивка;
-измените и дополнувањата на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор;
-измените и дополнувањата на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
-измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност;
-измените и дополнувањата на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица;
-измените и дополнувањата на Законот за трговски друштва;
-измените и дополнувањата на законот за јавни патишта.

**Од областа на јавните дејности** во овој период Комисијата разгледа следните предлози на закони:

-измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување;
-измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита;
-законот за култура;
-измените на Законот за Бирото за развој на образованието;
-измените на Законот за средно образование;
- дополнувањата на Законот за стручно образование и обука;

Во овој период Комисијата ги разгледа и следните **ратификации:**

-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот;
-законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај;
-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Република Австрија за преземање на лица со незаконски престој;
-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за прекугранична полициска соработка;
-законот за ратификација на Спогодбата за измена на Спогодбата за стопанска соработка помеѓу Република Македонија и Република Словенија;
-законот за ратификација на Протоколот за оружја со заслепувачки ласер (Протоколот IV од Конвенцијта за одредени конвенционални оружја CCW);

-законот за ратификација на Протоколот за експлозивни остатоци од војна (Протоколот V од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја CCW);

-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за враќање и преземање на лица кои престојуваат без одобрение;

-законот за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија;

-законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување;

-законот за ратификација на мултилатерална Спогодба помеѓу Европската Заедница и нејзините земји членки Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација во Косово за основање на Евроска заедничка воздухопловна област;

-законот за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни;

-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии;

-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните.

**Други материјали и акти разгледувани во овој период во Комисијата:**

-Статутот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (Прва и Втора фаза);

-Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;

-Предлог-декларацијата за активностите за исполнување на обврските и стандардите за членство во НАТО во пост-Рига периодот, поднесена под број 07-4663/1 од 12 декември 2006 година;

-Предлог-декларацијата за активностите за исполнување на обврските и стандардите за членство во НАТО во пост-Рига периодот, поднесена под број 07-4665/1 од 12 декември 2006 година;

-Барање за давање на автентично толкување на член 75 од Законот за основното образование, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски;

-Барање за давање на автентично толкување на член 66 од Завршните и преодните одредби од Законот за управните спорови поднесено од Народниот правобранител;

-Барање за давање на автентично толкување на член 27 став 1 од Законот за јавни претпријатија поднесено од пратеникот Ристанка Лалчевска;

-Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање,

поднесено од градоначалникот на општина Карпош

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 10 |
| Вкупно разгледани точки | | 60 |
| Измени на Уставот | | 1 |
| Закони по области | политички систем | 10 |
| | економски систем | 19 |
| | јавни дејности | 6 |
| Вкупно разгледани ратификации | | 14 |
| Поднесени амандмани | | 52 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 8 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

Ѓ*) Во овој број влегуваат и предлозите на закони за ратификување на меѓународни договори од разни области.

# Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- за заштита на поредокот утврден со Уставот;
- остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
- одбрана на Републиката и цивилната заштита;
- соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила;
- интеграцијата на Републиката во евроатланските организации и односите на Републиката со тие организации;
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
- производство,промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
- обезбедување на личности и објекти;
- државјанство;
- оддржување на јавниот ред и мир;
- јавните собири и јавните приредби;
- безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерескиот сообраќај;
- заштита од природни непогоди и епидемии;
- пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето;
- премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
- движење и престој на странците;
- утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
- други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** - претседател |
| | **ЦВЕТКО ГРОЗДАНОВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Павле Трајанов |
| 2. | Томе Даневски |
| 3. | Гоце Маркоски |
| 4. | Илија Китановски |
| 5. | Тито Петковски |
| 6. | Мендух Тачи |
| 7. | Весна Јаневска |
| 8. | Јован Манасијевски |
| 9. | Есад Рахиќ |
| 10. | Иван Стоиљковиќ |
| 11. | Садула Дураку |
| 12. | Фадил Сулејмани |
| | **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** |
| 1. | Зоран Витанов |
| 2. | Зоран Петрески |
| 3. | Веле Ѓорѓиевски |
| 4. | Панче Дамески |
| 5. | Веле Митановски |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Ѓорѓи Оровчанец |
| 8. | Оливер Спасовски |
| 9. | Андреј Жерновски |
| 10. | Никола Рилкоски |
| 11. | Тахир Хани |
| 12. | Зумрете Јакупи |

Комисијата за одбрана и безбедност во извештајниот период ги одржа: Првата, Втората, Третата, Четвртата, Петтата, Шестата (заедничка седница со Комисијата за надворешна политика) и Седмата седница, на кои беа разгледани следните теми како точки на дневниот ред и ги усвои следните заклучоци по истите:

Прва седница на Комисијата за одбрана и безбедност одржана на 25 септември и 24 октомври 2006 година.

1.Предлог на закон за полиција;

2.Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон;

3.Разгледување на Амандманите доставени од Владата на Република Македонија на ден 27 Септември 2006 година и кои се составен дел на Предлог законот за следење на комуникациите.

Заклучоци:

1.Комисијата едногласно го усвои заклучокот на Собранието да му предложи да го разгледа и донесе законот за полиција.

2.Комисијата заклучи да му предложи на Собранието да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на законот за следење на комуникациите, со Предлогот на закон и да го донесе Законот за следење на комуникациите.

3.Комисијата за одбрана и безбедност едногласно усвои заклучок со кој ги подржа Амандманите на Предлогот на законот за следење на комуникациите доставени од Владата на Република Македонија кои се составен дел на истиот, оценувајќи ги како подобрување на текстот се со цел законот да биде прецизен, јасен и применлив во праксата.

Втора седница на Комисијата за одбрана и безбедност одржана на 2 и 8 ноември 2006 година.

1.Предлог за измена и дополнување на Буџетот на Република Македонија;

2.Разгледување на амандманот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година доставен од Владата на Република Македонија на 8 ноември 2006 година.

Заклучоци:

1.Комисијата за одбрана и безбедност едногласно усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година во предложениот текст.

2.Комисијата едногласно заклучи да му се предложи на Собранието на Република Македонија да го поддржи амандманот доставен од Владата, а кој е составен дел на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Трета седница на Комисијата за одбрана и безбедност одржана на 21 ноември 2006 година.

1.Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за експлозивни остатоци од војна (Протокол V од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја), со Предлог на закон;

2.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за враќање и преземање на лица кои престојуваат без одобрение, со Предлог на закон;

3.Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за оружје со заслепувачки ласер (Протокол IV од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја CCW), со Предлог на закон;

4.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Република Австрија со преземање лица со незаконски престој, со Предлог на закон и

5.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за прекугранична полициска соработка, со Предлог на закон.

Заклучоци:

1..Комисијата едногласно констатира дека има потреба од негово донесување и усвои

заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе истиот во предложениот текст.
2.Комисијата едногласно констатира дека има потреба од негово донесување и усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе истиот во предложениот текст.
3.Комисијата едногласно констатира дека има потреба од негово донесување и усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе истиот во предложениот текст.
4.Комисијата едногласно констатира дека има потреба од негово донесување и усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе истиот во предложениот текст.
5.Комисијата едногласно констатира дека има потреба од негово донесување и усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе истиот во предложениот текст.

Четврта седница на Комисијата за одбрана и безбедност одржана на 5 декември 2006 година.
1.Предлог на буџетот на Република Македонија за 2007 година.
Заклучок:
1.Комисијата за одбрана и безбедност едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да горазгледа и донесе Буџетот на Република Македонија за 2007 година во предложениот текст.

Петта седница на Комисијата за одбрана и безбедност одржана на 18 декември 2006 година.
1.Предлог на декларација за активностите за исполнување на обврските и стандардите за членство во НАТО во пост - Рига периодот;
2.Предлог на декларација за активностите за исполнување на обврските и стандардите за членство во НАТО во пост - Рига периодот;
3.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни, со Предлог на закон;
4.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии, со Предлог на закон;
5.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните, со Предлог на закон.
Заклучоци:
1.Комисијата за одбрана и безбедност со 6 гласа за и 2 против заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ја разгледа и усвои Декларацијата за активностите за исполнување на обврските и стандардите за членство во НАТО во пост - Рига периодот поднесена од група пратеници во предложениот текст.
2.Комисијата со мнозинство гласови за и еден воздржан заклучи да ги повика предлагачите на двете слични декларации да ги разгледаат текстовите на двете декларации и да извршат дополнителни консултации во функција на политичкиот дијалог, како и донесување на евентуално

широко прифатена декларација за членство во НАТО.

3.Комисијата за одбрана и безбедност го разгледа Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Данска за преземање на сопствени државјани и странци кои незаконски престојуваат на териториите на договорните страни и оцени дека има потреба од негово донесување. Комисијата го разгледа и текстот на Предлогот на законот и едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го усвои истиот во предложениот текст.

4.Комисијата за одбрана и безбедност го разгледа Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за преземање на лица со незаконски престој на нивните територии и оцени дека има потреба од негово донесување. Комисијата го разгледа и текстот на Предлогот на законот и едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го усвои истиот во предложениот текст.

5.Комисијата за одбрана и безбедност го разгледа Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за взаемни патувања на граѓаните и оцени дека има потреба од негово донесување. Комисијата го разгледа и текстот на Предлогот на законот и едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го усвои истиот во предложениот текст.

Шеста заедничка седница на Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за надворешни работи одржана на 19 декември 2006 година.

1.Информирање на членовите на Комисиите за заклучоците од Самитот на НАТО во Рига, како и за претстојните активности до исполнување на обврските за членство во Алијансата од страна на министрите за одбрана и за надворешни работи, г-н Лазар Еленовски и г-н Антонио Милошоски.

Седма седница на Комисијата за одбрана и безбедност одржана на 28 и 29 декември 2006 година.

-Информирање на членовите на Комисијата за одбрана и безбедност од страна на министерот за одбрана, г-дин Лазар Еленовски и министерот за внатрешни работи, г-ѓа Гордана Јанкуловска за актуелните настани во врска со транспортот на оружје и инцидентот во дискотеката "Процес" во Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 18 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 8 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- функционирање на политичкиот систем;
- менување на границите на Републиката;
- државните симболи и нивната употреба;
- судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
- слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
- лични имиња, лични карти и патни исправи;
- попис на населението;
- системот на јавното информирање;
- право на здружување на граѓаните и политичко организирање, избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците;
- референдум;
- локална самоуправа;
- народниот правобранител;
- Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;
- одликувања, признанија и награди;
- празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
- право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;
- гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесу ваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЗОРАН ПЕТРЕСКИ,** - претседател |
| | **РИСТАНКА ЛАЛЧЕВСКА,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Шабан Салиу |
| 3. | Александар Спасеновски |
| 4. | Иван Анастасовски |
| 5. | Ружди Матоши |
| 6. | Валентина Божиновска |
| 7. | Владо Бучковски |
| 8. | Кенан Хасипи |
| 9. | Роза Топузова Каревска |
| 10. | Рафиз Алити |
| 11. | Џеват Адеми |
| 12. | Трајко Вељановски |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Благородна Дулиќ |
| 2. | Павле Трајанов |
| 3. | Оливер Дерковски |
| 4. | Анита Кипаризовска Крстевска |
| 5. | Горан Мисовски |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Весна Јаневска |
| 8. | Мери Младеновска Ѓорѓиева |
| 9. | Борис Кондарко |
| 10. | Нeждет Мустафа |
| 11. | Фазли Велиу |
| 12. | Агрон Буџаку |

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Македонија согласно надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од областа политичкиот систем.

**Комисијата** ги разгледа следните предлози на закони:

-Предлог-законот за полиција;
-законот за следење на комуникации;
-измените и дополнувањата на Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата;

-измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа;
-изменувата и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;
-измените и дополнувањата на Законот за здруженија на граѓани и фондации;
-измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата;
-измените и дополнувањата на Законот за политички партии;
-измените и дополнувањата на Законот за празниците;
-дополнувањата на Законот за извршување;
-Буџетот на Република Македонија за 2007 година;

***Други материјали и акти разгледувани во овој период во Комисијата:***

-Статутот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (прва фаза)

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 4 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 5 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;

- политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;

- стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави;

- стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации;

- потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори;

- ратификација на меѓународни договори;

- меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации;

- воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

- воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави;

- иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

- други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ФЛОРА КАДРИ,** - претседател |
| | **РУЖДИ МАТОШИ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Васко Шутаров |
| 2. | Владимир Ѓорчев |
| 3. | Лилјана Поповска |
| 4. | Александар Николоски |
| 5. | Оливер Шамбевски |
| 6. | Благој Зашов |
| 7. | Весна Јаневска |
| 8. | Илинка Митрева |
| 9. | Радмила Шекеринска |
| 10. | Јован Манасијевски |
| 11. | Агрон Буџаку |
| 12. | Азис Положани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Томе Даневски |
| 2. | Александар Спасеновски |
| 3. | Фијат Цановски |
| 4. | Владанка Авировиќ |
| 5. | Петар Поп Арсов |
| 6. | Иван Анастасовски |
| 7. | Данаил Дончев |
| 8. | Игор Ивановски |
| 9. | Славица Грковска |
| 10. | Андреј Жерновски |
| 11. | Фадил Сулејмани |
| 12. | Селвие Салиу |

Согласно со член 2 точка 5 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 97/2006), во смисла на надлежностите и делокругот на работа, обврските и активностите на Комисијата, главно можат да се сместат во две рамки. Како едно од работните тела на законодавниот дом, тоа се активности кои се однесуваат на процесот за донесување на законски акти и активности кои се однесуваат на презентирање на принципите на надворешната политка на државата на

меѓународен план, односно остварување на дел од парламентарната соработка со други држави и меѓународни организации.

**1.** Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законски акти, Комисијата во изминатиот период од вкупно одржани 7 седници, на 4 седници беа разгледани и препорачани на Собранието 15 предлози за донесување на закони за ратификација на меѓународни договори, измените на Буџетот за 2006 и Буџетот за 2007 година и една иницијатива, додека две седници беа со тематска содржина од кои едната се одржа заедно со Комисијата за одбрана и безбедност, за која комисиите донесоа заклучок.

**2.** Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, реализирани се вкупно 3 средби со претставници и делегации на други држави во земјата, додека претседателот на Комисијата, учествуваше на Конференцијата на претседатели на комисии за надворешна политика на земјите членки на ЕУ во рамките на Финското претседателство.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>7</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>18</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>15</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија ;

-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;

-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;

-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и-остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;

-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;

-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;

-соработката со соодветните комисии на другите земји и

-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** - претседател |
| | **БЛАГОЈ ЗАШОВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Александар Спасеновски |
| 2. | Владанка Авировиќ |
| 3. | Петар Поп Арсов |
| 4. | Анита Кипаризовска Крстевска |
| 5. | Валентина Божиновска |
| 6. | Панче Дамески |
| 7. | Ружди Матоши |
| 8. | Радмила Шеќеринска |
| 9. | Илинка Митрева |
| 10. | Андреј Жерновски |
| 11. | Теута Арифи |
| 12. | Агрон Буџаку |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Зоран Витанов |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Илија Димовски |
| 4. | Александар Николовски |
| 5. | Владимир Ѓорчев |
| 6. | Гарип Каба |
| 7. | Марјан Додовски |
| 8. | Јован Манасијевски |
| 9. | Славица Грковска |
| 10. | Игор Ивановски |
| 11. | Азис Положани |
| 12. | Фадил Сулејмани |

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

-следење на спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија и редовно го известува Собранието за нејзиното спроведување;

- следење на исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите меѓу Република Македонија и Европската унија и остварување на програмите и другите акти на институциите на Европската унија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска помош;

- следење и поттикнување на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, како и предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на другите работни тела на Собранието и го насочува нивното внимание на прашања сврзани со приемот на

Република Македонија во членство во Европската унија;
- следење на активностите на Владата и органите на државната управа во врска со приемот на Република Македонија во членство во Европската унија и во врска со нив дава мислења и препораки;
- анализирање на последиците од пристапување на Република Македонија во членство во Европската унија и подготвува извештаи во врска со истите;
-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција, вклучително и преку собирање информации, литература и други документи поврзани со Европската унија;
- предлагање и остварување на активности насочени кон информирање на јавноста за процесите на европската интеграција;
-соработка со соодветните комисии на другите земји и
- разгледување на други прашања во врска со европската интеграција и приемот на Република Македонија во членство во Европската унија."

За изминатиот период (**26 јули до 31 декември 2006 година)** Комисијата за европски прашања оддржа **шест** седници и оствари повеќе активности од својата надлежност.

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања:
-расправаше по Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година, при што заклучи да му предложи на Собранието да свика годишна собраниска седница, посветена на процесот на евроинтеграцијата на Република Македонија согласно *Декларацијата за улогата на Собранието на Република Македонија во процесот за стабилизација и асоцијација.* Извештајот го презентираше Н.Е. **Ерван Фуере** шеф на Делегацијата на Европската комисија и Специјален претставник на Европската Унија во Република Македонија;
-одржа посебна седница посветена на Нацрт Националната програма за усвојување на правото на европската унија на Владата на Република Македонија-Презентација на Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија **Габриела Коневска- Трајковска;**
-одржа посебна тематска седница посветена на Нацрт акциониот план за ИПА подготовки - Презентација на Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија **Габриела Коневска-Трајковска;**
-разгледа еден законски предлог од аспект на неговата усогласеност со европското законодавство;
-расправаше по предвидените буџетски средства за евроинтегративните процеси на Македонија во Ребалансот на Буџетот за 2006 година и во Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

***Меѓународна активност***

- **Комисијата за европски прашања** беше домаќин на **Третата Конференција на парламентарните комитети за европски интеграции/прашања на земјите учесни-чки во Процесот на Стабилизација и Асоцијација во Југоисточна Европа (КОСАП)**, што се одржи на ***13-14 декември 2006*** во Собранието на Република Македонија.

***Учество на меѓународни конференции***

-претседателот на Комисијата за европски прашања **Тито Петковски** учествуваше на Конференцијата "Во духот на Европа", што се одржа на **17-19 ноември 2006 година**, во Берлин, Германија;

-заменик претседателот на Комисијата за европски прашања **Благој Зашов** учествуваше на 37 Конференција на комисиите за европски прашања на земјите членки на Европската унија (КОСАК)-**20-21 ноември 2006** година во Хелсинки, Финска.

***Меѓународни средби на претседателот и членовите на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Македонија***

-средба на претседателот на Комисијата за европски прашања **Тито Петковски** со г-ѓа **Ливија Плакс**, Претседател на Проектот за етнички односи и со г-дин **Алекс Григориев Роеншвили**, директор за Западен Балкан (**3 октомври, 2006 година);**

-средба на претседателот на Комисијата за европски прашања **Тито Петковски**, со шефот на Делегацијата на Европската комисија и Специјален претставник на Европската унија во Република Македонија Амбасадорот **Ерван Фуере,** (**4 октомври 2006 година**);

-средба на претседателот на Комисијата за европски прашања **Тито Петковски** со Генералниот директор за ЕУ прашања во МНР на Австрија **Мартин Сајдик (31 октомври 2006 година);**

**-**средба на членовите на Комисијата за европски прашања со Делегацијата на Комисијата за надворешни работи, европски работи и туризам на Фламанскиот парламент на Кралството Белгија (**16-18 ноември 2006 година);**

-средба на членовите на Комисијата за европски прашања со Делегацијата на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на САД **(19-23 ноември 2006 година);**

-средба на претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, **Тито Петковски**, со Амбасадорката на Кралството Холандија во Република Македонија, г**-ѓа Фредерик Марија Де Ман**, (**24 ноември 2006 година**);

-средба со државниот секретар за европски прашања на Република Словенија, г-дин **Јанез Ленарчиќ** - (**6 декември 2006 година);**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 1 |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;

- поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

- предлагање состав на постојаните и повремени работни тела на Собранието;

- предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;

- предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

- предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;

- предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;

- предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;

- давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;

- разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;

- донесување акти за кои е овластена од Собранието;

- донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;

- донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;

- определување во согласност со

прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;

- одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;

- давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и

- разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,** - претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Љубисав Иванов Зинго | |
| 2. | Ристана Лалчевска | |
| 3. | Илија Китановски | |
| 4. | Силвана Бонева | |
| 5. | Ружди Матоши | |
| 6. | Горан Мисовски | |
| 7. | Никола Ќурчиев | |
| 8. | Оливер Спасовски | |
| 9. | Рафиз Алити | |
| 10. | Азис Положани | |
| 11. | Роза Топузовска Каревска | |
| 12. | Марјан Додовски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Надица Танчева Тулиева | |
| 2. | Оливер Шамбевски | |
| 3. | Виолета Ташева | |
| 4. | Нада Станчевска | |
| 5. | Флора Кадриу | |
| 6. | Иван Анастасовски | |
| 7. | Верица Филипова | |
| 8. | Влатко Серафимов | |
| 9. | Блерим Беџети | |
| 10. | Ајше Селмани | |
| 11. | Јован Манасијевски | |
| 12. | Валентина Божиновска | |

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, својата активност ја остварува преку одржување на седници на кои разгледува прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија за периодот од 26 јули 2006 до 31 декември 2006 година, има одржано 12 седници со 43 точки на дневен ред.

Во функција на одржување на седниците, при свикување на седниците, до членовите на Комисијата заедно со поканите беше доставуван и материјал со припрема на седниците, односно обработка на точките на дневен ред. Ова подразбира и реализација на седниците од Комисијата, односно изготвување на акти за седница на Собранието и тоа:

-предлози, предлог-одлуки, амандмани и предлог-одлуки за изменување и дополнување вкупно 35.

При утврдување на Предлог-одлуките, претседателот на Комисијата остваруваше соработка со координаторите на пратеничките групи, со органите на државната управа, јавните служби, научните институции и здруженија на граѓани.

Исто така надлежност на Комисијата е и да поднесува предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира односно именува Собранието. Согласно ова, Комисијата ги утврди следниве предлози:

-Предлог на кандидати за претседател на Собранието;

-Предлог за именување на Главен државен ревизор;

-Предлог на кандидати за потпретседатели на Собранието;

-Предлог за избор на членови на Судскиот Совет на Република Македонија;

До Комисијата преку архивската книга има пристигнато од 26 јули 2006 до 31 декември 2006 вкупно 300 акти, дописи и барања и истите се реализирани.

Комисијата донесува поединачни Решенија за плати и други примања на пратениците и функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Македонија. Исто така согласно прописите ја определува висината за надомест за одвоен живот, надомест за превоз и апанажа на избрани и именувани лица и изготвува Решенија по истите.

Решенија за апанажа-51, решенија за засновање на работен однос-120 и останати решенија вкупно-10.

Други активности на Комисијата:

-Прием и класификација на пријавите по огласот за членови на Судски Совет, по огласот за членови на Државна комисија за спречување на корупција и по огласот за јавен обвинител на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 43 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 481 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 43 |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот има претседател, осум члена и нивни заменици, а разгледува:

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МЕРИ МЛАДЕНОВСКА ЃОРЃИЕВСКА ,** - претседател |
| | **ВЕСНА БЕНДЕВСКА ,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ружа Ѓорѓеска |
| 2. | Стојан Андов |
| 3. | Шабан Салиу |
| 4. | Јаготка Ивановска |
| 5. | Иван Анастасовски |
| 6. | Хазбије Ибиши |
| 7. | Јован Манасијевски |
| 8. | Тахир Хани |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Шамбевски Оливер |
| 2. | Надица Танчева Тулиева |
| 3. | Нада Станчевска |
| 4. | Стојанов Ристо |
| 5. | Горан Мисовски |
| 6. | Агим Рамадани |
| 7. | Верица Филипова |
| 8. | Садула Дураку |

Во извештајниот период Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот не одржа седница.

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и закони од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;
- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата. преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;
- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;
- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање одржа 4 седници на кои расправаше за:

-Законот за полиција и Законот за следење на комуникации;

-Ребаланс на Буџетот;

-Амандмани за следење на комуникации и

-Буџетот за 2007 год.

Законски проекти разгледани на седниците на Комисијата:

На дневен ред на одржаните седници беа разгледани:

-Законот за полиција и Законот за следење на комуникации;

-Ребаланс на Буџетот;

-Амандмани за следење на комуникации и

-Буџетот за 2007 година.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЕСАД РАХИЌ,** - претседател |
| | **БОРИС КОНДАРКО,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Павле Трајанов |
| 2. | Цветко Грозданов |
| 3. | Зоран Петрески |
| 4. | Стојче Крстевски |
| 5. | Оливер Деркоски |
| 6. | Мендух Тачи |
| 7. | Лазар Китановски |
| 8. | Тахир Хани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Дарко Димитриевски |
| 2. | Александар Николовски |
| 3. | Стојан Андов |
| 4. | Ванчо Коцев |
| 5. | Анета Стефановска |
| 6. | Ружди Матоши |
| 7. | Никола Рилкоски |
| 8. | Блерим Беџети |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 1 |

# КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;
- даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
- царинскиот систем;

монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
- платниот промет и ревизијата;
- заемите и кредитите;
- јавните набавки;
- системот на осигурување;
- сопственоста и други имотно-правни односи;
- стоковните резерви;
- игрите на среќа и
- други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** - претседател | |
| | **АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Соња Гелова Стојанова | |
| 2. | Ратко Димитровски | |
| 3. | Зоран Витанов | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Горан Петров | |
| 6. | Горан Мисовски | |
| 7. | Хазбие Ибиши | |
| 8. | Данаил Дончев | |
| 9. | Никола Поповски | |
| 10. | Слободан Најдовски | |
| 11. | Игор Ивановски | |
| 12. | Аднан Јашари | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Деркоски | |
| 2. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 3. | Миле Пачемски | |
| 4. | Илија Китановски | |
| 5. | Јован Гинев | |
| 6. | Мирјана Секуловска | |
| 7. | Насер Ајдини | |
| 8. | Марјан Додовски | |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Верица Филипова | |
| 11. | Роза Топузовска Каревска | |
| 12. | Рафиз Алити | |

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 26 јули до 31 декември 2006 година има закажано 6 седници со вкупно 12 точки на дневен ред. Од вкупно закажаните, Комисијата ја има одржано само првата седница со која претседаваше пратеникот Никола Поповски, поради тоа што тогаш сѐуште не е избран претседател на Комисијата, а и поради отсуство на тогашниот заменик на претседателот на Комисијата пратеникот Игор Ивановски. На оваа седница е разгледан Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност, со Предлог на Закон.

Останатите 5 седници (2-та, 3-та, 4-та, 5-та и 6-та) се закажувани, односно започнуваа и се прекинуваа бидејќи пратениците ги напуштаа седниците, заради употреба на албанскиот јазик од страна на претседателот на Комисијата г.Џеват Адеми при отпочнувањето на водењето на седниците. Имено, според членови на Комисијата потребно е да се почитува членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно дека службен јазик е македонскиот јазик и според тоа седниците треба да се водат на македонски јазик. Основа за овој став на пратениците е толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Во продолжение следи хронолошки како се закажувани седниците, и што било предложено на дневен ред на истите.

Втората седница на Комисијата беше закажана за 3 ноември 2006 година, а на дневен ред беше Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, и Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија. Веднаш по започнувањето на седницата се постави прашањето за почитување на одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Поради водењето на седницата од моја страна на албански јазик, членови на Комисијата ја напуштија седницата и немаше кворум за работа.

Третата седница беше закажана за 9 ноември 2006 година на која беше предложено да се разгледуваат Амандманите по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година поднесени од Владата на Република Македонија. И на оваа седница се повтори истата ситуација како на Втората седница.

Четвртата седница беше закажана за 24 ноември 2006 година, но и на оваа седница се повтори истата ситуација како на втората и третата седница. За оваа седница беше предложено да се разгледува Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон.

Петтата седница беше закажана за 7 декември 2006 година. На дневен ред за оваа седница беа предложени следните точки: Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2007 година; Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Предлог на закон. И на оваа седница се повтори ситуацијата како за претходните три седници, односно по напуштање на седницата од страна на членови на Комисијата истата беше прекината поради немање кворум.

Шестата седница беше закажана за 18 декември 2006 година, со предложен дневен ред: Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон; Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон (поднесен од група пратеници). И оваа седница беше прекината по напуштањето на членови на Комисијата на истата, поради отпочнувањето на водењето на седницата од страна на претседателот на албански јазик односно поради несогласувањето меѓу претседателот и членови на Комисијата околу толкувањето на членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Комисијата смета дека одредбите од Амандманот V став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Деловникот на Собранието на

Република Македонија му даваат за право седниците да ги води на албански јазик.

Воедно претседателот истакнува дека неодржувањето на седниците на Комисијата за финансирање и буџет има негативно влијание врз работата на Собранието на Република Македонија, имајќи предвид дека оваа Комисија е една од позначајните работни тела во Собранието поради надлежностите кои ги има согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>1</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење,
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;

мерки против монополска положба и моно-полско однесување на пазарот;

- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО,** - претседател | |
| | **ИЛИЈА КИТАНОВСКИ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Ратко Димитровски | |
| 4. | Мирјана Секуловска | |
| 5. | Агим Рамадани | |
| 6. | Верица Филипова | |
| 7. | Незири Хади | |
| 8. | Слободан Најдовски | |
| 9. | Абдулади Вејсели | |
| 10. | Зумрете Јакупи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ристо Стојанов | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Виолета Ташева | |
| 4. | Горан Мисовски | |
| 5. | Хазбие Ибиши | |
| 6. | Марјанчо Николов | |
| 7. | Ацо Киров | |
| 8. | Игор Ивановски | |
| 9. | Теута Арифи | |
| 10. | Сафет Незири | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 07 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 97/2006 година). Со оваа Одлука се определени надлежностите и бројот на членовите на Комисијата.

Комисијата има претседател, десет членови и нивни заменици.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа три седници и една работна средба. На седниците беа разгледани вкупно осум точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања одржа една работна средба на барање на мисијата на Светска банка.

Комисијата за економски прашања во овој период разгледа четири закони во скратена постапка, го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 2006 година и Предлогот на буџетот на РМ за 2007 година. Комисијата го разгледа Финансискиот план на Регула-торната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година и Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година.

**Во изминатиот период Комисијата за економски прашања поднесе еден амандман.**

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за претставниците на средствата за јавно информирање.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи во разгледување на закони од економскиот систем.

Комисијата го разгледа Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на РМ за 2007 година, како и Предлогот на финансискиот план на Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година.

Со Предлог-одлуката се предвидува надоместот за финансирање на работењето на Регулаторната Комисија за енергетика за 2007 година да изнесува 0,051% од остварениот вкупен приход на друштвата кои вршат енергетска дејност во 2006 година и истиот е под предвидениот законски максимум од 0,1%. Предложениот процент на зафаќање, за разлика од процентот одобрен за 2006 година кој изнесуваше 0,053%, е понизок за 3,8%.

Особено значајна е расправата на Комисијата по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

За 2007 година се предвидува проектирана стапка на реален пораст на БДП од 6% и релативно ниска стапка на инфлација од 3%. Од почетокот на годината ќе се спроведе даночна реформа со воведување на рамен данок преку намалување на даночните стапки на персоналниот данок на доход и данокот на добивка. Воведувањето на рамниот данок е со цел да се обезбеди поефикасен даночен систем преку едноставни и ниски даноци и создавање предуслов за економски напредок, зголемување на инвестициите и намалување на невработеноста во државата. Фискалната политика ќе се реализира во рамките на планирани расходи од 112.016 милиони денари кои ќе се финансираат од оценети приходи на ниво од 108.623 милиони денари. Дефицитот на буџетот за 2007 година е планиран на 1% од планираниот БДП во висина од 3.394 милиони денари во кој е вклучен дефицитот на централниот буџет со износ од 2.805 милиони денари или 0,8% од планираниот БДП, како и дефицитот од 0,2% на Фондот за магистрални и регионални патишта во износ од 540 милиони денари. Во расправата на Комисијата беа поставени голем број на прашања и изнесени забелешки, различни мислења, сугестии и предлози.

Комисијата посвети особено внимание и оствари обемна расправа по *Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за стечај*, *со Предлог на закон.* Како основна причина поради која Владата на Република Македонија предложи изменување на Законот за стечај беше елиминирање на ограничувањето на бројот на постапките кои може да ги води еден стечаен управник, односно бришење на одредбата во членот 22 став 1 точка 10. Врз основа на извршена анализа на состојбите како резултат на практичната примена на

законот било констатирано дека уште во самиот почеток се одолговлекува стечајната постапка при што се нарушува начелото на итност на постапката. Врз основа на расправата по текстот на Предлогот на законот Комисијата поднесе амандман со кој беше предложено повторно воведување на ограничување на бројот на стечајните постапки кои може да ги води стечајниот управник, односно за стечаен управник да не може да се именува управник кој до тој момент веќе води стечајна постапка во најмалку три претпријатија. Беше предложено ова решение да се применува после 30 јуни 2007 година.

Исто така Комисијата за економски прашања ги разгледа и ги поддржа изменувањата и дополнувањата на Законот за трговските друштва и на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

***Меѓународна активност***

Комисијата за економски прашања на 30 ноември 2006 година на барање на г-ѓа Сандра Блуменкамп директор на канцеларијата на Светската Банка во Република Македонија одржа работна средба со делегација на мисијата на Светска банка која престојуваше во Република Македонија во периодот од 27 ноември до 1 декември 2006 година. Целта на одржувањето на средбата беше да се дискутира за измените на Законот за стечај. Директорот на канцеларијата на Светска банка во Република Македонија Сандра Блуменкамп информираше дека Светската банка со задоволство ги прифаќа сите можности за проширување на соработката и со претставници од Собранието на Република Македонија, вклучувајќи ја и Комисијата за економски прашања. Во иднина ќе биде од голем заеднички интерес доколку почесто се одржуваат работни состаноци на кои ќе се дискутира за различни теми од областа на реформите во државата. Особено беше искажана подготвеност за остварување на поинтензивна соработка и одржување на средби во врска со подготовките на новиот документ за партерство на Република Македонија и Светската банка, документ што ќе се однесува за наредните четири години.

*Комисијата за економски прашања и мисијата на Светска банка заеднички ја оценија работната средба како успешна и корисна за поинтензивна натамошна соработка*

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството:
- ловот и риболовот;
- животинскиот и растителниот свет;
- ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
- употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
- хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
- други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **МАРЈАН ДОДОВСКИ,** - претседател |
| | **ДАНАИЛ ДОНЧЕВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Фијат Цаноски |
| 2. | Панче Дамески |
| 3. | Ристо Стојанов |
| 4. | Јован Гинев |
| 5. | Даут Реџепи |
| 6. | Ацо Киров |
| 7. | Влатко Серафимов |
| 8. | Слободан Најдовски |
| 9. | Садула Дураку |
| 10. | Сафет Незири |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго |
| 2. | Катерина Димеска |
| 3. | Јаготка Ивановска |
| 4. | Ратко Димитровски |
| 5. | Ружди Матоши |
| 6. | Тале Герамитчиоски |
| 7. | Никола Ќурчиев |
| 8. | Андреј Жерновски |
| 9. | Рафиз Алити |
| 10. | Аднан Јашари |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 07 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 97/2006 година). Со оваа Одлука се определени надлежностите и бројот на членовите на Комисијата.

Комисијата има претседател, десет членови и нивни заменици.

***Седници на Комисијата***

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија за периодот од 26 јули 2006 до 31 декември 2006 година има одржано пет седници на кои се разгледани седум точки на дневен ред. Во извештајниот период Комисијата разгледа: два закони во скратена постапка, го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 2006 година. На посебна седница Комисијата расправаше по амандманот на Владата на Република Македонија поднесен на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година. што се однесуваше и на Разделот 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Исто така Комисијата го разгледа и Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Во извештајниот период Комисијата не поднесе амандмани.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата изготвени се посебни извештаи и записници од секоја седница.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на седниците разгледува предлози за донесување на закони кои се во рамките на нејзините надлежности и од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Сите активности на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се реализираат согласно надлежностите утврдени во Одлуката за основање на работни тела на Собранието на Република Македонија.

Значајна е расправата на Комисијата по *Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.* Во расправата на Комисијата беше изнесено позитивно мислење за предлложените изменувања и дополнувања на законот при што беше потенцирано дека претставува стимул и поддршка на земјоделските производители и позитивно ќе влијае на зголемување на земјоделското производство. Ефектите од намалувањето на стапката на ДДВ од 18% на 5% ќе ги почувствуваат околку 180.000 семејства кои директно се вклучени во земјоделството.

Комисијата особено внимание посвети на *Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година*. Со Ребалансот на Буџетот за 2006 година се предвидуваше зголемување на средствата за околу една милијарда денари за разделите Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за хидрометеоролошки работи и Агенцијата за поттикнување на развојот-Битола. Најголем дел од вкупното зголемување на средствата за земјоделството се однесуваше на ставките 46-субвенции и трансфери. Вкупното зголемување на категоријата изнесуваше 802.326.000 денари од кои за програмата за поттикнување на развојот на земјоделството се предвидуваат 619.325.000 денари, за програмата за здравствена заштита на животните се планира зголемување за 170.000.000 денари и за програмата за здравје на растенијата зголемување од 13.000.000 денари.

Особено значајна е расправата по *Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.* За разделот 14001 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство беа планирани средства во износ од 2.007.340.000 денари кои ќе се реализираат преку седум програми на министерството. Во категоријата 42-Стоки и услуги освен планирани средства по основ на патни и дневни расходи, комунални услуги, договорни услуги, и други тековни расходи, вклучени се средства како буџетско учество за изградба на хидросистемот Злетовица - 50.000.000 дена-ри, за изградба на хидросистемот Лисиче-25.000.000 денари, за 4.800.000 денари за Проектот за наводнување на Јужно Вардарската долина, 7.000.000 денари за платежната агенција. За исплата на камати од нерезидентни кредити во 2007 година планирани се 18.456.000 денари за следните проекти: хидросистем Лисиче, хидросистем Злетовица и Јужно Вардарска долина. Во рамките на категоријата 46 Субвенции и трансфери планирани се вкупно 1.430.326.000 денари, а се однесуваат на следните програми:за поттикнување на развојот на земјоделството планирани се

средства во износ од 1.138.626.000 денари како директни мерки за поддршка на земјоделците; 3.000.000 денари за проектот ИФАД 2 за развој на јужни и источни рурални региони во Република Македонија; 270 милиони денари за Програмата за заштита на животните; 14 милиони денари за потпрограмата за заштита на растенија и 700.000 денари за потпрограмата за заштита на семе и саден материјал;

Во ставката 48-Капитални расходи за 2007 година планирани се 246.838.000 денари кои ќе се реализираат за следните цели: 25 милиони денари за Програмата за проширена репродукција на шумите; 23 милиони денари за реконструкција на брани; 50 милиони денари за хидросистемот Злетовица и 25 милиони денари за хидросистемот Лисиче; 30 милиони денари за проектот за регулација на водни текови на реката Вардар; 1,6 милиони денари за рехабилитација и реструктуирање на наводнувањето, 15 милиони денари за потпрограмата ВВ- Ревитализација на села 45 милиони денари за рурален развој.

***Меѓународна активност***

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во извештајниот период оствари меѓународна активност и ја продолжи билатералната соработка со Комисијата за земјоделство и шумарство на Народното Собрание на Република Бугарија. Најавена е возвратна посета на парламентарната Комисија за земјоделство и шумарство на Република Бугарија која се очекува да се оствари во текот на 2007 година.

Претседателот на комисијата учествуваше на *Втората Евро-Медитеранска Конференција за земјоделство* на која беше разгледано прашањето на "Изградбата на евро-медитеранска земјоделска и рурална политика во глобален контекст".

На Конференцијата учествуваа парламентарци и претставници на земјоделски организации од Европа и регионот на Медитеранските држави. Конференцијата се одржа на 28 и 29 септември 2006 година во Стразбург, Република Франција и истата беше во организација на Европскиот Парламент и Парламентарното Собрание на Советот на Европа и во соработка со Медитеранскиот Комитет на Меѓународната федерација на земјоделски производители (ИФАП).

Претседателот на комисијата учествуваше на *Конференцијата на Комисиите за земјоделство на земјите членки на ЕУ и на земјите кандидати*, што се одржа на 12 и 13 октомври 2006 година во Хелсинки, Република Финска. Конференцијата беше организирана од страна на Парламентот на Финска, а во рамките на Финското претседателство со Европската Унија. Темата на Конференцијата беше "Европскиот модел на земјоделството и Претстојните предизвици" при што беа разгледани прашањата за европскиот земјоделски модел во глобални рамки како и од аспект на Заедничката земјоделска политика и Светската трговска организација, како и глобалните перспективи на исхраната и земјоделството.

За реализираната меѓународна активност на Комисијата изготвени се посебни извештаи и истите се доставени до

претседателот на Собранието на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 2 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 1 |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот;
- жичарите и ски-лифтовите;
- системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;
- изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
- просторното и урбанистичкото планирање;
- уредувањето на градежното земјиште;
- станбеното и комуналното стопанисување;
- заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;
- обезбедување услови за здрава животна средина:
- спречување на штетната бучава;
- заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
- други прашања што се однесуваат на транспортот,врските, урбанизмот и екологијата.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **НИКОЛА ЌУРЧИЕВ,** - претседател | |
| | **МАРЈАНЧО НИКОЛОВ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Зоран Витанов | |
| 2. | Катерина Димеска | |
| 3. | Горан Петров | |
| 4. | Веле Митановски | |
| 5. | Гарип Каба | |
| 6. | Данаил Дончев | |
| 7. | Влатко Серафимов | |
| 8. | Тале Герамитчиоски | |
| 9. | Рафиз Алити | |
| 10. | Агрон Буџаку | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Гоце Марковски | |
| 2. | Петар Поп Арсов | |
| 3. | Фијат Цаноски | |
| 4. | Благој Зашов | |
| 5. | Агим Рамадани | |
| 6. | Марјан Додовски | |
| 7. | Хади Незири | |
| 8. | Слободан Најдовски | |
| 9. | Аднан Јашари | |
| 10. | Ајше Селмани | |

Комисијата во извештајниот период ги одржа: Првата, Втората, Третата, Четвртата, и Петтата седница, на кои беа разгледани следните теми како точки на дневниот ред и ги усвои следните заклучоци по истите:

Прва седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 18 септември 2006 година.

1.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон;

2.Разно.

Заклучок:

1. Комисијата за транспорт, врски и екологија со шест гласа за и три гласа против заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Предлогот на законот за

изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации во предложениот текст.

Втора седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 30 октомври 2006 година.

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија на некои аспекти на воздушниот сообраќај, со Предлог на закон.

Заклучоци:

1. Комисијата за транспорт, врски и екологија, едногласно усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година во предложениот текст.

2. Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно усвои заклучок да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Предлогот на законот за ратификација на Спогодбата меѓу Европската заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај во предложениот текст.

Трета седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 7 ноември 2006 година.

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај со Предлог на закон.

Заклучок:

1. Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај во предложениот текст.

Четврта седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 4 декември 2006 година.

1. Предлог на буџетот на Република Македонија за 2007 година;

2. Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија за 2005 година;

3. Разно.

Заклучоци:

1. Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Буџетот на Република Македонија за 2007 година во предложениот текст.

2. Комисијата за транспорт, врски и екологија заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија на една од наредните седници да го разгледа и усвои Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Макеоднија за 2005 година во предложениот текст.

Петта седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 20 декември 2006 година.

1. Предлог за донесување на закон за ратификација на мултилатерална Спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралство Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за

привремена администација на Косово за основање на Европска заедничка возухопловна област, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за елекронските комуникации, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.

Заклучоци:

1. Комисијата едногласно заклучи да му предложи на Собранието да го разгледа и донесе законот за ратификација на мултилатерална Спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралство Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област, во предложениот текст.

2. Комисијата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за електронски комуникации заедно со амандманот предложен од Комисијата.

3. Комисијата едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и да го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта во прадложениот текст.

А М А Н Д М А Н

Во членот 3 зборовите "меѓународното и" се бришат.

О б р а з л о ж е н и е

Со амандманот ќе се овозможи кандидатите кои стекнале искуство во Република Македонија да имаат еднакви услови при избор на директор на Агенцијата за електронски комуникации.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 4 |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;

- правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;

- системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;

- создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;

- информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;

- организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;

- образованнето на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;

- поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;

- едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;

- развој и унапредување на физичката култура;

- развојот на врвниот спорт и

- други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **СЛАВИЦА ГРКОВСКА,** - претседател |
| | **НЕЖДЕТ МУСТАФА,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Виолета Ташева |
| 2. | Фијат Цаноски |
| 3. | Цветко Грозданов |
| 4. | Ружа Ѓорѓеска |
| 5. | Мирјана Секуловска |
| 6. | Насер Ајдини |
| 7. | Тале Герамитчиоски |
| 8. | Благородна Цветковска |
| 9. | Фазли Велиу |
| 10. | Фадил Сулејмани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Марија Андоновска |
| 2. | Горан Петров |
| 3. | Томе Даневски |
| 4. | Васко Шутаров |
| 5. | Веле Митановски |
| 6. | Даут Реџепи |
| 7. | Радмила Шеќеринска |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Теута Арифи |
| 10. | Азис Положани |

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија, во периодот од 26 јули до 31 декември 2006 година работеше на седници на Комисијата, а согласно со своите надлежности оствари и други активности сврзани со образованието, науката и спортот.*

Комисијата одржа **пет седници** на кои беа разгледани предлози на закони и актуелни теми од областа на образованието. Членовите на Комисијата расправаа и за Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година и за Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

### *Седници посветени на законски предлози*

На една од седниците, Комисијата се произнесе по Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон. Со измените се предлага одлагање на примената на државната матура, училишната матура и на државниот испит на учениците од средното образование за школската 2007/2008 година. Седницата беше организирана како јавна расправа, на која беа поканети и исслушани искуствата од примената на пилот државната матура на директорите на државните средни училишта "Раде Јовчевски - Корчагин" и "Орце Николов", средното медицинско училиште "Панче Караѓозов" и на приватното средно училиште "Јахја Кемал", како и на претставник на Бирото за развој на образованието.

Комисијата водеше дебата по измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, при што позитивно ги оцени зголемените буџетски проекции за образованието, што не значи дека тие се на нивото на потребите, пред се ако се има предвид фактот дека образованието е основа за економски развој на земјата.

Во расправата по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година, вниманието на членовите на Комисијата беше насочено на буџетските средства во програмите за основното, средното и високото образование, науката и научноистражувачката дејност како и на Бирото за развој на образованието и на Агенцијата за млади и спорт.

На посебна седница, Комисијата расправаше за Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, со кој се предвидува воведување задолжително средно образование. Ставовите на членовите на Комисијата по ова прашање беа поделени, при што мнозинството пратеници го поддржа овој предлог на Владата на Република Македонија.

### *Тематски седници на Комисијата*

Комисијата одржа седница на која го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во периодот 1 октомври 2005 - 30 септември 2006 година. Комисијата за прв пат во досегашната пракса расправа за извештај на универзитет и предложи ова да стане редовна пракса во комисиското работење. Со работата на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", членовите на Комисијата изворно беа информирани од ректорот на Универзитетот проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски. Врз основа на расправата по Извештајот, Комисијата усвои Заклучок кој е во насока на реформи на високото образование во согласност со принципите на Болоњската декларација и обезбедување на финансиска поддршка на државата за нивна реализација. Со оглед на одредбата од членот 70, став 3 од Законот за високото образование, според која ректорот е должен најмалку еднаш во годината до сенатот и основачот да поднесува извештај за работата, со Заклучокот Комисијата ги повика ректорите на Универзитетот "Св. Климент Охридски" од Битола и Универзитетот во Тетово, оваа обврска да ја реализираат до крајот на годината.

Во извештајниот период, во проекција беше одржување на уште две тематски седници, на кои Комисијата требаше да биде информирана за актуелните состојби во образованието и за состојбите на Универзитетот во Тетово утврдени во Записникот од извршениот инспекциски надзор. Иако, согласно деловничките одредби претседателот на Комисијата упати писма до министерот за образование и наука и до директорот на Државниот просветен инспекторат со барање за доставување на предложените информации, а со оглед на тоа дека тие не беа доставени, седниците на Комисијата не се одржаа.

***Меѓународна активност на Комисијата***

Во ораганизација на Европскиот парламент, на 18 и 19 декември 2006 година, делегација на Комисијата, во чиј состав беа претседателот на Комисијата Славица Грковска и членовите Фиат Цаноски, Тале Герамитчиоски и Азис Положани, учествуваше на колоквиумот на тема "Образование и млади - европска перспектива", што се одржа во Брисел. На колоквиумот учествуваа и парламентарни делегации на комисиите за образование на Албанија, Србија и Црна Гора. Целта на колуквиумот беше зајакнување на интерпарламентарната соработка во проширена Европа во доменот на образованието и културата, вклучително и во регионот на Западен Балкан. Председавачи на колоквиумот беа претседателот и потпретседателот на Комисијата за култура и образование на Европскиот парламент, европратениците Криста Претс и Пал Шмит, а како уводничари на темите беа претставниците на Европската комисија Јан Фигел, Тања Фридерикс и Ангелика Верли, Јари Јаконен од Финското претседателство со ЕУ, Горан Свилановиќ од Пактот за стабилност, како и европратеникот Дорис Пак. Во тематските дискусии од наша страна беше истакната потребата од мобилност и интеркултурен дијалог меѓу самите земји, како и потребата од либерализација на визниот режим како ограничување во комуникацијата и соработката во областа на образованието, младите и културата.

На иницијатива на претседателот на Комисијата Славица Грковска, во подготовка е конференција која што ќе биде посветена на средното стручно образование и обука, а ќе се одржи под покровителство на Пактот за стабилност на ЈИЕ. На конференцијата се очекува присуство на компетентни претставници од оваа област од земјите на Југоисточна Европа, како и на претставници од ЕП и други меѓународни организации.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Измени на Уставот | | 1 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 3 |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- здравствената заштита на населението;
- здравственото осигурување;
- заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- хигиенско-епидемиолошката состојба;
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала , медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги;
-санитарниот и здравствениот надзор
-други прашања што се однесуваат на здравството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АЗИС ПОЛОЖАНИ,** - претседател |
| | **АЈШЕ СЕЛМАНИ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Гоце Марковски |
| 2. | Миле Пачемски |
| 3. | Јован Гинев |
| 4. | Веле Георгиевски |
| 5. | Марија Андоновска |
| 6. | Агим Рамадани |
| 7. | Кенан Хасипи |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Кире Гештаковски |
| 10. | Зумрете Јакупи |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ванчо Коцев |
| 2. | Васко Шутаров |
| 3. | Цветко Грозданов |
| 4. | Светлана Јакимовска |
| 5. | Ружа Ѓорѓеска |
| 6. | Благородна Цветковска |
| 7. | Никола Поповски |
| 8. | Роза Топузовска Каревска |
| 9. | Елмазе Селмани |
| 10. | Џеват Адеми |

Согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Комисијата за здравство како постојано работно тело има претседател, десет члена и нивни заменици.

Во извештајниот период од 26 јули до 31 декември 2006 година **Комисијата за здравство има закажано три седници.**

Согласно член 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководеше и претседаваше претседателот на Комисијата за здравство Азиз Положани.

Седниците на Комисијата за здравство беа закажувани, односно започнуваа и се прекинуваа бидејќи мнозинството пратеници ги напуштаа седниците заради употреба на албански јазик од страна на претседателот на Комисијата. Имено, претседателот на Комисијата смета дека врз основа на Амандманот V став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија има право седниците да ги води на албански јазик. Наспроти ова мнозинството пратеници сметаат дека согласно член 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик, па според тоа седниците треба да се водат на македонски јазик. Како основ за овој став беше и толкувањето на наведениот член од Деловникот од страна на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието.

Општа беше констатацијата на членовите на Комисијата дека неодржу-вањето на седниците на Комисијата за здравство имаат негативен одраз врз работата на Собранието по прашањата од здравствената дејност.

**Првата седница на Комисијата беше закажана на 6 ноември 2006 година. На дневен ред беа предложени:**

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година и
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

**Втората седница на Комисијата беше закажна на 21 ноември 2006 година. На дневен ред беа предложени:**

1.Предлог за донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог-закон
2.Предлог за донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог-закон.

**Третата седница на Комисијата беше закажана на 8 декември 2006 година. На дневен ред беше предложен:**

Предлогот на Буџет на Република Македонија за 2007 година.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** - претседател |
| | **АЦО КИРОВ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Светлана Јакимовска |
| 2. | Нада Станчевска |
| 3. | Виолета Ташева |
| 4. | Миле Пачемски |
| 5. | Дарко Димитриевски |
| 6. | Даут Реџепи |
| 7. | Кире Гештаковски |
| 8. | Неждет Мустафа |
| 9. | Селвие Салиу |
| 10. | Ајше Селмани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Катерина Димеска |
| 2. | Ратко Димитриевски |
| 3. | Јован Гинев |
| 4. | Владанка Авировиќ |
| 5. | Анита Кипаризовска Крстевска |
| 6. | Елмазе Селмани |
| 7. | Цветанка Иванова |
| 8. | Тале Герамитчиоски |
| 9. | Садула Дураку |
| 10. | Фадил Сулејмани |

Согласно Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Комисијата за труд и социјална политика има претседател, десет члена и нивни заменици.

Во извештајниот период од 26 јули до 31 декември 2006 година **Комисијата за труд и социјална политика, одржа четири седници.**

Првата седница беше одржана на 30 октомври 2006 година, Втората седница на 22 ноември 2006 година, Третата седница на 1 декември 2006 година и Четвртата седница на 15 декември 2006 година.

Согласно член 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководеше и претседаваше претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Јован Манасијевски.

На **Првата седница од 30 октомври 2006 година**, на дневен ред на Комисијата беше Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година со Буџети за 2006 година на

-Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

- Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Комисијата го разгледа Ребалансот за 2006 година, особено во делот на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување, вработувањето и др. По текстот на Ребалансот Комисијата **не предложи амандмани.**

На **Втората седница на Комисијата одржана на 22 ноември 2006 година,** беше разгледан Предлогот за донесување на Закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот кој беше поднесен од Пратеничката група на ВМРО-НП беше во насока на решавање на проблемите на стечајните работници. По пристапувањето кон изјаснувањето на овој предлог, Комисијата не заземе став.

На дневен ред на **Третата седница, одржана на 1 декември 2006 година** беа разгледани:

1.Предлог Буџет на Република Македонија за 2007 година, со буџети за 2007 година на:

- Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
- Агенцијата за вработување на Македонија

2.Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, со Предлог на закон и

3.Разгледување на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година, со посебен осврт на делот за вработување и социјална политика.

Повеќето членови на Комисијата констатираа дека Буџетот е во насока на побрз економскиот раст и забрзување на структурните реформи. По текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, Комисијата **не предложи амандмани.**

Со Предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за празници се предлага воведување нови државни празници и зголемување на бројот на неработни денови. По текстот на овој закон Комисијата **не предложи амандмани.**

По однос на третата точка, Комисијата ја одложи расправата заради неприсуството на претставници по Извештајот.

На **Четвртата седница на Комисијата одржана 15 декември 2006 година,** беа разгледани:

1.Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година, со посебен осврт на делот за вработување и социјална политика и

2. Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување, со Предлог на закон.

По однос на Извештајот на Европската Комисија, Комисијата го усвои следниот **заклучок:**

1. Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија констатира дека Годишниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија, со посебен осврт во делот за вработување и социјална политика дава реална оценка на состојбите во Македонија во 2006 година.

2. Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да и препорача на Владата на Република Македонија во Програмата за работа за 2007 година и Буџетот на Република Македонија за 2007 година да ги операционализира препораките и согледувањата содржани во Извештајот на Европската Комисија.

Комисијата го разгледа Предлогот за донесување на Законот за ратификација на

Договорот меѓу Република Македонија и Република Полска за социјално осигурување, кој е од значење за билатералните односи меѓу двете држави.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
- иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
- предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
- извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
- основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
- имунитетот на пратениците, судиите ијавниот обвинител и неговите заменици и
- други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** - претседател | |
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** - заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Оливер Деркоски | |
| 2. | Ристана Лалчевска | |
| 3. | Благој Зашов | |
| 4. | Елмазе Селмани | |
| 5. | Никола Рилкоски | |
| 6. | Слободан Најдоски | |
| 7. | Надица Танчева Тулиева | |
| 8. | Аднан Јашари | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Анета Стефанова | |
| 2. | Илија Димовски | |
| 3. | Јаготка Ивановска | |
| 4. | Иван Анастасовски | |
| 5. | Ружди Матоши | |
| 6. | Влатко Серафимов | |
| 7. | Оливер Спасовски | |
| 8. | Фазли Велиу | |

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, во периодот од 26 јули 2006 година до 31 декември 2006 година, има одржано пет седници со вкупно пет точки на дневен ред.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува, Извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот. Согласно оваа надлежност, Комисијата го разгледа:

**-** Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија број 07-818/1 од **5 септември 2006 година**

- Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153 од Изборниот законик број 10-1650/1 од **27 септември 2006 година** и

- Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153 од Изборниот законик број 10-1760/2 од **9 ноември 2006 година**.

Исто така, Комисијата согласно своите надлежности и ингеренции разгледува и прашањата кои се однесуваат на спроведување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела, и дава мислење за разрешување на спорните прашања. Во овој период, Комисијата на своите седници ги разгледа Барањата за давање мислење кои беа доставени до неа, а се однесуваат на:

- Барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за

давање мислење во врска со примената на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по однос на поднесените амандмани на Предлогот за законот за полоиција од група пратеници на пратеничката група на ЛДП и пратеничките групи на ДУИ и ПДП и

- Барање на претседателот на Собранието на Република Македонија за давање мислење во врска со примената на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по однос на поднесените амандмани на Предлогот за законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата од група пратеници: Цветанка Иванова, Јани Макрадули, Весна Бендевска и Оливер Спасовски.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти (одлуки, декларации, програми)</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>2</td></tr>
</table>

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието, и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив;
- разгледување на предлог на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите;
- следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;
- иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите;
- поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите;
- редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите;
- соработка со соодветните комисии на другите земји и
- други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

***Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, од првата седница што беше одржана на 27 септември 2006 година, до 31 декември 2006 година, одржа четири седници, две јавни расправи, предложи една декларација (усвоена) и два амандмани (усвоени).***

Комисијата одржа **четири седници** на кои беа разгледани измените на Буџетот на Република Македонија за 2006 година и буџетските проекции за 2007 година, како и актуелни теми од областа на родовата еднаквост

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** - претседател |
| | **СИЛВАНА БОНЕВА** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Катерина Димеска |
| 2. | Јаготка Ивановска |
| 3. | Александар Николовски |
| 4. | Јагнула Куновска |
| 5. | Елмазе Селмани |
| 6. | Цветанка Иванова |
| 7. | Марјанчо Николов |
| 8. | Весна Бендевска |
| 9. | Селвије Салиу |
| 10. | Ајше Селмани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Веле Ѓорѓиевки |
| 2. | Панче Дамески |
| 3. | Соња Гелова Стојанова |
| 4. | Мирјана Секуловска |
| 5. | Хазбије Ибиши |
| 6. | Верица Филипова |
| 7. | Есад Рахиќ |
| 8. | Иван Стоиљковиќ |
| 9. | Агрон Буџаку |
| 10. | Зумрете Јакупи |

***Тематски расправи на Комисијата***

1. На **првата седница** (27 септември 2006 година), на која присуствуваше и претседателот на Собранието господин Љубиша Георгиевски и Работната група на Македонското женско лоби, Комисијата ги утврди **приоритетните области** на кои ќе биде насочена во своето работење во мандатниот комисиското дејствување:

-социо-економската сфера;
- здравството;
- заштитата на жената од насилство;
- изедначување на нивото на еманципација и образование кај жените од различни средини;
- меѓународната соработка со сродни комисии и
- родово сензибилизирање на јавноста.

На втората седница (24 октомври 2006 година), на која, на членовите на Комисијата им се обратија претставникот на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје г-ѓа Хонгвеи Гао и експертот за превенција на злоупотреба и насилство врз децата доц.д-р Марија Ралева, Комисијата ги **дополни утврдените приритети** со разгледување на прашањето за грижата за децата.

3. На иницијатива на Здружението на жените оперирани од рак на дојка "Животна искра", Комисијата одржа **јавна расправа** (24 октомври 2006 година)**, на тема: "Потребата од законско регулирање на раното откривање, дијагностицирањето и лекувањето на ракот на дојката кај жената"**.

На расправата учествуваа претставници од здравствената дејност кои непосредно учествуваат во лекувањето на малигните болести, од невладините организации кои располагаат со информации за состојбите на здравствен план, од надлежните министерства, како и членови на Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија.

По расправата беше формулиран **Заклучок,** во кој ја констатира потребата од законско регулирање на раното откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката кај жената, односно дополнување на членот 32 од Законот за здравствена заштита со нови мерки и активности и со програма за рано откривање на ракот на дојката, како и обезбедување средства за нивна реализација во Буџетот на Република Македонија и користење средства од надворешни извори**.**

Овие заложби на Комисијата подоцна беа конкретизирани преку **амандман на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита**, со кој членот 32 се дополнува со мерки и активности и со програма за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката кај жената. Во собраниската расправа по овој законски проект, министерот за здравство Имер Селмани го прифати предложениот амандман.

4. Во соработка со Регионалниот центар за полова еднаквост на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, Комисијата одржа **јавна расправа** (10 ноември 2006 година), на тема **"Човековата безбедност од полов аспект"**. На расправата учествуваа пратенички во Собранието, претставници на Македонското женско лоби, директорот на Заводот за статистика, невладини организаци и медиуми. Врз основа на податоците од надлежните државни институции и јавната расправа, Комисијата подготви Извештај за човековата безбедност од полов аспект. Извештајот ги презентира состојбите во Република Македонија во однос на семејното насилство врз жените, економската безбедност и учеството на жените во донесувањето на одлуки, како и преземените политики и практики во пресметувањето на потребите на жените и децата бегалци и раселени.

На Регионалната средба на ГТФ во Загреб, Извештајот го презентираше пратеникот Зумрете Јакупи.

***Разгледување на законски предлози***

1. Комисијата водеше дебата по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година (7 ноември 2006 година). Вниманието на членовите на Комисијата беше насочено

на делот на здравствената заштита за превенција и потребата од обезбедување буџетски средства за раното откривање на ракот на дојката. Ваквата оценка произлезе од јавната расправа на Комисијата на оваа тема, од која произлегоа заклучоци за потребата од регулирање на посебната грижа на овој план во делот на мерките и програмите во Законот за здравствената заштита. Со оглед на тоа дека со ребалансот се решаваат финансиските импликации од Буџетот за 2006 година, Комисијата изрази надеж дека финансиски средства за раното откривање, дијагностицирањето и лекувањето на ракот на дојката ќе се обезбедат во новите буџетски проекции за 2007 година.

2. Од овие причини, на седницата на која се водеше расправа за Предлот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година (6 декември 2006 година), **Комисија поднесе амандман** во Разделот Министерство за здравство, за внесување нова потпрограма "Рано откривање, дијагностицирање и лекување на рак на дојката кај жената", со износ од 3 милиони денари. На собраниската седница, на чиј дневен ред беше Предлогот на буџетот за 2007 година, министерот за финансии Трајко Славески го прифати амандманот со предложената буџетската ставка.

***Меѓународна активност на Комисијата***

Во организација на **Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Советот на Европа**, на 19 октомври 2006 година, претседателот на Комисијата Лилјана Поповска учествуваше на координативниот состанок на контакт парламентарците вклучени во паневро-пската кампања во борба против насилството врз жените, што се одржа во Стразбург. Во кампањата, што ќе трае две години, се вклучени сите 46 земји членки на Советот на Европа и ќе се одвива под мотото "Здружени парламенти во борбата против домашното насилство врз жената".

Комисијата се вклучи во подготовка на собраниските активности посветени на борбата против насилството врз жените. Комисијата подготви и на Собранието му **предложи усвојување на Декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство**, која што беше поддржана со потписи на повеќе од 80 пратеници. На парламентарниот ден за започнување на оваа кампања 24 ноември 2006 година, Собранието на Република Македонија одржа седница на која со акламација ја усвои Декларацијата за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>9</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти (одлуки, декларации, програми)</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>5</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>1</td></tr>
</table>

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И РАЗГЛЕДАНИ АКТИ

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони по области | | | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти | Информации, извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Политички систем | Економски систем | Јавни дејности | | | | | |
| уставни прашања | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 10 | 60 | 1 | 24 | 19 | 6 | 52 | 2 | 8 | - | - |
| одбрана и безбедност | 7 | 18 | - | 8 | - | - | 3 | 2 | 4 | 2 | 2 |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 6 | 12 | - | 4 | - | 5 | | 2 | 1 | - | - |
| надворешна политика | 7 | 18 | - | 15 | - | - | - | 2 | 1 | - | - |
| европски прашања | 6 | 7 | - | - | 1 | - | - | 2 | 2 | 1 | 1 |
| прашања на изборите и именувањата | 12 | 43 | - | - | - | - | - | - | - | - | 43 |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 4 | 5 | - | 2 | - | - | - | 2 | - | - | 1 |
| финансирање и буџет | 1 | 1 | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| економски прашања | 3 | 8 | - | - | 4 | - | 1 | 2 | 2 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 5 | 7 | - | - | 2 | - | - | 2 | - | - | 1 |
| транспорт, врски и еколоогја | 5 | 9 | - | 2 | - | 4 | 1 | 2 | - | 1 | - |
| образование, наука и спорт | 5 | 8 | 1 | - | - | 1 | - | 2 | - | 1 | 3 |
| култура | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - |
| здравство | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| труд и социјална политика | 4 | 7 | - | 2 | - | 1 | - | 2 | - | 2 | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 5 | 5 | - | - | - | - | - | - | | 3 | 2 |
| еднакви можности на жените и мажите | 4 | 9 | - | - | - | - | 2 | 2 | 1 | 5 | 1 |
| **Вкупно:** | **86** | **219** | **3** | **57** | **27** | **17** | **59** | **24** | **22** | **15** | **54** |

# 4.2. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката , а особено:

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;

-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

Во својот состав Комитетот за односи меѓу заедниците брои 19 членови од кои по 7 пратеници Македонци и Албанци и 5 пратеници од сите заедници во Македонија - Турчин, Влав, Ром, Србин и Бошњак.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЈДИНИ НАСЕР,** - претседател | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Шамбевски Оливер | |
| 2. | Даневски Томе | |
| 3. | Гелова Стојанова Соња | |
| 4. | Димовски Илија | |
| 5. | Куновска Јагнула | |
| 6. | Митрева Илинка | |
| 7. | Шеќеринска Радмила | |
| 8. | Ајдини Насер | |
| 9. | Каба Гарип | |
| 10. | Селмане Елмазе | |
| 11. | Арифи Теута | |
| 12. | Беџети Бљерим | |
| 13. | Адеми Џеват | |
| 14. | Дураку Садула | |
| 15. | Хасипи Кенан | |
| 16. | Кипаризовска Крстевска Анита | |
| 17. | Салиу Шабан | |
| 18. | Стоиљковиќ Иван | |
| 19. | Рахиќ Есад | |

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката а особено:

- го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони;
- разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област;
- укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

- разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците;
- остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;
- остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и
- остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информи-рањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

Комитетот за односи меѓу заедниците во овој период одржа две седници и една средба со Делегација на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа .

Првата седница на Комитетот за односи меѓу заедниците во новиот пратенички состав на Собранието се одржа на 28 септември 2006 година и со неа раководеше претседателот на Собранието на Република Македонија, Љубиша Георгиевски.

Претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски извести дека тој претседава со првата - конститутивна седница на Комитетот се до изборот на претседател на Комитетот.

Пред да се премине на усвојување на дневниот ред, неколку членови на Комитетот од името на заедниците од редовите на коалицијата "За Македонија заедно", се изјаснија дека нема да учествуваат во работата на седницата на Комитетот поради нивното незадоволство од начинот на конституирање на Комитетот и од односот на парламентарното мнозинство кон улогата и значењето на Комитетот .

Во врска со Предлогот за изменување и дополнување на Деловникот на Комитетот што беше на дневен ред на седницата, претседавачот појасни дека измените имаат цел да се уреди начинот на свикување на првата седница на Комитетот како и постапката за избор на претседател на Комитетот, бидејќи во Деловникот на Комитетот нема одредби што се однесуваат на изборот на претсе-дател на Комитетот.

Комитетот ги усвои измените и дополнувањата на Деловникот на Комитетот за односи меѓу заедниците а потоа **за претседател на Комитетот за односи меѓу заедниците едногласно го избра пратеникот Насер Аjдини, член на Комитетот** .

Втората седница на Комитетот за односи меѓу заедниците се одржа на 29 септември 2006 година .

Претседателот на Комитетот ги извести присутните дека седницата е свикана по барање на претседателот на Собранието на Република Македонија заради настанатиот спор во врска со спроведување на постапката за гласање по Предлогот на закон за полиција што е на дневен ред на седницата на Собранието.

Пред да премине на дневниот ред, претседателот на Комитетот ги објасни одредбите од Деловникот за работа на Комитетот што се однесуваат на надлежноста на Комитетот, а воедно и начинот на гласање во Комитетот при одлучување во случај на спор во врска со спроведување на постапка за гласање по закон.

Согласно Амандман XII точка 1 став 6 на Уставот на Република Македонија, Комитетот за односи меѓу заедниците во врска со спорот за спроведувањето на постапката за гласање по Предлогот на закон за полиција одлучи дека Предлогот на законот за полиција не содржи одредби во смисла на Амандман X точка 2 на Уставот на Република Македонија, поради што за донесувањето на овој закон не е потребно мнозинството утврдено со Амандманот X точка 2 на Уставот.

Делегација на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа во состав: г-ѓа Марју Лауристин (Естониа), г-ѓа Регина Таварес де Силва (Португалија) и г-ѓа Артемиза Татјана Чиска (претставник на Секретаријатот на СоЕ), во периодот од 27-29 ноември 2006 година престојуваше во Република Македонија, заради разгледување на Вториот извештај на Владата на Република Македонија по споменатата Конвенција.

Делегацијата изрази интерес за средба со членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците, која што беше остварена на 27 ноември 2006 година.

Делегацијата го потенцираше ставот дека Комитетот е место каде мултиетничкиот дијалог ќе се развивива и ке се унапредува за доброто на целото македонско општество. Особено се потенцираше оценката дека многу важен дел од процесот е децентрализацијата и она што членовите на Комитетот можат да го направат е да набљудуваат и да се заложат средствата наменети за етничките заедници да се искористат за нивната вистинска намена. Со тоа, се оцени, дека сите дискусии ке најдат своја реална имплементација во секојдневниот живот.

На крајот на средбата, претседателот на Комитетот се заблагодари на членовите на Делегацијата и на членовите на Комитетот и ја оцени средбата за корисна за двете страни и изрази надеж дека соработката ќе продолжи

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

## 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот трае четири години.

Претседателот на Собраниетого претставува Собранието, ги свикува седниците на Собранието и раководи со нив, се грижи за примената на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Собранието на Република Македонија г-дин Љубиша Георгиевски пратеник од ВМРО-ДПМНЕ на оваа функција беше избран на Првата конститутивна седница на Собранието, одржана на 26 јули и 1 август 2006 година, по штотуку завршените петти парламентарни избори во Република Македонија.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски (26 јули 2006 - 31 декември 2006)**

Средба со **Иван Вангелов**, поранешен амбасадор во Ватикан (28 август 2006);

Средба со **Лиана Думитреску**, пратеник во Романскиот парламент (29 август 2006);

Средба со новоименуван руски амбассадор, **г. Солоцински В. Дмитриевич** (04 септември 2006);

Средба со **Зоран Поповиќ,** амбасадор на Република Србија (04 септември 2006);

Средба со **Хонгвеј Гао**, претставник на УНИЦЕФ ( 05 септенври 2006);

Средба со Кинескиот амбасадор, (11 септември 2006);

Средба со **Петра Блес**, претставник на Пактот за стабилност (11 септември 2006);

Средба со Француската амбасадорка, **г-ѓа Вероник Бижон** (11 септември 2006);

Средба со **Соломон Паси**, поранешен министер за надворешни работи на Р. Бугарија, (14 септември 2006);

Средба со амбасадорот на Полска, **Андреј Добржински** (18 септември 2006);

Средба со **Агим Чеку**, премиер на Косово (19 септември 2006);

Средба со **г-ѓа Мери Ан Рукавина Ципетиќ,** претставник на **Gender task Force,** (20 септември 2006);

Средба со **Мирко Краљев,** советник во Хрватската амбасада (22 септември 2006);

Средба со **Улрих Клепман**, претставник на фондацијата Конрад Аденауер, (22 септември 2006);

Средба со претставници на ОБСЕ, **Карлос Паиш и Сара Брајтон** (25 септември 2006);

Средба со амбасадорот на Австрија, **Филип Хојос** (25 септември 2006);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Романија,Адриан Стефан Константинеску (25 септември 2006);

Средба со амбасадорот на Молдавија **г. Вјечеслав Мадан** (28 септември 2006);

Средба со Белгискиот амбасадор**, г. Филип Беке** (28 септември 2006);

Средба со кардиналот на Хрватска**, г. Винко Пулиќ** (30 септември 2006);

Средба со претставник од ЕУ, **г. Штефан Лене** (10 октомври 2006);

Средба со делегација на Германскиот Бундестаг (13 октомври 2006);

Средба со **Ерхард Бусек**, (17 октомври 2006);

Средба со **Иван Соколов-** ОРГА ФИМ, (20 октомври 2006);

Средба со шефот и делегацијата на Советот на Европа, (23 октомври 2006);

Средба со **г-ѓа Розмари Ди Карло,** помошник секретар во Биро за Европски и евро-азиски прашања на САД, (23 октомври 2006);

Средба со Хрватскиот претседател **г. Стјепан Месиќ,** (24 октомври 2006);

Средба со амбасадорот на Јапонија **г. Итару Умезу**, (26 октомври 2006);

Проштална средба со амбасадорот на Кина, (30 октомври 2006);

Проштална средба со амбасадорот на ОБСЕ **Карлос Паиш,** (30 октомври 2006);

Средба со амбасадорот на Романија, **Адриан Стефан Константинеску** (03 ноември 2006);

Средба со **Ерван Фуере** ЕУ, (08 ноември 2006);

Средба со новиот Француски амбасадор **г. Бернард Валеро,** (10 ноември 2006);

Средба со амбасадорот на Египет, **Хеба Елмараси**, (17 ноември 2006);

Средба со делегација на Фламанскиот Парламент-Белгија, (17 ноември 2006);

Средба со **Ференц Ѓурчан,** премиер на Унгарија (23 ноември 2006);

Средба со Турскиот амбасадор,**Танер Каракаш** (27 ноември 2006);

Средба со Рускиот амбасадор, **г. Солоцински В. Дмитриевич** (28 ноември 2006);

Средба со **проф. Волфганг Це** (01 декември 2006);

Средба со Кинескиот амбасадор, **Донг Чунгфенг** (06 декември 2006);

Средба со Италијанскиот амбасадор, **Донатино Маркон** (06 декември 2006);

Средба со Шпанскиот амбасадор, **Хозе Мануел Паз Агерас** (06 декември 2006);

Средба со Флориј Фон Кјуник, политички советник на **Ерван Фуере**,(06 декември 2006);

Средба со амбасадорот на Индија, **Лал Милер Динглиана** (07 декември 2006);

Средба со амбасадорот на Бразил, **Паоло Америко Вега Воловски** (07декември 2006);

Проштална средба со Полскиот амбасадор **Андреј Добжински,** (12 декември 2006);

Средба со претседателот на Парламентарното Собрание на ОБСЕ, (13 декември 2006);

Средба со **Георг Валднер** ЕВН, (18 декември 2006);

Средба со **Елс де Гроен**, (19 декември 2006);

Средба со амбасадорот **Благоја Ханџиски,** (27 декември 2006).

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија (октомври 2002 - ноември 2003 )**

Работна средба со **г-ѓа Петра Блез**, специјален советник за парламентарна соработка на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, (Скопје, 11 септември 2006 г.)

Тет-а тет средба со **г. Соломон Паси**, претседател на Комисијата за надворешна политика на Народното собрание на Бугарија при неговото учество на Конференцијата за регионална соработка и безбедност во Струга (Скопје, 14 септември 2006 г.)

Работна средба со **г-ѓа Мери Ен Рукавина-Ципетиќ,** директор на Регионалниот центар за родова еднаквост на Пактот за стабилност на ЈИЕ (Скопје, 20 септември 2006 г.)

Средба со **г.Стефан Лене** претставник на ЕУ во процесот за идниот статус на Косово и директор на ДГЕ ВИ во Советот на ЕУ (10 октомври 2006 г);

Средба **со г. Ерхард Бусек** специјален координатор на Пактот за стабилност за ЈИЕ (17. октомври 2006 г.)

Средба со Делегацијата во ПС на СЕ по октовриската сесија во Стразбург ( 23 октомври 2006 г.)

Средба со Делегацијата во ИПУ по седницата во Женева (26 октомври 2006 г.)

Проштална средба со **г. Карлос Паиш** шеф на Мисијата на ОБСЕ (30 октомври 2006г.)
Средба со **г.Ерван Фуере,** специјален пратеник на ЕУ и шеф на Делегацијата на Европската комисија (8 ноември 2006 г.)

Средба со делегацијата на ПС на ОБСЕ, предводена од претседателот **Јоран Ленмаркер,** придружуван од **г. Роберто Батели,** специјален претставник на ОБСЕ за ЈИЕ, **г. Андреас Нотел** специјален претставник на ПС на ОБСЕ во Виена и од **г-ѓа Наталија Дрозд** шеф на мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. (13 декември 2006 г.)

Поздравен збор на Третата конференција на парламентарни комисии за европска интеграција/прашања на државите учеснички во процесот за стабилизација и асоцијација од Југоисточна Европа (13 декември 2006 г)

Свечано потпишување на акредитацијата на Делегација во ПС на СЕ со мандат за 2007 година и на номинацијата на шефот на Делегацијата за функција на потпретседател на Парламентарното собрание.(28 декември 2007 г.)

## 5.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

***Д-Р ИВАН АНАСТАСОВСКИ***

***Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број на активности преку редовното учество на седниците на Претдседателството на Собранието што се одржуваат еднаш седмично на кои се разгледуваат многу важни прашања сврзани со тековните работи на Собранието, меѓународните активности како и прашања на општ карактер.

Потпретседателот д-р Иван Анастасовски доаѓа од редовите на Нова Социјал Демократска партија,а на оваа функција е избран на седницата на Собрание на Република Македонија одржана 30.11.2006 година

Како пратеник редовно учествувал на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како Потпретседател по потреба раководи со пленарните седници на Собранието.

Во споменатиот период активно учествувал во работата на комисијата за Политички систем и односи меѓу заедниците, Постојаната анкетна комисија за заштита и слободите на правата на граѓаните, а заменик член е и на Комисијата за надворешна политика.

Потпретседателот д-р Иван Анастасовски е потпретседател и на Мешовитиорт парламентарен комитет - Република Македонија и Европска Унија.

Потпретседател е и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Член е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Италија .

Член е за соработка на парламентот во Големото Војводство Луксембург.

Во својство на член на споменатите комисии бил меѓу најактивните пратеници и учествувал на сите седници на комисиите.

Како потпретседател д-р Иван Анастасовски на Собранието на Република Македонија учествувал на повеќе средби и приеми со министрите и Владата на Република Македонија,

средби со координаторите на други политички партии во Собрание на Република Македонија, учествувал на повеќе свечености организирани по повод значајни датуми, доделување на признанија, награди и други.

***Учество на конференции***

Во рамките на дебатата по иницијативата за измени на законот за судовите одржана на 06.12.2006 година во Кавадарци потпретседателот имал презентација на годишниот извештај за работата на Основен суд Кавадарци за 2005 и 2006 година.

Учествувал на трибината во организација на Хелсиншкиот комитет за човекови права "Демократски дефицит и човекови права во Македонија" во светлото на последниот извештај на Европската комисија одржана на 12.12.2006 година во Скопје.

***Средби со странски делегации и други дипломатски претставници во Скопје***

- Средба со г-дин Себастијан Дворжак шеф на политичкиот оддел на ОБСЕ одржана на 19.12.2006 година.

***Учество на конференции во странство***

-Парламентарен состанок на тема "Иднината на Европа"- организирана од Финскиот и Европскиот Парламент одржана на 4 и 5 декември 2006 година во Брисел.

***БЕСИМ ДОГАНИ***

***Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и пратенички групи за билатерална соработка***

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број на активности кој што се состојат во редовно учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуват еднаш неделно во кои се разгледуваат многу важни прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународните активности како и прашања на општ карактер.

Потпретседателот Бесим Догани доаѓа од редовите на Демократска Партија на Албанците и е избран на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 30 ноември 2006 година.

Во споменатиот период, како пратеник редовно учествувал на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во споменатиот период активно учествувал во работата на комисијата за Уставни прашања како член на

комисијата.

За истакнување е и тоа што г-дин Бесим Догани активно учествувал во работата на работната група за подготвување на новиот деловникот за работа на Собранието на Република Македонија .

Господинот Бесим Догани како потпретседател на Собранието на Република Македонија е активно ангажиран во билатералната парламентарна соработка и е член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Балтичките земји Естонија, Летонија и Литванија.

Претседател е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на парламентите на Блискиот и Средниот исток.

Член е на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на парламентот на Исламската Република Иран.

Член е на пратеничката група за соработка на парламентот на Канада, Република Монголија и на парламентот на Кралството Шпанија .

Во својство на член на споменатите комисии бил меѓу најактивните пратеници и учествувал на сите седници на комисиите.

Господинот Бесим Догани како потпретседател на Собранието на Република Македонија е шеф на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатланската Договорна Организација (ПС на НАТО ).

Господин Бесим Догани како потпретседател на Собранието на Република Македонија учествувал на повеќе средби и приеми со министрите и Владата на Република Македонија, средби со координаторите на другите политички партии во Собрание на Република Македонија, учествувал на доделување на признанија, награди и друго.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Бесим Догани имал и многубројни средби со странки - граѓани на Република Македонија.

***2.Учество на конференции во странство***

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија Бесим Догани учествувал на Парламентарниот Трансатлански Форум во Вашингтон - САД (11 - 13 декември 2006 година )

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парла-ментот за оваа област:*

*Парламентарната дипломатија е насочена кон:*

- *натамошно приближување на замјата кон европските и евроатлантските структури;*
- *јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија;*
- *развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа*

## 6.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

### ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на делегацијата: г.** Оливер Шамбевски

**Членови**: г. Ружди Матоши, г-ѓа Илинка Митрева

**Заменици-членови**: г. Благој Зашов, г. Азиз Положани, г. Андреј Жерновски

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 46 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот крими-нал и сл.)
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Северот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде се расправаат проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековна политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите-членки.

**Активности во периодот 1 септември - 31 декември 2006 година**

На седницата на Мониторинг Комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа на 14 септември 2006 година во Нафлион, Грција, учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ.

На редовната годишна сесија (четврт дел) на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа од 2 до 6 октомври 2006 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа во состав од пратениците: шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски, г-ѓа Илинка Митрева член на Делегација, г. Благој Зашов, г. Андреј Жерновски, заменици членови на Делегацијата во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Марија Стефанова косекретар на Делегацијата.

На седницата на Бирото и на постојаната комисија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа на 16 и 17 ноември 2006 година во Сан Марино, учествуваше г. Никола Тодоровски, државен советник за меѓународна соработка.

На седница на комисијата за миграции, бегалци и население, што се одржа на 13 и 14 ноември 2006 година во Манчестер и Лондон, учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ).

На седница на комисијата за еднакви можности можности жените и мажите, што се одржа на 27 и 28 ноември 2006 година во Мадрид, Кралство Шпанија, учествуваше г-ѓа Илинка Митрева, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во

Парламентарното Собрание на Советото на Европа (ПС на СЕ).

На седница на Комисиите за миграции, бегалци и население и Миниторинг комисијата, што се одржаа на 11 и 12 декември 2006 година во Париз, Република Франција, учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ).

На 15 декември 2006 година во Париз, Република Франција на состанок на секретарите на националните делегации на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, учествуваше, г. Никола Тодоровски, државен советник за меѓународна соработка.

На седница на Комисијата за правни прашања и човекови права, што се одржа на 18 декември 2006 година во Париз, Република Франција, учествуваше г-ѓа Илинка Митрева, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советото на Европа (ПС на СЕ).

OSCE PA

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ**

**Шеф на Делегацијата**: г. Јован Манасиевски

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев, г-ѓа Влора Кадри

**Заменици-членови:** г. Андреј Жерновски, г-ѓа Лилјана Поповска, г. Ружди Матоши

Парламенарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската Повелба за Нова Европа од 1990 година.

Основна задача на Парламентарното Собрание е да го олеснува меѓу-парламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три Генерални комитети: Комитет за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитет за економски работи, технологија и животна средина, како и Комитет за политички работи и безбедност.

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот Комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот 1 септември - 31 декември 2006 година**

На Есенските состаноци на Парламентарното собрание на Оранизацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), што се одржа од 17 до 20 ноември 2006 година во Малта, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ, во состав пратениците: г. Јован Манасијевски, Шеф на Делегација, г-ѓа Флора Кадри, член на Делегација и г-ца Билјана Огненовска сектетар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на делегацијата:** г. Љубиша Георгиевски
**Членови:** г. Илија Китановски, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Агрон Буџаку и г-ѓа Флора Кадри

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 146 национални парламенти и 7 меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија (Сл. весник на Република Македонија бр. 85/02) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и четири членови.

### Активности во периодот 1 септември - 31 декември 2006 година

На семинар на Постојаната Анкетна Комисија, што се одржа од 18 до 20 септември 2006 година во Женева, Швајцарска Конфедерација, Учествуваше г. Глигор Стојменов, советник на Постојаната

анкетна Комисија во Собранието на Република Македонија.

На 115-то Собрание на Интер-парламентарната унија, што се одржа во Женева, Швајцари од 16 до 18 октомври 2006 година, учествуваа пратеникот г. Агрон Буџаку, член на Делегацијата, г-ѓа Рокса Георгиевска, заменик Генерален секретар на Собранито на Република Македонија и г-ѓа Лидија Каракамчева секретар на Делегацијата.

На конференција на Светската Трговска Организација (СТО), што се одржа од 30 ноември до 3 декември во Женева. Швајцарија, учествуваа пратеникот г. Зоран Витанов и г. Никола Тодоровски, државен советник за меѓународна соработка.

CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г. Петар Поп Арсов

**Членови:** г. Нада Станчевска и г. Никола Поповски

**Заменици-членови:** г. Васко Шутаров, г-ѓа Елмазе Селмани и г. Тале Герамитчиоски

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат седумнаесет земји членки: Алија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина и Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена.

**Активности во периодот 1 септември - 31 декември 2006 година**

На 2 и 3 ноември 2006 година во Тирана, Република Албанија се одржа состанок на Парламентарната Димензија на ЦЕИ, учествуваа пратениците г. Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата, г-ѓа Нада

Станчевска, , член на Делегација и г. Реџеп Прекопуца секретар на Делегацијата.

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО**

**Шеф на делегацијата:** г. Бесим Догани
**Членови:** г. Владо Бучковски и г. Ѓорѓи Оровчанец
**Заменици-членови:** г. Гарип Каба, г. Илија Китаноски и г. Есад Рахиќ

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација која нема формални односи со НАТО. Формирано е во 1955 година, како Северноатлантско собрание, а во ноември 1998 година се преименуваше во Парламентарно собрание на НАТО. Составено е од 26 земји членки и 13 асоцирани делегации, меѓу кои е Делегацијата на Собранието на Република Македонија.

Република Македонија учествуваше за прв пат во работата на Северноатлантско собрание во 1994 година, како набљудувач на 41 сесија, што се одржа во Париз, Франција. На оваа сесија и беше доделен статус на асоцирана делегација.

**Активности во периодот 1 септември 2006 - 31 декември 2006**

На 23 и 24 октомври 2006 година се одржа состанок на комисиите за безбедност, комисиите за одбрана и на Делегациите на парламентите во НАТО, на Собранието на Република Македонија, на Парламентот на Република Албанија и Парламентот на Република Хрватска, учествуваа пратениците: г. Бесим Догани, Шеф на Делегација на ПС на НАТО, г. Владимир Ѓорчев, г. Оливер Спасовски, претседател и член на Комисијата за одбрана и безбедност, г. Есад Рахиќ, г. Павле Трајанов, претседател и член на комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контра-разузнавање и на Агенција за разузнавање и секретар на Делегацијата г. Реџеп Прокопуца.

Од 3 до 6 октомври 2006 година, пратеникот г. Есад Рахиќ, претседател на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контра-разузнавање и на Агенцијата за разузнавање, оствари посета на Виена и Приштина.

На 52-то Годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, што се одржа од 13 до 17 ноември 2006 година во Квебек, Канада, учествуваше Делегација на Собранието на Репбулика Македонија во Парламентарно собрание на НАТО, во состав на пратениците: г. Бесим Догани, Шеф на Делегацијата, г. Владо Бучковски и г. Ѓорѓи Оровчанец членови на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева секретар на Делегацијата.

На 11 и 12 декември 2006 година, Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собранието на НАТО, во состав на пратениците: г. Бесим Догани, Шеф на Делегацијата и г. Владо Бучковски, член на Делегацијата учествуваа во работата на Трансатлантскиот

парламентарен форум, што се одржа во Ваштингтон, САД.

**Парламентарното собрание на Франкофонијата**

**Шеф на Делегацијата:** г-ѓа Илинка Митрева

**Членови:** г. Балгој Зашов, г. Насер Ајдини, г. Агрон Буџаку, г. Теута Арифи, г. Васко Шутаров

Меѓународната организација на Франкофонијата е меѓувладина организација формирана на 20 март 1970 година, од 21 држави и влади, под името Агенција за културна и техничка соработка (Agence de coopération culturelle et technique - ACCT), а во 1998 година таа се преименува во Меѓународна организација на Франкофонијата (Organization internationale de la Francophonie-OIF). Во оваа организација со седиште во Париз, денес членуваат 53 држави и влади и 10 земји наблудувачи. Република Македонија се здоби со асоцијативен статус во оваа организација на Самитот на Шефови на држави и влади, одржан во септември 1999 година во Монктон, Канада.

Основните цели на меѓународната организација на Франкофонијата се: промовирање на францускиот јазик и јазичната и културната различност, промовирање на мирот, демократијата и човековите права, подршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, развој на соработката во служба на одржливиот развој и солидарноста.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie -APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста помеѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се: слободата и политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл. Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкфонијата се формирани и следните

органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 65 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година.

**Активности во периодот 1 септември - 31 декември 2006 година**

Од 1 до 3 септември 2006 година во Софија, Република Бугарија, се одржа симпозиум на тема: Нови простори на меѓународната политичка соработка за Франкофонијата во Европа. Учествуваше г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка, во својство на личен претставник на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Љубиша Георгиевски.

Од 17 до 19 октомври 2006 година се одржа, 19 - та сесија на регионалното Собрание на ПСФ - Регион Европа, во Луксембург.

Учествуваше делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата во состав од пратеникот г.Благој Зашов и г. Насер Ајдини,членови на Делегацијата и г. Лиман Авдиу секретар на Делегацијата.

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Ко-преседател на МПК РМ-ЕУ:** г. Александар Спасеновски

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска Унија** (ЕУ) е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува

формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

Во овој период немаше учество на настани организирани од МПК РМ-ЕУ.

## СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николски

**Членови:** г. Насер Ајдини и г. Рафиз Алити

**Заменици-членови:** г. Павле Трајанов, г-ѓа Мирјана Секуловска, г. Борис Кондарко

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, а инаугуративната седница ја одржало на 5 јули 1955 година. Како прво европско интерпарламетарно собрание за безбедносни и одбрамбени прашања, Собранието преставува форум за дебата со три главни домени на активност:

- ја претставува парламентарната димензија на Западноевропската унија;
- дејствува како *Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана,* со фокус на Европската безбедносна и одбранбена политика (ESDP)
- врши контрола на меѓувладината соработка во полето на вооружувањето и истражувањето и развојот на вооружувањето, односно актовностите на Западноевропската групата за вооружување (WEAG) и Западно-европската организација за вооружување (WEAO).

Во Собранието на Западноевропската унија членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 37 европски држави. Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно**.** Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбрамбени и безбедностни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во декември 2003 година

Република Македонија се здоби со стасус на "специјален гостин" во Собранието на ЗЕУ. Со овој статус се овозможува делегација од двајца пратеници редовно да учествува на седниците на СЗЕУ (без право на глас), како и на седниците на комисиите и во другите форми на редовна активност на СЗЕУ (семинари, конференции, колоквиуми и слично).

**Активности во периодот 1 септември - 31 декември 2006 година**

На седницата на Комисијата за одбрана на СЗЕУ, што се одржа од 21 ноември 2006 година во Париз, Република Франција, учествуваа пратеникот г. Насер Ајдини и г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

На вториот дел од 52-то Редовната сесија на Собранието на ЗЕУ, што се одржа од 18 до 20 декември 2006 година, што се одржа во Париз, Република Франција, учествуваа пратеникот г. Рафиз Алити, член на Делегацијата и г. Лиман Авдиу секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски
**Членови:** г- ѓа Мирјана Секуловска и г. Џеват Адеми

На 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Јордан се одржа инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот (ПАМ). Учествуваше пратеникот, Владимир Ѓорчев, член Делегацијата и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## ПАКТ ЗА СТАБИЛНОСТ

Во овој период немаше учество на настани организирани од Пактот за стабилност

.

## 6.2.ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

### ДРУГИ АКТИВНОСТИ (пратеници)

На Регионална тркалезна маса на тема: Пречки на патот на БиХ кон ЕУ - како до либерализација на визниот режим на БиХ и регионот, што се одржа на 12 септември 2006 година во БиХ. Учествуваше пратеникот Цветанка Иванова.

На Форумот "Ден на Македонија" и средбата "Балканот и Европската унија", што се одржа на 11 и 12 септември 2006 година на Саемот "Fiera del Levante" во Бари Република Италија. Учествува пратеникот Лилјана Поповска и Билјана Огненовска, раководител на одделението за мултилатерална соработка.

На средба на претседавачите на КОСАК, што се одржа на 11 септември 2006 година во Хелсинки, Финска. Учествуваше членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, Силвана Бонева и Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На 16 октомври 2006 година во Загреб на семинари за парламентарци, учествуваше г. Есад Рахиќ, претседател на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

На официјална покана на Претставничкиот дом на Парламентот на Чешката република, Делегација од стручната служба предводена од заменик генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, г.Фелек Касами, г-ѓа Билјана Ивановска, архитект и раководител на Одделението за инвестициони и технички работи и г-ѓа Маријана Опашинова, советник за преведување оствари посета од 23 до 26 ноември 2006 година во Претставничкиот дом на Парламентот на Чешката Република.

На 4 и 5 декември 2006 година во Стразбург, Република Франција, учествуваше г-ѓа Марија Алексова, помошник раководител на секторот за работни тела на Собранието на Република Македонија во семинар за активностите на Парламентарното Собрание на Советот на Европа, за службата на националните парламенти кои работат во областа на правото.

На Парламентарен состанок за иднината на Европа, што се одржа на 4 и 5 декември 2006 година во Брисел, Белгија, учествува г. Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Во рамките на билатералната соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Националното собрание на Република Франција, г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за мулитатерална соработка и г-ѓа Марија Стефанова, советник за билатерална соработка, реализираа стаж во Националното собрание на Република Франција од 23 ноември до 5 декември 2006 година.

На 18 и 19 декември 2006 година во Брисел, Белгија, се одржа колоквиум на тема: "Образованието и младината-европските перспективи", во организација на Европскиот Парламент. Учествуваа пратениците: г-ѓа Славица Грковска, г. Фијат Цаноски, г. Азиз Положани, г. Тале Герамитчиоски, г-ѓа Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка и г-ѓа Ленче Глигоровска, советник на Комисијата за образование, наука и спорт.

Делегација на Собранието на Република Македонија предводена од г-ѓа Илинка Митрева, а во чиј состав се и пратениците г. Фадил Сулејмани, г. Горан Мисиовски, г. Јован Манасијевски, г. Александар Николоски и г. Реџеп Прекопуца секретар на Делегацијата, оствари посета на Парламентот на Обидинетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска од 3 до 8 декември 2006 година.

На 14 и 15 декември 2006 година во Подгорица, Црна Гора, учествуваше г-ѓа Цветанка Иванова на тркалезна маса "Уставот и правата на малцинствата".

# 7. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 7.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Собранискиот Канал / МРТ емитува програма во траење од 14 часа дневно (од 10 до 24 часот) во работните, како и во деновите на викенд што е за 2 часа повеќе од претходниот период.

Согласно Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРД за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на РМ, склучена меѓу Советот на Собранискиот Канал и ЈП МРТ, на Собранискиот Канал се емитуваат активностите на Собранието.

Покрај директните преноси на пленарните седници на Собранието, на Собранискиот канал, директно или одложено (снимки) се презентираат активностите на собраниските комисии, а се емитуваат и директни преноси или снимки од други активности во Парламентот што се составен дел од неговото функционирање.

На овој начин се остварува основната функција на Собранискиот канал-јавност во работата на пратениците во Собранието на Република Македонија со што нивната работа се става на увид на оние кои им го дале мандатот, односно, граѓаните на Македонија.

Во периодот од 26-ти јули 2006-та, кога се одржа Конститутивната седница на Собранието во сегашниот состав, до 31-ви декември 2006-та година, директно беа пренесувани 63 собраниски заседанија во време траење од 14.520 минути, како и преноси и снимки од седници на собраниските комисии и други активности во Собранието (како на пример, Семинар за членовите на Советот на Собранискиот канал, свечени собири по повод значајни датуми од македонската историја, обраќања на странски државници во Парламентот, прес конференции, обраќање на Претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски по повод 15 годишнината од Уставот, новогодишното обраќање на Премиерот Никола Груевски и сл.) во траење од околу 2000 минути.

Во време кога Собранието нема активности, МРТ емитува програма од сопствено производство (документарна, образовна, научна,филмска, драмска и културна програма, како и директни преноси или снимки од позначајни домашни или странски

спортски настани) и обработена странска програма од различни жанрови со намера да се задоволат вкусовите и барањата на поширок круг гледачи од различна возраст.

Во делот кој сега е во надлежност на уредувачката политика на МРТ (значи, кога нема преноси од собраниските седници) на 4-ти декември 2006 година, на Собранискиот Канал/МРТ вршевме директен пренос од Првата отворена седница на Владата на РМ што се одржа по истекот на првите сто дена од составувањето на овој Владин Кабинет, што предизвика голем интерес кај гледачите од проста причина што , за прв пат, една владина седница беше директно и целосно пренесувана на МРТ.

МРТ организираше јавна дебата по повод "100 дена Владаеење" што беше пренесувана на Собранискиот канал. За прв пат во историјата на МТВ. Владата во полн состав (сите министри) учествуваше во жива дебата со одговорните уредници на национални медиуми во Македонија, а беше остварен и контакт со гледачите. Овие програмски содржини беа превземени и од Сателитскиот Канал на МРТ заради интересот на нашите иселеници од дијаспората.

Со конституирањето на новиот состав на Собранието на Република Македонија беа именувани и нови членови на Советот на Собранискиот канал, од редовите на сите пратенички групи во Собранието. Советот одлучи да го продолжи траењето на Спогодбата (што истекуваше на 31.12.2006 год.) до 31.03.2007 година.

## 7.2. Електронска комуникација

Секојдневно се ажурира содржината на WEB страницата со најнови информации, соопштенија и најави на претстојните активности на Собранието






Целосната транспарентност во работата на Собранието се огледува и преку содржината на WEB страницата која секојдневно се збогатува со нови податоци.







ПРЕБАРУВАЊЕ
ПО СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ






ДНЕВНИ РЕДОВИ НА СЕДНИЦИ СО ЛИНКОВИ ДО АКТИТЕ КОИ СЕ РАЗГЛЕДУВААТ И ГЛАСАЊАТА ПО ТОЧКИТЕ ОД ДНЕВНИОТ РЕД








```
CDS200 Резултати од гласање;  2007/01/26;  12:06
Гласање број; 0009
Гласање :; Јавно
Точка за гласање;

    Присутни;   84
         За;   65
    Воздржан;    0
      Против;    0
      Вкупно;   65

0001; AVIROVIKJ VLADANKA.......; 0001; Не гласал
0002; ADEMI DZEVAT.............; 0001; Не гласал
0003; AJDINI NASER.............; 0001; + ( За )
0004; ALITI RAFIZ..............; 0001; Не гласал
0005; ANASTASOVSKI IVAN........; 0001; Не гласал
0006; ANDOV STOJAN.............; 0001; Не гласал
0007; ARIFI TEUTA..............; 0001; Не гласал
0008; AHMETI ALI...............; 0001; Не гласал
0009; BENDEVSKA VESNA..........; 0001; + ( За )
0010; BEDZETI BLERIM...........; 0001; Не гласал
0011; BOZINOVSKA VALENTINA.....; 0001; Не гласал
0012; BONEVA SILVANA...........; 0001; + ( За )
0013; BUCKOVSKI VLADO..........; 0001; Не гласал
0014; BUDZAKU AGRON............; 0001; Не гласал
0015; VEJSELI ABDULADI.........; 0001; Не гласал
0016; VELIU FAZLI..............; 0001; Не гласал
0017; VELJANOVSKI TRAJKO.......; 0001; + ( За )
0018; VITANOV ZORAN............; 0001; + ( За )
0019; GEORGIEVSKI LJUBISHA.....; 0001; + ( За )
0020; GEORGIEVSKI LJUBCHO......; 0001; Не гласал
0021; GERAMITCHIOSKI TALE......; 0001; + ( За )
0022; GESTAKOVSKI KIRE.........; 0001; Не гласал
0023; GINEV JOVAN..............; 0001; + ( За )
0024; GRKOVSKA SLAVICA.........; 0001; Не гласал
0025; GROZDANOV CVETKO.........; 0001; + ( За )
```




МОЖНОСТ ЗА УПАТУВАЊЕ НА АМАНДМАНИ






ОТВОРЕНИ СЕ ЛИНКОВИ ДО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ МЕЃУ НВО-и И СОБРАНИЕТО, ПОРТАЛ ПРАВО, Е-ИЗБИРАЧКИ СПИСОК И СОВЕТ НА ЕВРОПА


















ПОБРЗ ПРИСТАП ДО НОВОСТАСАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОЕКТИ СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ СТРАНАТА ЗА ПРИМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ



# 8. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 8.1. Активностите на канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

КАНЦЕЛАРИЈА
ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи
И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

Граѓанската Асоцијација за Развој на Демократските Институции МОСТ е домашна, невладина и непартиска организација, формирана во мај 2002 од страна на претставници на 20 невладини организации од целата држава, кои се воедно и партнери на МОСТ во скоро секој проект спроведуван од МОСТ.

*Мисијата на МОСТ* е да придонесе за градење на подемократска, постабилна и просперитетна Македонија, преку инволвирање на граѓаните во активности и проекти кои обезбедуваат транспарентност, одговорност и отвореност на државните институции кон вистинските потребите на граѓаните.

МОСТ верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да има значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.

*Цели на организацијата се:*

- Едукација на граѓаните и поттикнување на нивно зголемено учество во општествените процеси во Македонија;
- Зголемување на одговорноста на цивилните, политичките и владините институции кон потребите на граѓаните и
- Зголемување на степенот на отвореност и транспарентност на сите субјекти и процеси во општество

*Единствениот начин граѓаните да веруваат во владините, политичките и изборните институции е да се зголеми нивото на транспарентност и одговорност на истите.*

Паралелно со заложбите на МОСТ за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, МОСТ работи и на полето на *едукација и вклучување на граѓаните во процесот на креирање политики и донесување на одлуки*. МОСТ помага во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и одговорности, како круцијална потреба и прв чекор кон вклучување на граѓаните во развојот на подемократска, стабилна и просперитетна Македонија.

*Отворањето и одржувањето на отворен и постојан дијалог помеѓу граѓаните и нивните претставници во институциите на системот* беше еден од предизвиците со кои МОСТ се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

´

## *ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ*

### *Цел на програмата*

*Едукација и вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки и прашања поврзани со цивилното општество.*

### *Реализирани проекти*

- Граѓански Водич низ Собранието на Р Македонија, публикација со тираж од 10 000 примероци дистрибуирани до НВОи и граѓаните.
- Прв Пат Гласам (се реализира од 2004)

## *ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ*

### Цел на програмата

*Зголемување на одговорноста на цивилните, политичките и владините институции кон потребите на граѓаните.*

## Реализирани проекти

### Мобилен Парламент (се реализира од 2003)

| Фази | Период на имплементација | | Број на одржани јавни средби | Број на учесници | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пратеници | НВО и граѓани | Локална власт | | Претс. од министерства |
| | | | | | | Градоначалници | Други претставници | |
| I | април - јули 2003 | | 15 | 42 | 650 | | | |
| II | септември 2003 - Март 2004 | | 11 | 21 | 404 | | | |
| III | септември 2005 - Мај 2006 | | 20 | 38 | 698 | 10 | 48 | 6 |
| IV | септември 2006 - февруари 2008 | септември -декември 2006 | 8 | 23 | 330 | 4 | | 3 |
| | | јануари 2007 - февруари 2008 | Треба да се имплементира[1] | | | | | |
| Вкупен број на организирани јавни средби/ присутни пратеници | | | 54 | 124 | | | | |

Правен Ресурсен Центар www.pravo.org.mk (се реализира од 2004). Во текот на првата година од имплементација на проектот 384 закони и 70 измени и дополнувања се ажурирани на веб страната, а во 2006 година нови 305 закони, 535 измени и дополнувања, 70 одлуки на Врховниот суд на РМ, компаративни анализи за 15 закони, 52 новости поврзани со законската регулатива, 22 пресуди од Врховниот суд на РМ и "*Пребарувач за одлуките на европскиот суд за човекови права*".

Канцеларија за контакт помеѓу НВОи и Собрание на Република Македонија www.kancelarija.org.mk (се реализира од 2004)

[1] 38 јавни средби се планирани во оваа IV фаза

| Резултати | | Период на имплементација | |
|---|---|---|---|
| | | октомври2004 - декември2005 | Јануари 2006 - декември 2006 |
| Одржани средби | | Број на средби | Број на средби |
| На барање на: | граѓани | 17 | 10 |
| | НВО | 23 | 18 |
| | Канцеларија за контакт помеѓу НВОи и Собранието на РМ | 13 | 15 |
| | Претседател на Собранието на РМ | 2 | 0 |
| | Политичка партија | 1 | 2 |
| Вкупно | | 56 | 45 |
| Одржани со: | граѓани | 17 | 10 |
| | НВО | 30 | 25 |
| | Собраниски комисии | 4 | 6 |
| | Претседател на Собранието на РМ | 1 | 0 |
| | Претставници на политички партии | 4 | 4 |
| Вкупно | | 56 | 45 |
| Дискутирани теми: | Проекти | 14 | 20 |
| | Иницијативи за предлог закони | 3 | 3 |
| | Измени и дополнувања на закони | 3 | 1 |
| | Подготовка и реализација на јавни дебати | 4 | 2 |
| | Подготовка и реализација на јавни сослушувања | 0 | 2 |
| | Други барања | 32 | 17 |
| Вкупно | | 56 | 45 |

"Мојот пратеник"- набљудување и известување за работата на сите 120 пратеници во Собранието на РМ. За оваа цел потпишан е Меморандум за соработка со Собранието на Р М. Преку овој проект граѓаните ќе имаат можност во целост да се информираат за работата на избраните пратеници. Публикацијата, насловена Мојот Пратеник, два пати годишно, бесплатно ќе биде доставувана до граѓаните, за тие да имаат увид во квантитативните параметри од работата на народните избраници и законодавниот дом. Преку ваквите активности се очекува да се интензивира кооперативноста и отвореноста на пратениците од Собранието на Р Македонија, кон потребите на граѓаните и да се подобри квалитетот на нивната работа. Истото ќе придонесе и за артикулација на интересите и потребите на граѓаните и граѓанските организации во процесот на креирање и донесување закони во Собранието на Република Македонија.

Публикацијата, покрај податоци за работата на пратениците, директно поврзана со Собранието, ќе содржи и податоци за активностите кои народните избраници ги спроведуваат надвор од законодавниот дом, поврзани со потребите и барањата на граѓаните. Во исто време ќе биде спроведувано и испитување на јавното мислење, за да се споредат резултатите и да се види како граѓаните го гледаат Собранието и што мислат за неговата работа.

Реализацијата на проектот, кој во 2003 година имаше своја пилот фаза, е базирана на потпишан Меморандум за соработка помеѓу Собрание на Република Македонија и МОСТ.

# 8.2. Активностите помеѓу НДИ и Собранието на Република Македонија

NDI
NATIONAL
DEMOCRATIC
INSTITUTE
FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

---

## Извештај за работата на Националниот демократски институт за ндаворешни работи (НДИ) со Собранието на Република Македонија за периодот јуни - декември 2006 година

**август 2006 -** воведни состаноци со новоизбраниот претседател на Собранието на РМ за минатата соработка на институтот со Собранието и за можните начини на идната соработка

**август 2006** - почетни разговори со шефот на кабинет на претседателот на Собранието на РМ за подготовките за новата ориентациона сесија за пратениците и помош во изработката на формулар за информации пополнет од службите на Собранието, за сите нови пратеници

**август 2006** - средба со поранешниот претседател на Женскиот парламентарен клуб за искуствата од законодавните приоритети покренати од овој Клуб во текот на изминатиот период од 4 години

**19 октомври** - прием во чест на новоизбраните жени пратенички во Собранието на РМ

**30 - 31октомври, 2006** - Ориентациона сесија за новоизбраните пратеници за улогата и одговорностите на пратеникот

**ноември 2006** - Поддршка и помагање на дискусиите при три-дневната посета на конгресната делегација на Комисијата за демократска помош од САД на Собранието на Република Македонија

**16 декември, 2006** - прва сесија во Собранието на РМ со Женскиот парламентарен клуб со 28 новоизбрани пратенички за приоритизирање и стратешко планирање

**септември-декември** - прелиминарни разговори со координаторите на пратеничките групи во Собранието на РМ за повторно отварање на канцелариите за комуникација со граѓаните

**декември** - консултации со владеачката партија за органзирање на сесија за приоритизирање за владеачките партии во Собранието и импликациите на новиот Деловник врз нивните агенди за изгласување на законите

## Ориентациона сесија за новоизбраните пратеници во Собранието на Република Македонија

На 30 и 31 октомври 2006 НДИ организираше Парламентарна ориентациона сесија насловена како "Услуги и одговорности - Претставувајќи го народот" во Собранието на Република Македонија.

На дводневниот настан беа претставени четирите улоги на пратеникот во Собранието, имено, како законодавец, член на комисија, јавен службеник и член на партија.

Говорниците од странство, г-дин Љубомир Фајтак, секретар на Мандатно-имунитетната комисија во Националниот совет на Република Словачка и Алистер Брт, пратеник од североисточен Бредфордшир, министер во сенка ја објаснија Улогата на современиот законодавец и јавната служба, како и на избраните претставници. Останатите говорници беа од редовите на стручната служба на Собранието кои се осврнаа на разните сектори и услуги во законодавната институција, и поистакнатите пратеници од претходниот мандат кои, во однос на овие четири улоги на пратениците, ги споделија своите богати искуства пред сегашните пратеници.

На пратениците и на гостите им беше поделен и прирачник, насловен како "Услуги и одговорности - Претставувајќи го народот" подготвен на три јазика (македонски, албански и англиски) од НДИ во соработка со Собранието на РМ, кој содржи најразновидни практични содржини за тројната улога на пратениците рефлектирајќи ги напредните и позитивни примери од меѓународната, пред сé европската и домашната пракса.

На дводневниот настан присуствуваа вкупно 74 пратеници, претставувајќи го целиот политички и етнички спектрум застапен во Собранието.

Спонзори на делови од настанот организиран од страна на НДИ во соработка со Собранието на РМ беа УСАИД, Швајцарската амбасада и Европската Унија.

### Јакнење на женското законодавно и изборно учество

НДИ имаше средба со поранешниот Претседател на Женскиот парламентарен Клуб, Благородна Мингова - Крепиева, со цел да дискутира за законодавните приоритети за време на минатиот четиригодишен мандат и да се проценат искуствата за време на нејзиното предводење на клубот. Мингова-Крепиева предложи законите за спречување на дискриминацијата да бидат главен приоритет на клубот, барајќи од НДИ да помогне во залагањата за Комисија за еднакви можности, како и да ја понуди својата соработка во подготовката на новиот Деловник. НДИ, исто така, водеше дискусии и со координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, Силвана Бонева, фокусирајќи се на поддршката на НДИ на овој клуб.

### Поддршка на работата на Женскиот парламентарен клуб

НДИ организраше прием во Собранието во чест на новоизбраните жени пратенички на 19 октомври 2006. Претседателот на Собранието имаше поздравен говор пред групата, а НДИ ја искористи можноста да ги запознае присутните пратенички со идните програмски активности со Женскиот парламентарен клуб.

На 16 декември 2006, НДИ го одржа првиот семинар со Женскиот парламентарен клуб за приоритизирање и стратешко планирање, фокусирајќи се на идентификување на приоритетите и како истите ефективно да се остваруваат.

На настанот, помогнат од НДИ, присуствуваа 28 пратенички кои ги идентификуваа приоритетите во следните категории: економија - квоти за жени раководители, жени во бизнисот, и закон за пензионирање; здравство - репродуктивно здравје, достапност за мамографија и детски болести; образование - примарно образование во руралните области, еднакви образовни можности, и практично вклучување на Информатичката технологија и странските јазици во училиштата; безбедност - закон за полиција, нелегално оружје и домашно насилство и проституција, и политички систем - закон за еднакви можности, недискриминаторски принципи во македонското законодавство и пензии за жените.

### Јакнење на односите со избирачите (граѓаните)

НДИ водеше повеќе разговори со координаторите на пратеничките групи во Собранието на РМ околу иднината на канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните, проект организиран од страна на Институтот,  Во текот на овие разговори, покрај разговорите околу повторното започнување на проектот на НДИ од јануари 2007 година, се постави и прашањето за идната одржливост на овие канцеларии односно нивното долгорочно финансирање и опремување.

Проектот на НДИ за канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните беше претставен и опишан за време на ориентационата сесија за новоизбраните пратеници, истакнувајќи ги постигнатите резултати и непроценливата ресурсност која ја обезбедуваат канцелариите.

**Конгресна Комисија за демократска помош од САД**

Делегација на Комисијата за демократска помош од Конгресот на САД го посети Собранието на Република Македонија. За време на тридневната посета, членовите на делегацијата се сретанаа со координаторите на пратеничките групи, комисискиот персонал, истражувачките оддели и администрацијата на Собранието. Делегацијата одржа и состанок со Претседателот на државата, Претседателот на Собранието и Претседателот на Владата на РМ. За време на средбите со различните претставници, Комисијата за демократска помош понуди поддршка во четири главни области: односи со избирачите (граѓаните), Деловникот, владеачката и опозициската политика, и работата на Комисиите. НДИ помогна во логистичката подготовка за посетата и посредуваше при состаноците помеѓу делегацијата и разните политички партнери со цел да се дискутираат демократските процеси во Македонија.

# 9.СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# 9. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, службата на Собранието ги врши стручните и другите работи за потребите на Собранието, собраниските работни тела и за пратениците.

Во извештајниот период, службата на Собранието на Република Македонија настојуваше стручно, професионално, навремено и одговорно да ги изврши поставените задачи, кои произлегуваа, првенствено, од делокругот на нејзината работа, но и од потребите на пратениците, од соработката со надлежните државни органи и институции во земјата и од барањата на меѓународната заедница.




Во мај 2003 година, врз основа на Законот за државни службеници (донесен во јули 2000 година), беа донесени внатрешните акти за организација и систематизација, со што, за прв пат, вработените во службата се здобија со статус на државни службеници. Службата, организационо и функционално, беше поставена според современи стандарди кои претпоставуваа квалитетно и ефикасно извршување на поставените задачи, раководејќи се притоа, од принципите на деполитизираност, професионалност и непристрасност во работата. Со воведувањето на новиот систем на контрола, оценување и наградување, се обезбеди пообјективно вреднување и стимулација на стручноста, креативноста, иницијативноста и одговорноста во работењето.

Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во службата.

Со службата во овој период раководеа замениците на Генералниот секретар, г-ѓа Рокса Георгиевска и г-дин Фелек Касами.

Државните советници ги вршат најсложените задачи од соодветната област, ја координираат работата на одделни организациони облици, предлагаат ставови по прашања од собраниска надлежност, и ги советуваат генералниот секретар и другите функционери за релевантни прашања.

Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работите и другите услови потребни за нивно вршење, во службата постојат следниве организациони облици: кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.

Кабинетот на претседателот на Собранието со две одделенија ги врши стручните и административно-техничките работи за потребите на претседателот на Собранието, вклучително координативните, консултативните, организационите и другите работи што произлегуваат од функцијата на претседателот и на потпретседателите на Собранието.

Секторот на генералниот секретар со седум одделенија ги врши нормативно-правните работи од делокруг на генералниот секретар, преведувачките, лекторските, протоколарните работи, како и оние што се однесуваат на кадровските прашања во Собранието, на канцеларијата на генералниот секретар и на внатрешната ревизија.

Секторот за законодавство со две одделенија, подготвува мислења по предлозите за донесување закони, нацртите и предлозите на законите и на другите акти што ги донесува Собранието, дава стручна помош на пратениците во подготвувањето на законите и другите акти и на амандманите и ги подготвува за објавување во "Службен весник на Република Македонија" текстовите на законите и на другите акти од областа на политичкиот систем, јавните дејности и економскиот систем.

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и други работи во врска со подготвувањето и реализацијата на седниците, како и работи што се однесуваат на пратеничките прашања.

Секторот за работни тела со четири одделенија, врши работи во врска со одржувањето на седниците на работните тела, обезбедува стручна помош на членовите на работните тела , подготвува извештаи, предлози на заклучоци и амандмани од седниците на работните тела по прашања од областа на политичкиот, економскиот систем и јавните дејности и разгледува прашања во врска со усогласеноста на законите со законодавството на Европската Унија.

Секторот за истражување и анализа со две одделенија, врши истражувања и подготвува анализи, информации и мислења во областите на политичкиот, економскиот систем и јавните дејности по прашања од надлежност и интерес на Собранието.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, помага во остварувањето на билатералната и мултилатералната соработка на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата.

Секторот за документација, библиотека и информатика е составен од шест одделенија и врши работи за обработка и чување на документационите материјали, унапредување на библиотечната дејност, функционирањето на информатичкиот систем и техниката на Собранието, за прашањата сврзани со публицистичката дејност и за остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиско- материјално работење со две одделенија, врши работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието.

Секторот за административни и општи работи со четири одделенија, врши административни, општи, инвестициони, технички работи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

***Програма за практиканти во***
***Собранието на Република Македонија***

Во соработка со Националниот Демократски Институт од Вашингтон, во Собранието на Република Македонија, активно се спроведува Програмата за практиканти. Од 2005 година, со потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу НДИ и Собранието на Република Македонија оваа програма во целост е во надлежност на Собранието на Република Македонија. Во изминатите шест години околу 250 студенти ја имаа можноста да практицираат во Собранието, при што со задоволство може да се констатира дека Програмата во целост го оправда нејзиното постоење. Интересот на студентите кои аплицираа на објавениот оглас беше исклучително голем, што зборува за квалитетот и оправданоста на оваа програма.

Во основа, програмата се заснива на волонтерска основа, со изнаоѓање на можности за минимален надомест од страна на Собранието во износ од 3000 денари месечно. Од досегашното искуство, може да се констатира дека практикантите имаа одговорен пристап кон поставените задачи за време на нивното практицирање и нивната голема желба за проучување на собранискoто работење . По завршувањето на семестарот на практицирање студентите добиваат сертификат за нивниот ангажман во Собранието на Република Македонија.

Програмата за практиканти, претходно се објавува во дневниот печат, каде се дефинирани критериумите кои треба да ги исполнат студентите - кандидати за оваа програма. Во основа, право на аплицирање имаат студентите од четвртата година на студиите и апсолвенти. Изборот на пријавените кандидати се врши на исклучително транспарентен начин, при што поединечно се објавува тестирање т.е. разговор со секој апликант. Програмата трае шест месеци. Бројот на примени студенти се дефинира врз основа на претходната сондажа, која се прави во Собранието, помеѓу пратеничките групи и потребите на Стручната служба на Собранието. Од досегашното искуство, бројот се движи во просек од 35 до 40 студенти. Согласно природата на работата на Собранието, структурата на практикантите се движи во просек 60% од правните факултети, 20% од економските факултети, 10% од Факултетот за политички науки и 10% од Електро-техничкиот факултет - Оддел информатика и од останатите области. Во вкупниот број на студенти, кои практицираат во Собранието, со 22% застапени се студентите од националностите.

Практикантите се должни да бидат присутни во Собранието по четири часа дневно а за нивното присуство се води евиденција.




**1-Раководни државни службеници**
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

## Преглед на секторите во Службата на Собранието

| назив на секторот | ıкупен брс на зработени во сектор | Државни службеници | | | ɔаботници кои не се државни пужбеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | :тручни | стручно-админис-тративни | |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | 5 | 3 | 2 | - | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | 27 | 7 | 15 | 5 | - |
| *Сектор за законодавство* | 7 | 4 | 2 | 1 | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | 9 | 5 | 2 | 2 | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | 15 | 5 | 10 | - | - |
| *Сектор за истражување и анализа* | 6 | 3 | 3 | - | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | 7 | 4 | 2 | 1 | - |
| *Сектор за документација, библиотека и информатика* | 16 | 4 | 4 | 8 | - |
| *Сектор за финансиско-материјално работење* | 10 | 1 | - | 9 | - |
| *Сектор за административни и општи работи.* | 76 | 5 | 1 | 41 | 29 |
| ***ВКУПНО:*** | **178** | **41** | **41** | **67** | **29** |

## Страни на стенограм на седници на Собранието



## Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата




## Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата



## Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"




## ИЗВРШЕН ПРЕВОД 899 страници



## ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

**Вкупно измножени: А4 формат: 462.940 копии**
**А3 формат: 1.197.152 копии**
**А4 формат печатени: 222.472 копии**



# 10. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од -до) |
| **1.** | Прва конститутивна седница | 26.07.2006<br>01.08.2006 | -среда<br>-вторник | 10,15-13,50<br>11,00-13,10 |
| **2.** | Втора седница | 25.08.2006<br>26.08.2006<br>06.09.2006<br>07.09.2006 | -петок<br>-сабота<br>-среда<br>-четврток | 11,05-20,05<br>11,20-23,35<br>11,15-12,10<br>12,05-15,10 |
| **3.** | Трета седница | 07.09.2006 | -четврток | 19,36-19,57 |
| **4.** | Четврта седница | 14.09.2006<br>19.09.2006<br>20.09.2006 | -четврток<br>-вторник<br>-среда | 11,10-15,35<br>11.05-20,00<br>11,05-16,10 |
| **5.** | Петта седница | 21.09.2006 | -четврток | 11,10-12,15 |
| **6.** | Шеста седница | 29.09.2006<br>02.10.2006<br>03.10.2006<br>04.10.2006<br>05.10.2006<br>06.10.2006<br>09.10.2006<br>10.10.2006<br>12.10.2006<br>16.10.2006<br>17.10.2006<br>18.10.2006<br>19.10.2006<br>20.10.2006<br>25.10.2006<br>26.10.2006<br>27.10.2006<br>30.10.2006<br>01.11.2006<br>02.11.2006<br>15.11.2006 | -петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда | 11,45-16,40<br>10,00-15,50<br>11,00-17,30<br>10,05-17,35<br>10,05-18,05<br>11,15-20,45<br>12,00-17,25<br>12,15-17,40<br>11,00-17,30<br>11,05-16,50<br>11,00-17,15<br>11,00-17,00<br>11,00-17,00<br>11,20-12,50<br>11,00-17,15<br>11,25-18,00<br>11,00-12,10<br>11,35-11,50<br>15,25-17,55<br>11,35-13,40<br>11,10-11,20 |
| **7.** | Седма седница | 13.10.2006 | -петок | 11,15-17,15 |
| **8.** | Осма седница | 27.09.2006 | -среда | 11,05-18,50 |
| **9.** | Деветта седница | 10.10.2006 | -вторник | 11,10-11,50 |
| **10.** | Десетта седница | 24.10.2006 | -вторник | 13,20-13,35 |
| **11.** | Единаесетта седница | 16.10.2006 | -понеделник | 17,00-17,20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Дванаесетта седница | 08.11.2006<br>09.11.2006<br>10.11.2006<br>15.11.2006<br>16.11.2006<br>17.11.2006<br>23.11.2006<br>24.11.2006<br><br>27.11.2006<br>29.11.2006 | -среда<br>-четврток<br>-петок<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-четврток<br>-петок<br><br>-понеделник<br>-среда | 11,35-16,10<br>12,05-17,35<br>11,30-19,15<br>11,20-15,20<br>11,00-18,00<br>11,20-17,45<br>11,15-16,50<br>11,15-14,00 и<br>16,20-17,05<br>11,10-16,50<br>11,10-17,25 |
| **13.** | Тринаесетта седница | 27.10.2006 | -петок | 16,05-16,50 |
| **14.** | Четиринаесетта седница | 30.11.2006<br>01.12.2006<br>05.12.2006<br>06.12.2006<br>07.12.2006<br>08.12.2006<br>12.12.2006 | -четврток<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-вторник | 15,05-20,45<br>11,40-16,25<br>11,50-17,55<br>12,15-16,45<br>12,20-18,00<br>11,05-17,35<br>15,00-18,00 |
| **15.** | Петнаесетта седница | 24.11.2006 | -петок | 15,35-16,20 |
| **16.** | Шеснаесетта седница | 13.12.2006<br>14.12.2006<br>18.12.2006<br>19.12.2006<br>22.12.2006<br>25.12.2006<br>26.12.2006<br>27.12.2006<br>29.12.2006 | -среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок | 11,10-18,45<br>11,05-18,00<br>15,05-17,50<br>12,35-17,40<br>11,10-18,10<br>11,30-19,00<br>11,15-20,05<br>11,45-00,30<br>10,10-14,55 |
| **17.** | Седумнаесетта седница | 21.12.2006 | -четврток | 15,35-16,40 |
| **18.** | Осумнаесетта седница | 01.12.2006 | -петок | 11,20-11,40 |
| **19.** | Деветнаесетта седница | 21.12.2006 | -четврток | 12,00-12,40 |
| **20.** | Дваесет и прва седница | 20.12.2006<br>21.12.2006 | -среда<br>-четврток | 11,25-18,15<br>18,00-20,25 |
| **21.** | Дваесет и втора седница | 28.12.2006 | -четврток | 11,30-18,10 |
| **22.** | Дваесет и четврта седница | 15.12.2006<br>18.12.2006 | -петок<br>-понеделник | 12,05-18,05<br>11,35-13,50 |
| **23.** | Дваесет и петта седница | 27.12.2006 | -среда | 11,20-11,45 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Прва конститутивна седница** **26.07.2006 (среда)**

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија;
3. Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на Претседател на Собранието на Република Македонија.

**Втора седница** **25.08.2006 (петок)**

1. Избор на Влада на Република Македонија;
2. Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловничко и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за основање на постојани реботни тела на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

**Трета седница** **07.09.2006 (четврток)**

- Свечена седница по повод петнаесетгодишнината од денот на независноста на Република Македонија - Осми септември.

**Четврта седница** **14.09.2006 (четврток)**

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, со Предлог на закон;

7. Предлог за поведување на постапка за утврдување одговорност за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.

**Петта седница** **21.09.2006 (четврток)**

1. Именување заменици министри во Владата на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели во Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**Шеста седница** **29.09.2006 (петок)**

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на закон за полиција;
3. Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон.

**Седма седница** **13.10.2006 (петок)**

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со Предлог на закон;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата, со Предлог на закон;
3. Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

**Осма седница** **27.09.2006 (среда)**

1. Предлог на Одлука за избор на членови на комитетот за односи меѓу заедниците.

**Деветта седница** **10.10.2006 (вторник)**

1. Предлог на одлука за изменување на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа;
2. Предлог-одлука за избор на претсе-датели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог-одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламен-тарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;

5. Предлог-одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;
6. Предлог-одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно-европската иницијатива;
7. Предлог-одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација;
8. Предлог-одлука за избор на шеф,членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија воСобранието на Западноевропската Унија.

**Десетта седница** **24.10.2006 (вторник)**

-На оваа седница Претседателот на Република Хрватска г-дин Стипе Месиќ ќе му се обрати на Собранието на Република Македонија.

**Единаесетта седница** **16.10.2006 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа .

**Дванаесетта седница** **08.11.2006 (среда)**

1. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
2. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
3. Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката;
6. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби во областа на пазарот на хартии од вредност;
7. Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија;
8. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија;
9. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стечај, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженија на граѓани и фондации, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон;
19. Барање за давање автентично толкување на член 70 од Законот за основно образование, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски;
20. Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување и поседување прислушни уреди од страна на политичките партии;
21. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година;
22. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година;
23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување;
24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон;

**Тринаесетта седница** **27.10.2006 (петок)**

1. Предлог на закон за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година.

**Четиринаесетта седница** **30.11.2006 (четврток)**

1. Предлог за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;
3. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка;
4. Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;
5. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатланската договорна организација;

6. Предлог на одлука за дополнување на одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;
7. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;
8. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на шеф,членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Совет на Европа;
9. Предлог на одлука за изменување на одлуката за претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
10. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Комисијата за заштита од конкуренција;
11. Предлог на одлука за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија;
12. Интерпелација за работата на министерот за образование и наука, господин Сулејман Рушити;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во областа на културата, меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за оружје со заслепувачки ласер (Протокол IV од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја) , со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за експлозивни остатоци од војна (Протокол V од Конвенцијата за одредени конвенционални оружја) , со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Полска за враќање и преземање на лица кои престојуваат без одобрение, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за измена на Спогодбата за стопанска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната влада на Република Австрија за преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за прекугранична полициска соработка, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;
22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политички партии, со Предлог на закон;
23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија, со Предлог на закон;
24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон;
25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон;
26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.

**Петнаесетта седница** **24.11.2006 (петок)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на Декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство.

**Шеснаесетта седница** **13.12.2006 (среда)**

1. Предлог на одлука за огласување именување на Јавен обвинител на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за огласување именување на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";
5. Предлог на Буџет на Република Македонија за 2007 година;
6. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот заперсонален данок од доход, со Предлог на закон
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за јавна внатрешна финансиска контрола, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон.

**Седумнаесетта седница** **21.12.2006 (четврток)**

1. Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија.

**Осумнаесетта седница** **01.12.2006 (петок)**

1. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

**Деветнаесетта седница** **21.12.2006 (четврток)**

-Обраќање на Претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски.

**Дваесет и прва седница** **20.12.2006 (среда)**

1. Годишен извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2006 година.

**Дваесет и втора седница** **28.12.2006 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Дваесет и четврта седница** **15.12.2006 (петок)**

1. Избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.

**Дваесет и петта седница** **27.12.2006 (среда)**

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;
2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

# Прилог 3

## Меѓународни активности

| Датум | Меѓународна организација | Настан | Место на одржување |
|---|---|---|---|
| **СЕПТЕМВРИ 2006** | | | |
| 1-3 | ПСФ | Симпозиум на тема: Нови простори на меѓународна политичка соработка на Франкофонијата во Европа | Софија, Бугарија |
| 14 | ПС на СЕ | Седница на Мониторинг комисијата на ПС на СЕ (Андреј Жерновски) | Нафлион, Грција |
| 10-11 | ПАМ | Унаугуративна сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот (Владимир Ѓорчев) | Аман, Јордан |
| 11 | КОСАК | Средба на претседавачите на КОСАК (Силвана Бонева) | Хелсинки, Финска |
| 12 | | Регионална тркалезна маса на тема: Пречки на патот на БиХ кон ЕУ (Цветанка Иванова) | Сараево, БиХ |
| 11-12 | | Учество на форумот "Ден на Македонија" и средба на тема Балканот и ЕУ (Лилјана Поповска) | Бари, Република Италија |
| 18-20 | ИПУ | Семинар на постојаната анкетна Комисија | Женева, Швајцарија |
| **ОКТОМВРИ 2006** | | | |
| 2-6 | ПС на СЕ | Редовна годишна сесија на ПС на СЕ (четврт дел) (Оливер Шамбевски, Илинка Митрева, Благој Зашов и Андреј Жерновски) | Стразбург, Република Франција |
| 3-6 | ПС на НАТО | Посета на Виена и Приштина (Есад Рахиќ) | Виена, Австрија и Приштина, Косово |
| 16-18 | ИПУ | 115-то Собрание на ИПУ (Агрон Буџаку) | Женева, Швајцарија |
| 16 | / | Семинари за парламентарци од Југоисточна Европа (Есад Рахиќ) | Загреб, Република Хрватска |
| 17-19 | ПСФ | 19-та сесија на регионалното Собрание на ПСФ - Регион Европа (Благој Зашов и Насер Ајдини) | Луксембург |
| 23-24 | ПС на НАТО | Состанок на Комисиите за одбрана, безбедност и на Делегациите на парламентите во НАТО (Бесим Догани, Есад Рахиќ, Владимир Ѓорчев, Оливер Спасовски и Павле Трајанов) | Тирана, Република Албанија |
| **НОЕМВРИ 2006** | | | |
| 2-3 | ЦЕИ | Состанок на парламентарната димензија на ЦЕИ (Петар Поп Арсов, Наде Станчевска) | Тирана, Република Албанија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13-17 | ПС на НАТО | 52-то Годишно заседание на ПС на НАТО (Бесим Догани, Владо Бучковски и Ѓорѓи Оровчанец) | Квебек, Канада |
| 13-14 | ПС на СЕ | Седница на комисијата за миграции, бегалци и население на ПС на СЕ (Андреј Жерновски) | Манчестер и Лондон, Англија |
| 16-17 | ПС на СЕ | Седница на бирито и постојана комисија на ПС на СЕ | Сан Марино |
| 17-20 | ПС на ОБСЕ | Есенски состаноци на ПС на ОБСЕ (Јован Манасијевски и Флора Кадри) | Малта |
| 22 | ЗСЕУ | Седница на Комисијата за одбрана НА ЗСЕУ (Насер Ајдини) | Париз, Република Франција |
| 19-24 | | Посета на Република Македонија на Делегација за подршка на Демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на САД | Скопје, Охрид, Република Македонија |
| 20-22 | | Официјална посета на државнито секретар на Министерство за надворешни работи на Кралство Норвешка на Република Македонија | Скопје, Република Македонија |
| 23 | | Официјална посета на претседателот на Владата на Република Унгарија на Република Македонија | Скопје, Република Македонија |
| 23-26 | | официјална посета на Претставничкиот дом на Парламентот на Чешката Република од страна на стручната служба на Собранието на РМ | Прага, Чешка Република |
| 27-28 | ПС на СЕ | Седница на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на ПС на СЕ (Илинка Митрева) | Мадрид, Шпанија |
| 27-29 | | Посета на делегација на членови на Советодавниот комитет на Рамковната конфенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа на Република Македонија | Скопје, Република Македонија |
| 27.11-2.12 | | Посета на Собранието на Република Македонија на проф. Волфганг Це, експерт за деловник, поранешен генерален секретар на Бундестагот на Сојузна Република Германија | Скопје, Република Македонија |
| 30.11-3.12 | ИПУ и ЕП | Конференција на Светската трговска организација СТО (Зоран Витранов) | Женева, Швајцарија |
| 23.11-5.12 | | Стаж во националното Собрание на Република Франција | Република Франција |

| ДЕКЕМВРИ 2006 | | | |
|---|---|---|---|
| 3-8 | | Посета на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (Илинка Митрева, Фадил Сулејмани, Горан Мисовски, Јован Манасијевски и Александар Николовски) | Лондон, Велика Британија |
| 6 | | Средбата на членовите на Комисијата за европски прашања и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, со г. Јанез Ленарчич, Државен секретар за европски прашања на Република Словенија | Скопје, Република Македонија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4-5 | ПС на СЕ | Семинар за активности на ПС ПС за службата на националните парламенти од областа на правото | Стразбург, Република Франиција |
| 4-5 | | Парламентарен состанок за иднината на Европа (Иван Анастасовски) | Брисел, Белгија |
| 11-12 | ПС на НАТО | Трансатлански парламентарен форум, во организација на ОС на НАТО (Бесим Догани и Владо Бучковски) | Вашингтон, САД |
| 11-12 | ПС на СЕ | Седница на комисијата за миграции, бегалци и население на ПС на СЕ (Андреј Жерновски) | Париз, Република Франција |
| 14-15 | | Тркалезна маса на тема "Уставот и правата на малцинствата" (Цветанка Иванова) | Подгорица, Црна Гора |
| 15 | ПС на СЕ | Состанок на секретари на националните делегации на ПС на СЕ | Париз, Република Франција |
| 18 | ПС на СЕ | Седница на Комисијата за правни прашања и човекови права на ПС на СЕ (Илинка Митрева) | Париз, Република Франција |
| 18-19 | ЕП | Парламентарен колоквиум на тема: ˝Образованието и младината - европските перспективи" (Фијат Цаноски, Азис Положани, Славица Грковска и Тале Герамитчиоски) | Брисел, Белгија |
| 18-20 | СЗЕУ | Учество на Вториот дел на 52-та сесија на СЗЕУ (Рафиз Алити) | Париз, Република Франција |

**Објаснување на кратенките:**

**ПС на СЕ** - Парламентарно собрание на Совет на Европа;
**ПС на НАТО** - Парламентарно собрание на НАТО;
**ПС на ОБСЕ** - Парламентарно собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;
**ИПУ** - Интерпарламентарна Унија;
**ПС на ЦЕИ** - Парламентарно собрание на Централноевропската иницијатива;
**СЗЕУ** - Собрание на Западноевропската унија;
**ПСФ** - Парламентарно собрание на Франкофонија
**МПК** - Мешовит парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ
**ПзС** - Пакт за стабилност
**СТО** - Светска трговска организација
**ЕП** - Европски парламент
**ПАМ** - Парламентарно собрание на Медитеранот

Прилог 4

# ИНТЕГРАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ГРУПИ И ДЕЛЕГАЦИИ

**1. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТ НА ЕВРОПА** **187**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Четвртиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2006 година, одржан од 2 до 6 октомври 2006 година во Стразбур, Република Франција 187

**ИЗВЕШТАЈ** за седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа (Сан Марино, 17 ноември 2006) 195

**ИНФОРМАЦИЈА** за состанокот на секретарите на националните делегации на ПС на СЕ во Париз, Франција, 15 декември 2006 година 203

**2. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ** **207**

**ИЗВЕШТАЈ** од Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржани од 17 до 20 ноември 2006 година на Малта 207

**3. ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА** **217**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на 115-то Собрание на Интерпарламентарната унија, одржано од 16 до 18 октомври 2006 година во Женева, Швајцарска Конфедерација 217

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Парламентарната конференција на Светската трговска организација (ПК на СТО) (Женева, Швајцарија 1 и 2 декември 2006) 227

**4. ЦЕНТРАЛНОЕВРОПСКА ИНИЦИЈАТИВА (ЦЕИ)** **239**

**ИНФОРМАЦИЈА** од Седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ одржана во Тирана, Република Албанија на 2 и 3 ноември 2006 година 239

**5. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО** **245**

**ИНФОРМАЦИЈА** од Конференцијата на комисиите за безбедност, одбрана и делегациите на парламентите во Парламентарното собрание на НАТО на парламентите на Републикиа Албанија, Република Македонија и Република Хрватска, одржана во Тирана, Република Албанија на 23 и 24 октомври 2006 година 245

**ИЗВЕШТАЈ** за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 52-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО во Квебек, Канада, од 13 до 17 ноември 2006 година 249

**6. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ФРАНКОФОНИЈА** **257**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка на Конференцијата за новите простори на меѓународната политичка соработка за Франкофонијата во Европа, одржана на 2 и 3 септември 2006 година во Софија, Република Бугарија 257

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата на 19-то Собрание за регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржано од 18 до 22 октомври 2006 година во Луксембург, Големо Војводство Луксембург 261

**7. СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКА УНИЈА** **269**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за одбрана, одржана на 22 ноември 2006 година во Париз, Франција 269

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на 52-та седница на Западноевропската унија, одржана од 18 до 20 декември 2006 година во Париз, Франција 273

**8. ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ** **281**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на делегацијата на Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија на колоквиумот на тема "Образование и млади - европска перспектива, одржан на 18 и 19 декември 2006 година во Брисел, Кралство Белгија 281

**9. ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ** **287**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на инаугуративното заседание на Парламентарното собрание на Медитеранот, одржано на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Јордан 287

**10. БИЛАТЕРАЛА** **293**

**ИНФОРМАЦИЈА** за официјалната посета на Република Македонија на Делегацијата на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на САД, остварена од 19 до 23 ноември 2006 година 293

**ИЗВЕШТАЈ** од посетата на Парламентот на Република Чешка на делегација од Службата на Собранието на Република Македонија, реализирана од 23 до 26 ноември 2006 година 303

**ИНФОРМАЦИЈА** од посетата на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Долниот дом на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, реализирана од 3 до 8 декември 2006 година 317

**БЕЛЕШКА** од средбата на членовите на Комисијата за европски прашања и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација со г. Јанез Ленарчич, државен секретар за европски прашања на Република Словенија, остварена на 6 декември 2006 година 321

**11. МУЛТИЛАТЕРАЛА** **325**

**ИЗВЕШТАЈ** од Состанокот на претседатели на КОСАК 11 септември 2006 година во Хелсинки **325**

**ИЗВЕШТАЈ** за учеството на Форумот "Ден на Македонија" и средбата "Балканот и Европската унија", одржани на 11 и 12 септември 2006 година во Бари, Република Италија 329

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Четвртиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2006 година, одржана од 2 до 6 октомври 2006 година во Стразбур, Република Франција***

***Скопје, октомври 2006 година***

*На Четвртиот дел на редовната сесија за 2006 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кој се одржа од 2 до 6 октомври 2006 година во Стразбур, Франција, учествуваа: шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски и членовите на Делегацијата г-ѓа Илинка Митрева, г. Благој Зашов и г. Андреј Жерновски во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и Марија Стефанова косекретар на Делегацијата.*

*Во текот на сесијата според редоследот на нивното излагање, свое обраќање имаа: г. Иво Санадер, премиер на Република Хрватска, г. Сали Бериша, премиер на Република Албанија, г. Аднан Терзиќ, претседавач на Советот на министрите на Босна и Херцеговина, г. Сергеј Лавров, министер за надворешни работи на Руската Федерација, г-ѓа Далија Итзик, спикер на Кнесетот на Израел, како и генералниот секретар на ОЕЦД г. Ангел Гуриа.*

*На сесијата се расправаше за институционалниот баланс на Советот на Европа, имплементацијата на пресудите на Европскиот суд за човекови права, генералната политика за состојбата на Балканот, актуелната состојба на Косово, Буџетот на Советот на Европа за 2007 година, ратификацијата на Рамковната конвенција за заштита на човековите права од страна на земјите членки на Советот на Европа, ОЕЦД и светската економија, потребата за усогласување на работата и семејниот живот, промоцијата на локалната самоуправа долж границите на Советот на Европа. По итна постапка се расправаше за: развојот на состојбата во Либан во контекст на состојбата на Блискиот Исток и масовното доаѓање на нелегални емигранти на јужните брегови на Европа.*

*Акредитацијата на Делегацијата во Парламентарното собрание на Советот на Европа, со мандат до крајот на 2006 година беше верифицирана на почетокот на сесијата. Шефот на Делегацијата г. Оливер Шамбевски, врз основа на ротација меѓу земјите членки, беше избран за потпреседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа, до наредната сесија на Парламентарното собрание.*

*Делегацијата имаше и средба со претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа г. Рене ван дер Линден. Шефот и членовите на Делегацијата учествуваа во работата на партиските групи и комисиите чиишто членови се.*

**1.** На **средбата со претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа г. Рене ван дер Линден**, одржана во текот на првиот ден на октомвриската сесија, шефот на Делегацијата **г. Оливер Шамбевски** ја претстави новата Делегација и ја пренесе заложбата на Собранието на Република Македонија за ангажирано учество во работата на Парламентарното собрание и во активностите од општоевропско значење иницирани од Советот на Европа.

Преседателот ван дер Линден истакна дека со внимание ги следи настаните и извештаите на ПС на СЕ во кои се спомнува Република Македонија, како Извештајот за изборите, кој беше презентиран истото попладне на пленарната седница. Во тој контекст, **г-ѓа Илинка Митрева** истакна дека некои дискусии создаваат погрешна слика за нестабилноста, иако од конфликтот во 2001 година досега Република Македонија направи забележителен прогрес. Постигната е стабилност, преземени се низа реформи и земјата сега има статус на кандидат за член, а очекуваме идната година да бидат започнати и преговорите за членство во ЕУ. Господинот ван дер Линден рече дека една или две интервенции во дискусиите во комисиите или на пленарните сесии не го изразуваат мислењето на целото Парламентарно собрание. Тој нагласи дека во секој случај напредокот во приклучувањето зависи од секоја земја поединечно.

На средбата беше врачена поканата на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Љубиша Георгиевски до г. ван дер Линден да ја посети нашата земја. Притоа е укажно дека посетите и средбите на највисоко парламентарно ниво имаат силен поттикнуваначки импулс во развојот на односите и соработката, заради

што и се обновува поканата за посета. Претседателот на Парламентарното собрание со задоволство ја прифати поканата и рече дека ќе настојува да ја посети Република Македонија наредната година, напоменувајќи дека би било добро доколку тоа биде комбинирано со некоја друга активност. Надоврзувајќи се на изнесеното г. Шамбевски ја соопшти определбата на Собранието на Република Македонија за поканување на Политичката, Мониторинг или некоја друга комисија на Парламентарното собрание за одржување на седница во Република Македонија идната година.

**2.** Во Извештајот на Бирото за активностите меѓу двете сесии на Парламентарното собрание беа презентирани заклучоците на известителите за набљудувањето на претседателските и парламентарните избори во Мексико (2 јули 2006), парламентарните избори во Република Македонија (5 јули 2006) и парламентарните избори во Република Црна Гора (10 септември 2006).

Во заклучокот на известителот на Ад хок комисијата за **набљудување на парламентарните избори во Република Македонија**, турскиот пратеник од Групата на европските демократски партии г. Мевлут Чавушоглу беше истакнато дека парламентарните избори во Република Македонија беа во најголема мера во согласност со заложбите и стандардите на Советот на Европа за демократски избори. Но, случаите на насилство и заплашување во текот на првата половина на кампањата, како и изолираните случаи на сериозни неправилности на денот на изборите, оставија дамка на демократскиот процес. Сепак, генералната оцена е дека гласачите можеа да одлучат за политичката насока на својата држава во демократска атмосфера и дека не треба да се дозволи забележаните неправилности да фрлат сенка на направениот демократски напредок. Меѓу другото во Извештајот се посочува дека политичките сили во Македонија се поделени по етничка основа и изборната борба е водена меѓу етнички базираните партии во рамките на македонската и албанската етничка заедница. Во заклучоците и препораките на Ад хок комисијата се истакнува дека новиот изборен закон создава поконзистентна основа и подобра рамка за спроведување на демократски избори, а властите се повикуваат да ги имплентираат препораките дадени од страна на Венецијанската комисија за подобрување на Изборниот законик.

Во својот прилог во пленарната дебата **г-ѓа Митрева** се согаласи со заклучокот дека парламентарните избори во Македонија се во најголема мера во согаласност со стандардите и заложбите на Советот на Европа и ОБСЕ и нагласи дека изборите ја потврдија демократската зрелост на македонското општество. Притоа, како поранешен минстер за надворешни работи, таа нагласи дека мотото на претходната влада било одржувањето на фер и демократски избори согласни со меѓународните стандарди, кои ќе овозможат добитниците да бидат македонски граѓани и зацврстувањето на европскиот курс на Република Македонија.

**3.** По повод 10-годишнината од зачленувањето на Република Хрватска во Советот на Европа, на првата седница на октомвриската сесија обраќање имаше **претседателот на Владата на Република Хрватска г. Иво Санадер**. Тој нагласи дека за една деценија од зачленувањето до денес напредокот што го постигна Хрватска ѝ обезбеди статус на кандидат за Европската унија. Отворањето на преговорите со ЕУ јасно покажува дека земјата позитивно ги исполнила неопходните критериуми, ја покажала својата зрелост и станала партнер од доверба. Во овој контекст г. Санадер истакна дека реформата на судството била успешна благодарејќи на Советот на Европа и на помошта од земјите членки на ЕУ. Тој, исто така, нагласи дека процесот на интеграција става фокус и на други важни аспекти на развојот на европските општества како регионалната соработка, така соработката во борбата против новите безбедносни закани, развојот на цивилното општество итн. Синергијата на билатералната и регионалната соработка, според г. Санадер, ќе го гарантира продолжувањето на процесите на демократски реформи во Југоисточна Европа, обезбедувајќи трајна стабилност во регионот.

**4.** Централно внимание на октомвриската сесија беше посветено на **генералната политика за состојбата на Балканот.** Дебатата за ова прашање, врз основа на Извештајот на унгарскиот пратеник, шеф на Алијансата на либерални и демократски партии г. Матијаш Ерши најнапред беше водена во Комисијата за политички прашања. Известителот г. Еорши истакна дека 2006 година е клучна за целиот регион, бидејќи се случуваат значајни настани како независноста на Црна Гора и започнувањето на преговорите за стаусот на Косово. Парламентарното собрание ја разгледува состојбата на Западен Балкан во целина, но истовремено е свесно дека секоја од државите има свои специфичности. Според известителот, особено е важно да се иницира платформа за дијалог за состојбата во регионот.

Беа поднесени низа амандмани сврзани со олеснувањето на визно-пасошкиот режим за земјите од регионот, доследната соработка со Хашкиот суд, значењето на ЦЕФТА за економската соработка во регионот и подготовките за ЕУ, целосното почитување на правата на малцинствата, придонесот на меѓународната заедница на балканската стабилност и демократски развој и други. Беше покренато и прашањето на валоризација на позицијата на Хрватска и Македонија сврзана со нивниот статус на кандидати во ЕУ, при што е направена дистинкција во полза на Хрватска, како земја која веќе ги започнала преговорите. Од страна на пратениците на земјите членки на ЕУ изразена е познатата генерална резервираност кон натамошното проширување и ветувањата во тој правец.

Шефот на Делегацијата **г. Шамбевски**, во договор со Хрватската делегација, инсистираше ознаката Западен Балкан да се употребува како гоеографска, а не како политичка ознака. Во тој контекст беа поднесени повеќе амандмани со кој терминот "Западен Балкан", како ентитет е замент со "земјите од Западен Блакан", како индивидуална ознака за статусот, достигнувањата и заложбите на секоја земја поединечно. Амндманите се прифатени од Комисијата и внесени во текстот на Предлогот на извештајот, за кој потоа се расправаше на пленарната седница.

На пленарната седница на Парламентарното собрание на Советот на Европа, известителот Еорши изрази очекување на земјите од Западен Балкан, кои се справуваат со значителен број на предизвици да им биде дадена поддршка и помош од меѓународната заедница, а особено Советот на Европа и Европската унија. Неопходно Советот на Европа да продолжи со континуирано следење и валоризација на постигнувањата на овие држави. Од меѓународната заедница, пред сé од ЕУ и СЕ, е побарано да дефинира стратегија за земјите од Западен Балкан со јасна перспектива согласна со напорите и напредокот во изградбата на демократијата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и борбата против корупцијата, организираниот криминал и шверцот. Меѓутоа, на сесијата беше усвоен амандманот на пратениците од некои земји членки на ЕУ со кој од Предлогот на резолуцијата е избришана препораката до ЕУ за утврдување на термини за евроинтеграција на земјите од Западен Балкан.

Учествувајќи во расправата **г-ѓа Митрева** се задржа на три прашања: интеграцијата на земјите од Западен Балкан во ЕУ, регионалната соработка и либерализацијата на визно-пасошкиот режим, како што нагласи за неа посебно важно прашање. Во заклучокот на нејзиното излагање беше изразено надевање дека Советот на Европа, кој забележливо придонел на промоцијата и засилувањето на демократските процеси во земјите на регионот ќе продолжи да игра забележителна улога во поддршка на европските перспективи на земјите на Балакнот.

Во рамките на долгата претпладневна и попладневна пленарна дебата за Балканот, за која беа пријавени 45 дискутанти, свое обраќање имаше и **премиерот на Република Албанија г. Сали Бериша.** Своето излагање тој го започна со благодарноста за поддршката што Советот на Европа континуирано и ја даваше на Албанија за изградба на демократско општество засновано на владеењето на правото, кое денес забрзано се движи кон една нова европска реалност. Еден од приоритетите на Владата на Република Албанија е борбата против корупцијата со ефикасни мерки преку воведување на административни и етички стандарди, со цел за спречување на употребата на јавните средства за приватни и лични интереси. Друг приоритет е

создавање на поволна клима во земјата за странски инвестиции и во таа насока воведување на иницијативата "Албанија 1 евро" која на странските инвеститори им обезбедува за 1 евро да регистрираат бизнис, или да изнајмат за 99 години земјиште кое ќе биде искористено за производствени активности.

Во врска со Косово, г. Сали Бериша рече дека Албанија има реален став за решавањето на конечниот статус на Косово и ја поддржува мисијата на специјалниот претставник на ОН г. Ахтисари и на Контакт групата. Албанија верува дека конечниот статус на Косово мора да ги гарантира правата и слободите на Србите и на другите малцинства, дека мора да гарантира целосна и ефикасна имплементација на процесот на децентрализација во согласност со Европската повелба за локална самоуправа, да обезбеди целосно почитување на културното и религиозното наследство и дека треба да ја потврди изразената волја на народот на Косово за независност. На крајот премиерот Бериша рече дека е убеден дека Албанците и Србите мораат да ја следат традицијата на другите европски народи и да започнат ново поглавје на добрососедство и пријателска соработка како придонес за подобра европска иднина.

Во својот говор на плаенарната седница посветена на Балканот, **претседавачот на Советот на министри на Босна и Херцеговина г. Аднан Терзиќ** истакна дека Советот на Европа и помогнал на Босна и Херцеговина да се демократизира, да спроведе реформи на исntитуциите, да оформи независно судство, да ги зајакне државните органи, да спроведува избори кои ги исполнуваат меѓународните стандарди и да се бори против организираниот криминал. Во однос на иднината на регионот г. Терзиќ истакна дека за тоа се важни два механизма: прво, координарана акција преку заедничката надворешна и безбедносна политика и второ, јасна перспектива за членство во Европската унија. Европската унија треба да ја прифати својата глобална и историска улога и да не остави црни дупки на Балканот. ЕУ треба да ги реши своите внатрешни проблеми и таа треба да извезува доверба, а не неизвезност. Политиката на отворени врати ќе ги зајакне реформите во Западниот Балкан. Советот на Европа и Европската унија создадоа нов идентитет за Централна и Источна Европа и тоа сега треба да стане стварност во Босна и Херцеговина.

Во усвоената Резолуција 1517 (2006) Парламентарното собрание ја повикува Европската унија да го либерализира визниот режим кон земјите на Западен Балкан, следејќи ги одлуките на Европскиот совет од Солун да им понуди на земјите од Западен Балкан јасна перспектива за интеграција во ЕУ преку поставување на реални стратегии за проширување. Истовремено, се повикуваат земјите од Западен Балкан да вложуваат напори за усогласување со обврските и заложбите поставени од Советот на Европа за земјите членки во однос на демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права и да се стремат кон целосна имплементација на стандардите за Косово, да се фокусираат на регионална и локална соработка преку зајакнување на постоечките регионални иницијативи, да ја интензивираат парламентарната соработка, да обезбедат целосна заштита на малцинствата кои живеат или се враќаат на нивна територија, како и да се борат против организираниот криминал и со нелагалната миграција во други делови на Европа. Во Препораката 1765 (2006) се повикува Комитетот на министрите да продолжи со мониторингот на обврските и заложбите преземени при приемот, да воспостави програми за помош на земјите на регионот, да го зголеми присуството, активноста и визибилноста на своето присуство во регионот и согласно со тоа се бара да биде назначен специјален претставник на Советот на Европа за Западен Балкан.

**5.** На седницата на Политичката комисија беше презентиран **Нацртот на извештајот за актуелната состојба на Косово** на лордот Расел Џонстон, поранешен претседател на Парламентарното собрание, член на АЛДЕ. Во него беше изнесена заложбата, статусот на Косово да биде дефиниран како итно прашање со цел да се воспостави стабилност во регионот. Изразено е стравување дека резултатот на започнатите преговори за финалниот статус се наоѓаат во сериозен застој. Србија не покажува знаци за поместување од барањето за автономно Косово под српска сувереност, додека косовските Албанци не отстапуваат од нивното барање за целосна

независност. Најдобро е да се дојде до решение прифатливо за двете страни, но долгорочниот застој би довел до зголемување на несигурноста и нестабилноста. Во тој случај дури  и наметнатото меѓународно решение може да се земе предвид како последно и екстремно прибежиште. Какво било решение да се најде, тоа мора да обезбеди специјална заштита за малцинствата (примарно косовските Срби) и да обезбеди принципите за човековите права да се одржуваат на целата територија на провинцијата.

Извештајот наиде на големи несогласувања и беше побарано да биде повлечен. Расправата по ова прашање беше одложена, но генералната дебата за Балканот од низа дискутанти од засегнатите страни беше искористено за изнесување на погледите за статусот на Косово кои, по својот тон и карактер, многу беа наменети за нивната домашна јавност.

**6.** Во име на Комисијата за правни прашања и човекови права **Извештајот за ратификацијата на Рамковната конвенција за заштита на малцинските права,** го презентираше летонскиот пратеник од Групата на европски народни партии г. Борис Цилевич. Во резимето на Извештајот беше нагласено дека заштитата на националните малцинства е еден од најголемите успеси на Советот на Европа која придонесе во спречувањето на социјалните тензии и промовирањето на различноста на културите и јазиците во Европа. Клучен инструмент за овој успех е Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, првиот меѓународен мултилатерален договор во оваа област, кој им овозможува на државите да ги означат националните малцинства на нивните територии чија религија, јазик, традиција и култура се согласуваат да ги штитат на различни начини. Сепак, осум од земјите членки на Советот (Андора, Белгија, Франција, Грција, Исланд, Луксембург, Монако и Турција), не ја ратификувале Конвенцијата и покрај настојувањата на Парламентарното собрание, со образложение дека нивните устави не им дозволуваат да признаат национални малцинства, или дека тие не егзистираат на нивна територија, или дека други инструменти за недискриминација подобро ги штитат малцинствата.

Во Препораката 1766 (2006) усвоена по рапсправата за Извештајот се бара Советот на министрите да продолжи со настојувањата земјите кои не ја ратификувале да ја ратификуваат Рамковната конвенција, да се повлечат резервите дадени при ратификацијата, да се наведат причините заради кои некои земји се уште не ја ратификувале или потпишале Рамковната конвенција, да се забрза ратификацијата од сите земји членки на Протоколот 12 на Европската конвенција за човекови права, да се иницира соодветна процедура за ревизија на самата Рамковна конвенција и да се настојува на кохерентноста и избалансираниот однос меѓу правата и обврските на малцинствата.

**7.** Во Монторинг комисијата, чиј член на предлог на АЛДЕ, од летово е и членот на Делегацијата **г. Андреј Жерновски** е расправано за обрските и заложбите на Бугарија кон Советот на Европа, во рамките на постмониторинг дијалогот. Во Извештајот на потпреседателот на Комисијата данската  парлементарка од АЛДЕ, г-ѓа Хана Северинсен е третирано и прашањето на правата на личностите кои припаѓаат на националните малцинства. Притоа е изразено чудење заради одбивањето на бугарските власти да ја признаат посебноста на етничкиот идентитет на Македонците во Бугарија. Во дискусијата на г. Жерновски е дадена поддршка на известителот за неговото внимание на малцинското прашање, како важен индикатор за демократскиот развој  и успешната имплементација на заложбите и базичните стандарди на Советот на Европа. Потенцирано е очекувањето за дополнување на  Извештајот со релевантните документи и препораки на институциите на Советот на Европа, какви што се препораките на ECRI и пресудите на Европскиот суд за човекови права за заштита на правата на македонското малцинство во Бугарија.  Изнесено е и уверување дека при идната посета на Бугарија ќе биде остварена и средба со претставниците на македонското малцинство, која овој пат изостанала заради наводната "голема оддалеченост".

**8.** Членот на Делегацијата **г. Благоја Зашов**, користејќи го и своето претходно дипломатско искуство, како претставник на Република Македонија во Стразбур, оствари низа лобистички контакти за обновување и воспоставување на комуникација со функционерите на Советот на Европа, а по основа на членството и со претседателите на партиската група и на комисиите на кои припаѓа.

* * * * *

Во Парламентарното собрание на Советот на Европа, како и во другите европски парламентарни собранија, со внимание се следи благовременото акредитирање на делегациите по парламентарните избори, како еден од индикаторите дека земјата располага со функционален демократски капацитет за пренос на власта. Акредитацијата е извршена со запазување на крајните рокови за регистрација што овозможи да биде верификуван мандатот на членовите и замениците членови на Парламентарното собрание и овозможено е нивното номинирање и полноправно учество во работата на партиските групи и постојаните комисии. Искористена е и можноста за кандидирање и избор на шефот на Делегацијата г. Шамбевски за еден од потпреседателите на Парламентарното собрание. Врз основа на системот на ротација таа можност за прв пат од приемот во Советот на Европа во 1995 година, токму во оваа година Собранието на Република Македонија ја имаше и ја искористи на ефективен начин.

Делегацијата на почетокот на сесијата оствари средба со претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа г. Рене ван дер Линден при што е врачена поканата за посета и изразена е готовност за интензивирање на соработката и одржување на некоја од седниците на комисиите во Република Македонија. Поканата за посета и за одржување на седници на комисиите во наредниот период се примени со задоволство.

Октомвриската сесија беше фокусирана на дебатата за политичката ситуација во Западен Балкан. Со навремената интервенција во текот на разгледувањето на Нацртот на извештајот во Политичката комисија извршено е прецизирање во употребата на терминот "Западен Балкан", како географска, а не како политичка ознака. Согласно со нашата надворешно-политичка заложба е обезбедена формулација преку која се изразува индивидуален, а не колективен третман на земјите на Западен Балкан во процесот на евроинтеграција. Во пленарната собраниска расправа даден е придонес во прецизирањето на повеќе прашања од интерес за Република Македонија и нејзините граѓани, а особено во однос на либерализацијата на визно-пасошкиот режим.

Членовите на Делегацијата имаа забележително учество и во пленарната расправа за парламентарните избори во Република Македонија, како и во комисиската расправа за положбата на македонското национално малцинство во Бугарија.

За одбележување е дека во Парламентарното собрание на Советот на Европа продолжува праксата известителите за одделни прашања (овој пат за изборите), сврзани со Република Македонија во своите настапи, откако ќе биде задоволено формалното означување со референца во насловот на нивните извештаи, да инсистираат на употребата на уставното име на Република Македонија. Доминантно во дискусиите за нашата земја е и означувањето без референца, како на седниците на комисиите, така и на пленарните расправи во Парламентарното собрание на Советот на Европа .

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа***
***(Сан Марино, 17 ноември 2006)***

***Скопје, декември 2006 година***

*Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа, на 17 ноември 2006 година, одржа седница во Сан Марино. Со седницата раководеше претседателот на ПС на СЕ Рене Ван дер Линден, а обраќање имаше и државниот секретар за надворешни работи Фиорензо Столфи, во функција на претседателство на Сан Марино со Комитетот на минстрите на Советот на Европа. За учесниците на сединцата капетани регенти на Сан Марино (во својство на шеф на државата), Антонио Каратони и Роберто Ѓиорѓети приредија прием во палатата на еден од најстарите праламетни во Европа.*

*На седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ во Сан Марино присуствуваше секретарот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија Никола Тодоровски.*

**1.** Во обраќањата на **претседателот на ПС на СЕ Рене Ван дер Линден** беше подвлечено дека едно од најголемите достигнувања на СЕ е начинот на кој во пракса се потврдува принципот на еднаков статус на државите членки. После најголемата европска држава Руската Федерација, сега со најстарата европска организација раководи една од најмалите држави Сан Марино. Тоа на најдобар начин ги одразува заедничките вредности и нивната примена од сите членки. Нивната суштина е во примената на исти права и обврски на сите во однос на почитувањето и заштитата на демократијата, човековите права и владеењето на правото, без двојни стандарди и линии кои разделуваат.

Претседателот ван дер Линден се задржа на елаборирањето на прашањето на приклучувањето на Турција на ЕУ. Есенцијално прашање за Турција, по отворањето на преговорите за членство, е да продолжи по патот на реформи, вклучувајќи ја имплементацијата на стандардите на СЕ. Но, од страна на ЕУ е неприфатливо да се менуваат правилата кога веќе се започнати преговорите. Турција е доказ дека не постои инкомпатибилност меѓу муслиманската популација и секуларниот, демократскиот политички систем кој ги почитува човековите права и владеењето на правото. Станува збор за клучно прашање поврзано со безбедноста и стабилноста на Европа и нејзината отвореност кон светот. Според г. Линден европските меѓународни организации не биле и не се ексклузивен клуб дефиниран според културата или религијата.

**2.** Од страна на **државниот секретар за надворешни работи на Сан Марино Фиорензо Столфи** со задоволство беше истакнато дека токму деновиве во неговата земја се одбележува 18-годишнината од приклучувањето кон СЕ. Сегашното претседателство е второ во изминатиот период и верува дека подеднакo успешна ќе биде репризата, како и премиерата на чело на Министерскиот комитет. Од нивна страна ќе бидат продолжени активностите преземени од руската страна сврзани со СЕ и со Европа во целина. Во таа смисла беше истакнато дека приоритетите на нивното претседателство се односите на СЕ со ЕУ, кои сé уште не се доволно дефинирани: не е финализиран Меморандумот за разбирање произлезен од Третиот самит на СЕ и натаму се присутни неприфатливи предлози за создавање на Агенција за основни права на ЕУ, која ги загрозува активностите и интегритетот на СЕ во оваа област и не се имплементирани препораките содржани во Извештајот за односите меѓу европските оргнизации на поранешниот премиер на Луксембург.

Министерот подвлече дека на состанокот на Постојаниот комитет треба да биде усвоена Декларацијата за насилството врз жените, сврзана со започнувањето на една нова актуелна општоевропска кампања (текстот на Декларацијата е даден во прилог на Извештајот). Во тек се и подготовките за неколку значајни интеркултурни и интеррелигиски собири, согласно со улогата на Советот на Европа, како демократска организација која ја одразува културната и религиската разноликост на континентот и го поттикнува меѓусебниот дијалог.

**3.** Во исцрпниот извештај на **романскиот пратеник Адријан Северин** (Социјалистичка група) и во усвоената резолуција и препорака од страна на ПС на СЕ беше изразено уверување дека перспективата на регионалната соработка и интеграција

во Јужниот Кавказ претставува процес преку кој, со внимание и поддршка на меѓународната заедница, треба да бидат надминати конфликтите. Забележливо е дека сите инволвирани страни прифаќаат дека треба да биде изнајден таков концепт, кој ќе создаде соодветни услови за решавање на проблемите во регионот. Затоа од страна на ПС се повикуваат сите вклучени во настаните да ја рагледаат идејата за создавање на **Пактот за стабилност за Југоисточен Кавказ** и да ги изложат сопствените гледања за начинот на решавање на постојната ситуација. Притоа е изразена загриженост дека тешко може да се очекува брзо изнаоѓање на политички решенија за одделни конфликти во регионот. Политичкиот, социјалниот и економскиот прогрес на Грузија, Ерменија и Азербејџан, како и регионалната соработка се "заробеници" на постојните конфликти во Нагорно Карабах, Абхазија и Јужна Осетија. Просперитетната иднина и безбедноста не можат да бидат гарантирани без регионална соработка и интеграција преку која треба да биде изградена меѓусебна доверба за решавање на постојните и одбегнување на новите конфликти.

Во извештајот и во дискусијата е укажувано на сличноста, разликите и поуките кои треба да се имаат предвид доколку се споредува ситуацијата меѓу Јужниот Кавказ и Балканот во кој како успешен меѓународен инструмент е применет Пактот за стабилност за ЈИЕ. Како најважни разлики се наведувани: своевидната "замрзнатост" на конфликтите кои сé уште не започнале да се решават со политички средства и на мирољубив начин; сé уште не е отворена перспектива за приклучување на кавкаските држави на ЕУ; меѓународната зедница не е во позиција да развие таков вид на присутноста во регионот кој овозможува да влијае на политичките одлуки и на обезбедувањето на безбедноста; присутна е многу поголема поделеност во меѓународната зедница во врска со политичката иднина и меѓународниот статус на регионот, кој не се наоѓа во срцето на Европа, туку на нејзината периферија. За да се одбегне оваа загрижувачка состојба, е укажано дека Пактот за стабилност за Југоисточен Кавказ мора да биде поддржан како од трите држави од регионот, така и од ЕУ, Русија, Турција и САД.

Доколку се пристапи кон создавање на Пактот за стабилност за ЈК ПС на СЕ смета дека треба да бидат применти слични механизми како и на Балканот три "Работни маси" посветни на: 1) безбедноста, 2) економијата и социјалните прашања и 3) демократијата и човековите права. Тоа треба да биде сторено преку идентификација на приоритетните прашања на регионот, поврзани со националните и локалните потреби. Амбициите треба да бидат насочени кон создавање на зона на слободна трговија, економска и монетарна унија, заеднички безбдносен, судски и социјален простор, вклучувајќи го и изградувањето на заедничкиот одбранбен идентитет на Јужниот Кавказ.

За започнување на овој сложен и долгорочен процес од страна на ПС на СЕ се предлага одржување на Меѓународна конференција за безбедност и соработка на Јужниот Кавказ, како и воспоставување на сериозна политичка дебата меѓу владите на трите држави, за прашањата од заемен интерес. Препорачано е и создавање на Меѓународен фонд за регионот со јавни и приватни донации, како транспарентен финансиски инструмент за мобилизација на ресурсите потребни за реализација на програмите и политичката промоција на Пактот за стабилност за ЈК.

**4.** Романскиот пратеник Северин беше известител и за прашањето на **правата на националните малцинства во Летонија.** Од пристапувањето кон СЕ во 1995 година, заради специфичната демографска композиција на литванското општество (59 % Летонци и 41% различни малцинства, меѓу кои со 28,5% најбројно е руското малцинство), ова прашање е разгледувано во ПС на СЕ. Заради специфични политички и историски состојби една петтина на населението нема летонско, ниту кое било друго државјанство.

Правата на националните малцинства во одделни држави произлегуваат од нивниот политички, социјален и историски контекст. Меѓутоа принципите, вредностите и стандардите воспоставени од СЕ треба да бидат применувани како потврден универзален модел за воспоставување на балансирани интеретнички односи и за интеграција на различни заедници, на рационална и конструктивна основа.

Современата Летонија се наоѓа пред предизвикот долгорочно да изгради социјална кохезија и да и обезбеди на руската заедница да избегне социјална, културна, политичка и економска маргинализација не само во однос на Летонија, туку и на Европа.

Во Резолуцијата усвоена на седницата на Постојаниот комитет е препорачно што е можно побрзо да се намали бројот на граѓаните без државјанство; да се имплементираат препораките на ПС на СЕ, на европскиот комесар за човекови права и на релевантните тела на другите меѓународни организации и да се даде поддршка и експертска помош за консолидација на цивилното и мултикултурното летонско општество. На Минстерскиот комитет му е препорачано да ја разгледа можноста за создавање на водич за надгледување на остварувањето на правата на припадниците на етничките или културните малцинства во случај на сецесија, обнова на државноста или установување на нова држава.

**5.** Според извештајот на **полскиот пратеник Тадеуш Ивински**, од Социјалистичката група од стекнувањето на независност **Казахстан** направил забележителен прогрес во создавањето на современа држава и има ориентација за развој на демократијата врз основа на европското искуство, што е поддржано на најширока основа. Демократската трансформација не се одвива без тешкотии и има загрижувачки појави, како што се оние во областа на слободата и независноста на информативните медиуми.

Казахстан спаѓа во редот на десетте најпространи држави во светот, а само со 4% на својата територија и припаѓа на Европа. Во оваа земја од 15 милиони жители 53% се Казаси, 30% се Руси, а има и преку 130 различни етнички групи. За разлика од другите држави од евроазискиот простор во Казахстан нема етнички конфликти и односите меѓу различните етнички и религиски групи се позитивен пример од поширокo значење. Во тој контекст државата може да се смета како еден од столбовите на стабилност во регионот.

Казахстан веќе има набљудувачки статус во Европската комисија за демократија преку правото (Венецијанска комисија) и изразува интерес да се приклучи кон неколку конвенции на СЕ отворени и за пристапување на државите кои не се членки. Соработката со СЕ се одвива врз основа на договорот склучен во 2004 година и членовите на нивниот парламент редовно присуствуваат на седниците на ПС на СЕ.

Од страна на известителот е предложено да се разгледа можноста за преиспитување на членот 59 од Деловникот за давање на статус на "специјален гостин" во ПС на СЕ и на евроазиските земји. Притоа е напоменато дека две држави членки припаѓаат географски на двата континента (Русија и Турција), а стриктно говорејќи три држави членки се на тлото на Азија (Ерменија, Азербејџан и Грузија). Предвид треба да се има и дека Казахстан, како европска држава, е член на ОБСЕ.

Предлогот за добивање на статусот на "специјален гостин", како чекор кон полноправно членство, не е поддржан. Оставена е можноста за натамошно разгледување на интерпретацијата на споменатиот член од Деловникот сврзан со географските граници на кои се простира Советот на Европа.

**6.** Врз основа на студиозните извештаи на известителите, **турскиот пратеник Али Риза Ѓулчичек и белгискиот пратеник Фатма Пеливан,** двајцата од Соицијалистичката група, е расправано за **миграциите и присуството на Турците во Европа и нивниот статус** на мигранти и нови граѓани на Европа. Позабележително мигрирање на турските работници започнува од 1957 година и тоа најпрво во Германија врз основа на германско-турскиот билатерален договор. Според релевантните податоци во 2002 година во Западна Европа живееле околу 3 милиони Турци, а 1,2 милиони веќе го стекнале државјанството во земјата на престојот. За оваа категорија на лица е мошне тешко да бидата утврдени точните бројки, што предизвикува тешкотија и за утврдување на кохерентната слика за нивното присуство и статусот во одделни европски земји, дотолку повеќе што државите употребуваат различни статистички стандарди.

Нивото на интеграцијата на Турците од првата, втората и дури третата генерација е предмет на политичките дебати и контраверзи во голем број држави. Улогата на турските мигранти и нивните врски со Турција се смета дека создава можност за

внесување на европските вредности и за позитивна еволуција во нивната татковина во однос на демократијата и почитувањето на човековите права и владеењето на правото.

Полувековното присуство на бројната турска популација во Западна Европа и на забележителното турско-муслиманско малцинство во неколку региони на Источна Европа и брзиот демографски пораст на населениоето во Турција, директно или индиректно, влијае на прашањето на приклучувањето на Република Турција кон ЕУ. Во расправата на Постојаниот комитет мошне често истите аргументи се употребуваа за аргументација во прилог или против турското приклучување кон ЕУ, зависно од политичките и државните ставови на пратениците учесници во дискусијата. Но граѓаните по потекло од Турција, без оглед на степенот на нивната натурализација во европските држави, се перманетно и долгорочно присутен факт, чии економски, социјални и културни импликаци не можат да бидат заобиколувани. Врските создадени меѓу Турција и голем дел на Европа се многубројни и мошне значајни.

Во препораките за ова прашање кои се усвоени на седницата се повикуваат земјите членки да ги почитуваат базичните принципи и правата содржани во инструментите на Советот на Европа за обезбедување на економскиот и социјалниот развој и за заштита на основните слободи и права, без дискриминација во поглед на расни, религиски, политички и други разлики. Во врска со националните политики и практики на државите кон работниците мигранти и нивните семејства, вклучувајќи ги мигрантите од Турција, се бара почитување на меѓународните правни стандарди и воспоставување на соодветни мониторинг механизми на Советот на Европа во оваа област.

* * * * *

Централно внимание со голем број амандмани и дискутанти на седницата на Постојаниот комитет предизвикаа извештаите на романскиот пратеник Адријан Северин, поранешен министер за надворешни работи и претседател на ПС на ОБСЕ, за формирање на Пактот за стабилност за Јужен Кавказ и за правата на националните малцинства во Летонија, на полскиот повеќе деценски претставник во ПС на СЕ Тадеуш Ивински за ситуацијата во Казахстан и неговите односи со СЕ и на известителите Али Риза Гулчичек од Турција и Фатма Пеливан од Белгија за турското присуство во Европа, како работници мигранти и нови граѓани на Европа. Во прашање се долго подготвуваните студиозни извештаи на контраверзни теми кои според непишаните правила се најчесто предмет на расправа и усвојување на седниците на Постојаниот комитет кој меѓу две сесии дејствува во име и со исти овластувања како ПС на СЕ. Ваквиот прагматски пристап во разгледувањето на сложени теми кои отвораат низа дилеми и овој пат се покажа како начин за одразување на доминантното мислење и за отворање на прашањата кои ќе бидат предмет на дополнителни анализи и разгледувања во рамките на СЕ и неговите тела.

Со госпоѓата Фатма Пеливан, корепортер за прашањето на турското присуство во Европа е остварена неформална средба при која од нејзина страна беше речено дека има општо познавање за положбата и позитивниот третман на турското малцинство во Македонија, од која потекнува и нејзиното семејство. Оваа белгиска пратеничка изрази интерес за добивање на дополнителни информации за положбата на малцинствата во Македонија, како и за контакти и соработка со пратениците на Собранието на Република Македонија.

Учеството на седницата на Постојаниот комитет во Сан Марино е искористен за предавањето на поканите на шефот на Делегацијата на претседателите на Мониторинг комисијата и на Политичката комисија за одржување на некои од нивните седници во наредниот период во Република Македонија. Одржувањето на вакви седници, кои заради предизборните и постизборните активности во Република Македонија не се одржуваа подолго време е можност за изворно запознавање со реалните состојби, постигнувањата и евроатлантските аспирации на земјата од страна на пратениците на 46 земји членки, кои ги претставуваат 800 милиони Европејци. Од претседателот на Мониторинг комисијата Ерхард Линтнер и претседателот на Политичката комисија

Абдулкадир Атеш, поканите се примени со задоволство, а копиите се дадени и на генералниот секретар на ПС на СЕ Матео Соринас, заради нивно разгледување при утврдувањето на календарот за активностите во 2007 година.

Присуството на седницата на Постојаниот комитет во Сан Марино ја потврдува потребата континуирано да се следат анализите, тенденциите и процесите кои се од компаративно значење за Република Македонија. Преку директни контакти со надлежните личности е остварено и навременото доставување и лобирање за одржување на седници на две особено значајни комисии на ПС на СЕ во Република Македонија во наредниот период.

***ПРИЛОГ 1***

**Пред почетокот на кампањата на Советот на Европа, на националните парламенти им се налага да ги користат сите можни средства во борбата против домашното насилство**

Стразбур, 17 ноември 2006 година - Пред почетокот на главната кампања на Советот на Европа за борба против насилството врз жените, која треба да започне на 27 ноември во Мадрид, Постојаната комисија на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), која заседава во Сан Марино, денеска ја усвои следнава Декларација:

"Домашното насилство врз жените е сериозен атак врз женското достоинство, кој ниту една земја членка на Советот на Европа не смее да го толерира.

Парламентарното собрание на Советот на Европа, посветено на одбраната на човечките права, јавно и недвосмислено го осудува домашното насилство. Таквото насилство се јавува како резултат на односот на нееднаквост меѓу жената и мажот, кој истовремено го продолжува. Домашното насилство не е географски ограничено или лимитирано на одредени старосни групи или врзано за етничко потекло. Се јавува во сите видови на семејни односи и кај сите општествени слоеви.

Цената на домашното насилство е висока. Жената, која живее во ужасен кошмар и која трпи постојан страв и неспокој, плаќа лична и општествена цена. Згора на тоа, самото општество, кое го носи товарот на здравствената нега, заштита, судските и трошоците на надзор, плаќа висока финансиска цена. А постои и политичка цена која демократските општества ја плаќаат кога не се во состојба да ги заштитат жените од домашното насилство кое претставува директен напад врз нивниот физички интегритет и човечко достоинство.

Парламентарното собрание е уверено дека борбата против домашното насилство врз жените ќе помогне во изградбата на поправедно општество, каде што основните права на сите, жени и мажи подеднакво, ќе се почитуваат.

Во оваа смисла, Парламентарното собрание истакнува дека борбата против домашното насилство врз жените мора да стане приоритет за земјите членки. Собранието ги повикува земјите членки да прифатат полна одговорност и да ги преземат сите неопходни мерки за запирање на ваквото насилство. Собранието се заложува дека ќе ја поддржува и ќе го даде својот придонес во кампањата на Советот на Европа за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го домашното насилство. Кампањата ќе започне на 27 ноември 2006 година во Мадрид. Собранието го повторува своето барање до националните парламенти да го имплементираат проектот насловен "Парламентите обединети во борба против домашното насилство врз жените", со цел борбата против домашното насилство да стане приоритетна тема на нивната работа и на тој начин да придонесе кон кампањата на Советот на Европа, со сите парламентарни средства кои им се на располагање."

Постојаната комисија - која работи во името на Парламентарното собрание меѓу пленарните седници - вклучува околу осумдесет члена на парламенти од 46 земји членки на Советот на Европа.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***во Парламентарното собрание на Советот на Европа***

## ***ИНФОРМАЦИЈА***

***за состанокот на секретарите на националните делегациии на***
***ПС на С Е во Париз, Франција, 15 декември 2006 година***

***Скопје, декември 2006 година***

*На 15 декември 2006 година во Париз беше одржан редовен годишен состанок на секретарите на националните делегации во Парламентарното собрание на Советот на Европа, под раководство на генералниот секретар на Парламентарното собрание г. Матео Соринас и генералниот директор за организациони прашања г. Војчех Савицки. Притоа е информирано и остварена е размена на мислења за модификациите во Деловникот, новата организација на работите првиот ден на сесијата, зголемените мерки за безбедност, "екстранет проектот" за пристап до документите на комисиите и за подготовките за интерпарламентарните конференции во текот на годината.*

**1.** Во врска со **модификациите во Деловникот** истакнато е дека при акредитирањето на делегациите во 2007 година, треба според новиот член 6 да бидат доставени и потпишани свечени изјави дека членовите и замениците членови ги прифаќаат целите и базичните принципи на Парламентарното собрание на Советот на Европа

Заради транспарентноста кон информативните медиуми и јавноста на веб страницата на ПС на СЕ (http://assembly.coe.int), ќе бидат објавувани податоци за учеството во расправата по сите точки при што ќе бидат презентирани резултатите од гласањето, вклучувајќи ги имињата на присутните, бројот на присутните според членството во партиските групи и според бројот на гласовите кои им припаѓаат на националните делегации.

**2. Новата организација на работата првиот ден на сесијата** се состои во следново: наместо во понеделник во 15,00 часот сесиите ќе започнуваат со работа во 11,30 часот, при што ќе бидат вршени верификувањето на акредитациите на делегациите, изборот на претседателот и потпреседателите на ПС на СЕ, именувањето на членовите на комисиите, утврдувањето на прашањата за разгледување по ургентна процедура, усвојувањето на дневниот ред и усвојувањето на Извештајот за активностите.

Пријавата за присуство и учество во дебатата на членовите или замениците членови за првата претпладневна сесија треба да биде завршена до 10,00 часот претпладне, а крајниот рок за поднесување на амандмани за извештаиите кои ќе бидат разгледувани на попладневната сесија истиот ден е во 12,00 часот напладне.

Модификувано е времето на состаноците и средбите првиот ден на сесијата, и тоа: 8,00 - 9,30 состанок на Бирото; 9,30 - 11,30 состанок на политичките групи; 10,00 состанок на секретарите на националните делегации; 11,30 - 13,00 отворање на првата пленарна сесија; 14,00 - 15,00 состаноци на комисиите (при што ќе се избираат претседателот и потпреседателите на комисиите); 15,00 - 17,00 втора пленарна сесија; 17,00 -19,00 состаноци на политичките групи, а потоа традиционалните заеднички вечери.

**3.** Според **"екстранет проектот"** ќе биде креирана нова веб страница која од декември 2006 година ќе овозможи споделување на работниот простор за овластените корисници, членовите на делегациите и на секретаријатите. Со индивидуални пин-кодови ќе биде можен пристап до работните документи на комисиите и Бирото на ПС на СЕ и други работни информации за состаноците организирани од СЕ. На овој начин ќе биде редуцирано доставувањето на е-маил инфромациите и документите на ПС на СЕ, но и поштенските пратки со документите и ќе бидат намалени трошоците, а ќе биде зголемен бројот на достапните документи и ефикасноста во нивното користење. Информациите достапни за јавноста и натаму ќе можат да се користат преку досегашната веб страница на ПС на СЕ

**4.** Влегувањето во сила на **новите мерки за безбедност** во зградата на Советот на Европа подразбира проширување на мерките за проверка и поделба на зоните за движење на делегациите и публиката. Со оргиналниот концепт за Палатата на Европа била предвидена нејзината екстремна отвореност за јавноста, која особено по настаните од 11 септември започнува да се ограничува.

Во новите беџеви со вградени чипови, кои ќе служат за гласање и отворање на вратите во зоните за движење на пратениците. Нивната валидност ќе биде автоматски утврдувана врз основа на акредитацијата на делегациите внесена во компјутерскиот систем и нема да има потреба за налепување на стикери секоја година. Губењето или заборавањето на беџот треба да биде пријавено, а доколку тоа се случи повеќе од три пати трошокот за издавање на новиот беџ ќе биде на сметка на делегациите. За новите членови на делегацијата најдобро е претходно да биде доставена фотографија по е-маил.

Гостите ќе бидат примани врз основа на барања на делегациите, но нивното движење ќе биде ограничено. Секој член на делегацијата има можност да прими до два госта дневно за чие движење презема одговорност.

Навестено е донесување на одлука за забрана за пушење во зградата, со исклучок на за тоа определени простории.

**5.** Во врска со **претстојните активности** укажано е на подготовките за:

- кумулативно разгледување на состојбата на човековите права и демократијата во Европа (на еднодневата дебата во текот на априлската сесија) врз основа на извештаиите на комисиите за политички прашања, правни прашања и човекови права и монторинг, со цел да биде избегнат паралелизмот;
- Конференција за парламентарната димензија при набљудувањето на изборите, заради апликација на заедничките стандарди, во Стразбур на 15 и 16 февруари;
- Мешовитата конференција на Парламентарното собрание на Советот на Европа и на Парламентарното собрание на Заедницата на независни држави посветена на меѓукултурниот и меѓурелигискиот дијалог, во Санкт Петербург 31 мај и 1 јуни и
- Младинско собрание на Советот на Европа кое со помош на националните делегации треба да се одржи во текот на октомвриската сесија на ПС на Советот на Европа.

**6.** Во врска со **претстојната јануарска сесија** укажано е дека е побарано како ургентни прашања да бидат разгледувани ситуацијата во односите меѓу Русија и Грузија и појавите на насилство во секојдневниот живот во Европа. Се очекува одложената дебата за Косово да продолжи со учество и на специјалниот пратеник на генералниот секретар на ОН М. Ахтисари, а Извештајот за прием на Црна Гора треба да биде дополнет по уставните усогласувања и неговото разгледување е одложено. (Во прилог е даден нацртот на дневниот ред за јануарската сесија, усвоен на состанокот на Бирото на Парламентарното собрание, одржан на 15 декември).

* * * * *

Годишниот состанок на секретарите на делегациите заради својот информативно-работен карактер, беше можност за навремено запознавање со промените на деловничката процедура, начинот на дистрибуција и новиот пристап до документите на Советот на Европа по електронски пат. Укажано е и на претстојните споменати особено важни конференции и активности иницирани за наредниот период. Овие сознанија се добредојдени за навремени подготовки и определување на приоритетите на идниот ангажман на Делегацијата на Собранието на Република Македонија .

Со оглед на воведувањето на новите безбедносни мерки, за да биде одбегнато создавање на редици при регистрацијата на новите акредитации (околу 700 лица), овој пат беџевите за делегацијата и секретаријатите се дистрибуирани на состанокот во Париз. Дополнително треба да се доставаат податоците и фотографиите за промените во составите на делегациите.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ,***
***одржани од 17 до 20 ноември 2006 година на Малта***

***Скопје, декември 2006 година***

*Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ги одржа своите редовни Есенски состаноци од 17 до 20 ноември 2006 година на Малта. Во рамките на Есенските состаноци, што Парламентарното собрание на ОБСЕ ги организираше во соработка со Парламентот на Малта, беа одржани Парламентарната конференција "Имиграција, интеграција и дијалог меѓу културите: улогата на ОБСЕ", седницата на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ и Медитеранскиот парламентарен форум.*

*На есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав г. Јован Манасијевски, шеф на Делегацијата во ПС на ОБСЕ и г-ѓа Флора Кадри, член на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.*

*На трите состаноци беа разгледани бројни прашања од надлежност на оваа Организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа, како и соработката меѓу земјите од поширокиот медитерански регион и земјите членки на ОБСЕ.*

## ПАРЛАМЕНТАРНА КОНФЕРЕНЦИЈА "ИМИГРАЦИЈА, ИНТЕГРАЦИЈА И ДИЈАЛОГ МЕЃУ КУЛТУРИТЕ: УЛОГАТА НА ОБСЕ"

Во рамките на дводневната Парламентарна конференција на ОБСЕ на тема "Имиграција, интеграција и дијалог меѓу културите: улогата на ОБСЕ" на учесниците им се обратија бројни експерти од ова поле, меѓу кои високи претставници на земјата домаќин и на ОБСЕ. По обраќањата следеа дебати во кои пратениците разменија мислења и споделија искуства во врска со темите на Конференцијата.

Конференцијата ја отвори и воведен збор даде **г. Јоран Ленмаркер, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ**. Тој се заложи за отворена дискусија за прашањата поврзани со миграцијата и ги повика членовите на Парламентарното собрание да ги разгледаат позитивните аспекти на миграцијата, а не да се задржуваат единствено на проблемите сврзани со овој феномен. Тој ги презентираше и своите приоритети како претседател на ПС на ОБСЕ: зацврстување на улогата на Парламентарното собрание во рамките на Организацијата, обезбедување на помош и поддршка на ОБСЕ во разрешувањето на конфликтите и спречувањето на избувнување на нови конфликти, зацврстување на почитувањето на човековите права, борба против нелегалната трговија со луѓе, набљудување на избори, поголемо вклучување на земјите од Централна Азија во активностите на ОБСЕ и сл.

**Претседателот на Парламентот на Малта г. Антон Табоне** им посака на учесниците добредојде на Малта, подвлекувајќи дека стратешка позиција на земјата во срцето на Медитеранот ја прави одлично место за дијалог меѓу културите и цивилизациите. Подвлекувајќи дека имиграцијата, интеграцијата и дијалогот меѓу културите се меѓусебно поврзани и нивни заеднички именител се луѓето, тој се заложи за премин од мултикултурализам во интеркултурализам. Господинот Табоне во своето обраќање се задржа и на заканата што ја претставува илегалната имиграција и трговијата со луѓе, истакнувајќи дека за овие прашања е потребен мултилатерален пристап, бидејќи ниедна земја не може сама да ги разреши.

**Шефот на Малтешката делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ г. Џејсон Азопарди**, се задржа на илегалната миграција, која од минатата година е вклучена во агендата на Европската унија. Оценувајќи ја илегалната миграција како феномен на модерното време, тој подвлече дека земјите на потекло се соочени со "одлив на мозоци" и недостаток на работна сила, додека земјите кои претставуваат транзит или крајна дестинација се соочуваат со тешкотии при обезбедувањето на помош за константниот прилив на емигранти.

Конференцијата продолжи со работа по четири сесии. Во рамките на ***првата работна сесија*** на тема: "*Промовирање на интеграцијата во ОБСЕ: предизвик за мултиетничките општества*", воведни излагања поднесоа: г. Петер Шацер, регионален

директор за Медитеранот на Меѓународната организација за миграции (ИОМ), проф. Гвидо де Марко, почесен претседател на Малта и амбасадорот г. Вернер Вент, шеф на Мисијата на ОБСЕ на Косово. Модератор на работната сесија беше сенаторот Џери Графштајн, благајник на Парламентарното собрание на ОБСЕ.

**Господинот Петер Шацер** се задржа на соработката меѓу Меѓународната организација за миграции и ОБСЕ во борбата против нелегалната трговија со луѓе и другите прашања поврзани со миграцијата, влкучувајќи ја и безбедноста. Тој укажа дека е неопходен сеопфатен и балансиран пристап кон миграцијата, односно политики и мерки во врска со регуларната и нерегуларната миграција, човековите права на емигрантите, миграцијата и развојот, меѓудржавните договори и соработка, интеграцијата на мигрантите и нивното враќање во земјите на потекло и сл.

Осврнувајќи се на миграцијата и демографските фактори, г. Шацер подвлече дека во Европа живеат најголем дел од вкупно 191 милион емигранти во светот, односно секој трет емигрант живее во Европа. Демографските трендови, зголеменото ниво на глобалната економска интеграција и јазот во приходите меѓу развиените и земјите во развој укажуваат дека миграцијата кон Европа ќе продолжи и во иднина.

**Професорот Гвидо Де Марко**, кој е поранешен претседател на Малта, поранешен претседател на Генералното собрание на ОН, поранешен министер во повеќе влади на Малта, пратеник во повеќе наврати и еден од пионерите на Парламентарното собрание на ОБСЕ, се заложи за промовирање на мултиетничка и мултикултурна Европа. Тој се задржа на проблемот со интрегацијата на емигрантите во Европа, преку конкретни примери, укажувајќи на потребата за сеопфатни активности на овој план.

**Амбасадорот г. Вернер Вент, шеф на Мисијата на ОБСЕ на Косово** подвлече дека ОБСЕ е активно вклучена во поддршката на мултиетничките општества, а особено во земјите од Западен Балкан. Тој истакна дека е потребно повторно да се воспостави доверба во сите земји од овој регион, а особено на Косово. Амбасадорот Вент оцени дека Косово постигнало значаен напредок во зацврстувањето на судскиот систем и зајакнувањето на капацитетите на Собранието, но е потребна дополнителна помош за функционирањето на привремените локални власти. Тој посочи дека седум години по конфликтот, Косово треба да биде подготвено за процесот на помирување, по примерот на европските земји по Втората светска војна.

Во дискусијата што следеше доминираа отворените прашања, како што се: што значи да се биде успешно интегриран, кое ниво на интеграција е потребно за секоја категорија на емигранти, какви владини политики се потребни во областа на јазикот и пристапот до социјални услуги, образование и здравствена грижа и сл. Беше ставен акцент и на состојбата во Косово, а пред сé на проблемот со бегалците, протераните и внатрешно раселените лица, како и идниот статус на Косово.

Со ***втората работна сесија*** на тема "*Етничкиот идентитет и културната разновидност*" претседаваше г. Роберто Бателии, специјален претставник на ПС на ОБСЕ за Југоисточна Европа и шеф на Словенечката делегација, а воведно излагање **поднесе г. Рание Фсадни** од Медитеранскиот институт при Универзитетот на Малта.

Дискусијата беше фокусирана на позитивните аспекти од миграцијата, потребата за дијалог, толеранција и рамноправен третман на мигрантите, волјата за соживот, потребата за нови миграциони политики и миграциони квоти и сл. Како пример за мултиетничко живеење беше посочен градот Торонто во Канада, каде што нема малцинства, односно сите граѓани се еднакви, а во администрацијата секојдневно се во употреба 36 јазици.

***Третата работна сесија*** на тема "*Миграција и безбедност*" ја отворија г. Карл Е. Вајков, шеф на Одделот на ОБСЕ за акција против тероризмот (ATU) и г. Хозе Хоакин Гома Торес, координатор за меѓународни и институционални прашања во Државниот секретаријат за имиграција при Министерството за труд во Шпанија. Модератор на сесијата беше г. Жоао Соареш, потпретседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ.

**Господинот Карл Е. Вајков** се осврна на активностите на Одделот на ОБСЕ за акција против тероризмот (ATU) за поддршка на придонесот на ОБСЕ во глобалните напори за спречување на тероризмот, што во одредена мерка е поврзано со прашањето

на имиграцијата. Тој оцени дека во регионот на ОБСЕ е постигнат значаен напредок во врска со спречувањето на преминот на границите од страна на терористи и криминалци, но и понатаму постои потреба за подобрување на контролата на границите.

Господинот Вајков се осврна и на соработката со Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO), ИНТЕРПОЛ, Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC), Светската организација за царини (WCO), Меѓународната организација за миграции (IOM) и др.

**Господинот Хозе Хоакин Гома Торес** даде осврт на функционирањето на Државниот секретаријат за имиграција при Министерството за труд во Шпанија и се задржа на различните видови на миграција, разните типови на граници, ефектите од различните миграциони политики и сл. Тој се осврна и на проблемите со кои се соочува Шпанија во врска со постојаниот прилив на илегални емигранти, кои најчесто пристугнуваат од Африка, по морски пат, во субстандардни пловни објекти. Господинот Гома Торес ја подвлече потребата од адекватни правни инструменти за борба против трговијата со емигранти, како и неопходноста за соработка меѓу земјите, особено меѓу оние кои се наоѓаат на т.н. миграциони рути.

Во дискусијата по воведните обраќања, членовите на Парламентарното собрание на ОБСЕ се задржаа на современите безбедносни ризици поврзани со миграцијата, како што се тероризмот, илегалните мрежи на миграција, потенцијалното криумчарење на оружје за масовно уништување, "домашните" терористи кои се често втора или трета генерација на емигранти, безбедноста на патните исправи итн.

Во рамките на ***четвртата работна сесија*** се одржа дебата на тема "*Илегална имиграција",* под модераторство на г. Панос Каменос, потпретседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ. На учесниците им се обратија: г. Тонио Борг, заменик на премиерот на Малта и министер за правда и внатрешни работи, г. Гавин Гулиа, портпарол за внатрешни работи на опозицијата на Малта и Н.Е. г-ѓа Моли Х. Бордонаро, амбасадор на САД во Малта.

**Господинот Тонино Борг** и **г. Гавин Гулија** се осврнаа на ефектите од илегалната миграција во малите земји, а особено на случајот со Малта. Беше укажано дека Малта е најмалата и најгусто населената држава во Европската унија, а трета по густината на населеност во светот. Пристигнувањето на еден илегален емигрант во Малта е еквивалентно со влезот на 140 емигранти во Италија, 150 во Обединетото Кралство или 205 илегални емигранти во Германија. Од 2002 година на Малта влегле околу 7.000 илегални емигранти, што зборува за големите социо-економски предизвици со кои се соочува земјата, како директна последица од овој меѓународен феномен. Малта ги почитува меѓународните и моралните обрски за обезбедување на азил или заштитен хуманитарен статус и повеќе од половината од илегалните емигранти се здобиле со ваков статус, што претставува највисока стапка на прифаќање во Европската унија. Од претставникот на опозицијата г. Гулија, беше укажано дека случајот на Малта експлицитно ги покажува недостатоците на Конвенцијата "Даблин II" и слабоста на Европското право и политика на миграција. Тој истакна дека согласно со оваа конвенција, Малта добива финансиска помош од ЕУ за справување со илегалната миграција, но нема право да ги дислоцира емигрантите во други земји од Унијата.

**Амбасадорот г-ѓа Моли Х. Бордонаро** се осврна на ефектите од илегалната миграција во големите земји, со посебен осврт на проблемите со кои се соочува САД. Таа укажа дека во САД прашањето на илегалната имиграција и фрустрацијата дека Владата не може да го контролира овој растечки проблем, ја замаглуваат значајната дискусија за бројните придобивки од легалната миграција и интеграција. Ова се покажало на последните избори, кога многу гласачи се изјасниле дека илегалната имиграција е едно од главните прашања кои го детерминирале нивниот избор за кого да гласаат.

Амбасадорката Бордонаро информираше дека секоја година во САД илегално влегуваат меѓу 500.000 и 850.000 емигранти, од кои 57% потекнуваат од Мексико, 24% од другите држави во Латинска Америка, 9% од Азија, 6% од Европа и Канада и 4% од другите делови на светот. Најголем број од нив илегално ја преминуваат јужната граница на САД со Мексико, но голем процент влегуваат легално, како привремени

посетители, а потоа не ја напуштаат земјата. Осврнувајќи се на дебатата што се води во САД во врска со нелегалната миграција, г-ѓа Бордонаро се задржа на зацврстувањето на безбедноста на границите, подобрувањето на законодавството за миграцијата и механизмите за легализација на илегалните имигранти кои претставуваат дел од работната сила.

Во дискусиите што следеа беше подвлечено дека најчестите причини за илегалната миграција претставуваат нарушувањата на човековите права, несигурноста и нестабилноста продизвикани од слабите економии, неадекватната распределба на богатствата и природните ресурси, религиозниот екстремизам, политичката репресија, конфликтите и природните катастрофи во земјите на потекло, како и желбата за подобар економски стандард и квалитет на живот. Неподелени беа заложбите за изнаоѓање на трајни решенија за враќање, реадмисија и реинтегација на илегалните емигранти во нивните земји на потекло, потребата за подобрување на ефикасноста во управувањето со границите во земјите на потекло и транзит, како и елиминацијата на нелегалната трговија со луѓе. Беше укажано и на потребата за унапредување на менаџментот со илегалните емигранти во транзитните земји и подобрата интеграција на емигрантите во земјите кои претставуваат нивна крајна дестинација.

## СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 18 ноември 2006 година. На седницата учествуваше шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ г. Јован Манасијевски.

Претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ **г. Јоран Ленмаркер** даде извештај за активностите што ги реализирал по неговиот избор за претседател на Собранието на Годишната сесија, одржана во јули 2006 година во Брисел. Во своето прво обраќање во својство на претседател пред Постојниот комитет на ПС на ОБСЕ, г. Ленмаркер му упати благодарност на својот претходник, конгресменот г. Алси Хејстингс, за успешното и цврсто раководење со Парламентарното собрание во неговиот двегодишен мандат. Господинот Јоран Ленмаркер се осврна на целите и приоритетите за кои ќе се залага за време на својот мандат, а кои вклучуваат зацврстување на улогата на Парламентарното собрание, поддршка на ОБСЕ во процесот на разрешување на преостанатите нерешени конфликти и зацврстување на активностите за набљудување на изборните процеси. Тој информираше за остварените посети на Меѓународниот секретаријат во Копенхаген и институциите на ОБСЕ во Варшава, како и официјалните посети на Белгија, Шпанија, Германија и Русија. Господинот Ленмаркер, исто така, информираше за своето обраќање пред Постојаниот совет на ОБСЕ на 14 ноември 2006 година во Виена, каде што се осврнал на последните активности на Парламентарното собрание и на препораките од Бриселската декларација.

Благајникот на Парламентарното собрание **сенаторот Џери Графштајн** даде преглед на финансиската состојба на Организацијата за фискалната година која завршила на 30 септември, истакнувајќи дека веќе 14 години по ред Парламентарното собрание успешно функционира во рамките на предвидениот буџет. Тој се заблагодари на Данскиот парламент за нивниот финансиски придонес, со кој се плаќа киријата на канцелариите на Секретаријатот во Копенхаген, како и на Владата во Австрија која обезбедува финансиска поддршка за Канцеларијата за врски во Виена.

Генералниот секретар на Парламентарното собрание на ОБСЕ **г. Спенсер Оливер**, поднесе извештај за активностите на меѓународниот секретаријат за поддршка на работата на претседателот, како и на Парламентарното собрание во целина.

Постојаниот комитет ги разгледа и ги усвои Предлозите на амандманите за измена на Деловникот на Парламентарното собрание на ОБСЕ, предложени од Поткомитет за измени на Деловникот. Претседателот на овој Поткомитет **г. Питер де Крем**, информираше дека откако биле разгледани сите предложени амандмани, поткомитетот утврдил девет амандмани кои се однесуваат на измени во составот на Бирото на Собранието, вклучување на одредби за Есенските состаноци во Деловникот,

ревидирање на изборот и мандатот на генералниот секретар, зацврствување на следењето на активностите на ПС на ОБСЕ и сл.

Најголема дебата се разви по Предлогот на амандманот за измена на Правилото број 38 кое се однесува на Секретаријатот на Парламентарното собрание. Со овој амандман беше предвидено генералниот секретар да се назначува на предлог од Бирото, со тајно гласање во Постојаниот комитет и со двотретинско мнозинство, за мандат од пет години и со можност да биде двапати реизбран, при што Постојаниот комитет може да го разгледа и натамошното продолжување на мандатот со мнозинство гласови. Овој амандман не го доби потребното мнозинство за измена на Деловникот (консензус минус еден). Против амандманот гласаа шефовите на парламентарните делегации на Франција и Бугарија.

Шефовите на делегациите едногласно ги усвоија другите осум амандмани на Деловникот, предложени од Поткомитетот за измени на Деловникот.

На Постојаниот комитет му беа презентирани извештаите за набљудувањето на парламентарните избори во Црна Гора, Босна и Херцеговина и Латвија и претседателските избори во Таџикистан. Од страна на учесниците во набљудувачкиот процес и од генералниот секретар на Собранието беше укажано на проблемите и ривалството со Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ-ОДИХР), чии претставници не се придржуваат до Договорот за соработка потпишан меѓу двете организации, како и на чекорите што се преземени за да се надмине ваквата ситуација. Истовремено, пратениците беа информирани дека ПС на ОБСЕ ќе ги набљудува претстојните парламентарни избори во Србија, кои ќе се одржат на 21 јануари 2007 година.

Членовите на Постојаниот комитет беа информирани за активностите на ад хок комитетите за Белорусија и за Авказија и на специјалните претставници за родови прашања, за Југоисточна Европа и за конфликтот во Нагорно Карабак.

Во согласност со воспоставената практика, на членовите на Постојаниот комитет им се обрати генералниот секретар на ОБСЕ **амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо**, кој информираше за Предлогот на буџетот на ОБСЕ за 2007 година. Генералниот секретар даде осврт на трошоците на ОБСЕ, истакнувајќи дека 67% од буџетот е предвиден за активностите на терен, 21% за Секретаријатот и 12% за институциите на ОБСЕ. Амбасадорот д Бришамбо одговараше на прашањата од пратениците во врска со Предлогот на буџетот, темите за кои ќе се дискутира на претстојниот Министерски состанок во Брисел, кандидатурата на Казахстан за претседавач со ОБСЕ во 2009 година и др.

Новиот специјален претставник за буџетот на ОБСЕ **г. Петур Блондал**, шеф на Парламентарната делегација на Исланд, нагласи дека своите активности ќе ги фокусира на имплементацијата на препораките на Парламентарното собрание во ОБСЕ и надзорот на буџетот на Организацијата.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така дискутираа за претстојните состаноци на Собранието: седницата на Проширеното биро во рамките на Состанокот на Министерскиот совет на ОБСЕ (3 декември 2006, Брисел), учеството на Делегацијата на Парламентарното собрание на Состанокот на Министерскиот совет (4 и 5 декември 2006, Брисел), Зимската сесија на ПС на ОБСЕ (22 и 23 февруари 2007, Виена), седницата на Проширеното биро (23 април 2007, Копенхаген), Економската конференција на ПС на ОБСЕ (од 24 до 26 мај 2007, Андора), Шеснаесеттата годишна сесија на ПС на ОБСЕ (од 5 до 9 јули 2007, Киев) и Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ (од 29 септември до 1 октомври 2007, Порторож).

## МЕДИТЕРАНСКИ ПАРЛАМЕНТАРЕН ФОРУМ

Седницата на Медитеранскиот парламентарен форум ја отвори претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ **г. Јоран Ленмаркер**, кој истакна дека Медитеранската димензија на ОБСЕ треба да се осврне на прашањата поврзани со слободната трговија, социјалниот развој и животната средина во регионот.

На учесниците им се обрати **г. Антон Табоне,** спикер на Малтешкиот парламент, кој нагласи дека Медитеранот е динамичен простор што стимулира постојана размена на економски, социјални и културни активности и обединува три различни континенти. Тој потсети дека безбедноста на Европа е тесно поврзана со безбедноста на Медитеранот и се заложи за продлабочување на парламентарната соработка во регионот, преку Евромедитеранското собрание, Медитеранската димензија на ПС на ОБСЕ и, пред се, преку новоформираното Парламентарното собрание на Медитеранот, чиј Извршен секреаријат ќе биде лоциран на Малта.

На отворањето говореа и **г. Џејсон Азопарди**, шеф на Малтешката делегација во ПС на ОБСЕ, **г. Алси Хејстингс**, почесен претседател на ПС на ОБСЕ и специјален претставник за Медитеранот и **амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо**, генерален секретар на ОБСЕ, кој се осврна на очекувањата и перспективите за регионот по Конфренцијата од Шарм-ел-Шеик.

Во рамките на Медитеранскиот парламентарен форум се одржа *дебата за* ***"Состојбата на Блискиот Исток",*** со која претседаваше специјалниот претставник за Медитеранот и поранешен претседател на Парламентарното собрание конгресменот Алси Хејстингс. Воведни излагања за дебатата поднесоа: г. Мајкл Френдо, министер за надворешни работи на Малта, г. Мехмет Дулгер, претседател на Комисијата за надворешна политика на Парламентот на Турција, г-ѓа Колет Авитал, потпретседател на Кнесетот на Израел и шеф на Израелската делегација во Парламентарното собрание на ОБСЕ и амбасадорот Ахмед Катаб од Министерството за надворешни работи на Египет.

Министерот **г. Мајкл Френдо** се заложи за продлабочување на соработката на меѓународен план, со цел за разрешување на конфликтите на Блискиот Исток и повика на зголемување на поддршката на умерените сили во регионот. Истовремено, тој ја поздрави позитивната улога што ја одигра Европската унија во Либан. **Господинот Мехмет Дулгер** укажа на потребата за воспоставување на мерки за градење на доверба меѓу Либан и неговите соседни земји и оцени дека палестинското прашање треба да биде централно во дебатата за состојбата на Блискиот Исток. Потпретседателот на Израелскиот парламент **г-ѓа Колет Авитал** го подвлече значењето на изнаоѓање на мирољубиво решение кое вклучува формирање на две држави и покрај тешкотиите што би произлегле од таквото решение. Таа го повика Парламентарното собрание на ОБСЕ да ја осуди Конференцијата за негирање на холокаустот што ќе се одржи во Техеран и потсети дека Иран е единствената земја членка на Обединетите нации која отворено се залага и се подготвува за уништување на друга земја членка на ОН. **Амбасадорот Ахмед Катаб,** исто така, се заложи за решение кое опфаќа две држави, оценувајќи го истото како единствена солуција за постигнување на мир во регионот.

Во дебатата што следеше дискусиите беа фокусирани на развојот на настаните на Блискиот Исток, потребата за постигнување на траен мир, како и изгледите и перспективите за регионот.

* * * * *

Во текот на Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија остварија бројни контакти со пратеници од повеќе земји, на кои беа разменети мислења за билатералната и мултилатералната соработка и најактуелните случувања на меѓународен план. Одделни средби беа остварени со амбасадорот г. Вернер Вент, шеф на Мисијата на ОБСЕ на Косово и г. Роберто Батели, специјален претставник на ПС на ОБСЕ за Југоисточна Европа и шеф на Словенечката делегација.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ претстојуваше и во Рим, каде што оствари средба со амбасадорот г. Љупчо Тозија и дипломатите во Амбасадата на Република Македонија во Република Италија.

* * * * *

На Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваа над 250 парламентарци од 47 земји членки на ОБСЕ, четири земји партнери, две меѓународни парламентарни собранија и Европскиот парламент, високи претставници на земјата домаќин, на ОБСЕ и на други меѓународни организации, експерти од обласа на миграциите, како и претставници на Парламентот на Либија, кои за прв пат учествуваат во активностите на ова Собрание. Со тоа Парламентарното собрание на ОБСЕ ја потврди својата улога во промовирањето на парламентарното учество и олеснувањето на интерпарламентарниот дијалог и соработка, како и поддршката на јакнењето на демократските институции и придонесот во соработката меѓу институците на ОБСЕ.

Со учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање на пратениците во активностите на меѓународните парламентарни собранија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија
во Интерпарламентарната унија***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на 115-то Собрание на Интерпарламентарната унија,
одржано од 16 до 18 октомври 2006 година
во Женева, Швајцарска Конфедерација***

***Скопје, ноември 2006 година***

*Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 115-то заседание од 16 до 18 октомври 2006 година, во Меѓународниот конференциски центар во Женева, Швајцарска Конфедерација. На 115-то Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците Агрон Буџаку, шеф на Делегацијата и Славица Грковска, член на Делегацијата како и Рокса Георгиевска, заменик генерален секретар и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата. На дел од активностите присуствуваше и Ѓорѓи Аврамчев, амбасадор во Постојаната мисија на Република Македонија во Женева.*

*Во рамките на 115-то Собрание на ИПУ седници одржаа трите постојани комисии на Интерпарламентарната унија, Управниот совет на ИПУ, Здружението на генералните секретари на парламентите, како и други тела, геополитички групи и облици на ангажирање во рамките на ИПУ.*

## *115-то СОБРАНИЕ НА ИПУ*

Сто и петнаесеттото Собрание на Интерпарламентарната унија го отвори г. Пјер Фердинандо Казини, претседател на ИПУ. По официјалното отворање на Собранието, претседателот на ИПУ беше избран за претседател на Собранието, додека за потпретседател на Собранието беше избрана г-ѓа Менсах Вилијам (Намибија). Во работата на Собранието учествуваа делегации на 128 парламенти[1] (од 143 парламенти - членови на Унијата и седум асоцирани делегации). Од придружните членови, во работата на Конференцијата учествуваа регионалните парламентарни асоцијации,[2] а во својство на набљудувачи - делегации на Палестина, како и претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[3] и други претставници на меѓународни и регионални организации,[4] на невладини организации[5] итн.

На Заседанието учествуваа 1.165 делегати, од кои 485 члена на парламенти. Од делегатите - членови на парламентите, 39 беа носители на претседавачка функција, 24 носители на потпретседавачка функција и 148 жени парламентарки (30,5%).

---

[1] Албанија, Австрија, Алжир, Андора, Ангола, Аргентина, Азербејџан, Австралија, Бангладеш, Бахреин, Белгија, Белорусија, Бенин, Боливија, Босна и Херцеговина, Бразил, Боцвана, Брегот на Слоновата Коска, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Венецуела, Виетнам, Габон, Гана, Гватемала, Гвинеја, Германија, Грција, Грузија, Данска, Доминиканска Република, Демократска Република Конго, Демократска Република Кореја, Египет, Еквадор, Ел Салвадор, Ерменија, Естонија, Етиопија, Зимбабве, Израел, Индија, Индонезија, Иран (Исламска Република), Ирска, Исланд, Италија, Јапонија, Јемен, Јордан, Јужна Африка, Канада, Казахстан, Кенија, Кина, Кипар, Киргистан, Конго, Куба, Кувајт, Лаос, Латвија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Литванија, Лихтенштајн, Луксембург, Маврициус, Мадагаскар, Малезија, Малдиви, Мали, Малта, Мароко, Мексико, Монако, Монголија, Намибија, Непал, Нигерија, Нов Зеланд, Норвешка, Никарагва, Нигер, Обединета Република Танзанија, Обединето Кралство, Обединети Арапски Емирати, Пакистан, Панама, Перу, Полска, Португалија, Република Кореја, Република Молдова, Република Македонија, Романија, Руанда, Руска Федерација, Сан Марино, Сао Томе и Принципе, Саудиска Арабија, Сенегал, Сингапур, Сириска Арапска Република, Словачка, Словенија, Србија и Црна Гора, Судан, Суринам, Тајланд, Того, Тунис, Турција, Уганда, Украина, Обединета Република Танзанија, Унгарија, Уругвај, Филипини, Финска, Франција, Фиџи, Холандија, Чешка Република, Чиле, Џибути, Швајцарија, Шведска, Шпанија и Шри Ланка.

[2] Андскиот парламент, Централноамериканскиот парламент, Европскиот парламент, Латиноамериканскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентот на Економската заедница на западноафриканските држави.

[3] Обединетите нации, Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD), Меѓународната организација на трудот (ILO), Организацијата за храна и земјоделство (FAO), Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (UNESCO), Канцеларијата на Високиот комесар на ООН за бегалци (UNHCR), Организацијата за образование, наука и култура (UNESCO), Фондот за деца на ООН (UNICEF), Волонтерите на ООН (UNV), Светската организација за здравство (WHO), Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд (IMF) и Светската трговска организација (WTO).

[4] Африканската унија, Меѓународната организација за миграции (IOM), Лигата на арапски држави, Арапската интерпарламентарна унија (AIPU), Африканската парламентарна унија (APU), Собранието на Западноевропската унија (AWEU), Здружението на европските парламентарци за Африка (AWEPA), Магребскиот консултативен совет, Парламентарното собрание на Унијата на Белорусија и Руската Федерација, Парламентарното здружение за евроарапска соработка (PAEAC), Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (PUOICM) и Организацијата за забрана на хемиското оружје (OPCW).

[5] Amnesty International, Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC) и Меѓународната федерација на здруженијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

## *ИТНА ДОПОЛНИТЕЛНА ТОЧКА НА ДНЕВНИОТ РЕД*

Согласно со Статутот, Собранието на Интерпарламентарната унија се изјаснуваше за дополнување на дневниот ред со итна дополнителна точка. Беше поднесен следниов предлог за дополнување на дневниот ред:

*Од Алжир и Јордан* "Улогата на парламентите во натамошното мобилизирање на меѓународната заедница во повторно обновување на Либија, поддршка на нејзиниот развој и нејзината економија и постигнување на трајниот мир на Блискиот Исток".

Од Јапонија "Објавување од страна на Демократска Народна Република Кореја на своите тестирања на нуклеарно оружје и зајакнување на режимот за нуклеарна непролиферација".

По гласањето, предлогот поднесен од Делегацијата на Јапонија беше усвоен.

Дебатата по итната дополнителна точка се одржа на 17 октомври 2006 година и со седницата претседаваше г. Новоа, претседател на Генералното собрание и на Сенатот на Уругвај. Во дебатата учествуваа 18 говорници од 17 парламентарни делегации и еден набљудувач. Техничката комисија, составена од парламентарци од Бенин, Чиле, Исламската Република Иран, Јапонија, Мексико, Холандија, Нов Зеланд, Пакистан, Португалија, Република Кореја и Руската Федерација, подготвија Предлог на резолуција и му го поднесе за усвојување на Собранието на ИПУ.

Нацртот на резолуцијата на 18 октомври беше усвоен со поединечно изјаснување на делегациите.

## *РАБОТА НА КОМИСИИТЕ*

**Првата постојана комисија за мир и меѓународна безбедност** на седниците одржани на 17 и 19 октомври 2006 година расправаше за третата точка на дневниот ред на Собранието "*Соработката меѓу парламентите и Обединетите нации во промовирање на светскиот мир, посебно од аспект на борбата против тероризмот и енергетската безбедност*". Во работата на Комисијата учествуваше шефот на Делегацијата Агрон Буџаку.

Комисијата дискутираше по Извештајот и Предлогот на резолуцијата подготвени од известителот Молер од Исланд и коизвестителот Мабедели од Јужна Африка. На текстот на резолуцијата беа поднесени 201 амандман од кои 65 беа усвоени. Поголем дел од дискусиите се однесуваа на промена на насловот на резолуцијата со цел за појасно објаснување на значењето. Делегацијата на Венецуела искажа резерви во однос на сите членови на резолуцијата кои се однесуваат на енергетската безбедност.

По дебатата беше формирана Техничка комисија составена од парламентарци од Алжир, Белгија, Бенин, Данска, Египет, Индија, Израел, Јапонија, Малезија, Мексико, Руската Федерација, Судан, Тунис, Обединетото Кралство и Венецуела.

На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Првата комисија за 116-то Собрание на ИПУ:

- *за 116-то Собрание* "Улогата на парламентите во изнаоѓање баланс меѓу националната безбедност, човековата безбедност и индивидуалните слободи", а за известители ги номинираше Лорд Морис на Аберавон од Обединетото Кралство.

Во **Втората постојана комисија за траен развој, финансии и трговија** на 16 и 18 октомври 2006 година се оствари расправата за четвртата точка на дневниот ред "*Улогата на парламентите во надгледување на достигнувањата на Милениумските развојни цели, особено во врска со проблемот на долгот и намалувањето на сиромаштијата и корупцијата*".

Комисијата ги разгледа Извештајот и Предлогот на резолуцијата поднесени од известителите, поднесените амандмани, како и информацијата подготвена од Секретаријатот .

Во дискусијата учествуваа 61 говорник од 55 земји и меѓународни организации.

На седницата одржана на 18 октомври, Втората постојана комисија го разгледа консолидираниот текст на Предлогот на резолуцијата по што резолуцијата беше

прифатена со консензус. На седницата, исто така, беше определена темата за дискусија на Втората комисија за 116-то Собрание на ИПУ:

*за 116-то Собрание* "Парламентарниот надзор на државните политики за странска помош во ерата на глобализацијата".

**Третата постојана комисија за демократија и човекови права** на седниците одржани на 16 и 18 октомври расправаше за петтата точка од дневниот ред на Собранието "*Исчезнати лица*". Со Комисијата претседаваше г-ѓа Ј. К. Јо од Република Кореја, при што беа одржани две седници. Во работата на Третата постојана комисија учествуваше пратеникот *Славица Грковска*.

Комисијата дискутираше по Извештајот и Предлогот на резолуцијата подготвени од известителите Гадиент од Швајцарија и Николини од Уругвај, како и по амандманите на Нацртот на резолуцијата поднесени од делегациите од Алжир, Аргентина, Канада, Чиле, Египет, Германија, Исламската Република Иран, Јапонија, Мексико, Нигерија и Швајцарија.

Во расправата учествуваа 46 дискутанти, меѓу кои и членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија *Славица Грковска*.

Во рамките на својата дискусија Грковска искажа задоволство и поддршка на добро избраната тема за "Исчезнати лица", со оглед на тоа што таа тема не е доволно обработена во правните акти на меѓународната заедница и не е главна грижа на државите, меѓународните организации и невладиниот сектор. Тоа особено се однесува на исчезнување на лицата во вооружените конфликти и внатрешните насилства.

Таа посочи дека меѓународното хуманитарно право би требало во иднина уште повеќе да се надградува и да ги интегрира проблемите на исчезнатите лица и нивните семејства. Тоа ќе претставува добра рамка и основа за националните парламенти на ова прашање да посветат поголемо внимание во иднина.

Во врска со случувањата во Република Македонија, од времето на вооружените дејствија во 2001 година, има повеќе лица на кои им се губи секаква трага за време на воениот конфликт. Дел од лицата со посредство на меѓународните мисии беа ослободени, меѓутоа досега е неизвесна судбината на 12 киднапирани Македонци од кризниот регион, како и други осум лица, претежно лица со албанско етничко потекло од другите региони. Семејствата на овие лица живеат во четиригодишна агонија, постојано барајќи од институциите на државата какви било информации за своите најблиски. Владата на Република Македонија, односно Министерството за внатрешни работи, согласно со законските овластувања презема континуирани и организирани активности за откривање на идентитетот на можните киднапери, како и добивање сознанија за пронаоѓање на киднапираните и исчезнатите лица. И покрај тоа што Владата определи парична награда од 500, 000 евра за давање информации за киднапираните и исчезнати лица и објави јавен повик за давање вакви информации, за што беше отворена специјална телефонска линија, тоа не беше доволно, истрагата да има прогрес. На иницијатива на Европската унија се основаше Комисија за киднапирани и други исчезнати лица, но и овие напори не беа доволни за добивање на потребните информации.

Со изложување на сите овие податоци, пратеникот Грковска уште еднаш потенцираше дека станува збор за исклучително тежок проблем и процес, со кои се соочи и Република Македонија, при што таа укажа дека сите како парламентарци во националните парламенти треба што повеќе да се заложат за донесување на потребната законска регулатива за исчезнатите лица и да придонесат за расветлување на судбината на своите граѓани.

Во таа насока во Собранието на Република Македонија, неодамна се усвои Законот за заштита на сведоци, кој е добра основа за расветлување на многу тајни за исчезнатите лица. Парламенатниот притисок кон владините институции мора да биде силен и постојан не само за решавање на проблемот на исчезнати лица, туку и за насочување на вниманието кон грижа од страна на државата за нивните семејства со доделување на помош, како и спречување на натамошни исчезнувања.

Натамошното подобрување на правната регулатива во државите, мора да се движи во насока на признавање на правото на семејствата да знаат и да добијат

информации за судбината на исчезнатите и добивање на правен статус на исчезнатите лица.

Понатаму на 18 октомври Третата постојана комисија со консензус го донесе и Нацртот на резолуцијата поднесен од известителите, изменет со прифатените амандмани. На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Третата комисија за 116-то Собрание на ИПУ. Членовите на Комисијата одлучија на Собранието да му ја предложат следнава тема за вклучување во дневниот ред на следниве собранија:

*-за 116-то Собрание* "Оспособување на граѓаните преку ефективен режим на право на информирање".

***УСВОЈУВАЊЕ НА РЕЗОЛУЦИИТЕ НА 115-то СОБРАНИЕ НА ИПУ***

На пленарна седница одржана на 17 октомври 2006 година Собранието расправаше и ги усвои извештаите на постојаните комисии и предложените резолуции за точките од дневниот ред. Усвоените резолуции се доставени во прилог на Извештајот.

***Членство во Унијата***

Управниот совет го одобри барањето за прием на парламентите на Гамбија, Црна Гора и Палау, додека заради воениот удар во Тајланд го суспендираше членството во ИПУ на оваа земја. Во моментот ИПУ брои 148 члена и седум меѓународни парламентарни асоцијации како асоцирани членови.

Управниот совет го одобри барањето за добивање на статус на набљудувач на Организацијата за забрана на хемиско оружје (OPCW).

***Финансиска состојба на Унијата и буџет за 2007 година***

На седницата беше дистрибуиран писмен извештај за финансиската состојба на Интерпарламентарната унија заклучно со 30 јуни 2006 година, со список на членките кои имаат заостанат долг кон Унијата. Пет земји членки на ИПУ имаат заостанат долг и се предмет на санкционирање. Генералниот секретар посочи дека ИПУ ќе ја заврши финансиската година со вишок на средства од околу 2 %. Овој вишок ќе биде употребен за зголемување на Капиталниот фонд, кој изнесува околу 5,1 милион швајцарски франци.

Известителот на Извршниот комитет г. Остин (Обединетото Кралство), поднесе извештај за предлогот на програмата и буџетот за 2007 година.

***Соработка со системот на Обединетите нации***

Советот го имаше прегледот на сите активности на ИПУ кои се извршиле во соработка со Обединетите нации. Советот го потврди Нацртот на спогодбата за соработка со Демократскиот фонд на Обединетите нации, кој воспоставува рамка во која двете страни ќе работат заедно за прашања од заеднички интерес во контекст на поддршка на демократијата во светот.

Спогодбата беше формално потпишана во Женева во текот на седницата на Советот на 17 октомври 2006 година.

Советот го одобри предложениот Меморандум за разбирање меѓу Одделението за економски и социјални работи на Обединетите нации и ИПУ , во врска со Глобалниот центар за информации и комуникациска технологија. Целта на Центарот е градење на капацитети во парламентите преку Глобалниот центар и промовирање на релевантно законодавство.

Советот ја ислуша презентацијата за преговорите што се водат во Њујорк во врска со Резолуцијата на Генералното собрание за соработката меѓу Обединетите нации и ИПУ.

***Консолидирање на реформата на ИПУ***

Советот доби извештај од претседателот на работната група за реформите. Во извештајот се бара да се зајакне улогата на постојаните комисии на ИПУ, да се зајакне улогата на претседателот на ИПУ за да обезбеди политичко водство и да продолжи со градење на стратешко партнерство со Обединетите нации.

Посебно внимание се посветува на новиот предлог, второто заседание во текот на календарската година на ИПУ да биде посветен на работата на Управниот совет, а со цел да се обезбедат посуштествени дискусии за програмата и буџетот на ИПУ. Заедно со проширената сесија на Советот, тоа би претставувало политички настан, кој би се одржувал заедно со новиот пленарен комитет на Обединетите нации, додека постојаните комисии на ИПУ ќе се среќаваат само на првото заседание во текот на годината.

Овој предлог понатаму заради консултации ќе биде доставен до геополитичките групи, а формалното разгледување на предлогот ќе се изврши на 116-то Собрание.

***УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ДРУГИ ТЕЛА, ОБЛИЦИ И АКТИВНОСТИ НА УНИЈАТА***

Претседателот на Светската банка Пол Волфовиц на 17 октомври се обрати на 115-то Собрание. Тој истакна дека со оглед дека се среќаваме во срцето на Европа, важно е да се запамети дека во светот има повеќе од милијарда луѓе кои се борат за опстанок и заработуваат помалку од еден долар на ден. Тој им порача на сите присутни кога ќе се вратат во своите скапи хотели, да помислат дека постојат многу кои одат во кревет болни, гладни и со неизвесност за нивната иднина, рече Волковиц.

Пратеникот Агрон Буџаку учествуваше на посебниот состанок на којшто група на пратеници имаат можност да му поставуваат прашања на г. Пол Волковиц. Во врска со долговите на третиот свет, тој постави прашање дали Светската банка има посебна стратегија за Западен Балкан на овој степен на развој на демократските институции, имајќи предвид дека Светската банка има и други региони каде што е неопходна нејзината активност. Понекогаш се добива впечаток дека Европката унија го заборава Западен Балкан. Господинот Волковиц одговори дека не сме заборавени и дека во Светската банка во тек е реализирањето на голем број програми за економски развој на регионот.

Се заклучи дека парламентарците мораат да бидат немилосрдни во борбата со корупцијата. Тие мораат да работот на контролирање на корупцијата и промовирање на добро владеење. Парламените се клучни институции за борба против корупцијата бидејќи припаѓаат на примарни институции кои можат да ги држат владите да даваат отчет за своите активности. Важно е парламентите да ги имаат неопходните средства за да ги исполнуваат уставните одговорности.

***ГЕОПОЛИТИЧКА ГРУПА "ДВАНАЕСЕТ ПЛУС"***

Групата "Дванаесет плус" одржуваше редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 15, 17 и 18 октомври 2006 година. Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија на состаноците учествуваа членовите на Управниот совет Агрон Буџаку и Славица Грковска.

На состаноците на Геополитичката група "Дванаесет плус" беа усогласени ставовите за дополнителната точка на дневниот ред на Собранието и беше дадена поддршка на кандидатите од членовите на Групата за упразнетите функции во органите и телата на ИПУ и за техничките комисии, а беа разгледани и други прашања од надлежност на геополитичката група и на Интерпарламентарната унија.

Во рамките на состаноците на Групата 12 + се спроведе избор на нов претседател на Групата. Беа пријавени двајца кандидити и тоа: г. Џорџ Оустин, пратеник на Парламентот на Обединетото Кралство и г. Роберт дел Пикија, сенатор од Република Франција. Делегацијата на Собранието на Република Македонија ја поддржа кандидатурата на г. Пикија. По спроведеното гласање на кое гласале 76 делегати, 38 гласа беа за г. Остин, додека 37 за г. Пикија, при што со акламација г. Остин беше прогласен за нов претседател со двегодишен мандат. Понатаму се дискутираше за реформите на ИПУ, односно за предлогот второто Собрание да се замени со заседание на проширениот Управен совет, како и заседание на нов парламентарен комитет за прашања што ги разгледуваат Обединетите нации. Пратеникот Гадиен од Швајцарија изрази резерва за овој предлог бидејќи и онака парламентарците помалку учествуваат во работата на второто заседание и со овој предлог, состојбата ќе биде уште полоша.

По завршувањето на 115-то Собрание на ИПУ, во организација на ИПУ, Европското здружение за радиодифузија, Асоцијацијата на генералните секретари на парламентите и ИПУ одржаа заедничка конференција за односите на парламентите, парламентарните ТВ-канали и јавната радиодифузија.

По овој повод претседателот на ИПУ Пјер Казини истакна дека односите меѓу парламенарните канали, јавната радиодифузија и информирањето на граѓаните е многу комплексно прашање и со растечко значење насекаде во светот. Генералниот секретар Јан Ревејон посочи дека некои парламенти воспоставиле свои сопствени радиостаници или парламентарни канали кои директно се пренесуваат во јавноста. Но повеќето парламенти најчесто се потпираат на јавните пренесувачки сервиси. Во последно време се јавуваат и медиуми кои користат Интернет и дигитална технологија за да ѝ понудат на јавноста увид во парламентарното работење. Се очекува по одржувањето на оваа конференција да се подобрат врските меѓу парламентите за работењето на парламентарните канали и да се идентификуваат позитивните искуства кои би можеле да служат како инспирација на другите. Ова може да е почеток на широк процес на поделба на искуствата и материјалите меѓу парламентарните ТВ-канали и јавната радиодифузија.

### *ЗАСЕДАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНИТЕ СЕКРЕТАРИ НА ПАРЛАМЕНТИТЕ*

Во текот на Собранието се одржа заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗГСП) кое е формирано како консултативно тело на ИПУ и чија примарна цел е да ги проучува законите, постапките и работните методи на различните парламенти, како и да предлага мерки за подобрување на тие методи и овозможување соработка меѓу нивните служби. На заседанието на ЗГСП учествуваше Рокса Георгиевска, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На заседанието се водеа општи дебати на четири теми: "Парламентарно организирање", "Парламентарната контрола во одбраната и тајните служби", "Парламентарните односи со медиумите", како и "Менаџирање на односите меѓу двата дома на парламентите".

Во рамките на правата дебата беше дистрибуирана информацијата "За организацијата на Собранието на Република Македонија, поднесена од заменикот на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија Рокса Георгиевска.

### *ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 115-то Собрание на ИПУ беше мошне успешно, активно и конструктивно. Со настапите на пратениците се овозможи презентација на ставовите од македонските парламентарци за актуелните прашања од доменот на надлежностите на ИПУ. Покрај тоа, беше остварено активно учество во работата на организационите структури на

Унијата, како и непосредни контакти и средби со парламентарци од голем број земји. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмацијата на Република Македонија на  поширок меѓународен план.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на  Парламентарната конференција на Светската трговска организација (ПК на СТО) (Женева, Швајцарија 1 и 2 декември 2006)***

***Скопје, декември 2006 година***

*Годишната Парламентрана конференција на Светската трговска организација (ПК на СТО) во организација на Интерпарламентарната унија и Европскиот парламент, е одржана на 1 и 2 декември 2006 година во Женева, Швајцарија. На Конференцијата учествуваа претставници на парламентите на 72 земји членки на СТО, Европскиот парламент, ПС на Советот на Европа, Парламентарното собрание на Франкофонијата, Парламентарната асоцијација на Комонвелтот, како и на десет меѓународни организации и асоцијации. Поздравни обраќања имаа претседателот на ИПУ Пјер Фердинанд Казини, потпреседателот на Европскиот парламент Мануел Антонио дош Сантош, генералниот директор на СТО Паскал Лами и завршен збор известителот на Управниот комитет на ПК на СТО Герт Версник. Со консензус беше усвоена Декларацијата од годишната сесија 2006 година на Парламентарната конференција на Светската трговска организација, чиј интегрален текст е даден во прилог на Извештајот.*

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија, на Конференцијата беше составена од пратеникот Зоран Витанов, придружуван од државниот советник за меѓународна соработка Никола Тодоровски. Пратеникот Витанов учествуваше во пленарниот дел на расправата, а беа остварени и повеќе билатерални средби. Делегацијата беше придружувана од шефот на Постојаната мисија на Република Македонија при ОН и СТО амбасадорот Ѓорѓи Аврамчев.*

**1.** Учеството на годишната ПК на СТО е реализирано врз основа на **поканата на претседателот на ИПУ Пјер Фердинандо Казини и претседателот на Европскиот парламент Жозеп Борел Фонтејес,** добиена во јули 2006 година. Но, со оглед на тоа што претходниот состав на Собранието беше распуштен, а новиот не беше конституиран, потврдата за учеството беше испратена со големо задоцнување и прифатена врз основа на додатните напори на Делегацијата. Пред самото тргнување се обезбедени неопходните информации од соодветните служби и од веб страницата на ИПУ. Со жалење е констатирано дека и покрај големото меѓународно значење на ПК на СТО Македонската делегација нередовно присуствувала и не учествувала со свои дискусии и со презентирање на македонските ставови за прашањата сврзани со светската трговија.

Заради подобро подготвување на учеството на Конференцијата, покрај претходното познавање на релациите на македонското стопанство со СТО на пратеникот Витанов, како поранешен заменик министер за економија и како меѓународен консултант по претприемаштво, се реализирани и две мошне корисни консултации со националниот координатор на СТО **Зоран Јолевски** и магистрантот при СТО во Женева **Борис Чаловски.** Искристализирана е потребата присуството во Женева да биде искористено за следниве цели:

- Собранието на Република Македонија да се вклучи во ативностите на ПК на СТО, како многу значен и мошне влијателен глобален парламентарен форум;
- прв пат Македонската делегација да земе учество во пленарната дебата и да ги изнесе ставовите во врска со континуитетот на активностите на ИПУ, ЕП и СТО презентирајќи ги македонските гледања и интерси во однос на светската трговија и
- врз ад хок основа да бидат остварени билатералните средби со делегациите и личностите кои можат да бидат од општ политички, но пред сé економски интерес.

**2.** Конференцијата е одржана во период кој се смета клучен во однос на иднината на мултилатералниот трговски систем, заради постојните дилеми и застои во однос на таканаречената Доха рунда на преговори. Дебатата претставуваше многу добра можност за стекнување на изворни информации за развојот на СТО и за начините, како и на парламентарна основа да се придонесе на ревитализацијата на овој процес.

Во обраќањето на **претседателот на ИПУ Пјер Фердинанд Казини** е изразено задоволството заради репрезентативноста на собирот на кој учествуваат парламентарци од целиот свет, претставници на дипломатските мисии акредитирани

при СТО, функционери на СТО и на меѓународни организации, претставници на академската заедница, бизнисот, невладините организации и информативните медиуми. Тоа се прави во време кога е присутно застрашувачкото отсуство на флексибилност и извесна апатија во трговските преговори која не е од техничка, туку од политичка природа. Но, политички се и причините кои ја наметнуваат потребата за постигнување на договор. Сегашната криза во преговорите во рамките на СТО и недостатокот на политичката волја, со активна улога на парламентарците, како избрани народни претставници, може да биде надминат.

**Потпретседателот на ЕП Мануел Антонио дос Сантош,** потсети дека долго време прашањата сврзани со меѓународната трговија биле третирани како техничко прашање кое е во ексклузивна надлежност на преговарачите и експертите. Меѓутоа, според одлуките на Уругвајската рунда од 1994 година во Маракеш, започнува нова ера во меѓународните трговски преговори со обврската за нивна ратификација во парламентите, пред државите да можат да се приклучат на СТО. Прв неформален состанок на парламентарците од СТО е одржан во Сиетл, САД 1999 година, а оттогаш и во четири други земји во кои се одржувани министерските конференции во улога на највисоко извршно тело на СТО. Мошне често собирите на СТО биле проследени со масовни и насилни демонстрации, затоа што се сметаа како симбол на глобалниот процес којшто го загрозува вработувањето, развојот на сиромашните земји и преживувањето на милиони луѓе.

Меѓународната заедница согласно со Милениумските цели на ОН има обврска да ја намали сиромаштијата и да овозможи одржлив развој за сите. СТО може да има клучна улога во остварувањето на овие задачи на современата цивилизација. Европскиот парламент е особено загрижен заради непостигнување на договорот врз основа на Програмата за развој од Доха рундата на преговори, особено во област на земјоделството и интелектуалните услуги. Загрозена е кредибилноста на мултилатералниот преговарачки систем, кој може и да колабира и да предизвика зголемување на бројот на регионални и билатерални трговски аранжмани. Тоа води кон нетранспарентно преговарање и зголемување на јазот меѓу развиените и неразвиените земји.

Парламентарците во овој преговарачки процес не можат да дејствуваат во име на нивните влади. Во областа на меѓународната трговија на парламентите им припаѓа трикратна улога: набљудувачка, во однос на активностите на владите и обезбедувањето на отчетноста; разгледувањето и ратификацијата на меѓународните договори и поддршка и надгледување на имплементацијата на меѓународните договори.

**Генералниот директор на СТО Паскал Лами,** нагласи дека целосно остварување на сегашната рунда на министерските преговори бара сериозни процени и компромиси. Тој побара од парламентарците поддршка за успешно остварување на преговорите и на поставените цели за унапредување на светската трговија. Парламентарците можат значајно да помогнат во објаснувањето на јавноста како функционира и кој е бенефитот од светската трговија. Во неговото излагање и во натмошната дебата беше укажано на лекциите кои треба да бидат научени од историјата на мултилатералните преговори под закрилата на СТО; дихотомијата која постои меѓу мултилатерализмот и билатерализмот во светската трговска политика; барањата за повлекување на земјоделството од општите преговори и негативните импликации што би биле предизвикани со таквиот чекор; надминувањето на слабостите на СТО и улогата на парламентарците во тој процес.

Во завршниот збор на **известителот Герт Версник,** беше речено дека со Декларацијата на Конференцијата се упатува јасна и силна порака од страна на парламентарците кон владите и преговарачите дека неуспехот во Доха рундата на преговори не е опција и дека преговарачите и главните носители треба да разберат и да бидат подготвени за неопходниот консензус за постигнување на позитивен завршеток, во интерес на сите, а осебено на земјите во развој. Со Декларацијата се бара од сите да ја преземат сопствената одговорност, но несомнено е дека за оваа рунда, значајна за глобсалниот развој, посебна одговорност има развиениот дел на светот.

Централна идеја на текстот на Декларацијата е дека меѓународната трговија е премногу сериозно прашање за да може да биде оставено само во рацете на владите и дека и парламентарците имаат должност да ја надгледуваат работата на владите во СТО. Беа поднесени бројни амандмани, но парламентарците постигнале консензус за следниве принципиелни прашања: успешното окончување на Доха рундата на преговори треба да е во интерес на сите граѓани, а особено на 70% од светското население кое и натаму живее во неприфатливи услови; времето за одложување, за фиктивни маневри и за псеудо консензуси е минато и сега е пет минути до дванаесет да се постигнат посакуваните резултати и соодветната поддршка на парламентарците е неопходна за донесување на тешките одлуки за ратификување, објаснување и одбрана на компромисите во преговорите пред граѓаните на земјите членки на СТО.

Голем број претставници на земјите кои сé уште се во процесот на приклучување на СТО бараат да биде прифатен и посебен амандман за прашањето на нивното приклучување, со што навистина СТО би станала универзална организација. Во врска со ова прашање не е постигнат консензус, но со специјална изјава на копретседателите на Конференцијата, е дадена препорака во дневниот ред на следната Конференција да биде влучено ова прашање.

**3.** Присуството на голем број делегации, активното учество и отвореност, па понекогаш и жолчноста во расправите, претставуваше потврда на заинтересираноста на учесниците и за важноста на собирот за презентација на нивните погледи и интереси на нивните земји. Поради големиот број пријавени дискутанти и лимитираното време за Конференцијата од само два дена, на која допатуваа учесници и од најодалечените континенти, е усвоен договор за ограничување на дискусиите на само две минути. Организаторот се држеше стриктно до договорот за терминот даден на располагање на дискутантите и во повеќе прилики тие беа прекинувани.

Во такви услови **пратеникот Витанов** требаше да ја концентрира својата дискусија и во ограниченото време да го искаже ставот и интересот на Република Македонија во однос на политиката на СТО и македонските иинтереси. Освен тоа, бидејќи Македонија своевремено не е примена во СТО под уставното име, постоеше реална претпоставка дискусијата да биде најавена под референцата, иако од голем дел на земјите учеснички сме признати под уставното име. Затоа пред почнувањето на вториот дел на првата сесија, за време на паузата, пратеникот Витанов го извести претседавачот на тој дел на Конференцијата потпретседателот на ЕП дош Сантош, дека во најавата за дискусија инсистира да биде најавен со уставното име на земјата. Интервенцијата е прифатена и најавата беше како пратеник од Република Македонија.

Во дискусијата пратеникот Витанов се заложи да бидат почитувани еднаквите правила на игра во меѓународната трговија, содржани во мултилатералнииот систем, што е од огромно значење за земјите како што е Република Македонија, која е релативно мала земја, без излез на море и сé уште се бори за зајакнувањето на конкурентноста на своето стопанство. Затоа од страна на Парламентот и Владата на Македонија се дава целосна поддршка на сите членки на СТО во нивните напори за обновување на процесот на мултилатерални трговски преговори. Во таа смисла тој потенцираше дека колку побрзо продолжи и се финализира Развојната агенда од Доха, толку побрзо во светските размери ќе се почувствуваат позитивните ефекти од натамошното раздвижување на меѓународните трговски текови.

Во своето излагање Витанов го истакна фактот дека мултилатералниот концепт на либерализација и регулација на трговијата е пресуден, но за одвивањето на трговијата е важна и регионалната соработка. Република Македонија придава големо значење на возобновувањето и развојот на економските и политичките односи во регионот на ЈИЕ и има склучено договори за слободна трговија со сите земји од регионот. Како земја кандидат за членство во ЕУ од пред неколку години Република Македонија го спроведува процесот на потполна трговска либерализација во однос на земјите кои го сочинуваат единствениот европски пазар. Агресивните зафати во сферата на регионалната соработка, во ниту еден момент не предизвика дилема кај Владата дека со таа соработка може да се замени мултилатерланиот систем. Напротив, сите досега склучени договори за слободна трговија се потполно усогласени и се компатибилни со

правото на СТО. Во таа смисла Република Македонија е приврзана кон принципите на слободна и праведна трговија и е подготвена на сите можни начини да придонесува кон натамошното унапредување на мултилатералниот трговски систем.

Од регионот на нашето соседство присуствуваа делегациите на Бугарија (предводена од претседателот на Народното собрание Георги Пирински), Хрватска, Грција, Романија и Словенија.

**4.** Престојот во Женева од страна на Делегацијата е искористен и за остварување на **билатерални средби** со делегациите на Јапонија и на Бугарија, генералниот директор на СТО Паскал Лами, членот на Европскиот парламент Макс ван ден Бер и директорот за екомски прашања на мултинационалната компанија Нестле Херберт Оберхансли.

По своето значење се издвојува средбата со Делегацијата на Јапонија, која беше присутна на исклучително високо ниво. Таа беше предводена од **спикерот на Домот на претставниците Јошио Јатсу** и **министерот за шумарство и земјоделство Тошикатсу Матсуока**, кој беше и еден од панелистите во пленарната дебата.

Во получасовната средба во отворена и срдечна атмосфера од наша страна беше информирано за забележителните активности на Јапонија во Република Македонија, почнувајќи од проектот Злетовица, преку проектот за водоснабдување на неколку села во околината на Скопје, кои се грант на Јапонската влада од 5 милиони евра до бројните други донации, особено во областа на здравството. Притоа е изразена искрена благодарност на Јапонија, како еден од најголемите донатори во Македонија, заради што кај нас широко е присутно чувството за Јапонија, како една од државите кои се големи пријатели на Македонија.

Од страна на пратеникот Витанов, како член на Групата за пријателство и соработка на Република Македонија со Јапонија е изразена готовноста на Собранието на Република Македонија за придонес на развојот и унапредувањето на вкупните билатерални односи и за продолжување и интензивирање на размената на искуства на парламнетарна основа.

Истовремено, од името на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Ацо Спасеновски е поканет министерот Ташикатсу Матсуока, во текот на 2007 година, да ја посети Македонија. Притоа, освен посетата и разговорите во врска со хидросистемот Злетовица посочен е и интересот за зголемување на откупот на македонскиот тутутн од страна на Јапано табако, компанија која е присутна на пазарот на откупот на тутун кај нас веќе 50 години. Укажано е и на можноста за запознавање со нашето агропроизводство имајќи предвид дека Јапонија е општопозната како држава најголем увозник на храна по глава на жител. Поканата е примена со задоволство и јапонскиот министер изрази готовност за нејзина реализација.

По своето значење за Делегацијата се издвојува, иако беше од протоколарен тип, и средбата со **генералниот директор на СТО Паскал Лами**, на која присуствуваше и амбасадорот Аврамчев. Господинот Лами го поздрави обраќањето на пратеникот Витанов на конференцијата од регионот кој сé уште не е целосно интегриран во СТО (Србија, БИХ и Црна Гора). Тој изрази согласност со изнесениот став на пратеникот на Македонското собрание дека "колку побрзо продолжи и се финализира Развојната агенда од Доха, толку побрзо во светските размери ќе се почувствуваат позитивните ефекти од натамошното раздвижување на меѓународните трговски текови".

Остварена е и извонредно срдечна средба со членот на Европскиот парламент Макс ван дер Берг, кој е и координатор на Холандската парламентарна група. Холандскиот европратеник ја истакна личната поддршка за зачувување на уставното име на Република Македонија во апсурдната борба нелогично наметната од страна на нашиот јужен сосед. Господинот ван дер Берг изрази готовност и отворено да го застапува изнесениот став како лобист во наша полза во Европскиот парламент.

Од останатите средби на Конференцијата треба да се истакне и средбата со **претседателот на Народното собрание на Бугарија Георги Пирински**, како и со **претседателот на Комисијата за Европска интеграција на Собранието на Република Бугарија Атанас Папаризов**. Од страна на бугарските соговорници беше искажана готовноста за соработка со Собранието и Република Македонија, особено на полето на зајакнување на евроинтеграциските процеси.

На барање на Делегацијата остварена е и мошне корисна средба со директорот за економски прашања на мултинационалната компанија "Нестле" **Херберт Оберхансли**, кој беше еден од панелистите на Конференцијата. Целта на средбата беше г. Оберхансли да се запознае со промените во даночната политика на новата Влада заради привлекување на нови потенцијални инвеститори и другите компаративни предности во однос на балканските држави. Директорот на "Нестле" не ја криеше заинтересираноста за овие промени кои не му беа познати.Тој ја изнесе ориентацијата на неговата компанија за нови инвестирања на Балканот, каде што освен во Грција, преку сладоледот "Делта" не се присутни во ниту една друга балканска држава. Стратегијата на "Нестле" е при првичното пенетрирање на новите пазари, најпрвин да влегува со откуп и преработка на млеко и млечни производи и потоа постепено да се шират со диференцирањето и со пласман на други свои познати производи.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на годишната сесија на Парламентарната конференција на СТО во Женева може да се оцени како мошне успешна и плодна во однос на поставените цели: обновувањето на учеството во парламентарната димензија на СТО како мошне значајна и влијателна меѓународна организација; активното учество во пленарната расправа, за која беа пријавени исклучително голем број дискутанти и остварувањето на повеќе билатерални средби од политички и економски интерес за Република Македонија.

Парламентарните конференции на СТО, организација која опфаќа речиси 150 држави се можност за презентирање на позицијата и интересите на Република Македонија во однос на светската трговија и глобалните тенденции во оваа чувствителна сфера. Тоа е и во полза на визибилноста и засилувањето на меѓународната позиција на нашата држава, која најчесто била преокупирана со сопствените и регионалните проблеми, а не и со глобалните движења кои ги засега сите социјални сегменти на современата меѓународна зедница.

Централна идеја на едногласно усвоената Декларација на Конференцијата во Женева е преговорите за меѓународна трговија, кои по Доха рундата на преговори се наоѓаат во криза не можат да бидат препуштени само на владите. Парламентите мораат да преземат значајна набљудувачка улога во однос на активностите на владите во процесот на преговорите и да дадат свој придонес за објаснување и прифаќање од јавноста на реалните состојби и на ползата од светската трговија, особено имајќи предвид дека глобализацијата е често проследена со недоверба и масовни протести. За таа цел некои парламенти посветуваат годишни парламентарни дебати во своите програми за работа, а присутно е и формирање и на посебни комисии или поткомисии за прашањата сврзани со светската трговија.

Со оглед на присуството на еминентни претставници на парламентите од сите континенти, Конференцијата дава можност за надминувањето на дефицитот на нашата билатерална комуникација со низа геополитички одалечени земји со кои имаме ретки или никакви контакти. Оваа можност во Женева е искористена за мошне корисни средби и размена на мислења со јапонските претставници, застапени на исклучително високо ниво. Притоа, е пренесена поканата за посета на министерот за земјоделство г. Матсуока, а на средбата со спикерот на парламентот на Јапонија е изразена готовноста за развој на парламентарна соработка.

Од повеќе соговорници на остварените средби е изразен интерес за односите на Република Македонија со соседите, особено за широко познатото негирање на уставното име на нашата држава од страна на јужниот сосед. Објаснувањата за апсурдноста на ова прашање, кои се дадени од страна на Делегацијата, беа прифатени со разбирање и одобрување. Од страна на Мешовитата парламентарна комисија РМ - ЕУ и од Комисијата за европски прашања и надлежните владини сектори добро е да се има предвид готовноста за поддршка на Република Македонија за ова прашање од холандскиот европратеник Макс ван дер Берг.

На Парламентарните конференции на СТО по правило присуствуваат и претставници на значајни мултинационални компании, што отвора простор и за

контактите од економски интерес. Во средбата од таков карактер со директорот за економски прашања на мултикомпанијата "Нестле" Херберт Оберхансли стана збор за можностите за инвестирање во Република Македонија во рамките на пенетрацијата на оваа светски позната компанија на балканскиот простор. Препорака на Делегацијата е министрите задолжени за привлекување на странските директни инвестиции да стапат во контакт со г. Оберхансли, заради натамошни активности во споменатиот правец.

Учеството на Делегацијата на Парламентарната конференција на СТО и остварените средби во Женева, целосно ја потврдуваат потребата за континуитет на присуството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, заради изворното запознавање со процесот на светските трговски преговори и начините на ревитализација на овој процес кој по Доха рундата се наоѓа во криза. Овој вид на мултилатерални парламентарни собири со значајни политички и економски карактеристики и со присуство на бројни и еминентни учесници дава можности и за презентирање и застапување на интересите на Собранието и Република Македонија.

***ПРИЛОГ 1***

## ДЕКЛАРАЦИЈА

***Усвоена со консензус на 2 декември 2006 година***

1. Ние, парламентарците собрани во Женева на годишната сесија на Парламентарната конференција на СТО, сме сериозно загрижени од перспективата на реален неуспех од рундата трговски преговори во Доха. И покрај ветувањата за поголема флексибилност, поголемите страни од преговорите недоволно го покажаа тоа, а разговорите за клучните области на земјоделството и пристапот на неземјоделскиот пазар немаат напредок по Министерската конференција во Хонг Конг. Ова е повик за будење на сите политичари - донесувачи на одлуки, барем на оние од нас кои, како членови на парламентот претставувајќи ги интересите на луѓето, имаме должност да ја контролираме владината активност на поле на меѓународната трговија и да промовираме фер трговска либерализација.

2. Ја повторуваме нашата целосна заложба за мултилатерален пристап во трговската политика и нашето верување во централната улога на СТО како гарант на глобалниот, заснован на правила, трговски систем.

3. Пролонгираниот прекин на разговорите во Доха би предизвикал траен негативен ефект на целиот мултилатерален трговски систем и може да резултира со пролиферација на билатералните и мултилатералните трговски договори, кои често ги ставаат посиромашните земји во неповолна позиција. Доколку напорите за оживување на преговорите не успеат, предизвиканите загуби би биле огромни, економски и политички. Меѓу првите кои ќе бидат негативно погодени се најмалку развиените земји (НРЗ), вклучувајќи ги земјите - извознички на памук од Африка. Во таа насока, ја поздравуваме одлуката на неформалниот состанок на Комитетот за трговски преговори од 16 ноември, да се вклучи во благо отпочнување на преговорите.

4. Бараме силна заложба од страна на сите поголеми играчи во трговските преговори, вклучувајќи ја и Европската унија, Соединетите Држави и страните на Г20, бараме од нив да постигнат балансиран договор за потребата од осигурување на сите главни теми за преговори од Руанда до Доха, истовремено ставајќи посебен акцент на потребата од осигурување на значителни и одржливи економски добивки за земјите во развој, а особено за најмалку развиените земји. Договор за специфичните квантитативни заложби во земјоделството каде што се најраширени практики на трговско нарушување, е фундаментален за целокупниот напредок во преговорите. Со оглед на веќе видливите знаци на неопротекционизам со значително активни и влијателни лобисти, ја нагласуваме потребата парламентарната заедница да се осврне на овој проблем како прашање на приоритет. Исто така, подвлекуваме дека, заради целосно имплементирање на мандатот на Доха, позитивните достигнувања од преговорите мора да се зачуваат, а понудите дадени до моментот на разни елементи од агендата на преговори да ја формираат основата за продолжување на преговорите, имајќи предвид дека процесот на пристап до пазарот треба да биде придружуван од мерки за обезбедување адекватни информации за потрошувачите.

5. Држењето на фокусот на развојот е од огромно значење, особено за придонес кон остварувањето на Милениумските развојни цели. Го поздравуваме напредокот на Генералниот совет на СТО за препораките "помош за трговија" од 10 октомври 2006 година и бараме од сите засегнати страни активно да се вклучат во нивна имплементација. Исто така, бараме од развиените земји и земјите во развој, членки на СТО, да креираат попогодни трговски услови за НРЗ, без да се чека отпочнување на преговорите. Следните области заслужуваат посебно внимание: памукот; трговско олеснување за подобрување на инфраструктурата и на постапките и модалитетите на трансакции; доделување на бесцарински и без квоти пристап за производи кои потекнуваат од НРЗ, како иницијативата "Се освен оружје" на Европската унија и други релевантни иницијативи; вистинска техничка помош и мерки за градење доверба.

Бараме рефокусирање на политиката за потребите и интересите на земјите во развој како појдовна точка за повторно отпочнување на преговорите.

6. Во отсуство на успешно заклучување на Рундата, постои ризик дека земјите членки на СТО ќе се обидат, преку парница, да постигнат нешто што не може да се постигне со преговори. Системот на решавање на спорови со СТО служи како гаранција дека прекршувањата од која било земја - без разлика на нејзината големина - не се вон дофат на другите членки. Затоа е важно да се осигура дека ресурсите на постојниот систем се прилагодени на забрзаниот растеж во бројот на комерцијални конфликти наведени во процедурите за решавање на спорови на СТО.

7. Повеќе од кога било СТО се соочува со организациски и институционални предизвици. Наскоро, истата ќе треба да се вклучи во институционална реформа за подобрување на нејзиното функционирање и унапредување на нејзината одговорност и демократска легитимност. Убедени сме дека процесот на преговори треба да биде заснован на долу-нагоре, транспарентен и сеопфатен пристап. Консензусот мора да се зачува како камен темелник на одлучувањето на СТО. Би било незамисливо наметнувањето на трговските политики на која било држава што го поткопуваат нејзиниот развој. Уште повеќе, бараме поголема кохерентност меѓу целите и правилата на СТО и заложбите од другите меѓународни конференции и договори.

8. Сегашната пауза во преговорите треба да се користи за рефлексија на начините за подобрување на условите за идни разговори. Би било особено важно да се погледне на корисноста на модалитетите за преговори засновани на размена меѓу разни преговарачки понуди. Со сегашниот систем, делегациите често го чекаат последниот можен момент за да ги дадат нивните понуди, што го отежнува пресметувањето на бенифициите пред склучување на договорите.

9. Ја повторуваме нашата заложба за силна и ефективна парламентарна димензија на СТО во линија со поранешни декларации усвоени од нашата Конференција. Како дел од сегашните напори, веруваме дека е од клучна важност за парламентите поостро и поефективно да ги извршуваат нивните уставни функции за надзор и контрола на владината активност, во делот на меѓународната трговија. Поголемо внимание треба да се обрне на градењето мерки за трговски капацитет, наменети за парламентите на земјите во развој, заради создавање еднакви можности за учество.

***ПРИЛОГ 2***

***Потсетник за Светската трговска организација и Парламентарната конференција на СТО***

Светската трговска организација е меѓународна организација која претставува институционална и правна рамка на мултилатералниот трговски систем во областа на царината и трговијата со стоки, услуги и интелектуалната сопственост. Во 1948 година е направен неуспешен обид за создавање на светска трговска организација, како дел на познатите Бретон Вудските институции во рамките на ОН. Наместо тоа беше создаден и долго години функционираше ГАТТ, како специјализирана агенција на ОН со цел за трговска либерализација и отстранување на протекционистичките мерки во трговијата. Во рамките на оваа организација се одржани повеќе рунди на преговори со кои е создаден силен и просперитетен мултилатерален трговски механизам кој во 1995 година прерасна во Светска трговска организација (СТО). Оттогаш се одржани конференции во Сингапур, Женева, Сиетл, Доха, Канкун и Хонг Конг.

Членови на СТО се држави или карински територии (како Тајван) од близу 150 земји, повеќе од 30 земји се аспиранти за членство, а 17 меѓународни организации и институции имаат статус на набљудувач. Седиштето на СТО е во Женева, а нејзиниот годишен буџет е 160 милиони швајцарски франци. Од 2005 година нејзиниот генерален директор е Французинот Паскал Лами, кој раководи со служба од околу 630 вработени. Највисоко тело е Министерската конференција која одлучува за трговските преговори (вклучвајќи ги и оние за членство) со консензус**.**

За заштита на своите интереси во организацијата дејствуваат неформални групи на земји (ЕУ, НАФТА, АСЕАН и други). Новопримените земји ја сочинуваат РАМ група.

* * * * *

Република Македонија е член на СТО од 2003 година. При пристапувањето се водени билатерални преговори со САД, Австралија, Канада, Јапонија, ЕУ, Норвешка, Швајцарија, Малезија, Летонија, Словенија и Хрватска. Притоа, се усвоени следниве документи: "Листа на специфични обврски во трговијата со стоки" и "Листа на специфични обврски во трговијата со услуги". Доколку не се исполнуваат обврските од овие документи може да биде покренат спор пред телото за решавање на спорови во рамките на СТО. Пристапувањето кон оваа организација значи соочување со светската конкуренција и либерализација на пазарот, а придобивките се од долгорочен карактер.

* * * * *

Со заклучоците на Уругвајската рунда на преговори во Маракеш 1994 година е започната нова ера во светската трговска политика, со што од сферата на техничко-експертски преговори таа преоѓа во надлежност на СТО, која има директно влијание на животот на граѓаните и на нивните општествени заедници. Министерските конференции на СТО и процесот на глобализација се проследени со насилни демонстрации и барања за зголемената одговорност на Организацијата. Со желба за соочување со загриженоста на јавноста за штетните ефекти на неконтролираната економска глобализација, пристапено е кон формирање на парламентарно тело на избраните народни претставници, во сферата на светската трговија.

Со здружените напори на ЕП и ИПУ на Конфернцијата во Доха создадена е Парламентарна конференција на СТО. Потоа ПК на СТО се одржани во Женева во февруари 2003, Канкун во септември 2003, Брисел во ноември 2004, Хонг Конг во декември 2005 и последна во Женева во декември 2006 година. Постојаниот пораст на бројот на учесниците на овие конференции зборува за зголемувањето на интересот за парламентарната димензија на СТО, како и дека активноста на парламентарците кореспондира со реалните потреби на граѓаните.

Во Деловникот на ПК на СТО од 2004 година, во членот 1 се определува дека конференциите овозможуваат размена на мислења, информации и искуства, како и унапредување на заедничката активност сврзана со улогата на парламентите во областа на светската трговија. На конференциите, според членот 2, можат да учествуваат: делегации на парламентите на земјите членки на СТО; делегации на членките на ИПУ од земјите кои сé уште не се членки на СТО и делегации назначени од ЕП, ПС на СЕ, ПС на Комонвелтот и ПС на Франкофонијата. Набљудувачи можат да бидат претставници на меѓународните организации и претставниците на владите на државите членки на СТО. Личностите со специфичен интерес за прашањата сврзани со светската трговија и без официјална покана можат претходно да се акредитираат како учесници на Конференцијата. Накратко речено ПК на СТО претставува форум отворен за јавноста на кој вистинските актери - светската и националната бирократија, парламентарците, бизнисмените, цивилното општество, информативните медиуми итн. можат да се информираат и меѓусебно да дејствуваат на планот на интегрирањето и либерализацијата на светската трговија.

Од страна на ИПУ и ЕП се определува Постојан комитет кој е одговорен за организација на конференциите и за подготовка на предлог на документите. Актуелен претседател на овој Комитет е белгискиот пратеник Герт Версник.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија***
***во Централноевропската иницијатива***

# ***ИНФОРМАЦИЈА***

***од седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ,***
***одржана во Тирана, Република Албанија***
***на 2 и 3 ноември 2006 година***

***Скопје, ноември 2006 година***

*Во Тирана, Република Албанија, под претседателство на Република Албанија, како претседавач на Централноевропската иницијатива (ЦЕИ) за 2006 година на 2 и 3 ноември 2006 година се одржа седница на Парламентарното собрание на ЦЕИ.*

*На состанокот учествуваа делегациите од Албанија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Чешка, Унгарија, Италија, Македонија, Полска, Романија, Словачка и Украина.*

*Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија, предводена од Петар Поп Арсов беше и Нада Станчевска.*

На првиот ден од работата (2 ноември) конститутивни седници одржаа трите комитети на Парламентарното собрание на ЦЕИ - Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања, Генералниот комитет за економски прашања и Генералниот комитет за култура.

Горенаведените комитети, после нивното конституирање, ги избраа претседателите и потпретседателите. За претседател, односно потпретседател на Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања беа избрани Маурицио Гаспари, шеф на Делегацијата на Италија (претседател) и Валериј Камчатни, шеф на Делегацијата на Украина (потпретседател). Генералниот комитет за економски прашања ги избра Богдан Паску, шеф на Делегацијата на Романија за претседател, додека потпретседател не беше избран. Генералниот комитет за култура за претседател ја избра Валентина Лескај, член на Делегацијата на Албанија, а за потпретседател Володимир Ткаченко, член на Делегацијата на Украина.

Петар Поп Арсов стана член на Генералниот комитет за политички и внатрешни прашања, а Нада Станчевска на Генералниот комитет за култура.

На отворањето на седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ поздравно обраќање имаше претседателот на Парламентот на Република Албанија Жозефина Топали Коба, министерот за образование и наука во Владата на Република Албанија Генц Поло, заменик министерот за надворешни работи во Владата на Република Албанија Едит Харши и заменик генералниот директор на службата на ЦЕИ Микола Меленевски.

Госпоѓата Топали ја подвлече потребата од соработка на земјите членки на ЦЕИ во областа на образованието, како мошне потребна, повикувајќи за остварување на можности за размена на студенти. Таа ги наведе и мерките што Република Албанија ги презема во процесот на реформирање на високото образование.

Министерот Поло ја истакна улогата на ЦЕИ, како една од најстарите иницијативи, во иницирањето на соработката во регионот.

Тој, исто така, подвлече дека образованието заслужува посебно внимание, како основен механизам за подобра иднина.

На Првата сесија насловена "Развојот на Парламентарната димензија на ЦЕИ и имплементацијата на новиот Деловник", учесниците ги разгледаа решенијата кои се претставени со новиот Деловник за работа на Парламентраната димензија. Во текот на расправата, беа усвоени неколку амандмани со кои попрецизно беа уредени одредени решенија, предвидени во новиот Деловник.

На Втората сесија насловена "Високото образование - Регионалниот развој на Високото образование во земјите членки на ЦЕИ", учесниците се осврнаа на можностите на развојот и реформите во областа на високото образование, како и на начините на соработка на земјите од регионот во оваа област.

Сите делегации кои учествуваа на работата на Парламентарното собрание за време на оваа сесија ги изнесоа своите гледишта за развојот на соработката во високото образование, како и постојната ситуација во нивните земји во однос на тоа.

Сите говорници се согласија со потребата од пофлексибилни можности во високото образование со можности за размена на студенти и академски персонал меѓу земјите на ЦЕИ, како и други форми во правец на слободен и еднаков пристап до високо образование за сите.

Гезим Карапеци, член на парламентарната Комисија за образование на Парламентот на Република Албанија ги опиша реформите на неговата земја во високото образование, истакнувајќи ја потребата на Република Албанија за соработка со земјите од регионот заради експертиза и квалитативно образование.

Андржеј Голаш, шеф на Делегацијата од Полска зборуваше за реформите во Полска во областа на високото образование кои придонесоа бројот на студентите да се зголеми од 400.000 на 1.800.000, односно 48,5% од средношколците го продложуваат нивното образование. Тој предложи унификација на системите на високото образование со што би се овозможило студентите да го започнат образованието во една земја, а да го завршат во друга.

Меѓу другото, стана збор и за начинот на финансирањето на високото образование, односно дали високото образование треба да го платат студентите или пак државата треба да овозможи бесплатно високо образование.

Шефот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на ЦЕИ Петар Поп Арсов, во неговото обраќање го подвлече значењето на развојот на високото образование како највредна инвестиција за секоја земја и како основен фактор за економскиот развој на регионот, бидејќи им овозможува на младите генерации стекнување на соодветни квалификации и нивно вклучување во економскиот и социјалниот живот, како и нивниот придонес во развојот на институциите и демократијата.

Поп Арсов ја претстави ситуацијата на високото образование во Република Македонија наведувајќи го бројот на државните и приватните високообразовни институции, како и програмите во оваа област во кои нашата земја активно учествува (TEMPUS, Erasmus Mundus, ЦЕИ универзитетската мрежа итн.). Тој се изрази во прилог на хармонизацијата на образовните системи на земјите од регионот, истакнувајќи дека таквата хармонизација треба да биде во согласност и со образовниот ситем на ЕУ. Посебна важност, според Поп Арсов, е потпишување на соодветни договори меѓу земјите членки на ЦЕИ за меѓусебно признавање на дипломите, со што би се олеснила мобилноста на студентите.

Поп Арсов ја поддржа иницијативата во рамките на ЕУ за формирање на регионална школа за државната администрација, како проект кој би помогнал во професионалниот напредок на државните службеници и јавната администрација на земјите кандидати за членство во ЕУ, предлагајќи таа школа да биде формирана во Република Македонија.

Поп Арсов ја подвлече потребата од креирање на можности за стипендии и други форми на финансиска помош што би ги покриле трошоците за додипломски, постдипломски и докторски студии на заинтересираните кандидати од земјите членки на ЦЕИ кои би сакале да студираат во нивната земја или во странство.

На крајот од работата Парламентарното собрание усвои завршен документ кој е даден во прилог.

**ЗАВРШЕН ДОКУМЕНТ**

- ***Потсетувајќи*** на кохезивната улога на ЦЕИ во зајакнувањето на политичкиот дијалог, координацијата на регионалната соработка и поттикнувањето на европскиот интегративен процес во земјите членки,
- ***Сметајќи*** дека ЦЕИ е еден од меѓународните форуми кои ги обединуваат земјите кои се членки на ЕУ и оние кои тоа не се, форум кој обезбедува можности со цел за подобар трансфер на искуства во идентификуваните приоритетни области,
- ***Свесни*** за фактот дека зајакнувањето на овој дијалог природно води кон приближување на политиките и практиките на земјите членки на ЦЕИ со признатите стандарди на Европската унија,

- ***Истакнувајќи*** ја со задоволство позитивната улога на Парламентарната димензија на ЦЕИ во зајакнувањето на оваа мултилатерална соработка на парламентарно ниво,
- ***Имајќи*** ги предвид целите поставени во Правилото 2 од Деловникот за работа на Парламентарната димензија на ЦЕИ,
- ***Потсетувајќи*** на Завршните документи усвоени претходно од страна на Парламентарниот комитет, Постојаниот комитет и Парламентарното собрание на Советот на Европа,
- ***Истакнувајќи*** дека:

1) централноевропската иницијатива е етаблирана платформа за изразување и промоција на заедничките интереси на земјите членки на Советот на Европа во меѓународната димензија,
2) значајно е да се истакне дека Парламентарната димензија, како еден од трите основни столбови на Централноевропската иницијатива, ја зајакнува мултилатералната соработка преку поврзување на пратениците со активностите на владината и економската димензија на ЦЕИ,
3) мирот, стабилноста и просперитетот во глобализираниот свет може да се постигнат преку интерактивна размена на ставови и заемно учење на претставниците на народите од различни земји и
4) клучно е да се иновира и да се имплементираат нови пристапи во меѓународната соработка, истовремено зачувувајќи ги најдобрите практики,

- ***Се согласи*** дека регионот постигна значаен напредок на својот пат кон зајакнување на демократските институции во рамките на плуралистичките општества,
- ***Повторно истакна*** дека напредокот не е само предуслов за членство во Европската унија, туку и значајна вредност сама по себе која гарантира стабилност и мирен развој на целиот регион,
- ***Изразува*** уверување дека регионалните субјекти имаат значајна комплементарна улога во поттикнувањето конструктивна и добро структуирана соработка меѓу владите, јавниот сектор и приватните институции, што води кон создавање на мрежи надвор и во рамките на границите на Европската унија,
- ***Признава*** дека иако во различни фази и различни форми, сите земји членки на ЦЕИ се движат напред на нивниот пат кон европска перспектива, свесни за одговорноста да дејствуваат во согласност со европските стандарди и барања,
- ***Го поздрави*** претстојниот прием на нови земји во ЕУ од редот на членките на ЦЕИ,
- ***Ги поздрави*** позитивните случувања во правец на членство во ЕУ што се одвиваат во некои земји членки на ЦЕИ, преку ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА) и започнување преговори за членство во ЕУ, искажувајќи го своето уверување во натамошна ратификација на релевантни инструменти од страна на сите парламенти на ЕУ.

***Пратениците:***

- ***Ги поздравија*** неодамнешните случувања во политичкиот живот во регионот, кои гарантираат демократски стандарди, основни човекови права и владеење на правото,
- ***Го изразија*** своето заедничко мислење дека ова искуство е придружено со дополнителни напори кон остварување на долготрајни решенија за отворените прашања во врска со регионалната безбедност и стабилност во согласност со евроатлантските стандарди,
- ***Ја изразија*** својата поддршка за решавање на проблемите и ситуациите значајни за стабилноста на регионот, како и за неговата европска иднина,

- ***Истакнаа*** дека образованието е една од суштинските основи за одржлив развој на земјите членки на ЦЕИ. Во тој поглед тие го искажаа своето мислење дека координацијата на заедниците треба да биде зголемена во поддршката на оваа значајна компонента на интензивна размена на идеи и интелектуални вредности во напорите за инвестирање за една поинаква иднина,
- ***Го охрабруваат*** натамошниот развој во поглед на соработката и координацијата меѓу земјите членки на ЦЕИ во областа на образованието, со заедничка цел приближување на системите до европските стандарди,
- ***Ја ценат*** активната улога на Парламентот на Албанија во оваа димензија, како и успешната организација на Конференцијата на Парламентарното собрание на ЦЕИ, одржана на 2 и 3 ноември 2006 година во Тирана.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација во Парламентарното собрание на НАТО***

***ИНФОРМАЦИЈА***

***од Конференцијата на комисиите за безбедност, одбрана и делегациите на парламентите во Парламентарното собрание на НАТО на парламентите на Републикиа Албанија, Република Македонија и Република Хрватска, одржана во Тирана, Република Албанија на 23 и 24 октомври 2006 година***

***Скопје, ноември 2006 година***

*Во Тирана, Република Албанија, во организација на Делегацијата на Парламентот на Република Албанија во Парламентарното собрание на НАТО, на 23 и 24 октомври се одржа Конференција на комисиите за безбедност, комисиите за одбрана и делегациите на парламентите на Република Албанија, Република Македонија и Република Хрватска во Парламентарното собрание на НАТО.*

*Конференцијата на тема "Јадранската повелба од Прага до Рига" беше организирана во склоп на активностите на Јадранската повелба. Таа е прва конференција на комисиите за безбедност, комисиите за одбрана и делегациите во ПС на НАТО на земјите од А3 групата, потписнички на Јадранската повелба.*

*Конференцијата претставува интензивирање на парламентарната димензија и унапредување на соработката меѓу законодавните домови на трите држави во правец на обезбедување поволни услови за исполнување на потребните реформи за влез во НАТО.*

*Во Делегацијата на Собранието на Република Македонија предводена од Бесим Догани, претседател на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на НАТО, беа и Владимир Ѓорчев, претседател на Комисијата за одбрана и безбедност, Есад Рахиќ, претседател на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, како и Павле Трајанов и Оливер Спасовски, членови на комисиите.*

*Во состав на Делегацијата на Парламентот на Република Албанија, предводена од Леонард Деми, претседател на Делегацијата на Парламентот на Република Албанија во НАТО и претседател на Комисијата за национална безбедност на Парламентот на Република Албанија, беа и Или Панго, Петро Кочи, Бујар Нишани, Баки Шеху и Бен Блуши.*

*Делегацијата на Саборот на Република Хрватска ја сочинуваа Крешимир Ќосиќ, претседател на Делегацијата на Парламентот на Република Хрватска во ПС на НАТО, Сречко Ференцек и Томислав Чулјак.*

*Освен горенаведените, на Конференцијата присуствуваа и претставници на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Албанија, претставници на НАТО, како и претставници на Министерството за одбрана на Република Албанија и претставници на невладините организации во Тирана.*

*Работата на Конференцијата беше поздравена од Јозефина Чоба Топали, претседател на Парламентот на Република Албанија и од Сали Бериша, претседател на Владата на Република Албанија.*

На конференцијата активно учествуваа и Фатмир Медиу, министер за одбрана на Република Албанија и Сокол Олдаши, министер за внатрешни работи на Република Албанија кои, секој за својот сектор, ги изнесоа досегашните реформи и успехот во борбата против организираниот криминал. Тие ја изнесоа потребата од соработката меѓу земјите од регионот, како во областа на одбраната, така и во областа на борбата против криминалот.

Леонард Деми истакна дека Јадранската повелба претставува прва институционализирана соработка на земјите од регионот. Со нејзиното имплементирање земјите од А3 групата се во состојба да го дадат нивниот придонес не само во нивните држави, туку и пошироко, како во Ирак и во Авганистан. Тој го изрази убедувањето дека на Самитот во Рига трите земји ќе добијат покана за членство.

Крешимир Ќосиќ, исто така, ја подвлече важноста на меѓусебната соработка и помагање на земјите од А3 групата. Тој го претстави и досегашниот напредок на Република Хрватска во планот на реализирање на реформите во областа на одбраната и во другите области кои се предуслов за членство во НАТО.

Од страна на Бесим Догани и другите членови на нашата Делегација беше потенцирано дека периодот меѓу 2006 и 2008 година е клучен за поединечните и заедничките залагања на земјите од А3 групата да придонесат во евроатлантската интеграција.

Владимир Ѓорчев се осврна на реализацијата на реформите во областа на одбраната, истакнувајќи дека тие се во напредна фаза. Беше спомната и улогата на Армијата на Република Македонија во обезбедувањето на мирот во Ирак и Авганистан.

Заложбите на нашата држава за полноправно членство во НАТО алијансата беа предмет на дискусија и на Есад Рахиќ. Тој, исто така, се осврна и на поинтензивната соработка меѓу државите од регионот во полето на безбедноста, предлагајќи формирање на заедничко тело на земјите од регионот за борба против организираниот криминал кој не познава граници. Таквото тело, сочинувано од експерти, би се финансирало со средства од земјите од регионот, ЕУ и НАТО.

Павле Трајанов ја реафирмираше определбата на Република Македонија за развој и зацврстување на демократијата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и слободи, почитувањето на мултиетничноста, слободниот пазар, како и борбата против корупцијата и организираниот криминал, каде што земјите од регионот би требало континуирано да соработуваат.

Беше потенцирана потребата трите земји заедно да работат во афирмацијата на постигнувањата на индивидуално и на заедничко ниво, изразувајќи го задоволството од досегашната, како и потребата од натамошната поддршка на САД.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија информираше дека согласно со преземените програмски планови и укажувања на земјите членки на НАТО, а особено на САД, нашата држава ќе ја заокружи имплементацијата на севкупните реформи, како неопходен услов за добивање покана за членство во 2008 година. Во тој контекст, како приоритетни активности, се потенцираа продолжувањето на реформите во областа на полицијата, зајакнатата борба против криминалот и корупцијата, имплементацијата на законите од сферата на судството, како и забрзан економски развој.

Во своето обраќање Бесим Догани изрази уверување дека напредокот и достигнувањата на трите земји ќе бидат составен дел од финалните документи на Самитот на НАТО што во ноември оваа година се одржува во Рига. Ја истакна потребата од заедничко залагање сојузниците од Рига да упатат јасна порака дека проширувањето останува една од најголемите придобивки на трансформацијата на Алијансата и дека во 2008 година таа ќе упати покана до оние земји кои со посветеност и работа ги достигнуваат евроатлантските критериуми.

Говорниците ја подвлекоа парламентарната димензија како еден од главните столбови врз која, од една страна, треба да се развива процесот на евроатлантската интеграција внатре во земјата, а од друга страна, и клучен механизам за успешното лобирање во парламентите на земјите членки. Парламентарната дипломатија веќе е докажано средство во функција на поддржувањето на националната, јавната и меѓународната дипломатија.

Учесниците на Конференцијата беа запознати со фактот дека, согласно со резултатите од спроведените анкети на испитувањето на јавното мислење во Република Македонија, поддршката за членство во НАТО е повисока од 90%.

На крајот од работата на Конференцијата беше потпишана заедничка Декларација во која Делегациите на парламентите на Република Албанија, Република Македонија и Република Хрватска го реафирмираа досегашниот голем напредок постигнат од нивните земји во правец на интеграцијата во НАТО и ЕУ во рамките на Јадранската повелба, континуирано поддржана од Соединетите Американски Држави.

Делегациите го подвлекоа натамошното нивно заложување за принципите на Јадранската повелба, зајакнувајќи ги напорите на нивните парламенти во интензивирањето на реформите кои ги потенцираат демократските институции, владеењето на правото, цивилното општество, ги заштитуваат и почитуваат човековите права и граѓанските слободи на сите индивидуи, пазарната економија и НАТО компатибилната армија за да ја зајакнат безбедноста, стабилноста и просперитетот во нивните земји, регионот и пошироко.

Делегациите, во нивните парламенти, се обврзуваат да ја промовираат блиската билатерална и мултилатерална политичка, одбранбена и економска соработка меѓу

Република Албанија, Република Македонија и Република Хрватска, како и со нивните соседи, забрзувајќи ја интеграцијата во ЕУ и НАТО.

Делегациите ќе ги поддржуваат и поттикнат нивните влади, со помош на координирани напори да ја интензивираат борбата против корупцијата, организираниот криминал, тероризмот, трговијата со оружје, дроги и луѓе и други форми на меѓународен криминал.

Делегациите се обврзуваат да преземат специфични парламентарни чекори да обезбедат доволно ресурси, потребни за да се исполнат обврските што произлегуваат од годишните планови, да ја оддржат цивилната контрола и да овозможет А3 земјите потполно да бидат инкорпорирани во НАТО.

Делегациите ја потенцираа важноста на процесот на контрола над институциите за безбедност и одлучија да се состануваат најмалку еднаш годишно за да ги разменат искуствата.

Делегациите силно ги поддржуваат напорите на меѓународната организација за разрешување на статусот на Косово, предвидено за оваа година, со што би се постигнало повеќе стабилност и сигурност за регионот, како и гарантирање на заштита на малцинствата, човековите и религиозните права за сите етнички групи во Косово.

Делегациите изјавуваат дека тие ќе продолжат да го поддржуваат присуството на НАТО во регионот, НАТО операциите за одржување и поддршка на мирот и борбата против тероризмот на Алијансата во нашиот регион и пошироко.

Делегациите ќе ја интензивираат нивната соработка со Парламентарното собрание на НАТО и ќе придонесат кон транспарентноста на НАТО интегративниот процес, како и неговите политики за да се подобри јавната свест и јавната поддршка.

Делегациите силно веруваат дека Парламентарното собрание на НАТО и Самитот во Рига сериозно ќе ги земе предвид напорите и постигнувањата на А3 земјите за потполно интегрирање во НАТО и ќе одлучат да ја прошират поканата за Република Албанија, Република Македонија и Република Хрватска да се придружат на НАТО во наредниот НАТО самит во 2008 година.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 52-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО Квебек, Канада, 13-17 ноември 2006 година***

***Скопје, декември 2006 година***

*Во работата на 52-то Годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, кое се одржа од 13 до 17 ноември 2006 година, во Квебек, Канада учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав на пратениците: Бесим Догани, шеф на Делегацијата (ДПА), д-р Владо Бучковски (СДСМ) и Ѓорѓи Оровчанец (ВМРО-НП), членови на Делегацијата и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.*

Во овој извештај се прикажани: активностите на комисиите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа, како и дискусиите на пленарното заседание. Во работата на заседанието учестуваа околу 300 парламентарци од Северна Америка и Европа.

Главен акцент на 52-то Годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО беше ставен на главните активности на агендата на НАТО, вклучително и актуелните операции во Авганистан, предизвикот на проширувањето, односите со партнерските земји и трансформацијата на Алијансата, која е неопходно за да се одговори на новите безбедносни предизвици. Во петдневните дискусии доминираше темата за Авганистан, каде што многу парламентарции изразија загриженост дека Алијансата може да не ја постигне својата цел, односно да донесе мир и стабилност во земја која е уништувана повеќе од 20 години со конфликти на своја територија. Солидарноста меѓу слободните, демократски општества е императив, но принципите ќе имаат вистинско значење ако се ефикасни на бојното поле. Од тие причини оваа мисија во Авганистан е најзначајна мисија за Алијансата, особено пред одржувањето на Самитот на НАТО во Рига.

**Комисијата за цивилна димензија на безбедноста** ги разгледа следниве извештаи: "Босна и Херцеговина, перспективите во пост-Дејтонската ера" поднесен од генералниот известител **Виталино Канас** (Португалија), "НАТО и цивилната заштита", поднесен од известителот Лорд Џоплинг (Обединетото Кралство), "Рамките и областите на соработка во регионот на Црното море", поднесен од **Берт Мидел** (Холандија). Во работата на Комисијата учествуваше пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

**Комисијата за одбрана и безбедност** својата работа ја фокусираше на следниве извештаи:"Научените лекции од актуелните операции на НАТО", поднесен од генералниот известител **Џулио Миранда Калха** (Португалија), "Улогата на НАТО во регионот на Јужниот Кавказ" поднесен од известителот **Франк Кук** (Обединетото Кралство), "Промените и новите распоредувања на војската на САД и нивното влијание врз трансатлантската Алијанса", поднесен од известителот **Џон Шимкус** (САД).

Во работата на Комисијата учествуваше пратеникот д-р Владо Бучковски.

**Комисијата за економија и безбедност** ги разгледа и усвои следниве извештаи:

"Политичките импликации во ризичните општества" поднесен од генералниот известител **Јос Ван Генип (Холандија**), "Економските транзиции на Блискиот Исток и Северна Африка", поднесен од известителот **Курт Бодвиг (Германија),** "Развојот на Кина и трансатлантската економија", поднесен од известителите **Џон Бозман (САД**) и **Хуг Бајли (Обединетото Кралство),** како и "Трговската економска соработка меѓу Русија и Кина: актуелните состојби, проблеми и перспективи", поднесен од **Виктор Воитенко (Руска Федерација).**

**Политичката комисија** ги разгледа и усвои следниве извештаи:

"Иднината на НАТО" поднесен од генералниот известител **Берт Коендер, (Холандија)**, "Безбедносната соработка меѓу НАТО и ЕУ" поднесен од известителот Марко Минити, како и "НАТО и безбедноста во Персискиот Залив" поднесен од **Рупреш Поленз (Германија).**

Во работата на Комисијата учествуваа повеќе истакнати канадски говорници и тоа: **Стефанија Бек** од Одделението за одбрана и безбедност во Министерството за

надворешни работи на Канада, **Роберт Хантер**, од Корпорацијата Ранд**, Роберт Остин** од Центарот за европски, руски и евроазиски студии од Универзитетот во Торонто. **Г. Бесим Догани и д-р Владо Бучковски**, учествуваа во работата на Комисијата.

Сите говорници потенцираа дека НАТО е важен форум за дијалог и консултации за трансатлантските прашања и дека Канада заедно со другите членки на НАТО верува во основните принципи врз кои почива НАТО а тоа се слобода, демократија, владеење на правото и човековите права. Канада има 2500 војници распоредени во Авганистан и таа обезбедува 1 милијарда долари за помош во други земји, што ја прави петти најголем донатор во Авганистан. Тие, исто така, посочија дека Канада цврсто верува во политиката на отворени врати и веруваат дека проширувањето базирано на исполнување на реформите а не само на декларативни заложби ќе донесе резултати. Тие сметаат дека ПС на НАТО претставува витална врска меѓу законодавците, владата и граѓаните, која може да им помогне на владите да ги промовираат политиките на НАТО.

Во врска со Авганистан, говорниците потенцираа дека Алијансата мора воено повеќе да вложува во Авганистан, бидејќи започнатата цивилна реконструкција тешко ќе се спроведува.

Господинот Остин посебно се задржа на безбедноста во Југоисточна Европа. Тој како примарна активност во регионот ги наведе подобрувањето на инвестиционата клима и зголемувањето на туризмот. Решавањето на статусот на Косово е многу значајно но и Србија е многу важна за стабилноста на регионот. Секое решение за Косово ќе биде многу тешко и умешност е да се изнајде помалку тешко и болно решение за сите. Време е да се престане со политичка поларизација во Косово, затоа што најголеми губитници се граѓаните. Најважно е политичките елити во регионот да имаат долгорочна стратегија и визија. Во дискусијата се надоврза и **г. Владо Бучковски,** кој се задржа на состојбите во регионот и притоа истакна дека процесот на проширување, како дел од трансформацијата на НАТО мора да продолжи. Тој се заложи Јадранската група А3 да се трансформира во А6 при што Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина треба што поскоро да бидат членки на Партнерството за мир. Во врска со косовското прашање, тој посочи дека статусот треба поскоро да се реши, а независноста е најдобро решение.

**Господинот Берт Коендер,** член на Холандската делегација и известител за состојбите во Авганистан, потенцираше дека мисијата во Авганистан може да заврши со неуспех, доколку членките на НАТО не ги исполнат преземените обврски кои ќе гарантираат успешно завршување на мисијата. Тој рече дека целата безбедносна ситуација сериозно се влошува и востаниците напаѓаат во јужниот и источниот регион на Авганистан во делот на границата со Пакистан. Се смета дека ова е најкрвавиот период по паѓањето на Талибанскиот режим. Терористичките напади вклучувајќи самоубиствени напади рапидно се зголемени. Тој забележа дека над 3700 лица се убиени од јануари 2006 година и дека терилистичките напади се зголемиле за четири пати. Тој ги повика земјите членки на НАТО во целост да ги исполнат обврските за засилување и целосно да се посветат на приоритетните проекти во областа на иригацијата, изградбата на патишта и снабдувањето со енергија.

Претставувајќи го Извештајот на Авганистан и иднината на Алијансата, Коендер заврши со мислата дека мисијата е во критична фаза, но дека Алијансата мора да успее. Доколку тоа не се случи, тогаш тоа ќе значи сериозен пораз пред авганистанскиот народ и ќе го поткопа заедништвото на Алијансата. Зборуваше и за производството и трговијата со дрога во Авганистан, која сериозно ја загрозува регионалната безбедност. Оваа година жетвата на опиум во Авганистан достигнува 6100 тони што е рекордно висока и претставува зголемување за 59% во однос на претходната година. Бројот на луѓето ангажирани за производство на опиум во Авганистан изнесува 2,9 милиони, што е 12.6% од целосната популација во земјата.

Ваквите размислувања беа поткрепени со излагањето на **Роберт Хантер**, поранешен пратставник на САД во НАТО, кој рече дека Алијансата се коцка со својата иднина во врска со прашањето на Авганистан и дека оваа мисија мора да успее.

Претседателот во заминување **г. Пјер Лелуш (Франција)** во своето обраќање пред Собранието изрази загриженост за иднината на Алијансата. Тој посочи дека САД и Европската унија мораат повеќе да се заложат за да се обезбеди преживување на политичката и воената Алијанса која ја победи Студената војна. Тој изрази загриженост за судбината на Алијансата, со оглед дека американските пријатели не му оставиле впечаток дека го одбрале правецот кој води кон иднина на Алијансата. Изрази загриженост и за унилатералното буџетско разоружување од страна на многу европски земји и повика на зголемени напори за цементирање на трансатлантските односи. Понатаму, изрази загриженост и за непостоење на Европскиот столб во Алијансата. Иако Европа е горда со познатата Европска политика за безбедност и одбрана (ЕСДП), сепак Европа е во процес на унилатерално буџетско разоружување, ако се изземат Обединетото Кралство и Франција. Европската Унија со популација еден ипол пати поголема од САД и поголем БОП, троши само 40 % од трошоците на САД за воени потреби и може да стави на располагање само 10 % од вооружените сили во надворешните операции.

Ако Алијансата не е доволно внимателна, унилатерализмот, од една страна, вербалното односно декларативно повторување, од друга страна, може да биде трагично, како што сега може да се види во Авганистан. Откако НАТО ја контролира целата територија во Авганистан, се соочува со опасноста да се стави во тешка воена ситуација, само затоа што има недостаток на ресурси.

**Комисијата за економска димензија на одбраната** ги разгледа и усвои следниве извештаи:

"Транзицијата во Украина" поднесен од генералниот известител **Маргус Хансон (Естонија),** потоа "Набљудувањето на заложбите за земјите во развој на Групата Г8", поднесен од известителот **Хуг Бајли (Обединето Кралство)** и "Енергетската безбедност", поднесен од известителот **Јос ван Генип (Холандија).**

Комисијата ја разгледаа и усвои Резолуцијата за подобрување на глобалната енергетска безбедност.

Поканети говорници на Комисијата беа: **Ан Вестон**, истражувач од Канадскиот институт Исток-Запад, која зборуваше за агендата на глобалниот развој и до каде се преговорите во рамките на Светската трговска организација, потоа настапи **д-р Тараз Кузио,** од Универзитетот Џорџ Вашингтон, кој настапи за ситуацијата во Украина. Д-р Кузио посочи дека по портокаловата револуција, се случиле некои демократски промени во земјата по раководството на новото претседателство, но изборот на Јунуковиќ за премиер би можело да предизвика нови предизвици за транзицијата. Иако досега е направен лимитиран прогрес во владеењето на правото и корупцијата, сепак Украина има направено голем исчекор во слободата на медиумите, слободните и фер избори и политичкото натпреварување. Новата надворешна политика на премиерот Јунуковиќ е "мултивекторска" во која проруските и прозападните тенденции мора да бидат балансирани. Иако Украина во 2002 година побарала да биде членка на НАТО, по војната во Ирак и изборот на Јунуковиќ за премиер, го направи членството на НАТО помалку посакувано за многу Украинци Дури 60% од популацијата на Украина е против членството во НАТО.

***Пленарно заседание на Парламентарното собрание на НАТО***

Седницата ја отвори и со неа раководеше потпретседателот на Парламентарното собрание на НАТО **Пјер Клод Нолин (Канада).**

На почетокот на заседанието со акламација беше избран **г. Берт Коендер (Холандија)** за нов претседател, како предлог на Социјалдемократската политичка група.

На пленарното заседание со свои излагања се обратија: **Гордон О´Конор,** министер за национална одбрана на Канада, **Ноел Кинсела**, спикер на Сенатот на Канада и **Колида Грабер Китановиќ,** министер за надворешни работи и европски интеграции на Хрватска.

Новиот претседател **Берт Коендер** истакна дека за него е голема чест да биде претседател на ПС на НАТО со оглед дека ја смета организацијата за тело на "еднакви", демократски избрани лидери. Лидерите имаат огромна одговорност да им служат на своите народи на најдобар можен начин во свет полн со ризици, опасности но големи можности. Пратениците се тие кои треба да коригираат каков било демократски дефицит и сите треба да разберат дека НАТО е организација во која не може кој било да влезе. Како прва задача тој го смета неговото обраќање на Самитот во Рига на кое пред лидерите на Алијансата ќе ја пренесе загриженоста и преокупацијата на НАТО парламентарците за состојбите во Алијансата, ќе го изрази ставот на ПС на НАТО, кој е содржан и во донесените резолуции, а кои се однесуваат на важните аспекти на креирање на НАТО, пред сé како повеќе политичка организација. Способноста на НАТО Алијансата да се соочи со предизвиците пред сé зависи од поддршката што таа ја добива од јавноста и од парламентите. Тој смета дека најважни активности на парламентарците треба да бидат:

- да се распоредат потребните капацитети, да се синхронизира безбедноста и развојот,
- да се воспостави подобар баланс меѓу агресивните операции и реконструкцијата, да се обезбеди еднакво оптоварување на ризиците и трошоците меѓу членките на Алијансата и заедничкото финансирање,
- да се редуцираат националните ограничувања кои ја опструираат употребата на силите на НАТО,
- да се инсистира на подобра соработка меѓу НАТО, ЕУ и ОН,
- да се потенцира потребата за почитување и посветеност на хуманитарното право и Женевската конвенција и
- да се постигне согласност за политиките на опојните дроги.

Тој сепак нагласи дека најважно од сé е да се инвестира во нови партнерства, да се обезбеди поддршка за земјите во транзиција, да се задржи фокусот на балканските земји, да се поддржат земјите од Јадранската група при следното проширување и да се интензивираат партнерските врски со трите кавкаски земји и земјите од Медитеранот.

**Гордон О´Конор,** министер за национална одбрана на Канада, зборуваше за новите одговори на новите закани, кои повеќе не се определени со граници. Канада, како членка на НАТО има одговорност да ги штити Канаѓаните од секаков вид на тероризам и затоа придонесува со трупи во Авганистан. Канада во Авганистан учествува не само со воени сили, имајќи предвид дека зад успешна мисија потребно е да распоредат дипломати, цивилни полицајци, експерти за хуманитарно право, добро управување, владеење на правото и градење на демократија. Меѓународна должност на Канада е да му помогне на авганистанскиот народ и на нивната влада да изградат демократско и безбедно општество. Народот на Авганистан почнува да чувствува надеж и тие можат да бидат вистински прогрес, но и закана доколку се врати Талибанскиот режим.

**Ноел Кинсела,** спикерот на Сенатот на Канада како клучни настани за трансформација на Алијансата ги спомена крајот на Студената војна и терироститчките напади на 11 септември, настани кои ја натерале Алијансата да ги преоцени принципите врз кои се управува меѓународното опкружување. Конфликтите на Балканот покажале дека етничката омраза може да биде многу поголем мотив за војување кога станува збор за човечките односи. Настаните од 11 септември покажуваат колку нашите општества се ранливи. Мора да се соочиме и со нетрадиционалните безбедносни закани, како што се деградацијата на човековата околина, глобалното затоплување, потенцијалните пандемии, транснационалниот криминал и др.

Тој истакна дека е императив да се обезбедат воени средства за да се спроведат мисиите. Канадското искуство покажува дека постои многу тенка линија меѓу градењето на мир и војна. Многу е важно да се обезбеди војниците во Авганистан да бидат добро опремени и обучени и кога се ранети да добиваат најдобра можна грижа.

**Госпоѓата Колинда Грабар Китановиќ,** министер за надворешни работи на Хрватска ја претстави надворешната политика на Хрватска со нејзините приоритети.

Посочи дека Хрватска е активна во многу регионални иницијативи и стратешка цел е да помогне во создавањето на просперитетно соседство. Процесот за соработка во Југоисточна Европа е водечки инструмент за регионална соработка. Актуелното хрватско претседавање со Процесот ќе го зајакне регионалниот глас, ќе ја промовира Европската димензија во регионот и ќе помогне во решавањето на отворените прашања.

Соработката во рамките на Јадранската група меѓу САД и земјите од А3 групата се покажа како вреден инструмент за Хрватска, Албанија и Македонија. Ова е модел и за другите во регионот како треба да се соработува. Хрватска е подготвена да им помогне и на Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина да станат членки на ПМ.

На пленарното заседание се усвоија следниве резолуции:

- за тестирањето на нуклеарно оружје од страна на Демократска Народна Република Кореја;
- за интероперативилноста на мрежните капацитети (NEC);
- за идниот статус на Косово;
- за реафирмирање на единственост на НАТО по прашањето за Авганистан;
- за 50 годишнината од Унгарската револуција во 1566 година и борбата за слобода;
- за подобрување на глобалната енергетска безбедност;
- за односите на Грузија и Руската федерација;
- за иднината на Босна и Херцеговина во евроатлантската заедница.

Резолуциите се достапни на веб страницата на ПС ан НАТО http://www.nato-pa.int

***Билатерални средби***

Во рамките на заседанието г. Бесим Догани, шеф на Делегацијата и другите членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на нивно барање оствариja билатерална средба со Словенечката делагација, предводена од г. Антон Андерлиќ, В. Д. шеф на Словенечката делегација. Притоа од нивна страна беше изразен интерес за посета на институциите надлежни за одбрана во Република Македонија, вклучително и Собранието на Република Македонија. Во текот на разговорот од наша страна беше сугерирано Делегација на Словенечкиот парламент составена од членови на Комисијата за одбрана и Делегацијата во ПС на НАТО да оствари посета на Република Македонија во текот на февруари 2007 година, што беше и прифатено од нивна страна .

***СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка на Конференцијата за новите простори на меѓународната политичка соработка за франкофонијата во Европа, одржана на 2 и 3 септември 2006 година во Софија, Република Бугарија***

***Скопје, септември 2006 година***

*На 2 и 3 септември 2006 година во Софија, Република Бугарија, се одржа Конференцијата за Новите простори на меѓународна политичка соработка за Франкофонијата во Европа. Оваа Конференција беше организирана од Балканскиот поитички клуб во партнерство со Меѓународната организација на Франкофонијата и со поддршката на Министерството за надворешни работи на Република Бугарија.*

На оваа Конференција со свои излагања настапија бројни политички личности, експерти и истражувачи од Централна и Источна Европа, членки, асоцијативни членки или набљудувачи на Меѓународната организација на Франкофонијата, како и личности од другите региони и институции меѓу кои: г. Желу Желев, претседател на Балканскиот политички клуб во Софија, г. Емил Константинеску, некогашен претседател на Република Романија, г-ѓа Кристин Десуш, од Делегацијата за мир, демократија и човекови права на OIF[6], г. Кристиан Преда, државен секретар за Франкофонија во Романија, г. Љубомир Кјушуков, заменик министер за надворешни работи на Република Бугарија, г. Пјер Бијоја, некогашен претседател на Бурунди, г-ѓа Алена Стербова, заменик министер за образование, младина и спорт на Чешката Република, г. Слободан Милачич, професор во универзитетот Монтескје Бордо 4, г. Јон Илиеску, некогашен претседател на Република Романија, г. Бронислав Геремек, некогашен министер за надворешни работи на Полска, г. Петер Ухл, член на Советот за човекови права на Чешката Република, г-ѓа Ана Крастева, профессор од Република Бугарија, г. Франсуа Фризон Рош од Центарот за истражувања во Париз, Франција, г. Олег Серебриан, претседател на Либералната партија во Молдавија и г. Сакс Кобург Гота, некогашен премиер на Република Бугарија.

Од Република Македонија учествуваа г. Киро Глигоров, некогашен претседател на Република Македонија и г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка во Собранието на Република Македонија во својство на специјален претставник на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Љубиша Георгиевски.

На оваа Конференција се разгледаа овие теми: Политичката франкофонија во Централна и Источна Европа, Институционалниот развој и демократија 17 години по падот на Берлинскиот ѕид, Политичката Франкофонија - простор за размена и интеррегионална размена и Граѓанското општество и едукација за демократија-искуства и перспективи.

Во своето излагање за активностите на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, Лиман Авдиу, откако ги поздрави учесниците во име на претседателот на Собранието на Република Македонија г. Љубиша Георгиевски и им посака успешна работа и плодна дебата, истакна дека нашата секција учествува активно на сите сесии и седници на ова мултилатерално собрание уште од конституирањето на Секцијата во 2001 година. Потоа, тој наведе дека ова присуство во рамките на активностите на ПСФ[7] му овозможија на Собранието на Република Македонија преку парламентарната дипломатија да ги зацврстува врските за соработка меѓу народите и да даде квалитативен придонес во активностите на Консултативното собрание на Франкофонијта. Собранието на Република Македонија се залага за продлабочување на пријателските врски за соработка меѓу членките на франкофонската заедница на регионално, континентално и меѓународно ниво и соработува со повеќе франкофонски парламенти преку спогодби и програми за билатерална соработка. Тука беа спомнати програмите за соработка со ПСФ-регион Европа, Националното собрание и Сенатот на Република Франција, Програмата Нориа, соработката со Собранието на Република Бугарија и др.

На крајот истакна дека Република Македонија се залага за воспоставување на пријателски односи и соработка со сите земји и региони, за промовирање на мирот,

[6] Organisation internationale de la Francophonie
[7] Парламентарно собрание на Франкофонијата

демократијата, правната држава, почитување на човековите права, ширење на меѓународната употреба на францускиот јазик и културната различност.

Во перспектива на Самитот на шефови на држави и влади на Франкофонијата, што ќе се одржи од 28 до 29 септември 2006 година во Букурешт, Романија, учесниците на оваа Конференција ги предложија овие заклучоци :

1) развој на размената, интрарегионалната и интеррегионалната соработка меѓу франкофонските земји;
2) неопходно е да се идентификуваат институциите, методите и процедурите во франкофонските земји за да се гарантира демократијата и заштитата на човековите права;
3) културата која е основен acquis (основна придобивка) на Франкофонската заедница, претставува неопходен елемент како во процесот на демократизацијата, така и во еконосмкиот и социјалниот развој и во зацврстување на човековата безбедност и
4) членувањето во Франкофонијата претставува важен фактор за стимулирање на регионалната соработка меѓу Африка, арапскиот свет и земјите од Централна и Источна Европа и претставува инструмент за отворање спрема светот што треба да придонесе за солидарност меѓу земјите членки како на регионално, така и на интернационално ниво.

За оваа цел земјите членки на Франкофонијата треба особено да се залагаат за:

1) зацврстување на меѓусебната координација во сите меѓународни организации: ОН, Советот за човекови права, Советот на Европа, ОБСЕ и ЕУ;
2) формирање на групи за координација меѓу франкофонските членки како во меѓународните организации, така и во рамките на Европскиот парламент чија важност е значителна за земјите од Источна и Централна Европа во перспектива на проширување на Европската унија и
3) систематска интервенција за одбрана на мултилингвизмот во меѓународните организации.

На крајот, учесниците на Конференцијата му честитаа на Балканскиот политички клуб за преземање на оваа иницијатива и заклучија дека истата треба да послужи како поттик за организирање на други конференции од овој тип за земјите од Централна и Источна Европа со цел да го консолидираат и зацврстуваат нивното место во Франкофонијата преку политичката меѓународна соработка како на билатерален, така и на мултилатерален план.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата на 19-то Собрание за регионот Европа на Парламентарното собрание на Франкофонијата, одржано од 18 до 22 октомври 2006 година во Луксембург, Големо Војводство Луксембург***

***Скопје, ноември 2006 година***

*Од 18 до 22 октомври 2006 година во Луксембург, се одржа 19-то Собрание на ПСФ-регион Европа, на кое учествуваа делегации од следниве земји, региони и институции на Парламентарното собрание на Франкофонијата: Генералниот секретаријат на ПСФ, регион Европа, регион Америка, Андора, Бугарија, Вале д΄Аост, Бенелукс, Бугарија, Францската заедница на Белгија, Франција, Грузија, Унгарија, Жерзе, Кантон Жира (кантон во Швајцарија), Литванија, Република Македонија, Молдова, Монако, Полска, Романија, Швајцарија, Вале (кантон во Швајцарија) и Меѓународната организација на Франкофонијата. На ова Собрание, со нивни прилози учествуваа и: г-ѓа Мишел Жакоб, директор за меѓународни и институционални односи во TV5MONDE, г. Мајкл Ингледоф, администратор во Дирекцијата за млади и спорт-сектор млади на Советот на Европа, г-ѓа Мариа-Елена Енрикес Милер, шеф на Секцијата за млади при УНЕСКО и г. Пјер Жирардие, претставник на Светската банка.*

*На ова Собрание учествуваше и Делегацијата на Собранието на Република Македонија, во состав: г. Благој Зашов, прв потпретседател и г. Насер Ајдини, потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка во Собранието на Република Македонија и административен секретар на Секцијата.*

* * * * *

Свеченото отворање на ова Собрание, како и целиот настан, се одржа во зградата на Стопанската комора на Големото Војводство Луксембург во Луксембург. Ова Собрание свечено го отвори г. Лисјен Вејлер, претседател на Претставничкиот дом и претсдател на Секцијата на Големото Војводство Луксембург. На почетокот на својот поздравен говор г. Вејлер, откако ги поздрави учесниците и им посака добредојде во Големото Војводство Луксембург, истакна дека ова Собрание ќе расправа по централната тема "Младите, актери на промените и развојот преку учество" и додаде дека како парламентарците така и голем број на експерти ќе придонесуваат за презентирање на сите аспекти на оваа комплексна тема. Потоа, тој додаде дека присуството на младите од сите европски земји со нивните дискусии ќе ја збогатуваат оваа расправа и наведе дека отворањето на дијалогот со младите не претставува изгубено време, туку напротив неопходно средство за да се придонесе за нивно граѓанско образование, за развој на нивното активно граѓанство, за толеранција, за нивната креативност, со други зборови, овој дијалог меѓу генерациите ја фаворизира нивната интеграција во едно демократско и мултикултурно општество. Господин Вејлер наведе дека во Луксембург службени јазици се луксембуршкиот, германскиот и францускиот коишто имаат многу важно место во лингвистичкиот мозаик на оваа земја. На крајот од својот говор, тој истакна дека Луксембург им придава голема важност на целите на Франкофонијата: промоција на мирот, демократијата и човековите права, поддршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, како и на соработката во полза на одржливиот развој и солидарноста и истакна дека Големото Војводство Луксембург соработува со повеќе франкофонски земји во рамките на соработката за развој чија цел е искоренување на сиромаштијата и ги обфаќа економските и аспектите од доменот на животната средина, а особено социјалниот аспект, здравството, образованието, обуката и руралниот развој.

Во својот поздравен говор г-ѓа Мари-Жозе Жакоб, министер за семејство и интеграција на Големото Војводство Луксембург, откако им посака добредојде и успешна работа на учесниците, истакна дека е особено среќна што како централна тема на ова Собрание се младите и додаде дека денеска во Европа политиките за младите имаат за цел нивна интеграција во општеството, особено преку нивно вработување и наведе дека кога се зборува за интеграција, пред сé, се мисли на каков начин еден млад човек го наоѓа своето место во општеството и истата поминува како преку

вработување така и преку основање на семејство и да се здобие со статус на граѓанин преку учеството на избори со што тој се се осамостојува. Преку овој процес, младите му носат на општеството нови идеи и проекти за иднината, додека општеството придонесува тие да се стекнуваат со автомија и на ваков начин имаме меѓусебна интеграција. Со оглед на тоа што во овој момент се поставува и прашањето на невработеноста на младите, неопходно е да се размисли за нивна професионална ориентација со цел за подобрување на нивните професионални способности и нивно полесно вклучување во работата. На крајот на својот говор г-ѓа Жакоб наведе дека меѓународната организација на Франкофонијата го постави како цел зацврстувањето на капацитетите на државите за реализација на националните интерсекторски политики за младите за да можат да се справуваат поефикасно со нивните проблеми и истакна дека овие инструменти овозможуваат воспоставување на дијалог меѓу младите и оние кои ги донесуваат одлуките.

На почетокот на својот говор г. Жак Лежандр, парламентарен генерален секретар на Парламентарното собрание на Франкфонијата, откако ѝ се заблагодари на секцијата домаќин за организирање на 19-то Регионално собрание Европа на ПСФ, истакна дека Европа претставува стратешки терен за Франкофонијата, првин затоа што е колепка на нашиот јазик, а потоа затоа што претставува "нова граница" за Франкофонијата и додаде дека одржувањето на последниот самит на Франкофонијата во Букурешт, Романија, има посебна симболика со тоа што нови европски земји станаа членки на Меѓународната организација на Франкофонијата (OIF). Во OIF во моментот членуваат 24 членки на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), додека во 2007 година, од 27 членки на ЕУ, 14 ќе бидат исто така членки на OIF. Потоа, тој истакна дека има тенденции за прием на нови членки заради  дипломатски причини, заборавајќи ги лингвистичките преокупации коишто се во сржта на Франкфонијата и додаде :"Дали сме сигурни дека новите европски земји членки ќе ги почитуваат препораките на OIF што се однесуваат на образованието и употребата на францускиот јазик?". Потоа, тој наведе дека Франкофонијата ќе ги следи заложбите во полза на што побрза ратификација од страна на националните парламенти на Конвенцијата на UNESCO за културната различност. На крајот, тој се осврна на Парламентот на млади франкофони (PFJ[8]) и Меѓународниот совет на младинските организации на Франкофонијата (CIJEF[9]) и додаде дека парламентарците ќе се ангажираат за развивање на врските на синергија меѓу PFJ и CIJEF.

Во својот говор г. Фреди Дегилаж, шеф на Мисијата Европа на ПСФ наведе дека Конференцијата на претседатели на секции-регион Европа, одржана во април 2006 година во Букурешт, Романија, одлучи Акционата програма за соработка (PAC[10]), којашто досега беше резервирана само за парламентарци и парламентарни службеници, да се отвори за младите и оваа година во Европскиот центар за француски јазик беа организирани семинари за француски јазик и култура и студиски престои за усовршување на францускиот јазик за една група млади од Романија. Потоа, тој наведе дека поставувањето како централна тема на ова Собрание "Младите, актери на промените и развојот преку учество" е доказ дека ПСФ регион Европа придава голема важност на учеството на младите од франкофонскиот простор во процесот на донесување одлуки, на односите север-југ, меѓународната солидарност, на одржливиот развој и на консолидација на мирот. На крајот, тој наведе дека денеска, младите се соочуваат со многубројни проблеми, а тоа се: образованието, обуката, професионалната ориентација, невработеноста, основањето семејство и др. и затоа неопходно е членките на Франкофонијата подобро да соработуваат во функција на охрабрување на институциите на системот за  создавање услови за целосно учество на младите во

[8] Parlement Francophone des jeunes
[9] Conseil international de jeunes de la Francophonie
[10] Programme d'Actions et de Coopération

животот на демократските општества за да можат да ја градат Франкофонијата и Европа на иднината.

* * * * *

На дневниот ред на ова Собрание беа точките за " *Организации и асоцијации кои работат за промоција на Франкофонијата во Европа: различности и комплементарности", "Франкофонијата и механизмите за промоција на главните европски јазици: извештај од мисијата во Варшава", "Младите, актери на промените и развојот преку учество", "Контекстот на политиките на младите во земјите на Централна и Источна Европа, членки на Франкофонијата", "Меѓусекторски политики на младите во европските земји членки на Франкофонијата, состојби и перспективи", "Учество на младите во процесот на донесување на одлуки" и Избор на кандидат за шеф на Мисијата Европа.*

По усвојување на дневниот ред, Францускатa секција ги презентираше заклучоците на извештајот на г. Фенеш по првата точка од дневниот ред. Во неговиот извештај, г. Фенеш ги презентира активностите на главните оператори на Меѓународната организација на Франкофонијата со посебен акцент на отворањето на регионална антена на Меѓувладината агенција на Франкофонијата во Букурешт во 2004 година и отворањето на Регионалниот центар за учење на францускиот јазик во Централна и Источна Европа во Софија. Потоа, се осврнува на соработката меѓу франкофонските универзитети во земјите на Централна и Источна Европа преку Универзитетската агенција на Франкофонијата (AUF[11]), којашто во 1994 година во Букурешт го отвори Регионалниот центар со локални антени во Молдова, Унгарија и Бугарија.

По ислушување на заклучоците од овој извештај, Собранието донесе Предлог на резолуција, кој беше едногласно усвоен.

Во врска со темата за Регионалното собрание Европа 2007 година, *"Франкофонијата и механизмите за промоција на главните европски јазици: извештај од мисијата во Варшава*, воведно излагање поднесе г. Лоран Бетеј, сенатор од француската секција.

Во почетокот на своето излагање, г. Бетеј образложи дека по предлог на француската секција, Конференцијата на претседатели на секциите на регионот Европа, одржана во Букурешт во април оваа година, одлучи да ја стави на дневен ред на Регионалното собрание 2007 темата за Франкофонијата и механизмите за промоција на главните европски јазици. За оваа цел, од 4 до 6 октомври 2006 година, беше реализирана една мисија во Полска со цел за прибирање на информации за употребата на главните европски јазици не само во институциите на државата, туку и во францускиот, британскиот, германскиот, австрискиот, шпанскиот и италијанскиот институт во Варшава. Заклучоците на оваа мисија се: лингвистичкиот пејсаж во Полска се одликува со јасна доминација на англискиот јазик, на второ место е германскиот, шпанскиот е во прогрес, францускиот е на четврто место, додека италијанскиот останува маргинален, а рускиот не ги интересира повеќе младите генерации. На крајот, тој наведе дека слични мисии ќе се реализираат во иднинина во повеќе земји на европскиот континент со цел да презентира еден поцелосен извештај за употребата на главните европски јазици во Европа на следното Регионално собрание Европа 2007 година.

[11] Agence universitaire de la Francophonie

За централната тема на ова Собрание "Младите, актери на промените и развојот преку учество", воведно излагање за Парламентот на млади франкофони (ПФЈ[12]) поднесе г. Жак Лежандр, парламентарен генерален секретар на ПСФ (прилог 4). Меѓу другото, тој наведе дека досега Парламентот на млади франкофони ги има усвоено: Повелбата на младиот франкофонски граѓанин за 21 век, Декларацијата на Парламентот на млади франкофони за развојот и Белата книга[13].

Во врска со *Контекстот на политиките на младите во земјите на Централна и Источна Европа, членки на Франкофонијата,* г-ѓа Дениз Бариолад, шеф за проекти за млади при Меѓународната организација на Франкофонијата, поднесе резиме на одговорите на прашалникот за Младите, актери на промените и развојот преку учество.

По точката за *Меѓусекторските политики на младите во европските земји членки на Франкофонијата, состојби и перспективи,* се презентираа со излагање претставниците на секоја секција на ПСФ. По оваа тема свое излагање имаше и г. Благој Зашов, прв потпретседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ и шеф на Македонската делегација на 19-то Регионално собрание Европа. На почетокот од своето изглагање, г. Зашов му се заблагодари на г. Лисијен Вејлер, претседател на Претставничкиот дом на Големото Војводство Луксембург, за извонредното организирање на ова Собрание и истакна дека централната тема на ова Собрание " Младите, актери на промените и развојот преку учество" денеска е од голема важност за сите земји. Република Македонија има своја Национална стратегија за младите која е усвоена во декември 2005 година. Нејзиното ефикасно спроведување ќе резултира со значително подобрување на положбата на младите во општествено економските збиднувања во Република Македонија. Потоа, тој истакна дека младите во секоја современа држава претставуваат движечка сила на новите вредности на општеството и државата. Оттука, нивното активно вклучување токму во процесот на креирање на политиките е неопходно. Во Република Македонија постојат бројни организации кои се занимаваат со прашањето на младите и нивното учество во процесот на одлучување. Агенцијата за млади и спорт е државен орган кој помага во релизирањето на потребите на младите, но има потреба од посебна структура која би ги обединила сите напори на невладините организации што се занимаваат со проблемите на младите. На крајот, г. Зашов ги претстави планираните активности и цели на Акциониот план за спроведување на Националната стратегија за млади и наведе дека младинската политика во Република Македонија се насочува кон признавање на младите, како главен човечки потенцијал на општеството кој активно придонесува за неговиот културен, економски и политички развој, подготвување на младите за остварување на сопствените и целите на државата, но и на заедницата во којашто живеат, почитување на правата и слободите на младите како интегрален дел на човековите права и слободи, темелна вредност на секоја демократска држава, социјален развој и интеграција на младите преку квалитетно формално и неформално образование, економски развој на младите преку младинско претприемаштво со цел за подобрување на квалитетот на нивното живеење и активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на национално и локално ниво.

---

[12] Идејата за формирање на Парламентот на млади франкофони (Parlement francophone des jeunes) е донесена на Пленарната сесија на ПСФ во Отава, Канада во 1999 година и овој предлог беше составен дел на Програмата за меѓупарламентарна соработка во Мислењето (Авис) на ПСФ презентирано на Самитот на шефови на држави и влади, одржан во Монктон, Канада, во септември 1999 година. Првата сесија на ПФЈ е одржана во Квебек, Канада во јули 2001 година. Втората сесија е одржана во Ниаме, Нигер, во јули 2003 година. Третата сесија е одржана во Брисел, Белгија во јули 2005 година. Четвртата сесија на ПФЈ ќе се одржи во Либревил, Габон, во јули 2007 година.Сесиите на ПФЈ се одржуваат истовремено со одржување на редовните годишни сесии на Парламентарното собрание на Франкофонијата. На досегашните сесии учествувале по двајца претставници од Република Македонија.

[13] Претставува придонес на ПФЈ за реализирање на главните цели на Деценискаta стратешка рамка.

Со излагања настапија и претставниците на младинските совети на земјите членки на ПСФ-регион Европа. Република Македонија беше претставена од г-ца Ивана Димитровска, член на Младинскиот совет.

Во рамките на централната тема беше разгледана и поттемата за Младите и меѓународните организации: заемни очекувања. Воведни излагања презентираа г. Малик Сар, шеф на мисијата во ОИФ, г. Мајкл Ингледоф, администратор во Дирекцијата за млади и спорт-сектор млади на Советот на Европа, г-ѓа Мариа-Елена Енрикес Милер, шеф на Секцијата за млади при УНЕСКО и г. Пјер Жирардие, претставник на Светската банка.

По ислушување на заклучоците од овој извештај и дебатата по Предлогот на декларацијата на младите, Собранието донесе Предлог на резолуција, кој беше едногласно усвоен.

Како кандидати за шеф на мисијата Европа и административен секретар едногласно се избрани досегашните г. Фреди Дегилаж и г-ѓа Вивиан Жерар.

Следната Конференција на претседатели на секции на ПСФ-регион Европа ќе се одржи од 24 до 26 мај 2007 година во Жерзе (Jersey).

* * * * *

Што се однесува до датумот и местото на идното регионално Собрание, треба да се напомене дека од страна на Секретаријатот на ПСФ-регион Европа има предлог нашата Секција да ја организира на 20 (јубилејна) сесија на ова Собрание во 2007 година. За ова прашање треба да се заземе став во Собранието на Република Македонија.

* * * * *

Може да се заклучи дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата на 19 редовно Собрание на регионот Европа беше мошне корисно.

Во текот на ова Собрание членовите на Македонската делегација остварија повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на билатералната и мултилатералната соработка меѓу Република Македонија и земјите, регионите и институциите-членки на Франкофонијата.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на 2006-2007 година, од аспект на континурано следење на работата на Парламентарното собрание на Франкофонијата и неговите комисии, остварување на контакти со франкофонските европски парламентарци и развивање на натамошната активност во форумите на Франкофонијата.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за одбрана, одржана на 22 ноември 2006 година во Париз, Франција***

***Скопје, ноември 2006 година***

*Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ) на 22 ноември 2006 во Париз, Франција, ја организираше седницата на Комисијата за одбрана. На оваа седница присуствуваа пратеникот Насер Ајдини, член на оваа Комисија и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.*

*На состанокот учествуваа делегации на Италија, Македонија, Норвешка, Романија, Русија, Шпанија, Обединетото Кралство, Турција и Чешката Република.*

Работниот дел на состанокот се одржа во Palais d'Iéna во Париз. Со седницата претседаваше г. Роберт Валтер, претседател на Комисијата (Обединето Кралство).

Седницата ја отвори претседателот на Комисијата за одбрана г. Роберт Валтер и откако ги поздрави сите учесници, им посака добредојде и успешна работа.

По усвојувањето на дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од одржаниот состанок на 12 октомври 2006 година во Брисел, Белгија.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: *Европските копнени сили во надворешни операции,* подготвен од известителот г. Даг Хендерсон (Обединето Кралство, Група социјалисти) и г-ѓа Мерител Батет Ламања (Шпанија, Група социјалисти), како коизвестител и *Операциите на Европската унија во Демокртаска Република Конго,* подготвен од известителот г. Игнасио Косидо (Шпанија, Група федералисти).

Во врска со документот за *Европските копнени сили во надворешни операци* г. Хендерсон го презентираше предлогот на извештајот и предлогот на препораката за Европските копнени сили во надворешни операции и истакна дека овој извештај ќе биде проследен со еден друг којшто ќе ги опфати прашањата сврзани за персоналот, резервниот состав и финансирањето на операциите. Новиот извештај ќе биде презентиран за време на пленарното собрание во јуни 2007 година.

Потоа, тој наведе дека европските сили денеска се многу ангажирани во надворешни операции, во рамките на НАТО, Европската унија и Обединетите нации и додаде дека распоредувањето на овие сили покренува бројни прашања за капацитетите, опремата и нивното финансирање, но исто така, интероперативноста и мултинационалноста се многу важни теми. За овие прашања треба да бидат информирани како парламентите, така и јавноста. Во врска со ова, еден нов параграф 15 ќе биде напишан за да се води сметка за овој аспект затоа што е многу важно да се има поддршката на јавноста за зацврстување на овие операции, но исто така, треба да се добие и поддршката од месното население на земјите во коишто овие сили се присутни. Параграфот 46 којшто ги третира прашањата сврзани за трансформацијата и за "специјализацијата на силите" треба, исто така, да се дополнува од аспект на различни технолошки нивоа меѓу силите и европските држави. Зборовите "моментални финансиски потешкотии" треба да се супримираат.

Претседателот на Комисијата, откако му се заблагодари на известителот, ја отвори дебатата за овој предлог на извештај и за предлогот на препораката за Европските копнени сили во надворешни операции.

Господинот Мекинтош (Обединето Кралство), го изрази ставот по кој ако параграфот 15 се задржува, текстот ја губи кохерентноста и наведе дека разликата меѓу одржување на мирот и наметнување на мирот не е експлицитна. Господинот Хендерсон објасни дека во Авганистан, фазите на одржување на мирот и наметнување на мирот се проследуваат. На почетокот има "брза" победа, потоа непријателот се регрупира и битките повторно се разгоруваат. Господинот Комарие, советник за одбрана во СЗЕУ истакна дека фазата по "брзата" победа е најдолгата и е најважна за крајниот исход. Господинот Ригони (Италија) подвлече дека е од особена важност вметнувањето на предлодот во параграфот 46 за поддршката од јавноста на земјата на потекло на силите и јавноста од земјите во кои оперираат. Најдобро би било, да се додаде еден нов параграф 7 кој гласи: "Да се преземат неопходни мерки за обезбедување на поддршката на политичката јавност во земјите на потекло на силите, како и на јавноста во земјите на интервенција". Новиот параграф 7, како и параграфите

1-6 беа усвоени. Предлогот на препораката, дополнета, беше усвоена едногласно, а потоа предлогот на извештајот беше усвоен едногласно.

Во врска со документот за Операциите на Европската унија во Демократаска Република Конго, претседателот на Комисијата ги презентираше извештајот и предлогот на препораката, наместо отсутниот известител г. Игнасио Косидо.На почетокот тој наведе дека поткомисијата на Комисијата за одбрана надлежна за ова прашање ќе ја посети Киншаса во ДРК, од 23 до 25 ноември 2006 година и додаде дека моментално ситуацијата во оваа земја е нестабилна и затоа Европските сили EUFOR RD CONGO се подготвуваат за повлекување и само MONUC[14] ќе биде надлежен за безбедноста на целата територија. Господинот Хендерсон предложи усогласување на двата предлози на извештаи и наведе дека треба да се развие механизмот на ЕУ Атхена.[15]

Откако параграфот 5 беше избришан, предлогот на препораката и предлогот на извештајот беа усвоени со 11 гласа за и еден воздржан.

По точката Разно советникот за одбрана во СЗЕУ, по барање на претседателот на комисијата, ја претстави моменталната состојба со хиерархија на командување во европските сили и додаде дека Европската унија ќе има потреба од главен штаб за операции со седиште во Брисел, ако таа сака да реагира брзо во случај на кризна ситуација.

На крајот претседателот истакна дека членовите на комисии ќе учествуваат на Конференцијата во Берлин, Германија, од 4 до 7 февруари 2007 година и наведе дека членовите на оваа Комисија се поканети од нивните колеги од Полска во мај 2007 година.

Претседателот информираше дека следната седница на оваа Комисија ќе се одржи во Париз на 20 декември 2006 година во 9,00 часот. Седницата на Комисијата за одбрана заврши во 16,00 часот.

* * * * *

***Заклучок:***

Во текот на седницата членовите на Македонската делегација оствариja повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на стабилноста и безбедноста во Европа и светот пошироко, развојот на демократските процеси и владеењето на правото.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на 52 Годишна сесија (втор дел), што ќе се одржи од 18 до 20 декември 2006 година во Париз, Франција.

---

[14] **MONUC**. United Nations Organization Mission in the Democratic Republic of the Congo

[15]Bulletin EU 12-2004

Common foreign and security policy (18/28)

*1.6.18.* Council decisions amending Decision 2004/197/CFSP establishing a mechanism to administer the financing of the common costs of EU operations having military or defence implications (Athena).

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Делегацијата на Собранието на***
**Република Македонија во СЗЕУ**

***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на педесет и втората седница на Западноевропската унија, одржана од 18 до 20 декември 2006 година во Париз, Франција***

***Скопје, декември 2006 година***

*Собранието на Западноевропската унија, Интерпарламентарното европско собрание за безбедност и одбрана (СЗЕУ), го одржа вториот дел на својата редовна 52 седница од 18 декември до 20 декември 2006 година во Париз, Република Франција. На седницата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија, што ја сочинуваа пратеникот г. Рафис Алити, како и г. Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка во Собранието на Република Македонија.*

*Делегацијата на Собранието на Република Македонија на оваа седница на Собранието на ЗЕУ учествуваше со статус на "придружен асоцијативен партнер",[16] со кој се овозможува пратениците редовно да учествуваат во работата на СЗЕУ, без право на глас.*

*На вториот дел од педесеттата седница на СЗЕУ се расправаше за повеќе прашања од областа на одбраната, безбедноста и актуелните збиднувања во Европа и пошироко. Пратениците разгледаа и усвоија 12 извештаи, седум препораки, две резолуции и една директива[17], а беше разгледан и првиот дел од Годишниот извештај на Советот на ЗЕУ.*

*Во текот на седницата, на 19 декември 2006 година, парламентарците го избраа г. Жан-Пјер Масере, пратеник од Франција, за претседател на Собранието на ЗЕУ за 53 сесија која почнува во јануари 2007 година, како и потпретседателите на СЗЕУ. За потпретседатели беа избрани: г. Марсел Глесенер, пратеник од Луксембург, г. Марк Рејмон, пратеник од Франција, г. Жозе Едуардо Вера Жардим, пратеник од Португалија, г-ѓа Елса Пападимитриу, пратеник од Грција, г. Герд Хофер, пратеник од Германија, г. Жан-Пол Анри, пратеник од Белгија, г. Дирк Деес, пратеник од Холандија, г-ѓа Елвира Кортажарена Итуриаз, пратеник од Шпанија, г. Тони Лојд, пратеник од Обединето Кралство и г. Џанкарло Синизи, пратеник од Италија.*

*Во текот на седницата, со која претседаваше г. Жан-Пјер Масере, претседател на СЗЕУ, на 18, 19 и 20 декември 2006 година, со свои излагања на пратениците им се обратија: г. М. Форсиери, државен потсекретар за одбрана на Италија, г. Гинтер Глосер, заменик министер за европски прашања на Германија, како претставник на идното претседателство со Западноевропската унија и со Европската унија, г. Перти Торстила, државен секретар во Министерството за надворешни работи на Финска, како претставник на претседателството со ЕУ на Финска, г-ѓа Нино Бурјанадаџе, претседател на Парламентот на Грузија, г. Золтан Наги, шеф на Секцијата за мултилатерални и регионални работи на НАТО, г. М. Флао, министер за национална одбрана на Белгија, како претставник на белгиското претседателство со ЗЕУ.*

* * * * *

На почетокот на седницата на пратениците им се обрати **г. Жан-Пјер Масере,** претседател на Собранието на Западноевропската унија, кој ги поздрави учесниците на оваа седница, им посака добредојде на националните делегации, ги претстави темите за дебата на седницата и гостите кои ќе им се обратат на пратениците.

На пратениците им се обрати г. Гинтер Глосер, заменик министер за европски прашања на Германија, како претставник на идното претседателство со Западноевропската унија и со Европската унија. На почетокот на својот говор, тој

---

[16] Како резултат на Одлуката на Европскиот совет од 17 декември 2005 година да & се додели на Република Македонија статус на земја кандидат за членство во Европската унија, Проширениот претседателски комитет на Собранието на Западноевропската унија на 8 февруари 2006 година, донесе одлука да му понуди на Собранието на Република Македонија статус на **"придружен асоцијативен партнер"** во ова Собрание. Со овој статус се овоможи Собранието на Република Македонија да формира Парламентарна делегација во Собранието на Западноевропската унија, составена од тројца членови и тројца заменици членови, која има право да учествува во активностите на ова Собрание, без право на глас. Истовремено, по еден член на Делегацијата ќе учествува во сите постојани комисии на Собранието, а шефот на Делегацијата ќе учествува и на седниците на Проширениот претседателски комитет и Проширениот постојан комитет.

[17] Извештаите, препораките, резолуциите и одлуката (на англиски и француски јазик) се достапни на интернет страницата на СЗЕУ: www.assemblee-ueo.org

наведе дека германското претседателство со ЕУ,кое почнува на први јануари 2007 година и завршува на 30 јуни 2007 година има за цел зацврстување и проширување на европската политика за безбедност и одбрана во четири приоритетни домени: развојот на мисиите и на операциите наменети за контрола на кризните состојби, зацврстување на капацитетите на управување со кризи на Европската унија, зајакнување на стратешките партнерства и на крајот концепциски развој на европската политика за безбедност и одбрана и истакна дека благодарение на конкретните операции, оваа политика треба да придонесе за реализација на заедничката надворешна политика на ЕУ. Оваа политика придонесе за обезбедување на преминот Рафах во појасот Газа, да го формира персоналот во правосудниот систем на Ирак, операцијата ЕУФОР во Конго да се заврши со успех и да го воспостави мирот по безредијата за време на претседателските избори. Крајот на преговорите за статусот на Косово ќе претставува еден од предизвиците на којшто Германија мора да одговори во текот на своето претседателство со ЕУ, а тоа се состои во испраќање на цивилна мисија, која ќе ги преземе функциите на УНМИК во регионот во областа на правдата и полицијата.Оваа мисија ќе овозможи да се воспостави соработката на терен меѓу Европската унија и НАТО. Што се донесува до операцијата АЛТЕА, која постои од 2003 година во Босна и Херцеговина, тој истакна дека таа претставува една од најважните воени операции на ЕУ и наведе дека истата ќе продолжи во рамките на Спогодбата Берлин Плус. На крајот тој наведе дека само преку една тесна соработка на ЕУ не само со меѓународните организации, туку и во рамките на самата ЕУ, ќе овозможи побрз развој на цивилните и воените капацитети со цел тактичките групи да бидат оперативни и ефективни за надворешни операции. На крајот тој истакна дека се надева дека германското претседателство, пред завршувањето на мандатот ќе биде во можност да даде неколку позитивни сигнали за Европскиот устав за да го подготви теренот за претседателството на Португалија и Словенија и затоа таа ја очекува поддршката од парламентарните собранија, а особено од Собранието на ЗЕУ.

Претставникот на Делегацијата на Обединетото Кралство г. О΄Хара го постави прашањето дали неуспехот на ратификацијата на Европскиот устав претставува пречка за развој на Европската политика за безбедност и одбрана. Господинот Глосер одговори дека германското претседателство ќе се ангажира за интензивна координацијаа на ставовите меѓу сите земји членки на ЕУ во врска со ова прашање.

Во својот говор г. Перти Торстила, државен секретар во Министесртвото за надворешни работи на Финска, како претставник на претседателството со ЕУ, најпрвин наведе дека безбедносната стратегија на Европската унија има за цел да се спротивстави на актуелните главни закани: тероризмот, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, регионалните конфликти и организираниот криминал. Европската унија треба да има сопствени капацитети за управување со кризи за да може да дејствува во рамките на меѓународните организации и за тоа таа ги има потребните инструменти коишто ѝ овозможуваат да се справува со комплексните предизвици. Благодарение на формирањето на тактичките групи и цивилните тимови, целината на донесените одлуки во 1999 година ќе биде извршена во јануари 2007 година и за оваа цел пописот на воените капацитети на земјите членки на ЕУ во случај на голема катастрофа е веќе извршен. Финското претседателство се ангажираше за реализирање на три цели: операциите и мисиите за управување со кризи, развојот на капацитетите за управување со кризи и координацијата на цивилните и воените активности. На крајот, г. Перти Торстила ги наведе операциите и мисиите на ЕУ: ЕУФОР во Конго, АЛТЕА во Босна и Херцеговина, Блискиот Исток, Авганистан, Молдавија, Грузија, Украина и Косово и заклучи дека со цел да се зацврсти безбедносната и одбранбената политика на Европската унија, треба да се развие соработката со цивилното општество, треба да се зацврстуваат врските со ООН, НАТО и Африканската унија и наведе дека финското претседателство со ЕУ ја продолжи соработката со Канада, Русија и Украина во доменот на управувањето со кризи.

Во своето излагање, г-ѓа Нино Бурјанаџе, претседател на Парламентот на Грузија, ги презентираше аспирациите за членство на оваа држава во ЕУ, соработката

со НАТО, интервенцијата на руските сили во Осетија и за непринципиелната руска политика спрема Грузија.

Во својот говор г. Флао, министер за национална одбрана на Белгија, како претставник на белгиското претседателство со ЗЕУ се осврнува на придонесот на Белгија во дебатата за стабилноста и безбедноста во Европа, за кооординацијата меѓу европските земји во функција на нејзино соочување со новите предизвици, како што се тероризмот, криминалот, владеење на правото, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување итн. На крајот, тој истакна дека многу е важно да се формира една европска воена академија за да нашите офицери станат обединети европски офицери пред да бидат офицери од оваа или онаа земја. Значи, сите земји членки на ЕУ треба да се залагаат за реформи во функција на изградба на безбедноста и стабилноста на Европа, присутна сегде каде што има потреба.

Извештајот за Самитот на НАТО во Рига го претстави г. Золтан Наги, претставник на генералниот секретар на НАТО Јаап де Хооп Шефер.На почетокот тој истакна дека овој Самит може слободно да се нарече "Самит на трансформација", која започна на почетокот на 90-тите  на Самитот во Прага и Истанбул во 2002 и 2004 година. Самитот во Рига е многу успешен и ќе му овозможи на НАТО подобро да соработува со неговите партнери во иднина. Една од одлуките донесена во Рига се однесува на водењето на воените операции во Авганистан и може да се рече дека отсега  и понатаму слободно ќе можат да користат допонителни трупи ако затоа има потреба да се интервенира во југот на земјата. Самитот во Рига ги покани Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија за Партнерство за мир, а исто така лансираше јак сигнал за продолжување на проширувањето со Албанија, Хрватска и Македонија. Овој процес ќе доведе до стабилизација на целиот регион. Потоа тој се осврна на соработката на НАТО со ЕУ, со медитеранските земји и земјите од Заливот. На крајот тој истакна дека следниот самит ќе се одржи во 2008 година и се надева дека дотогаш НАТО ќе го намали бројот на воените сили во некои региони, во Косово е лансиран еден воен и политички план во координација со ООН, Европската унија и локалната власт.

### ***ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА***

Собранието на Западноевропската унија ги разгледа и усвои следниве извештаи предложени од Комисијата за политички прашања:
*"НАТО-трансформација и стратешко партнерство со ЕУ",* поднесен од г. Шарл Горенс, пратеник од Луксембург,
*"Стабилноста и безбедноста во Централна Азија",* поднесен од г-ѓа Жозет Дирие, пратеник од Франција,
*"Кон едно одржливо решение на Блискиот Исток ",* поднесен од г-ѓа Жозет Дирие, пратеник од Франција.

Во Извештајот **"Кон едно одржливо решение на Блискиот исток ",** поднесен од г-ѓа Жозет Дирие се дава осврт на начинот на кој еволуирала колективната политика водена од Американците на Блискиот Исток, кој се протега од Ирак, Иран, преку Израел, Палестина, Либан и Сирија. Таа истакна дека конфликтите на Блискиот Исток не се повеќе локални или регионални конфликти, туку глобални и затоа треба секогаш да се бараат глобални решенија за овие проблеми. Ирачкиот проблем овозможи Иран да биде голем добитник преку победата на шиизмот и на нуклеарниот шиизам, додека "умерените" арапски држави, пред се, Саудиска Арабија, Египет, Јордан и државите од Заливот ја формираат сунитската алијанса, затоа што тие се вознемирени од зголемувањето на воената, а особено нуклеарната моќ на Иран.

Извештајот за **НАТО: трансформација и стратешко партнерство со Европската унија-одговор на годишниот извештај на Советот** го презентираше г. Шарл Гоеренс од Луксембург. На почетокот тој наведе дека овој извештај беше усвоен од Комисијата осум дена пред одржувањето на Самитот на НАТО во Рига на 28 и 29 ноември оваа година и додаде дека НАТО и понатаму останува најважната организација за гарантирање на нашата безбедност. Како ризични точки на планетата тој ги наведе

Босна и Херцеговина, Либан, Северна Кореја, Авганистан, Конго, Судан, Дарфур, Техеран, додека кога се зборува за криза секогаш ги имаме предвид тероризмот, дрогата, пролиферацијата на нуклераното оружје и др. На крајот тој истакна дека извештајот содржи предлози за зацврстување на стратешкото партнерство меѓу Европската унија и НАТО, почитувајќи ја автономијата на секој, признавајќи ги нивните капацитети и нивната различна култура и настојувајќи секогаш недоразбирањата да се решат со заемно разбирање. Во извештајот се предлага зајакната соработка меѓу САД и европските земји во управувањето со кризи и импликацијата на американската полиција во идната полициска мисија на Европската унија во Косово. Овој предлог беше направен за да се докаже дека поделбата на одговорностите и на задачите во меѓународни мисии треба да ги тангира сите земји што не е секогаш случај со оглед на фактот дека се поставува проблемот на капацитетите на една држава што дополнително треба да се реши.

Во својот извештај за **Стабилноста и безбедноста во Централна Азија,** г-ѓа Дирие се осврна на Авганистан и на енергетските ресурси на овој регион и истакна дека во оваа земја се произведува афион што значи хероин. И покрај тоа што меѓународната заедница троши повеќе од 700 милиони долари во борба против производството и трговијата со оваа дрога, нејзиното производство се зголемило за 59%! Овој регион претставува географски простор составен од пет држави: Казахстан, Узбекистан, Туркменистан, Киргистан, Таџикистан и од две соседни држави: Авганистан и Пакистан. Овие држави се некогашни советски републики и истовремено се муслимански и лаички со авторитарни режими. Од овие држави Русија се снабдува со нафта и гас коишто ги реекспортита потоа кон Европската унија. Централна Азија не претставува единствен политички регион, секоја држава води прагматична специфична политика и сите политички личности се некогашни членови на КГБ со искуство и не се случајно во политиката тие го употребуваат изразот " мултивекторска политика" која е релативно ефикасна.

Постојат два пола на атракција: Русија и Кина. И покрај настаните во минатото, Русија за нив претставува пријател и тие имаат доверба во Русија и освен Туркменистан, сите се членки на Заедницата на независни држави. На крајот таа истакна дека покрај Русија, Кина, САД и Европа се освестија за стратешката, економската и енергетската важност на овој простор на Централна Азија.

По ислушување на извештајаот, се отвори дискусија во која учествуваа бројни пратеници од повеќе земји меѓу кои: Турција, Обединето Кралство, Португалија и Холандија. Претставникот на Турција наведе дека неговата земја која има историски врски со овие земји, како земја кандидат за членство во ЕУ и како асоцијативна членка во ЗЕУ, би можела да биде мост меѓу Западна Европа и Централна Азија. Претставникот на Обединетото Кралство наведе дека 95% од хероинот што се консумира во оваа држава се произведува во Авганистан и оваа дрога предизвикува секоја година илјадници мртви кај младите Англичани и чини многу во правосудниот систем.

## *ОДБРАМБЕНИ ПРАШАЊА*

На седницата на Собранието на Западноевропската унија се расправаше и по три извештаи од Комисијата за одбрана:

"*Операциите на Европската унија во Демократска Република Конго- одговор на годишниот извештај на Советот*" поднесен од г. Игнасио Козидо Гутиерез, пратеник од Шпанија и

"*Европските копнени сили во надворешни операции* ", поднесен од г. Даг Хендерсон, пратеник од Обединетото Кралство и г-ѓа Мериксел Батет Ламања, пратеник од Шпанија.

Известителот г. Хендерсон во Извештајот за **"Европските копнени сили во надворешни операции"** најпрво ги објаснува мандатите на досегашните сили на ЕУ во регионот, по што се задржува на односите на Европската унија со НАТО на стратешки план, особено за изнаоѓање на решение на Блискиот Исток, преку испраќање на

неопходни воени сили кога дипломатските активности се покажуваат недоволни. Тој се осврна и на европките воени сили под мандат на ОН во Босна и Херцеговина, во Конго, Либан и во Авганистан. На крајот тој истакна дека не е доволно само да се дефинираат политичките цели, туку треба да се идентификуваат и потребните средства, во прв ред поддршката на јавното мислење не само во земјите кои испраќаат трупи, туку исто така и во оние во кои интервенираат.

Известителот г. Козидо Гутиерез во Извештајот за **Операциите на Европската Унија во Демократска Република Конго-одговор на годишниот извештај на Советот**, се осврнува на решавачката улога на Европската унија во ДР Конго, како во обезбедување на мирот, така и во полза на економскиот и социјалниот развој на цела Африка. Мисијата на ЕУ во оваа земја е многу важна за европската политика за безбедност и одбрана, затоа што претставува прва воена мултинационална автономна мисија. Потоа, тој наведе дека е неопходно подобрување на механизмите на политичка координација меѓу Европската унија и Обединетите нации и истакна дека ЕУФОР ја заврши мисијата на 30 ноември 2006 година во ДР Конго, но и понатаму се присутни две важни мисии EUPOL[18] EUSEC[19] кои работат на модернизација на полицијата и воените сили на земјата. Европската унија треба секогаш да ги охрабрува настојувањата за развој на демократијата во сите земји во коишто таа е во зачеток.

## *ПА РЛАМЕНТАРНИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА*

Пратениците ги разгледаа и усвоија следниве извештаи поднесени од Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста:
"*Собранието на ЗЕУ: инструмент за националните парламенти* ", поднесен од г. Лорд Расел Џонстон, Обединето Кралство и
"*Еволуција и перцепција на тероризмот од јавното мислење и медиумите*", поднесен од лордот Барлисон од Обединетото Кралство.

Во извештајот за **"Собранието на ЗЕУ: инструмент за националните парламенти",** известителот г. Лорд Расел Џонстон се задржува на запирањето на ратификацијата на европскиот устав со француското и холандското "Не" и на надежта дека дека за време на германското претседателство со ЕУ ќе може да се постигне договор за ревидиран текст на овој устав. Потоа, тој истакнува дека е неопхдно да се подобри соработката меѓу националните парламенти и Европскиот парламент во функција на подобра демократска контрола на прашањата сврзани за стабилноста и безбедноста.

Во својата дискусија г. Мота Амарал, пратеник од Португалија истакна дека парламентарците треба секогаш да бидат во тек со прашањата сврзани за стабилноста и безбедноста и СЗЕУ треба да ги зголеми контактите со националните парламенти по овие прашања и додаде дека нивното учество во дебатата за еволуцијата на заедничката политика за одбрана и безбедност е неопходна.

Во Извештајот за **"Еволуција и перцепција на тероризмот од јавното мислење и медиумите", известителот г. Лорд Барлисон** истакна дека досега скоро сите комисии на СЗЕУ расправале за борбата против тероризмот и сосема е легитимно и Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста придонесува преку овој извештај истражувајќи ја еволуцијата на перцепцијата на тероризмот од јавното мислење и медиумите. Потоа тој наведе дека овој документ ги третира реакциите на јавното мислење, активноста на медиумите и перцепцијата на терористичката закана и политичките одлуки. На крајот, тој истакна дека по Втората светска војна некои европски земји се конфронтираа со терористички активности: ИРА во Обединетото Кралство и Ирска, ЕТА во Шпанија, Црвените бригади во Италија, Фракција на Црвената армија во Германија но сигурно е дека нападот на 11 септември 2001 година во САД предизвика најголем интерес на јавното мислење во целиот свет. На 2 мај 2006 година

[18] Полициска мисија во ДР Конго
[19] EU security sector reform mission in the Democratic Republic of the Congo

генералниот секретар на ОН ја лансираше светската стратегија на борбата против тероризмот, упатувајќи јасна порака дека тероризмот во сите свои форми е неприфатлив и дека државите треба да настојуваат да ги лишат терористите од пристапот, како до конвенционалното така и до оружјето за масовно уништување. На крајот тој наведе дека сите политички личности треба да се прашуваат до кој степен општеството е подготвено да се откажува од личните слободи за борбата против тероризмот да е ефикасна.

### *ТЕХНОЛОШКИ И АЕРОВСЕЛЕНСКИ ПРАШАЊА*

На седницата беа разгледани и усвоени три извештаи од Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања, по кои беа усвоени препораки до Советот на ЗЕУ:
*"Аеровселенската индустрија во Украина-соработката со Европа",* поднесен од г. Жан-Ги Бранже од Франција и Бил Етерингтон од Обединетото Кралство и
"*Трансатлантската соработка во доменот на аеронаутиката: борбениот авион Ф-35 Лигхтинг II (Јоинт Стрике Фигхтер)* ", поднесен од г. Нигел Еванс од Обединетотот Кралство.

Во Извештајот за **Трансатлантската соработка во доменот на аеронаутиката: борбен авион F35 Lightning II (Joint Fighter),** поднесен од г. Нигел Еванс се подвлекува важноста на транатлантската соработка не само во рамките на Програмата за авионот Ф-35, туку исто така и во многу други идни проекти.
Извештајот **"Аеровселенската индустрија во Украина-соработката со Европа"**, поднесен од г. Жан-Ги Бранже и од Бил Етерингтон, дава осврт на соработката меѓу ЕУ и Украина во доменот на аеровселенската индустрија, посебно во доменот на воздушниот стратешки транспорт со Антонов 124 и во позиционирање на сателитите и нивната употреба за воздушниот, морскиот и автомобилскиот сообраќај.

### *БУЏЕТСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ПРАШАЊА*

Членовите на Собранието на Западноевропската унија ја одобрија **Завршната сметка на Собранието за 2005 година**, поднесена од г. Кристофер Фрејзер од Обединетото Кралство и **Предлогот на буџетот на Собранието за 2007 година**, поднесен од г-ѓа Дорис Барнет, пратеник од Германија.

Парламентарците го разгледаа и **Мислењето за буџетот на министерските органи на Западноевропската унија за 2006 година**, поднесено од г. Кристофер Фрејзер , по што ја усвоија препораката до Советот на ЗЕУ.

* * * * *

Со учеството на оваа седница се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.
Се оценува дека е потребно да се преземат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на Конференцијата за идните насоки на европската политика за безбедност и одбрана, што ќе се одржи од 4 до 7 февруари 2007 година во Берлин, Германија и на другите седници и сесии што ќе се одржат во текот на 2007 година.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Служба на Собранието на Република Македонија***

# ***ИЗВЕШТАЈ***

***за учеството на Делегацијата на Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија на колоквиумот на тема "Образование и млади - европска перспектива, одржан на 18 и 19 декември 2007 година, во Брисел - Кралство Белгија***

***Скопје, декември 2006 година***

*Во организација на Европскиот парламент, на 18 и 19 декември 2006 година, во Брисел се одржа колоквиум на тема "Образование и млади - европска перспектива", на кој учествуваше Делегација на Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во чиј состав беа: претседателот на Комисијата Славица Грковска, членовите на Комисијата Фиат Цаноски и Тале Герамитчиоски и заменикот член Азис Положани. Делегацијата беше придружувана од советникот во Комисијата Ленче Глигоровска, раководителот на Секторот за меѓународна соработка Лидија Каракамчева, како и од советникот во Мисијата на Република Македонија во Брисел Тони Павлоски.*

Покрај Македонската делегација, на колоквиумот учествуваа и парламентарни делегации на комисиите за образование на Албанија, Србија и на Црна Гора. Претседавачи на колоквиумот беа: претседателот и потпретседателот на Комисијата за култура и образование на Европскиот парламент Криста Претс и Пал Шмит. Како уводничари на темите на колоквиумот настапија: Јан Фигел, член на Европската комисија за образование, млади и обука, култура и мултикултура, Тања Фредерикс и Ангелика Верли од генералните директорати на Комисијата на ЕП за Истражување и за образование и култура, Јари Јаконен постојан претставник на Финска во ЕУ, Горан Свилановиќ од Пактот за стабилност во Југоисточна Европа, како и европратеникот Дорис Пак.

Во воведното излагање, претседателот на Комисијата за култура и образование на Европскиот парламент Криста Претс го истакна значењето на интерпарламентарниот дијалог во зајакнувањето на соработката во областа на образованието и културата во проширена Европа, вклучително и во регионот на Западен Балкан. Иако образованието останува во надлежност на земјите членки, потребата од единствена заедничка активност во европски рамки е евидентна и од тие причини се развиваат нови образовни програми за поширок опфат на младите, како што се програмите за доживотното учење, Темпус, Еразмус - Мундус, Млади итн. Долгорочен ефект од овој процес е секој ученик и студент да има поголема можност за избор на образовна установа и на работно место, што претставува своевиден придонес во остварувањето на ова фундаментално човеково право. Во овој правец беа и приоритетите на Австриското претседателство со ЕУ, односно развивање на образовната мрежа и помагање на развојот на капацитетите. Образовниот развој е поврзан со финансиите, затоа владите треба да посветат поголемо внимание на оваа област.

Тања Фредерикс од Генералниот директорат за истражување на Европската комисија, информираше дека, покрај образовните програми се подготвуваат и истражувачки програми, без кои не може да се замисли технолошкиот развој. Овие програми треба да бидат во тесна врска и бара нивно имплементирање во наставните програми. Работата на Директоратот е фокусирана на младите, а најважен инструмент е VII-та Рамковна програма за истражување (FP VII), што ќе биде отворена и за земјите од Западен Балкан. Повикот за упатување предлози ќе биде објавен на веб страницата на ЕУ, на 22 декември 2006 година. Притоа, укажа на значењето на вклучувањето во FP VII како значајна форма на соработка која има за цел олеснување на интеграцијата во ЕУ. Посебно ги посочи можностите за финансирање на приоритетни проекти од доменот на социо-економските и хуманитарни науки кои би биле интересни за замјите од Западен Балкан, како што се истражувањата на демографските промени, иднината на универзитетите и поттикнување на нивното поврзување со приватниот сектор, за конфликтите, човековите права и сл. Во споредба со земјите членки на ЕУ, учеството на земјите од регионот ќе биде значително намалено, а како земји кои покажале посебен интерес во претходниот FP VI, ги издвои Македонија и Србија. Се работи и на други програми, како на пример, за поврзување на образованието и науката, за промовирање на млади кадри за научна работа во други земји, како и на доделување на грантови за млади истражувачи, со цел да работат истражувања во своите земји.

Шефот на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа Горан Свилановиќ изрази задоволство што земјите од регионот како приоритетна активност на идниот Совет за

регионална соработка ги издвоиле човековите права и градењето на човековиот капитал. Досегашните активности се несоодветни за развој на образованието, поради што ангажирањата треба да се насочат кон подобрување на наставните програми, засилување на регионалната соработка и слично. Идејата е преку образованието да се обезбеди економски развој, бидејќи, покрај директните инвестиции, образованието ќе биде клучно за економското и социјалното закрепнување и заживување во земјите на Југоисточна Европа. Како иницијативи на овој план во 2007 година ги наведе, прирачникот за програми на ЕУ за образование и истражување специјално наменет за земјите на ЈИЕ, работилницата за насочено образование и обука што ќе се одржи во Република Македонија, подготовката на матрица за можностите за стипендирање за студентите од ЈИЕ, како и изработка на веб страница и одржување на денови на стипендирање на ЈИЕ.

Членот на Европската комисија за образование, млади и обука, култура и мултикултурализам Јан Фигел ја потврди определбата на Европската комисија за приоритетното место на високото образование на агендата за соработка. Главни инструменти ќе бидат ТЕМПУС, наменет за структурни реформи на високото образование преку соработка на универзитетите и ЕРАЗНУС-МУНДУС за стипендирање на најдобрите студенти од Западен Балкан за постдипломски студии во ЕУ. Во рамките на ЕРАЗМУС-МУНДУС, кој во периодот 2004-2008 година програмира опфат на 2400 студенти, ќе бидат обезбедени дополнителни 100 стипендии за студентите од Западен Балкан, за школската 2007/2008 година.

Средства за високото образование ќе бидат обезбедени и преку Програмата ИПА, а со програмата "Млади" ќе биде овозможена Поголема размена на младите во ЈИЕ, додека учеството во Програмата "Култура" е според определени услови.

Со оглед на потребата од мобилност на сите, а не само на определена категорија граѓани, го поздрави отпочнувањето на преговорите за визно олеснување.

Ангелина Верли, шеф на службата на Европската комисија за ТЕМПУС и ЕРАЗМУС-МУНДУС се задржа на резултатите од досегашната соработка во рамките на овие програми, според кои во периодот 2000-2005 година се реализирани 212 заеднички програми, 54 структурни мерки и 440 грантови за индивидуална мобилност. Во периодот што претстои акцентот ќе биде ставен на развојот на наставните програми и зголемената мобилност на професорите и студентите.

Во однос на реформите во високото образование, изрази жалење за малата заинтересираност на некои земји од ЈИЕ за Европскиот кредит трансфер систем.

Во својата презентација, советникот Јари Јаконен информираше за приоритетите на Финското претседателство со ЕУ на полето на образованието и за постигнатите резултати на планот на политиката на иновациите и развојот, регулирањето на услугите на внатрешниот пазар, социјалната правда и одржливиот развој и за Лисабонската агенда и односите со трети земји. Во сферата на образованието, приоритетно е програмите да се блиски до сите граѓани, наставници и студенти во сите европски земји што ќе биде основа за европска соработка, развивање на стручното образование во европски рамки, образување на активно граѓанство со цел за подобро разбирање на ставовите на младите луѓе, како и нивно воведување во процесот на одлучување.

Во излагањето, посебно се осврна на финскиот образовен модел, во кој посебно место има наставниот кадар, што се смета за една од главните причини за успехот на финските ученици.

Европарламентарецот Дорис Пак го подвлече значењето на образованието за регионот и потребата од регионална соработка во овој домен, особено меѓу универзитетите и предупреди на опасноста од "одлевањето на мозоци". Во овој контекст го подвлече значењето на Програмата ИПА, која дава можности за професионално образование на младите, кои треба да се вратат во своите земји, а тоа ќе го направат, доколку има добар образовен систем и економски можности во земјата. Притоа, изрази жалење што ЕУ ја пропушти можноста во изминатиот десетгодишен период да го постави образованието како клучен приоритет за ЈИЕ, бидејќи недостигот на образование не само што ги намалува можностите за вработување, туку претставува и опасност за безбедноста на земјите.

Она што во моментов треба да бидат приорите во земјите на Балканот се изградбата на јавната администрација и образованието. Во оваа прилика, укажа на потребата од историска дистанца за проекти како што е заеднички учебник по историја, а како пример ги посочи Германија и Франција, кои дури по 60 години од Втората светска војна собрале храброст да реализираат таков проект.

На крајот од своето излагање ја подвлече потребата од учење на јазикот на соседите и на сограѓаните, притоа посочувајќи на потребата од изучување на албанскиот јазик во Република Македонија, заради значителната бројка на албанската заедница и за соработката во регионот.

Во рамките на колоквиумот, претседателите на парламентарните комисии за образование на земјите од Западен Балкан имаа свои презентации, на тема "Улогата на националните парламенти во промовирањето на младите и образовната политика". Претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт Славица Грковска информираше за учеството на Собранието на Република Македонија во креирањето на основните насоки на развојот на образованието во државата, во чиј центар се младите како главен човечки потенцијал. За оваа цел, Собранието на Република Македонија усвои Национална програма за развој на образованието од 2005 до 2015 година, како стратешки документ за образовната политика и промовирањето на еднакви можности кај младите, и притоа го нагласи широкиот политички консензус при нејзиното усвојување. Во продолжение, се задржа на реформите во основното и средното образование, особено во делот на зголемувањето на задолжителното образование со кои е воведено деветгодишно задолжително образование, државната матура, политиката на реформи во средното стручно образование и обука, како и за иницијативата за воведување задолжително средно образование. Во делот на високото обрзование информираше за новиот законски предлог за високото образование кој е во функција на преземените обврски со потпишувањето на Болоњската декларација и заедничката определба за креирање на единствен европски простор во оваа област.

Во дискусиите по тематските излагања пратениците од земјите од регионот информираа за ограничувањата и проблемите со кои се соочува образованието. Членовите на Македонската парламентарна делегација настапија со опширни коментари и прашања, со кои укажаа на потребата од поголеми средства за младите и образованието, кои не секогаш го добиваат потребното внимание при буџетските проекции. Во оваа смисла беше поставено прашањето за влијанието и начинот на кој парламентот може да обезбеди поголеми финансиски средства за образованието, како и за други можности за обезбедување дополнителни средства. Во однос на образовните и истражувачките програми, нагласена е потребата за вклучување и на други инструменти за поширок опфат на младите и образовните институции од земјите во регионот.

Делегацијата ја подвлече потребата од поголема мобилност во регионот, интеркултурен дијалог меѓу самите земји и внатре во земјите, особено од либерализација на визниот режим, кој претставува големо ограничување во комуникацијата и соработката на полето на образованието, младите и културата.

Беше подвлечена и улогата на Пактот за стабилност во ЈИЕ за регионот и регионалната соработка. Во оваа смисла претстојната конференција посветена на средното стручно образование и обука, што ќе се одржи под негово покровителство во Република Македонија, е оценета како мошне корисна за создавање на високоедуцирана работна сила во согласност со потребите на пазарот на работна сила. Конференцијата е значајна и од аспект на размена на искуства во оваа област, особено во услови на имплементација на законските реформи во стручното образование и обука.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на инаугуративното заседание на Парламентарното собрание на Медитеранот, одржано на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Јордан***

***Скопје, октомври 2006 година***

*Инаугуративното заседание на Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот) се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Јордан во организација на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Парламентот на Јордан.*

*На сесијата како претставник на Собранието на Република Македонија учествуваше пратеникот* ***Владимир Ѓорчев.***

Целиот процес на воспоставување на ПС на Медитеранот е поттикнат од Интерпарламентарната унија која цврсто верува дека мирот и просперитетот во медитеранскиот регион можат да се постигнат со промовирање на соработка низ политички дијалог. За таа цел во ИПУ во 1990 година се воспоставија посебни механизми за промовирање на безбедноста и соработката во медитеранскиот регион преку постојано организирање на состаноци и средби. Тој процес во рамките на ИПУ е познат како Процес на Конференцијата за безбедност и соработка на Медитеранот (CSCM).

На четвртата и последна Конференција за безбедност и соработка на Медитеранот овој процес се трансформира во единствено Парламентарно собрание на Медитеранот.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум.

Главните цели на инаугуративното заседание на Парламентарното собрание на Медитеранот беа да се усвојат основните статутарни документи, да се избере претседател, членови на Бирото на ПС на Медитеранот, да се определи седиштето на Секретаријатот на ПС на Медитеранот, како и да се допрецизираат финансиските аранжмани за 2007 година за сите земји членки.

На инаугуративното заседание присуствуваа следниве делегации на земјите членки[20] на ПС на Медитеранот, и тоа: Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Италија, Јордан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Палестина, Португалија, Словенија, Сириска Арапска Република, Република Македонија, Тунис и Турција. Како придружни учесници на сесијата учествуваа претставниците на Арапската интерпарламентарна унија, Собранието на Западноевропската унија, Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка и Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На маргините на инаугуративното заседание, односно на 10 септември се одржаа одвоени неформални средби на земјите од северниот и јужниот брег на Медитеранот. Целта на одржувањето на неформалните средби беше разгледување на идното организирање на ПС на Медитеранот и посебно договарање за идното раководство на ПС на Медитеранот, како и разгледување на пристигнатите кандидатури за седиштето на Секретаријатот на ПС на Медитеранот, како и определување на претседател и потпретседател на ПС на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на средбата на земјите од северниот брег на Медитеранот. Се предложи земјите од северниот брег на Медитеранот да му го отстапат претседателското место на ПС на Медитеранот на кандидат од јужниот брег на Медитеранот, односно на **г. Абделвахед Ради,** претседател на Претставничкиот дом на Мароко, додека за потпретседатели, северната група предложи два кандидата и тоа од Грција и од Франција.

За почесен претседател на ПС на Медитеранот беше избран **Руди Сал** од Франција, а за почесен член беше избрана **Елен Дамато**, од Малта како пратеници кои во голема мера придонеле за успешна реализација на ова Собрание.

---

[20] Членки на ПС на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција и Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Инаугуративната церемонија на заседанието се одржа на 11 септември во присуство на г. **Абдулхади Ал-Мајал**, спикер на Претставничкиот дом на Јордан и **г. Пјер Фердинандо Касини**, претседател на Интерпарламентарната унија.

На почетокот **г. Абдулхади Ал-Мајал** искажа задоволство што отпочнувањето со работа на ПС на Медитеранот се случува токму во Јордан и се надева дека овој нов парламентарен форум ќе им овозможи на земјите членки да разменуваат мислења и искуства од заеднички интерес и да одлучуваат на еднаква основа. Овој форум претставува место за дијалог и формулирање на мислења за критични прашања, особено во арапскиот регион, кој сѐ уште страда од реперкусиите на конфликтите за кои до ден денешен не е најдено решение. Тоа што го карактеризира медитеранскиот басен е тоа што тој поврзува народи од три континенти, кои биле едни од најбогатите цивилизации во историјата, но и се соочиле со најжестоките конфликти, кои сепак резултирале во заедничка медитеранска култура.

Тој го поздрави интересот на ИПУ за решавање на медитеранските прашања, особено оние кои се однесуваат на соработката и безбедноста. Арабискиот регион постојано живее во турбуленции и никогаш нема да биде безбеден доколку не се осигура траен мир преку соработка на најдобрите интереси на сите народи. Јордан како земја со длабоки корени во богатата исламска култура и арапска цивилизација, која акумулирала многу достигнувања, како и верба во доминацијата на благородните човекови принципи, верува дека е дојдено време да се повика целото човештво, а особено одговорните сили, поблиску да погледнат во потребата за човечко разбирање и да сфатат дека оние што креираат живот се најблиску до она што значи благородноста на универзумот, а оние кои предизвикуваат смрт се најблиску до очајноста, стравот, теророт и злото.

Со воспоставувањето на овој форум се смета дека ќе се зајакне каналот на дијалог меѓу културите. Отсуството на разбирање меѓу културите е главниот фактор кој агитира конфликти и ги експандира разликите меѓу народите. Сепак, тој укажа дека палестинското прашање е суштината на блискоисточниот конфликт, и решавањето на ова прашање треба да биде во согласност со волјата на меѓународната заедница и врз основа на меѓународното право. На тој начин ќе се обезбеди траен мир и стабилност во целиот медитерански басен. Јорданскиот народ, под водство на кралот Абдула II, бара да се зајакнат вредностите на дијалогот, демократијата и позитивната соработка меѓу народите со политички средства.

За претседател на инаугуративното заседание со акламација беше избран **г. Абдулхади Ал-Мајал,** спикер на Претставничкиот дом на Јордан.

Со консензус се усвои Статутот на ПС на Медитеранот но со оглед на тоа што Турската делагација побара и кипарските Турци да бидат посебна делегација, издвоена од Кипарската делегација, Деловникот за работа на ПС на Медитеранот ќе се усвојува дополнително. Бирото на ПС на Медитеранот ќе биде составено од претседателот, четворица потпретседатели и тројца претседателите на постојаните комитети. Се одлучи за овие места свои кандидати да предложат Египет, Франција, Грција и Палестина (потпретседателски мести) и Хрватска, Италија и Јордан (претседатели на трите постојани комисии). Секоја посочена земја треба да го назначи персоналното решение за местото што и припаѓа во Бирото.

Малта и Хрватска поднесоа кандидатури за седиштето на Извршниот секретаријат на Собранието. Повеќето присутни делегации се произнесоа за кандидатурата на Малта. Пратеникот Владимир Ѓорчев, во име на Република Македонија ѝ даде поддршка на кандидатурата на Хрватска, согласно со добиените препораки од Министерството за надворешни работи. Со оглед на големото расположение на присутните пратеници за кандидатурата на Малта, Хрватска ја повлече својата кандидатура. Седиштето на Извршниот секретаријат на ПС на Медитеранот ќе биде лоцирано во Валета, Малта.

За претседател на ПС на Медитеранот со акламација беше избран **г. Абделвахед Ради** од Мароко. Тој во текот на следниот месец ќе одржи состанок во Рабат, Мароко за членовите на Бирото со цел да се дефинираат надлежностите на

трите постојани комитети, како и темите за дискусија на првиот состанок на трите постојани комитети.

Во врска со работата на Извршниот секратаријат се заклучи Бирото да подготви опис на работното место на извршниот секретар, тој да се достави до сите земји членки на Собранието со цел заинтерсираните кандидати да аплицираат. Изборот на извршен секретар ќе се изврши во текот на јануари 2007 година и преку "процедура на молчење" ќе се потврди изборот.

Инаугуративното заседание заврши со усвојување на финална декларација која е составен дел од извештајот.

Собранието ја одобри изјавата на претседателот на заседанието со која се повикуваат израелските власти да го ослободат неодамна затворениот спикер и неколку други членови на Правниот палестински совет.

На крајот Делегацијата на Малта предложи следното годишно заседание на ПС на Медитеранот во 2007 година да се одржи во Малта, додека Француската делегација предложи одржувањето на заседанието во 2008 година да биде во нивната земја.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИНФОРМАЦИЈА*

***за официјалната посета на Република Македонија<br>на Делегацијата на Комисијата за поддршка на демократијата<br>на Претставничкиот дом на Конгресот на САД,<br>остварена од 19 до 23 ноември 2006 година***

***Скопје, декември 2006 година***

*Во официјална посета на Република Македонија од 19 до 23 ноември 2006 година престојуваше Делегација на Комисијата за поддршка на демократијата[21] на Претставничкиот дом на Конгресот на САД, предводена од г. Дејвид Драер, конгресмен од Републиканската партија[22] и претседател на Комисијата, во чиј состав беа и конгресмените: г. Дејвид Прајс, потпретседател на Комисијата, г-ѓа Лоис Капс, член на Комисијата и г. Ерл Померој.*

*Од Службата на Конгресот, во состав на Делегацијата беа: г. Џон Лис, директор и секретар на Комисијата, г. Бред Смит, професионален службеник - советник на Комисијата за деловник, г-ѓа Рашел Леман, професионален службеник - советник во Комисијата за деловник, г.Томас Рос, правен асистент на конгресменот Прајс и г-ѓа Џули Ким од Секторот за истражување. Во постојана придружба на Делегацијата беа и две воени лица во функција на лично обезбедување на конгресмените.*

*Во постојана и повремена придружба на Делегацијата за време на нивниот престој во Република Македонија беа: Н.Е. г-ѓа Џилијан Миловановиќ, Амбасадор на САД во Република Македонија, претставници од Амбасадата на САД во Република Македонија, претставници на УСАИД во Република Македонија, г.Крис Хеншоу, директор на НДИ во Република Македонија, како и претставници од Стручната служба на Собранието на Република Македонија, односно од Секторот за меѓународна соработка, Одделението за преведување и Одделението за протоколарни работи.*

* * * * *

Програмата, во интерес на времето, се одвиваше преку паралелни средби на ниво на конгресмени и на ниво на службеници. Првиот ден од престојот Делегацијата престојуваше во Охрид каде шти беа остварени средби со пратениците од Изборната единица 5 и со претставници на штабовите на политичките партии во ИЕ 5 кои работеле во кампањата на парламентарните избори како логистика на сегашните пратеници, на тема: "Односите во изборната единица меѓу граѓаните и пратениците".

Во рамките на Програмата, беа остварени следните средби во Собранието на Република Македонија: куртоазна средба со г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија; заедничка средба со претседателот на Собранието и со координаторите на пратеничките групи; со претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на САД и со претседателите на комисиите во Собранието. Беа остварени и две одделни (паралелни) средби на двајца конгресмени со пратеници од сите политички партии.

---

[21] Комисијата за поддршка на демократијата (HDAC-House Democracy Assistance Commission) е основана со Резолуцијата 135 во 2005 г. Мисијата на Комисијата е да ги зајакне демократските институции преку помагање на парламентите во новите демократии. Централно место во работата на Комисијата има обезбебдувањето техничка експертиза за зајакнување на отчетноста, транспарентноста, законодавната независност и владин надзор над странските парламенти. Како основни задачи на работа на Комисијата се да: работи со парламентите на одбрани земји во кои се основани или се основаат демократски парламенти кои би имале корист од помошта на Комисијата; им овозможи на членовите, службениците и вработените во Претстваничкиот дом и службите за поддршка на Конгресот да даваат совети за членовите и вработените на парламентите на тие земји, вклучително и посети на Конгресот и служби за поддршка преку директен надзор на нивното работење; достават препораки до Агенцијата за меѓуанроден развој на САД (УСАИД) во врска со обезбедувањето на потребната помош во материјали на такви парламенти, преку подобрување на нивната ефикасност и транспарентност во нивното работење.
Собранието на Република Македонија е избрано за соработка меѓу други 12 национални парламенти, а соработката започна уште во првата година од етаблирањето на оваа Комисија.

[22] Останатите конгресмени-членови на Делегацијата се од Демократската партија. По парцијалните избори за Конгресот, одржани на 7 ноември 2006 година, Демократската партија го освои мнозинството во Претставничкиот дом на Конгресот, при што за прв пат во историјата на американскиот парламентаризам, за спикер на Претставничкиот дом е избрана жена - г-ѓа Ненси Пелоси. Со оглед на настанатите промени во мандатите, во почетокот на јануари 2007 година функцијата претседател на Комисијата за поддршка на демократијата ќе ја преземе г.Дејвид Прајс, сегашен потпретседател на Комисијата.

На ниво на службеници, беа остварени следниве средби: со претставници на: Работната група од Стручната служба задолжена за изработка на новиот Деловник на Собранието; Секторот за работни тела и на Секторот за документација, библиотека и информатика, како и на Секторот за истражување и анализа.

На ниво на извршната власт, Делегацијата оствари средби со: г. Бранко Црвенковски, претседател на Република Македонија, со г. Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија и со г. Имер Селмани, потпретседател на Владата на Република Македонија за имплементација на Рамковниот договор.

Во организација на Амбасадата на САД во Република Македонија, Делегацијата оствари средби со: Н.Е. г-ѓа Џилијан Миловановиќ, Амбасадор на САД во Република Македонија, со амбасадори на дипломатско-конзуларни претставништва во Република Македонија и со регионални соработници и со претставници на НДИ и ИРИ во Република Македонија.

За време на престојот, се одржа Церемонија за свечено предавање на донација на Собранието на Република Македонија на серверска компјутерска опрема во вредност од 50,000 САД долари, наменета за ефикасно функционирање на одвивањето на пленарните седници.

По завршувањето на програмата во Република Македонија Делегацијата оствари еднодневна посета на корпусот на американските војници стационирани во Кампот "Бонд Стил" во Приштина.

* * * * *

**Цел на посетата**

Целта на посетата на Делегацијата, покрај воспоставување на поблиски билатерални односи на парламентарно ниво, беше насочена во контекст на најавуваните измени на Деловникот на Собранието на Република Македонија, кои треба да придонесат кон негово поефикасно работење. Делегацијата изрази интерес да им помогне и на пратениците и на службениците во креирањето на новите измени на Деловникот, кои треба на најсоодветен начин да апсолвираат одредени прашања кои се наметнуваат како потреба за негова адекватна иплементација. Исто така, преку пренесување на искуствата од работата на Конгресот на САД, посетата имаше за цел да се разменат мислења по прашањата сврзани со начинот на вршење на контрола и надзор над работата на Владата.

Од аспект на работењето на Стручната служба, односно од поставеноста на секторите во Собранието, преку оваа посета Комисијата и понатаму изразува подготвеност за натамошна помош на Собранието на Република Македонија во зајакнувањето на неговите капацитети, особено во доменот на работата на секторите за: истражување и анализа, за законодавство, за работни тела, за библиотека и за информатика. Преку размена на мислења, беа понудени одредени модели на решенија кои мошне успешно се практицираат во Претставничкиот дом на Конгресот на САД, а би можеле да бидат имплементирани и во работата на Собранието на Република Македонија.

* * * * *

**1.** На средбата со пратениците од Изборната единица број 5, која се одржа во Охрид и беше прва средба на Делегацијата за време на престојот во Република Македонија, присуствуваа 18 пратеници од ИЕ 5. Пратениците поединечно се претставија и ги информираа членовите на Делегацијата за начинот на кој ги остваруваат контактите со избирачите во канцелариите за контакти, како и за проблемите со кои се соочуваат при реализацијата на овие активности. Пратениците посочија дека согласно со Изборниот законик локалната самоуправа е должна да обезбеди канцеларии за работа на пратениците и асистентите кои им помагаат во

партиските активности, но поради недостиг на финансиски средства, овој аспект останува нереализиран. Дел од пратениците укажаа дека согласно со динамиката на одржување на пленарните седници на Собранието се соочуваат со недостиг на време за континуирано остварување на контакти со избирачите.

Согласно со Проектот на Канцеларијата на НДИ во Република Македонија од 2005 и 2006 година, беа отворени неколку регионални канцеларии и беше финансирана работата на ангажираните лица во тие канцеларии. Пратениците и членовите на Делегацијата изразија очекување дека овој проект ќе продолжи и во текот на 2007 година.

**2.** На средбата со ***г. Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија и со координаторите на пратеничките групи***[23]**,** Делегацијата беше запозната со актуелната работа на Собранието на Република Македонија. Беа искажани мислењата на претседателот на Собранието и на координаторите на пратеничките групи по текстот на новиот Деловник на Собранието, размислувањата за негово подобрување и внесување на евентуални сугестии од пратеничките групи кои ќе бидат прифатливи и во насока на ефикасно работење на Собранието.

На средбата се дискутираше за новините кои се предлагаат да се воведат во работата на Собранието, како што се: фокусирање на законодавната активност во работата на комисиите кои треба да претставуваат главни дебатни полиња за расправа по предлозите на законите и другите акти; право на говор; иновирање на постапката на поднесување на амандмани; воведување на посебна седница наменета само за гласање по законите и другите акти; воведување на посебни денови за остварување на контакт на пратениците со избирачите; можност за прецизно уредување на прашањето за употреба на јазиците на заедниците кои се повеќе од 20% во Република Македонија на сите нивоа на парламентарното работење, како и за заострување на дисциплинската одговорност на пратениците во насока на ефикасно работење на Собранието.

**3.** На средбата **со *Пратеничката група*[24] *на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на САД*,** претседателот и членовите искажаа високи оцени за ангажманот на САД во поддршката на демократијата во Република Македонија, особено преку практичните програми на УСАИД кои мошне успешно се имплементираат. Преку актот на признавање на уставното име на Република Македонија, поддршката на Конгресот на САД за интеграција на Република Македонија во НАТО алијансата, поттикот на Владата во имплементацијата на реформите во земјата, како и конкретните економски инвестиции и експертска помош, САД го покажуваат високиот степен на респект на Република Македонија. Одржувањето на стабилноста во регионот, особено од аспект на решението за идниот статус на Косово и затворањето на прашањето на демаркацијата на границата, претставува заемен приоритет во меѓусебните односи на Република Македонија и САД.

Од страна на Делегацијата беше истакнато дека поддршката од оваа Комисија и од Конгресот на САД и понатаму ќе се одвива континуирано и преку конкретни проекти во вид на експертска и техничка помош. Истовремено, Комисијата дава безрезервна поддршка на Република Македонија за нејзина што поскорешна НАТО интеграција како земја-предводник во регионот, со што ќе се придонесе кон севкупната регионална стабилност и кон натамошен развој на демократските процеси.

[23] На средбата беа присутни пратениците: Силвана Бонева (ВМРО-ДПМНЕ), Јани Макрадули (СДСМ), Рафис Алити (ДУИ), Ружди Матоши (ДПА), Горан Мисовски (НСДП), Марјан Додовски (ВМРО-НП) и Андреј Жерновски (ЛДП).

[24] На средбата беа присутни: Ружди Матоши, претседател на Пратеничката група и членовите: Нада Станчевска, Ристанка Лалчевска, Силвана Бонева, Рафис Алити, Слободан Најдовски и Владо Бучковски.

**4.** Средбата со ***претседателите на комисиите***[25] ***на Собранието на Република Македонија*** се разговараше за начинот на работа на Собранието на седници на комисии и на пленарни седници и за механизмите преку кои Собранието врши контрола и надзор над работата на Владата на Република Македонија. Конгресмените го презентираа американскиот модел на решенија по овие прашања, при што посочија дека во Конгресот целата законодавна активност е насочена во комисиите; како составен дел на работата на комисиите се и организирањето на јавни дебати по прашањата кои се разгледуваат на седниците на комисиите, при што сугерираа Собранието на Република Македонија да размисли за започнување на оваа практика бидејќи е во насока на донесување на квалитетни законски решенија, кои, гледано пошироко, се во насока на континуирано подобрување на животот на граѓаните. Од наша страна беше укажано на недоволната кадровска и техничка екипираност на службите кои работат во комисиите и беше истакната потребата од донесување на самостоен буџет за Собранието, каде што самото Собрание ќе биде креатор на динамиката на реализацијата на своите потреби. Се дискутираше и за потребата од поголема иницијативност од страна на претседателите на комисиите во нивната секојдневна работа, а во однос на ефикасноста на Собранието на пленарни седници, конгресмените посочија дека Конгресот претставува форум каде што недоразбирањата се надминуваат на демократски и институционален начин со постигнување на компромис по одредени принципи. Како многу важен момент за квалитетно извршување на пратеничката функција, конгресмените укажаа на потребата од постојан контакт на пратениците со избирачите за да може континуирано да се биде во тек со нивните потреби и укажувања и во оваа насока ја изразија подготвеноста преку стручни и финансиски методи да помогнат во отворањето на канцеларии за контакт со гласачите.

Со оглед на фактот што г-ѓа Лоис Капс по професија е медицинска сестра и во Конгресот работи, меѓу другото, и на активностите од доменот на здравството, од страна на г-ѓа Лилјана Поповска, а во рамките на заложбите и настојувањата на Владата и на Женското лоби во Република Македонија на еднаков пристап на жените до соодветна медицинска превенција и лекување на малигните заболувања, беше иницирано да се разгледа можноста за американска донација за мамографи и други апарати за рано откривање на овие се´ почести заболувања кај женската популација. Г-ѓа Капс со задоволство ја прифати предложената иницијатива и истакна дека ќе ги вложи сите напори да дојде до нејзина скорашна реализација.

***5. Паралелни средби на двајца конгресмени со пратеници***

**5-а**. На средбата со конгресмените Дејвид Прајс и Ерл Померој дискусијата се водеше на тема: Политиката на опозицијата и владината политика". Пратениците[26] информираа дека постои општ политички консензус по клучните прашања сврзани со евро-атлантската интеграција на Република Македонија. Со континуираното работење

---

[25] На средбата беа присутни: Стојан Андов, претседател на Комисијата за уставни прашања; Трајко Вељановски, претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата; Благородна Дулиќ, претседател на Законодавно-правната комисија; Светлана Јакимовска, претседател на Комисијата за деловнички и мандатно-имунтитени прашања; Владимир Ѓорчев, претседател на Комисијата за одбрана и безбедност; Зоран Петрески, претседател на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците; Фљора Кадри, претседател на Комисијата за надворешна политика; Тито Петковски, претседател на Комисијата за европски прашања; Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, претседател на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот; Есад Рахиќ, претседател на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање; Џеват Адеми, претседател на Комисијата за финансирање и буџет; Марјан Додовски, претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство; Никола Ќуркчиев, претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија; Славица Грковска, претседател на Комисијата за образование, наука и спорт; Теута Арифи, претседател на Комисијата за култура; Азис Положани, претседател на Комисијата за здравство; Јован Манасијевски, претседател на Комисијата за труд и социјална политика и Лилјана Поповска, претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

[26] На средбата беа присутни пратениците: Оливер Шамбевски (ВМРО-ДМПНЕ), Владимир Ѓорчев(ВМРО-ДМПНЕ), Весна Бендевска (СДСМ), Агрон Буџаку (ДУИ), Гарип Каба (ДПА), Иван Анастасовски (НСДП) и Ѓорѓи Оровчанец (ВМРО-НП).

на планот на исполнувањето на критеримуите за полноправно членство поставени од ЕУ, како и со активно учество во мировните мисии на НАТО, Република Македонија ја покажува својата цврста определба наскоро да стане дел од овие меѓународни организации.

*Во однос на функционирањето на Парламентот, пратениците од владејачката коалиција истакнаа дека со донесувањето на новиот Деловник за работа ќе се надминат многу отворени прашања од неговото функционирање, ќе се стави акцент на работата во комисиите кои треба да претставуваат форуми каде што треба целосно да се исцрпи расправата по законските и други акти, а за ефикасно работење на Собранието на пленарни седници, потребно е да се воведе посебен ден за гласање, за да не дојде до блокирање на работата на Парламентот. Со тоа ќе се избегне непотребното одолжување на работата на Собранието, ќе се авансира во неговиот квалитет и ќе се надминат одредени процедурални недоследности.*

Пратениците од опозиционите партии истакнаа дека во овој момент, на почетокот на овој пратенички состав, сé уште не се созреани условите за донесување на нов Деловник, а во однос на предложениот текст сметаат дека има неприфатливи одредби и дека новиот Деловник треба да се донесе со општ политички консензус.

Во однос на прашањето за односот Парламент-Влада, беше истакнато дека целосно не е дојден до израз принципот на парламентарната демократија, што е уставна категорија, со оглед на тоа што најголем број од законските проекти ги предлага Владата и од овој аспект можноста за поактивно и квалитетно работење на пратениците е сведена на минимум.

Во оваа насока конгресмените укажаа дека не само пратениците од опозицијата, туку сите пратеници, преку предлагање на законски проекти и други акти, како и преку континуирана контрола и надзор над работењето на Владата, треба активно да дејствуваат во насока на подобрување на нејзината работа.

**5-б.** На средбата[27] со конгресмените Дејвид Драер и Лоис Капс дискусијата се водеше на тема: "Политиката на опозицијата и владината политика". Пратениците посочија дека не успеваат секогаш да имаат консензус по определени прашања, но сепак нивните разлики во Парламентот се пред се´ политички. Тие сите сакаат да постигнат иста цел - да се презентираат државните интереси, но некогаш тешко можат да се ослободат од партиските стеги.

Двајцата конгресмени со цел поверодостојно да прикажат како позицијата и опозицијата дебатира во нивниот парламент, презентираа еден вид симулацијата на дискусија меѓу две спротивставени страни.

***6. Средби со претставници на Стручната служба***

**6-а.** На средбата со претставниците[28] на Работната група на Собранието на Република Македонија за изработка на новиот Деловник, дискусијата се водеше на тема;"Новиот Деловник на Собранието на Република Македонија". Претставниците на Службата на Американскиот парламент го претставија начинот на функционирање на Претставничкиот дом на САД, како и нивниот Деловник за работа. Посебно се задржаа на претставување на Етичката комисија, како непартиска и со еднаков број на членови од позицијата и опозицијата, на која се разгледуваат сите предложени закони. Претставниците од двете служби разменија мислења и искуства за прашања во врска со имунитетот на пратениците, фазите на донесување на законските проекти, како и улогата на работните тела на парламентите.

[27] Весна Јаневска, Азис Положани, Ружди Матоши, Горан Мисовски, Фљора Кадри, Александар Спасеновски, Оливер Спасовски и Јован Манасијевски.
[28] Рокса Георгиевска, заменик на генералниот секретар на Собранието, Фелек Касами, заменик на генералниот секретар на Собранието, Снежана Гушева, државен советник, Маја Ермилова-Левкова, раководител на Секторот за работни тела, Љатиф Љатифи, раководител на Секторот за седници.

**6-б.** На средбата со раководителите[29] на секторите за работни тела и Секторот за документација, библиотека и информатика се стави акцент на големото значење на работата на работните тела, нивната организација, како и бројот на службениците коишто се ангажирани во комисиите, при што се направија компаративни согледувања на двата парламента. Советниците во комисиите на Собранието на Република Македонија покажаа посебен интерес за унапредување на комисиската активност, при што ги посочија потешкотиите со кои се соочуваат во работата. Гостите беа запознати и со работата на Секторот за документација, библиотека и информатика.

**6-в.** На средбата со претставници[30] на Секторот за истражување и анализа посебно се потенцираше големото значење на центрите за истражувања во националните парламенти и потребата за нивно постојано надградување.

**7.** На Церемонијата за свечено предавање на донација на Собранието на Република Македонија на серверска компјутерска опрема во вредност од 50,000 САД долари, наменета за работата на пленарните седници, од страна на претседателот на Собранието беше искажана благодарност за донацијата и беше изразена надеж дека пријателството меѓу македонскиот и американскиот народ и понатаму ќе добива во интензитет, динамика и разновидност.

**8.** На средбата ***со г. Бранко Црвенковски, претседател на Република Македонија*** се дискутираше за актуалната политичка ситуација во Република Македонија, при што претседателот Црвенковски ги информираше гостите за досегашните постигнувања на планот на европската и евроатлантската интеграција на Република Македонија. Делегацијата беше информирана и за процесот на реформи во правосудниот систем, јавната администрација, борбата против организираниот криминал и корупцијата, како и за заокружувањето на преостанатите обврски од Рамковниот договор.

Во однос на билатералните односи, беше искажано дека Република Македонија високо ги цени САД и нивната континуирана помош и добра соработка на сите нивоа од политичкиот и општествениот живот во Република Македонија.

На средбата стана збор и за актуелните регионални случувања во контекст на идниот статус на Косово, при што претседателот Црвенковски истакна дека Република Македонија дава поддршка на секое решение кое ќе оди во насока на продолжување на европските интеграции на земјите од регионот.

Делегацијата изрази уверување дека започнатите реформи ќе бидат успешно завршени, а посебна благодарност беше искажана на подготвеноста на Република Македонија, преку учеството во меѓународните мировни мисии во Ирак и Авганистан, активно да партиципира во меѓународните односи како респектиран партнер.

Претседателот Црвенковски за заблагодари и за неодамна изгласаната Резолуција во Сенатот на САД со која се дава поддршка на напорите на Република Македонија за нејзиното евроатлантско интегрирање и приклучување кон НАТО алијансата на следниот самит за проширување.

**9.** На средбата со ***г. Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија***, на која присуствувале и потпретседателите на Владата г. Зоран Ставрески и г. Имер Селмани, како и министерот за внатрешни работи г-ѓа Гордана Јанкуловска, се разговарало за актуелната политичка и економска состојба во Република Македонија и за процесот на реформи во правосудниот систем, јавната администрација, борбата против корупцијата, активностите сврзани со доимплементација на Рамковниот договор, активностите за либерализација на визниот режим, како и за други актуелни

---

[29] Маја Ермилова-Лефкова и Марина Ивановска, раководители на сектори.

[30] Снежана Гушева, државен советник, Јасминка Перчинкова, раководител на Одделението за истражување и анализа од областа на политичкиот систем и јавните дејности, Снежана Орловиќ, виш соработник за истражување и анализа, Кристијан Чушков, помлад соработник за истражување и анализа и Селиме Бафтири, виш соработник во Одделението за истражување и анализа од областа на економскиот систем.

прашања. Претседателот на Владата ја информирал Делегацијата и со активностите на Владата во областа на европското и евро-атлантското интегрирање на Република Македонија и во таа насока се заблагодарил за поддршката што САД ја даваат на Република Македонија во нејзините напори за побрзо евроатлантско интегрирање, преку неодамнешното донесување на Резолуцијата на Сенатот на САД.

*На средбата Делегацијата го информирала претседателот на Владата за активностите на Комисијата на Претставничкиот дом на Конгресот на САД за поддршка на демократијата на планот на соработката со Собранието на Република Македонија.*

**10.** На средбата со ***г. Имер Селмани, потпретседател на Владата на Република Македонија за имплементацијата на Рамковниот договор***, Делегацијата беше запозната со текот на процесот на имплементација на Рамковниот договор и за преземените активности на Владата со кои се заокружува неговата имплементација. Господинот Селмани ја информираше Делегацијата дека оваа Влада е фокусирана на донесување на квалитетни закони, кои ќе го почитуваат социјалниот и меѓуетничкиот аспект на македонското општество. Со Предлогот на буџетот за 2007 година се предвидува четирикратно поголем износ од досегашниот за доследно спроведување на принципот на еднаква застапеност на припадниците на етничките заедници во вработувањата во државните институции. Во таа насока се подготвува и единствена база на податоци, која ќе биде целосно транспарентна и достапна на секој граѓанин. Рамковниот договор како модел кој се применува во Република Македонија треба да биде пример во земјите во регионот за начинот на уредување на односите на етничките заедници и може да биде и и предмет на идна меѓународна конференција на која би биле поканети сите досегашни учесници во неговото креирање и имплементирање за да пошироко се согледаат сите негови бенефиции и евентуални недоследности.

На средбата се разговараше и за процесот на децентрализацијата на полицијата, за реформите во јавната администрација, како и за европската и евроатлантската интеграција на Република Македонија.

* * * * *

**Заклучни согледувања**

Првата официјална посета на Република Македонија на Делегацијата на Комисијата за поддршка на демократијата на Претставничкиот дом на Конгресот на САД може да се оцени како мошне успешна и корисна од аспект на размена на искуства, мислења и ставови во врска со актуелните односи меѓу двете земји. Посебен акцент беше ставен на заинтересираноста на Конгресот на САД да помогне на Собранието на Република Македонија во подобрувањето на механизмите на парламентарното работење во функција на негово ефикасно работење.

Делегацијата на Конгресот на САД изрази подготвеност да го помогне библиотечниот фонд на Собранието на Република Македонија со соодветна литература. Притоа, тие ги посетија и просториите во кои евентуално би можела да биде сместена собраниската библиотека.

Делегацијата изрази подготвеност да гиземе предвид сите сугестии, предлози и прашања за успешна реализација на покренатите иницијативи од своите колеги од Собранието на Република Македонија. Со тоа ќе се оформи солидна база за продолжување на дијалогот и во следната година и понатаму, а практичната реализација и имплементација на предлозите и иницијативите би се извршувала преку програми за размена на делегации и на ниво на пратеници и на ниво на стручните служби, како и преку други видови на ескпертска помош.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Служба на Собранието на Република Македонија***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***од посетата на Парламентот на Република Чешка на делегација од Службата на Собранието на Република Македонија, реализирана од 23 до 26 ноември 2006 година***

***Скопје, декември 2006 година***

*Во организација на Парламентот на Република Чешка, во периодот од 23 до 26 ноември 2006 година беше реализирана посета на Парламентот на Република Чешка на делегација од Службата на Собранието на Република Македонија. Истата беше предводена од г. Фелек Касами, заменик генерален секретар на Собранието, а во состав беа г-ѓа Билјана Ивановска, архитект - раководител на Одделението за инвестициски и технички активности, како и м-р Маријана Опашинова, советник и преведувач во Секторот на генералниот секретар на Собранието.*

Студискиот престој на службениците од Собранието на Република Македонија имаше за цел остварување размена на искуства и мислења за работата на Сенатот и на Претставничкиот дом на Република Чешка, посебно за организацијата на работа и функционирањето на Службата, техничкото и тековното одржување на парламентарните згради, методологијата на дистрибуција на канцеларии за пратениците и за вработените во Службата, како и критериумите врз основа на кои се врши таквата дистрибуција.

За време на посетата беа организирани средби со следниве претставници на Службата на Парламентот на Република Чешка:

*Сенат на Република Чешка:*
- **г. Јан Водрашка** (заменик генерален секретар, раководител на Секторот за финансиски и административни работи) и **г-ѓа Нина Маркова** (архитект, заменик раководител на Секторот за финансии);

*Претставнички дом на Република Чешка:*
- **г-ѓа Љуба Чехова,** директор на Службата во Претставничкиот дом;
- **г. Франтишек Прицлер,** раководител на Секторот за економско и материјално работење и одржување;
- **г. Карел Сосна,** раководител на Парламентарната библиотека;
- **г. Игор Вацлавик**, раководител на Секторот за информативна технологија и
- **г-ѓица Јана Франкова,** советник за комерцијално и граѓанско право, Парламентарен институт за европски прашања.

**Сознанијата кои беа стекнати врз основа на разговорите со претставниците на парламентарната служба се поделени и детално образложени во одделни целини од овој извештај.**

### *Парламентарен систем на Република Чешка*

Согласно со Уставот од 1992 година, Сојузната Република Чехословачка е поделена на Чешка и Словачка Република на 1 декември 1993 година. Новиот Устав на независна Република Чешка влегува во сила на 1 декември 1993 година, кој предвидува парламентарен систем на владеење, а законодавната моќ ја поседува дводомен парламент составен од Сенат и Претставнички дом. Сегашниот Претставнички дом е основан на 1 јануари 1993 година, додека Сенатот, како горен дом на Парламентот, е основан во 1996 година, по првите избори за сенатори истата година.

### *Сенат*

Сенатот е составен од 81 член - сенатори, кои се избираат со мандат од шест години. Изборите се одржуваат на секои две години за една третина од сенаторите, со што се осигурува континуирано функционирање на работата на Сенатот. За разлика од Претставничкиот дом каде што кандидатите за пратеници треба да имаат наполнето 18 години за да бидат избрани, а во Сенатот минималната старосна граница е 40 години. Сенатот е постојана институција и не може да биде распуштен како Претставничкиот

дом, а во случаи на распуштање на вториот, Сенатот може, во итни случаи, да донесува законодавни мерки.

Сенатот е надлежен за разгледување и усвојување на нацрти на закони за кои е постигната согласност од Претставничкиот дом. Сенатот може да ги усвои или да ги одбие нацртите на законите и да ги врати до Претставничкиот дом, со или без измени. Претставничкиот дом има право повторно да гласа по истите, а тие ќе се сметаат за усвоени доколку има просто мнозинство од сите пратеници кои гласале за тие закони. Потоа законите се испраќаат до претседателот на Републиката на потпис, а во случај на негово несогласување, законите се враќаат во Претставничкиот дом со писмено образложение од страна на претседателот и причините за неговото несогласување. Актот оди повторно на гласање во Претставничкиот дом и е прогласен за усвоен, доколку добие просто мнозинство од сите пратеници.

***Валдештајнската палата - седиште на Сенатот***

Палатата во која се сместени просториите на Сенатот е изградена во текот на 1623 и 1624 година од страна на благородникот Албрехт Венцеслав Еусебиус од Валдештајн, на место на претходната палата Трчковски, со други 23 куќи, три големи градини и еден двор со ѕидини. Неговата иницијална идеја за палатата била истата да биде поголема и поимпозантна, еден вид палата-ривал на Прашкиот дворец. Палатата содржи уникатни статуи, скулптури и фонтани кои ја комбинираат естетиката на манирнзмот со динамиката на барокниот стил.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија имаше можност да ја разгледа палатата и да ја посети Главната сала, Салата на витезите, Салата за аудиенции, Астролошкиот коридор, Салата на седници на Сенатот, канцелариите на сенаторите и на вработените во Службата на Сенатот (за повеќе информации посетете го линкот http://www.senat.cz/zajimavosti/palace/index.php?ke_dni=21.12.2006&O=).

Поради напредокот на информативната технологија и за подобрување на работата на Сенатот, зградата морала да претрпи сериозна реконструкција, при што требало истовремено да се запази автентичниот изглед и да се вградат елементите потребни за непречено функционирање на информативната технологија во објектот.

Реконструкцијата која отпочнала пред неколку години е завршена оваа година, па со истата се повратил стариот изглед на зградата, старите сводови, фрески и сликарство кои биле откриени во текот на реконструкцијата. Греењето на објектот е со електрична енергија, т.е. со фен кулери, а истото е регулирано компјутерски, како и целата техничка опрема. Реконструкцијата е правена под строг надзор на експерти за култура на споменицитe. Проблеми се појавиле кога ахритектите барале строго почитување на историските елементи на објектот, што не секогаш било можно, па затоа се организирале дебати со цел да се најдат компромисни решенија на истите. За време на обиколката на Делегацијата, исто така, и беа директно презентирани начините на кои главниот архитект на Сенатот во соработка со други ескперти, успеале да ги вградат модерните елементи, како компјутерска опрема, кабли за пренос и сл.

Со реконструкцијата, исто така, се направени рампи за хендикепираните лица, што исто претставувало проблем заради максималното почитување на историскиот карактер на ваков објект. Сите пари биле обезбедени од државниот буџет, но и со индивидуални донации, бидејќи само средствата од буџетот не биле доволни за целата обнова.

Исто така, е вршена реконструкција на зградата на сенаторите, но од помал обем. По завршување на проектот, Сенатот добил награда од Асоцијацијата за култура на ЕУ. Наградата е доделена за внимателниот пристап при реконструкцијата на спомeникот на културата на Република Чешка, но и пошироко во европски рамки.

***Организација на работата на Сенатот***

Сенатот има 200 вработени, плус 81 асистент на сенаторите. Секој сенатор има своја канцеларија, компјутер и телевизор, сателитска програма, а и сигнал за пренос на

седница од салата. Телевизор има и во секоја канцеларија на вработените во Службата на Сенатот.

Сенатот има сопствено ТВ студио, каде што реализира директен пренос на седниците само за Парламентот и за министерствата. Другото студио е под наем на националната телевизија на Република Чешка, со кое им се овозможува користење на парламентарните камери за потребите на телевизијата. Јавноста седниците ги следи со одложено емитување, поточно не се врши директен преност од седниците на Сенатот и на Претставничкиот дом.

Директниот сигнал од седницата, Претставничкиот дом и министерствата можат да го следат и преку Интернет. Сенатот има и сопствена веб страница (http://www.senat.cz/index-eng.php), во која се содржани сите информации за сенаторите, нивните групи, канцелариите на изборните единици, организација на службата, закони кои се на дневен ред, стенограми, посети во странство на посебен линк, новости и сл.

Сенатот е отворен за посети на јавноста за време на викендите. Посетите се организираат и изведуваат од страна на вработени во Службата на Сенатот и се бесплатни. Градината на објектот, исто така, е достапна за јавноста.

### *Претставнички дом*

Претставничкиот дом има 200 пратеници, кои се избираат на директни избори со систем на партиски листи на пропорционална претставеност и за мандат од четири години. Партиите можат да доставуваат кандидати за избор на пратеници под услов тие да се веќе застапени, да имаат барем 10.000 членови или да соберат 10.000 потписи.

Со Претставничкиот дом (исто како и со Сенатот), претседава претседавач (претседател) и заменици претседавачи (потпретседатели). Работата на Претставничкиот дом е организирана од страна на Организациониот комитет кој, како тело, е основан во 1992 година. Организациониот комитет е составен од претседателот, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи. Истиот разгледува и донесува одлуки во врска со дневниот ред на седниците, одредува делегации за патување во странство, предлага назначување раководни лица на сектори во службата на Собранието, а го назначува и генералниот секретар по неговиот избор на интерен конкурс.

Претставничкиот дом работи на циклична основа што подразбира работа во комисии три недели, пленарни седници последната недела од месецот, а следната недела потоа е резервирана за работа во изборните единици. Пленарната седница трае од 9,00 до 21,00 часот. Кворум и во двата дома се постигнува доколку се присутни една третина од пратениците.

Законите се поднесуваат од страна на Владата, Сенатот или од пратеници, но најголем дел од нив се владини закони. Главниот товар на работата е во комисиите, каде што се дискутира подетално по законите и каде што се поднесуваат амандмани по истите. Потоа законот оди на пленарна дебата која главно се фокусира на главните принципи на законот и потоа се гласа по тој закон.

### *Избор на претседател на државата*

Претставничкиот дом заедно со Сенатот се среќаваат за избор на претседател на државата, кој се избира за максимум два мандата од по пет години. Претседателот на државата го назначува премиерот, кој пак ги назначува министрите (околу 20) што ја формираат Владата.

### *Служба на Претставничкиот дом*

Организацијата на Службата е уредена со Деловникот на Претставничкиот дом (членови 117 и 118) и Организациониот правилник издаден од Организациониот комитет на Претставничкиот дом, кој независно одлучува за работата, организацијата и платите на вработените од другите државни службеници.

На чело на Службата е генерален секретар (Петер Кинстер) од редовите на Службата на Претставничкиот дом, кој се избира на интерен конкурс, а се назначува од страна на претседавачот на Претставничкиот дом. Сегашниот генерален секретар е на таа позиција веќе 15-16 години.

Работното време на Службата трае од 7,45 до 16,15 часот. Со оглед на тоа дека седниците траат и после крајот на работното време, од 350 вработени колку што брои Службата на Претставничкиот дом (без асистентите на пратениците), на седница остануваат околу 100 вработени и тоа оние стриктно врзани за точките од дневниот ред и за самата седница. За седниците и прекувремената работа се исплаќа надомест кој се добива во склоп на платата. Вработените, исто така, добиваат месечни награди за извршената работа, покрај надоместоците за седници, како и покачувања на платата согласно со закон.

Приватноста на податоците за плата е заштитена со закон и не треба да биде јавна. Строго е забрането и се казнува давање информации за плата на одреден вработен за друг вработен во Службата.

***Организација на Службата***

Службата е организирана во организациони единици сектори, кои се составени од одделенија.

***Кабинет на претседателот на Претставничкиот дом***

*Кабинетот на претседатлот на Претставничкиот дом се сотои од следниве организациони единици:*
*а) Одделение за Кабинетот на претседателот на Претставничкиот дом, задолжено за сите активности на претседателот,*
*б) Одделение за протокол на претседателот на Претставничкиот дом, кое ги организира сите протоколарни активности на претседателот и*
*в) Обезбедување на претседателот на Претставничкиот дом, чија главна задача е безбедноста на претседателот на Претставничкиот дом.*

*Советодавен сектор на претседателот на Претставничкиот дом*, кој е составен од следниве одделенија:
а) Одделение за консултанти/советници - во ова Одделение, покрај постојано вработените консултанти и советници на претседателот, спаѓаат и консултантите/советниците ангажирани од страна на претседателот на договор на дело, за време на парламентарниот мандат,
б) Коресподенција/епистоларно одделение, надлежно за целата коресподенција на претседателот на Претставничкиот дом, како и за преведувањето на сите материјали кои доаѓаат во Парламентот и
в) Прес агент на претседателот на Претставничкиот дом, кој е задолжен за односите со јавноста и медиумите и го презентира мислењето на претседателот по одредени прашања.

***Секретаријати на потпретседателите на Претставничкиот дом***

Секој потпретседател има по еден советник во својот секретаријат, еден технички секретар и по еден личен асистент со договор на дело. Во сегашниот Претставнички дом има пет потпретседатели.

***Секретаријат на Комисиите и Секретаријат Комитетите***

Овие два секретаријати се надлежни за работата на комисиите и комитетите, поточно на постојаните (пр. медиуми) и на ад хок работните тела на Претставничкиот

дом (уставни прашања и анкетна комисија за истрага, кои се основаат за разгледување позначајни прашања на барање на пратениците).
Тие се поделени согласно со надлежните парламентарни комисии, а нивниот број на вработени зависи од обемот на работа на секоја комисија. Во просек, тој број се движи од три до пет лица за секоја комисија, а Комисијата за економија и Законодавно-правната комисија имаат по десет лица. Секретарите на комисии/комитети се со високо образование, советниците во нив, исто така, се со високо образование, а во образовниот профил преовладуваат економскиот и правниот факултет.

Претседателите на комисии/комитети имаат уште по еден асистент на договор за дело, кој не се брои во овие луѓе вработени во секретаријатите на овие тела.

***Комисија за европски прашања***

По зачленувањето на Република Чешка во ЕУ, на 1 мај 2004 година, Комисијата за европски прашања игра клучна улога во парламентарната контрола за европски прашања во Претставничкиот дом. Комисијата и претходно имала значајна улога во следење на транспонирање на европското законодавство во националниот поредок, но со членството во ЕУ оваа улога се променила со оглед на фактот дека по стапувањето во ЕУ, класичната врска меѓу Владата и Парламентот се губи, затоа што Владата го има приматот во заземање ставови по сите прашања кои се однесуваат на ЕУ во европските институции.

За зачувување на улогата на Парламентот како контролор на извршната власт, како и за негова вклученост во контрола на формулацијата на европското законодавство и политики, направени се измени во Уставот, кој гарантира вклученост на двата дома во тие процеси, како и измени на Деловникот на Претставничкиот дом кои налагаат редовна консултација на Парламентот од страна на Владата за ЕУ прашања .

Имено, согласно со измените во Деловникот на Претставничкиот дом, поточно членовите 109-а и 109-б, Владата е обврзана да поднесува нацрти на акти до Домот, преку Комисијата за европски прашања, која ги разгледува сите законодавни предлози и документи и по истите формира свој став во форма на резолуција. Владата или нејзин член се обврзани да присуствуваат на седница на Комисијата пред состанок на Советот на Европската унија и да даваат информации за ставот што ќе го заземе Република Чешка во преговорите во Советот по конкретното прашање.

Деловникот, исто така, предвидува Комисијата, доколку смета дека е потребно, може да ги достави предлозите кои самата ги разгледува и до други надлежни комисии и да побара мислење од нив и да постави временска рамка во која одреден предлог може да биде разгледан. Ваквата временска рамка е значајна бидејќи обезбедува гаранција дека комисиите ќе заземат став по одреден предлог, пред негово конечно одобрување во институциите на ЕУ и на тој начин да влијае на ставот на Владата за преговорите по одредениот предлог.

Владата е обврзана да ги земе предвид резолуциите на Комисијата за европски прашања и евентуално на другите надлежни комисии, при заземањето став во институциите на ЕУ.

Членот 190-б став (3) обезбедува еден вид класичен механизам на парламентарна контрола за европски прашања над Владата, кој често се нарекува "контролна резерва". Истиот се однесува на временскиот период кога се разгледува еден предлог во Комисијата за европски прашања и за време на кој Владата, освен во случаи на неодложни акти, не смее да зазема став по одреденото прашање дури Комисијата не постигне договор и не донесе резолуција по истото. Тоа дава гаранција дека Парламентот, како претставник на граѓаните, се консултира за формулирање став, кој секако ги рефлектира интересите на Република Чешка, а што е во согласност со *Протоколот за улогата на националните парламенти во Европската унија*, интегрален дел од основачките договори на Унијата.

Владата по завршување на состанок на Советот, исто така, е обврзана да достави извештај до Комисијата за европски прашања и да ја информира за заклучоците и решенијата кои произлегле од тој состанок.

Со оглед на фактот дека овие законодавни предлози и документи кои се доставуваат до Комисијата за европски прашања секоја година се во огромен број (околу 400 од нив се само законодавни предлози), праксата е тие предлози и документи да не одат на пленарна седница, освен во ретки случаи за политички значајни предлози и документи. Тоа практично значи дека Комисијата за европски прашања дејствува како мал парламент со заземање ставови по одредени ЕУ прашања.

***Персонал на Комисијата за Европски прашања***

Персоналот на Комисијата за европски прашања, порано Комисија за евроинтеграции се состои од четворица луѓе, сите со високо образование. Истите се надлежни за организирање на посети на комисијата во странство, за состаноците на КОСАК, на групата Вишеград 4 (Полска, Чешка, Словачка и Унгарија, формирана со цел да се нагласи и зајакне регионалниот пристап и за споделување на заеднички искуства), како и за сите други технички активности кои се однесуваат на работата на Комисијата, подготвување материјали за седница, нивно известување, подготвување извештаи од седниците, полнење на веб страницата на Комисијата со податоци и сл.

**Напомена:** Целата експертиза во поглед на европското право и прашањата од Европската унија се обезбедува од страна на Парламентарниот институт, поточно Центарот за европско право (види подолу).

Секретаријатот на генералниот секретар на Претставничкиот дом е *задолжен за сите активности на генералниот секретар, преку:*

а) Одделението за односи со јавност, кое е надлежно за жалби и поплаки кои пристигнуваат од граѓаните на Република Чешка и

*б)* Одделението за човечки ресурси, надлежно за персоналните прашања на Претставничкиот дом.

***Сектор за законодавство***

Секторот е одговорен за подготвување закони, каде што има посебен правен оддел надлежен за договори со пратениците, изнајмување канцеларии и сл.

***Организационен сектор***

Надлежен е за организација на работата на Претставничкиот дом. Директорот на овој сектор е директор и на Организациониот комитет. Во склоп на овој сектор има три одделенија:

а) Одделение за парламентарни активности (десет луѓе) надлежно за дневниот ред на седниците, за претседателот и сценариото на претседателот за седници. Четворица од вработените се со високо образование, пет се со средно образование, а раководителот е со завршен факултет на Кадетрата за филозофски науки,

б) Одделение за архива има раководител на архивата, четворица од луѓето кои работат таму се со средно образование. Документите од ЕУ ги архивира Парламентарниот институт, во соработка со Одделението при Комисијата за европски прашања и

в) Одделение за стенографски услуги чиј раководител е со високо образование, има шест стенографи, но и стенографи кои се ангажираат на договор за дело само за седници, само за седниците да го избегнат плаќањето плати и придонеси за овој број луѓе. Тоа е поради фактот што потребниот број на стенографи за седница е огромен, а особено имајќи го предвид фактот за ефикасност во трошењето на пари од Буџетот на Претставничкиот дом, кој иако е дел од Државниот буџет, е независен и министерот за финансии има обврска само да го вметне во Државниот буџет, без право да го менува.

### *Сектор за информатика*

Секторот е надлежен за сите работи поврзани со информатичката технологија во Парламентот. Тие се должни да ги снабдуваат пратениците и Службата со компјутерска опрема, да се грижат за функционирањето на мрежата, Интернет пристапот, седниците на Претставничкиот дом и сите проблеми што произлегуваат од секојдневното работење со информатичката технологија.

Овој Сектор е составен од следниве одделенија:
а) Одделение за информатички системи и
б) Одделение за сервисирање за бази на податоци.

Согласно со начинот на работење на Парламентот, на секој пратеник му следува:
а) компјутер и опрема за неговата канцеларија во Парламентот,
б) компјутер и опрема за неговата канцеларија во изборната единица (што, исто така, е покриено од Буџетот на Парламентот) и
в) лап-топ за негово работење во парламентарната сала, каде што има приклучок за Интернет на местото на секој пратеник.

Лап-топовите пратениците обично не ги враќаат на крајот на мандатот, туку ги откупуваат по поволна цена.

Секој вработен, исто така, добива компјутер и опрема. Претставничкиот дом има склучено долгорочен договор со компјутерска фирма, преку која се вршат сите набавки, поправки и сервисирање на опремата. Истата дава петгодишна гаранција на опремата што ја нуди. Опремата се менува на секои четири години, при што се врши замена старо за ново со истата фирма.

Според процените, оваа Служба е надлежна за околу 1.100 парчиња опрема и 400 печатачи. Исто така, има поставено внатрешна мрежа на Интранет, која е за интерна употреба на вработените во Службата. Секој пратеник и секој вработен во Претставничкиот дом имаат свој и-мејл (со капацитет од 200 МБ).

Овој Сектор, исто така, се грижи за веб страницата на Претставничкиот дом. Истата содржи предлози на закони, фазата во која се наоѓаат во моментот, дали се усвоени или не и сл. Законите и предлозите на закони се добиваат во електронска форма. Исто така, се ставаат стенограми од седниците во *html* писмена форма или *wmv* аудиоформат. Прво се објавува непотврдената верзија на стенограмот, обележана како неавторизирана, а потоа официјално потврдената верзија. Видеоматеријалите обично се достапни 2-3 дена по завршување на седницата.

Секторот брои 15 вработени, 11 се со високо образование, а 4-5 се електроинженери.

### *Сектор за печат*

Секторот брои шест вработени , од кои четворица се со високо образование, а двајца со средно образование. Во склоп на Секторот се следните одделенија:
а) Одделение за печат, надлежно за информирање и за следење и собирање написи во печатот за собрание; исто така, реагира на статии објавени во печатот; одговорно е за движењето на новинарите во парламентарната зграда и за галеријата за новинари во Пленарната сала. Вработените во ова Одделение ги придружуваат новинарите во текот на нивното присуство во зградата. Новинарите имаат право да го посетуваат и парламентарниот ресторан и
б) Одделение за аудиовидео техника, за пренос на седници во внатрешната мрежа, за озвучување на Претставничкиот дом, салите и за снимање на сите парламентарни седници и на седниците на комисиите. Ова Одделение има шест вработени.

### *Сектор за меѓународна соработка*

Секторот е надлежен за меѓународните активности на Претставничкиот дом, странските делегации кои доаѓаат во посета, како и за делегациите на Претставничкиот дом во меѓународните организации. Секторот се состои од следниве одделенија:
а) Одделение за меѓународна соработка, надлежно за делегациите во Претставничкиот дом во меѓународните институции, организации и за изготвување на извештаи и
б) Одделение за реализација и организација на патувања во странство и посети, организација и водење странски делегации, посети во Претставничкиот дом, како и организација на посети и патувања на пратениците и вработените во странство.

***Сектор за економско и материјално работење***

Секторот е надлежен за целокупното економско и материјално работење на Претставничкиот дом, како и за тековното одржување на зградата, набавките и распределбата на канцеларии за пратениците и за Службата.

Претставничкиот дом ангажира служба за техничко и хигиенско одржување на објектот, а вработените имаат работно време и постојано се во парламентарната зграда; девет луѓе се ангажирани за техничкиот дел, а фирмата е избрана на повеќегодишен договор за работа, па така заради континуитет и квалитет, тие со неа работат веќе седум години. Вработените претходно биле вработени во Претставничкиот дом, фирмата ги преземала, па покрај понудата била избрана и за тоа што ги преземала тие луѓе заради нивно добро познавање на целиот објект и начинот на функционирање на работата.

Одржувањето на хигиената, исто така, е задача на оваа фирма, вклучително и набавката на сите потребни материјали на Претставничкиот дом (пр. тоалетна хартија, сапуни и сл). Во договорот се прецизирани бројот на ангажирани луѓе и цената за услугите. Договорот е склучен без ограничување, а е потпишан од страна на генералниот секретар.

Греењето во објектот е на гас, а има одредени делови кои се греат на класично парно, а дел на електрична енергија.

Најмувањето на фирми е регулирано со Законот за јавни набавки којшто предвидува склучување договор само за еден пријавен понудувач за набавки под 2.000.000 круни без ДДВ (19%), а за повисоки набавки се потребни најмалку пет понудувачи, согласно со стандардите на ЕУ. Постапката за конкурсот е транспарентна и се врши преку Интернет, а рокот е 2-3 месеца, но ако има само еден понудувач тогаш може директно да се склучи договор пред истекот на рокот. Секторот се состои од следниве одделенија:
а) Одделение за економско работење, надлежно за изготвување плати и надоместоци за вработените и за пратениците, како и за финансиските награди по одлука на генералниот секретар и Комисијата за буџет, која пак го изготвува заедно со надлежните во Службата Буџетот на Претставничкиот дом (како што е претходно наведено, тој е дел од Државниот буџет, но само вметнат како посебна ставка што практично значи дека е независен од извршната власт),
б) Одделение за документација, надлежно за целата коресподенција на Претставничкиот дом, во која работат курири за достава на материјали,
в) Одделение за материјално одржување, надлежно за техничко и друго одржување, меѓу кое и за самиот објект и сите промени во и надвор од објектот на парламентарната зграда, опремата во канцелариите и сл.,
г) Одделение за превоз - надлежно за превозот на пратениците и Службата во Претставничкиод дом.

Претставничкиот дом има сопствен возен парк. Претседателот има право на службена кола, како и потпретседателите и генералниот секретар. Претседателите на комисиите можат да бираат дали сакаат службена кола или пак финансиски надомест за превозот.

Другите користат службена кола во определени прилики кога е потребно, а Претставничкиот дом обезбедува превоз и за патувањата во земјата, како и превоз до

аеродром и назад на делегации кога патуваат во странство. Претставничкиот дом, исто така, обезбедува превоз до дома за вработените кога седниците траат и после 21,00 часот, за оние кои не дошле со сопствено возило,
д) Одделение за гастрономија, надлежно за исхраната на вработените и на пратениците во Претставничкиот дом. Во Домот има три ресторани: едниот е за пратениците, каде што тие обично ручаат за време на паузите од собраниските седници; еден за вработените, на кои им се обезбедува соодветен надомест за ручек во склоп на работното време и уште еден репрезентативен ресторан-винарска визба, за пречек на странски и домашни гости кои доаѓаат во посета на Парламентот и
ѓ) Хараков рекреативен центар, угостителски комплекс, одморалиште во сопственост на Претставничкиот дом, во кој можат бесплатно да престојуваат сите вработени и пратениците од Претставничкиот дом.

### *Сектор за безбедност*

Овој Сектор е надлежен за безбедноста на објектот на Претставничкиот дом, пратениците и Службата. Вработените во овој Сектор се под надлежност на Министерството за внатрешни работи на Република Чешка.

### *Парламентарен институт*

Парламентарниот институт е задолжен за сите научни, истражувачки задачи и обуки за двата дома на Парламентот, за комисиите, пратениците, сенаторите и за службите во двата дома. Истиот е основан во 1990 година како Сектор за научни услуги, во 1991 година е преименуван во Сектор за анализа и експертски мислења, за потоа да биде именуван како Парламентарен институт.

Работата на Институтот зависи од потребите на Парламентот и работи исклучиво на независна, непристрасна и експертска основа при изготвувањето на информации, истражувања, извештаи, мислења, студии и сл.

Парламентарниот институт има 16 вработени, од кои двајца работат на договор за дело; раководен од директор и заменик-директор и двајца технички секретари. Другите вработени се експерти специјализирани во различни области (седум правници, двајца економисти, еден историчар, двајца со политички науки и еден техничар) и три асистенти.

Центарот за европско право е основан како експертски оддел на Парламентарниот институт за *acquis communautaire.* Идејата за основање на ваков центар се наметнала како резултат на активната вклученост на институтот во проектите на ФАРЕ за поддршка и активно учество на Парламентот во процесот на транспонирање на европското законодавство во националното право. За време на тие проекти, вработените во институтот биле обучувани од странски експерти од Институтот Асер за приватно и јавно интернационално право и европско право од Хаг, а била поставена и техничка и документациона основа за информации за ЕУ и за подготовка на анализи.

Задача на вработените е да обезбедуваат информации за примарното и секундарното законодавство на ЕУ, за Европскиот суд на правдата, како и компаративни студии за имплементација на законодавството и искуства на другите земји членки на ЕУ; подготовка на мислења во соработка со Комисијата за европски прашања, за законите кои се разгледуваат од страна на комисијата и сл. Исто така, тие вршат месечна селекција на сите ЕУ документи кои се дискутираат во телата на ЕК/ЕУ.

Инстутутот изведува обуки за крајните корисници на базата на податоци Јустис-CELEX *acquis communautaire,* како и курсеви за европското право за сите заинтересирани, првенствено за сенаторите и пратениците, како и службите во двата дома на Парламентот, заради нивно подобро запознавање со начинот на функционирање и работа на европските институции.

### *Парламентарна библиотека*

Парламентарната библиотека е сместена во најстариот дел од канцелариите. Во архивот има документи дека истата е основана за време на австриската монархија во далечната 1857 година, како библиотека на Административниот совет за Бохемија, што била подеднакво достапна за користење и за членовите на Конгресот на Чешкото Кралство. Доказ за нејзиното постоење е каталогот на библиотеката од 1875 година (изготвен на германски јазик). Во тоа време имало два официјални јазика: германски и чешки.

Библиотеката ги опслужува и Сенатот и Претставничкиот дом. Таа содржи 200.000 книги и разни документи од областа на правните науки, законодавството, политичките науки, модерната историја, филозофија, економија, социологија, култура, енциклопедии и сл. Во нејзината колекција на книги има законски кодекси од втората половина на 19 век до денес, како и парламентарни документи и кодекси од 15 странски држави.

Во Библиотеката работат 14 вработени библиотекари. Секој вработен во парламентот, вклучително и асистентите на пратениците, можат да се обратат до библиотеката со конкретно барање за информација, по писмен или електронски пат (и-мејл). Документите можат да се копираат или да се разгледуваат во самата Библиотека, но не смеат да се изнесуваат надвор од неа.

Од 2002 година, со дигитализација на целокупниот материјал од Библиотеката, станала јавна (заеднички проект со Парламентот на Република Словачка, кој траел скоро 11 години и опфатил милиони страници документација и закони) и негово ставање на Интернет, достапно за парламентарните служби, пратениците, но и пошироката јавност. Комплетно е автоматизирана. Базата на податоци вклучува материјали и закони уште од 11 век.

**<u>Напомена:</u>** Сите закони се објавуваат во "Службен весник", кој го објавува Министерството за внатрешни работи, но го има и во електронска форма на неговата веб страница и е достапна и бесплатна за сите.

По проектот за дигитализација на Библиотеката, бројот на Интернет корисници и приклучувања на парламентарната веб страница значително се зголемил, па така во просек само базата на податоци на Библиотеката има 3.000 корисници дневно. Заедничкиот проект изведен заедно со Република Словачка за дигитализација на документите се покажал како многу корисен и исплатлив, поради споделувањето на финансиски средства, но и поради скратувањето на времето за дигитализација во двете држави, кои ги врзува заедничката историја, јазикот и сл. Парите за проектот се обезбедени од Буџетот на Република Чешка (и Република Словачка, соодветно), но и од приватни донатори.

Библиотеката користи платени ресурси во својата работа, кои потоа ги прави досатапни за сите оние во Парламентот на кои им се потребни за нивната работа.

**<u>Напомена</u>**: Библиотеката купува по еден примерок од одредени списанија како *Times, Economist* и по еден примерок од сите дневни весници во Република Чешка. Интересен е фактот што весници и списанија им следуваат само на претседателот, потпретседателите на Парламентот и на генералниот секретар. Пратениците и другите раководители на сектори не добиваат весници, затоа што е многу скапо и затоа што изданијата можат да се најдат на Интернет.

Во соработка со Парламентарниот институт, поточно со Центарот за европско право, во Библиотеката има референци кои се однесуваат на апроксимацијата на домашното со европското право како прашања од европската интеграција и ЕУ, Службениот весник на ЕК од 1994 година наваму и базата на податоци Justis-CELEX *acquis communautaire*.

Исто така, Парламентот изготвил верзија на <u>*EUROVOC Thesaurus*</u> <u>(http://www.psp.cz/cgi-bin/eng/kps/knih/ee_geninfo.htm),</u> за законодавството на Европската унија, како и многу други области. Истиот може да се пребарува на четири јазика: чешки, англиски, француски и германски, со тоа што повеќето закони се на чешки јазик.
<u>Линк на Библиотеката</u>: http://www.psp.cz/cgibin/eng/kps/knih/index.htm

***Заклучни согледувања***

Согласно со изнесеното, работната посета на делегацијата од Стручната служба на Собранието на Република Македонија на Парламентот на Република Чешка се оценува како многу значајна и целна.

Овој вид на парламентарна соработка меѓу претставници од Стручната служба на Собранието на Република Македонија и Службата на Парламентот на Република Чешка обезбедува можност за стекнување сознанија и искуства за работењето на Чешкиот парламент.

Имајќи го предвид фактот што Собранието на Република Македонија треба да помине низ процес на реформи заради поуспешно извршување на неговите задачи, а особено имајќи ја предвид аспирацијата на Република Македонија да стане членка на Европската унија и на европското семејство на народи, Делегацијата од Стручната служба на Собранието на Република Македонија која го посети Чешкиот парламент и ги стекна гореспоменатите искуства, се надева дека тие ќе бидат соодветно применети во секојдневното работење на Собранието на Република Македонија.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# ***ИНФОРМАЦИЈА***

***Од посетата на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Долниот дом на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, реализирана од 3 до 8 декември 2006 година.***

***Скопје, декември 2006 година.***

*На покана на Британската група во Интерпарламентарната унија, Делегација од Собранието на Република Македонија го посети Долниот дом на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Посетата беше реализирана од 3 до 8 декември 2006 година.*

*Членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, предводена од г. Горан Мисовски, беа д-р Фадил Сулејмани, г. Јован Манасијевски и Александар Николоски.*

Во текот на престојот Делегацијата на Собранието на Република Македонија беше и во еднодневна посета на Белфаст.

За време на посетата Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствари повеќе средби со лордови, пратеници, министри и други државни функционери.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија оствари и кратка средба со спикерот на Долниот дом на Обединетото Кралство г. Мајл Мартин при што беше искажана благодарност од наша страна за поддршката што Обединетото Кралство ја дава во приспособувањето на нашата армија кон стандардите на НАТО, како и за поддршката што Обединетото Кралство и ја дава на Република Македонија во процесот на интеграцијата во ЕУ.

Членовите на Делегацијата остварија средби и со Комисијата за надворешни прашања предводена од Мајк Гејпс, Делегацијата на Парламентот на Обединетото Кралство во Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентарното собрание на ОБСЕ предводена од Тони Лојд, со Ерик Матли, претседател на Парламентарната асоцијативна група за Македонија, со Џефри Хун, министер за Европа, како и со Групата за проширување на ЕУ предводена од Лордот Дабс.

На средбите, од страна на домаќините, беше оценето дека Македонија има постигнато забележителен напредок во развојот на демократските вредности, истакнувајќи дека нивото на соработка на Обединетото Кралство што постои со Република Македонија е достапно и за сите земји од регионот. Домаќините, исто така, оценија дека нашата земја има направено најголем прогрес во регионот во однос на регионалната соработка, но и во развојот на односите со ЕУ.

Според пратениците во Долниот дом, од голем интерес е Македонија да биде стабилна и економски да се развива, а сите нејзини граѓани да се чувствуваат како дел од напредокот во економскиот и социјалниот живот.

Обединетото Кралство го поддржува проширувањето на ЕУ сметајќи дека проширувањето ке биде корисно и за ЕУ и за земјите кандидати, меѓу кои и Македонија. Домаќините, уште еднаш, истакнаа дека развојот на интегративниот процес на нашата земја кон ЕУ во најголема мера зависи од нас самите и од надминување на отворените прашања, наведени во Извештајот на Европската комисија за 2006 година, што се однесуваат на Република Македонија.

Заблагодарувајќи им се за поддршката што Обединетото Кралство и ја дава на Република Македонија, членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија ги запознаа домаќините со реформските процеси на нашата држава кои се во тек, како и со планираните активности за во иднина на овој план.

Во Белфаст Делегацијата се сретна со г. Џим Велс, претставник на Демократската унионистича партија (ДУП) кој ги изнесе гледиштата и ставовите на неговата партија во однос на политичката и безбедносната ситуација во Белфаст, како и неговите погледи во однос на партијата Шин Фејн.

Иако, според програмата, беше предвидена средба и со претставници на партијата Шин Фејн, која не се оствари, бидејќи нивниот претставник не се појави на средбата.

Генерална слика за состојбата во Белфаст, Делегацијата доби од претставниците на Канцеларијата за Северна Ирска, кои детално информираа за политичката структура и политичката состојба во Северна Ирска.

Во текот на престојот во Белфаст, Делегацијата на Собранието на Република Македонија се сретна и со претставници на Канцеларијата на Полицискиот омбудсман, кој ги објасни надлежностите на Полицискиот омбудсман, задолжен за истражување на поплаките на граѓаните во врска со односот на полицијата кон нив.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија имаше работен ручек со членовите на Британската асоцијација за Централна и Источна Европа која се залага за промовирање на поблиско разбирање меѓу Обединетото Кралство и земјите од Централна и Источна Европа, како и за поддршка на развојот на демократскиот систем и цивилното општество во земјите од овие региони.

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија беа детално запознаети со процедурата на работата на Долниот дом на Обединетото Кралство. Тие, исто така, присуствуваа на седницата на Долниот дом посветена на поставување прашања на премиерот и министрите на Владата.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија имаше можност да се запознае и со надлежностите на Парламентарниот комесар за стандарди.

Парламентарниот комесар е единствено надлежен за истражување на сомневањата за судир на интереси и корупција на пратениците. Целта на постигнатиот Договор за стандарди на однесување на членовите на Долниот дом на Парламентот на Обединетото Кралство е промовирање  култура меѓу парламентарците. Договорот ја поддржува и го одржува етичкото однесување, зголемувајќи ја  довербата на јавноста во Парламентот.

Парламентарниот  комесар се назначува од страна на Долниот дом на пет години без право на реизбор. Тој работи за Долниот дом, но се очекува да биде независен. Должностите на Комесарот се да го советува Долниот дом и парламентарците поединци, да го надгледува Регистарот на членови, да ги истражува поплаките и да му поднесува извештај на Комитетот за стандарди и привилегии.

На средбата со претседателот на Изборната комисија Сем Јонгер, на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија им беше објаснета функцијата и целта на Изборната комисија на Обединетото Кралство, при што се истакна дека таа е формиарана пред шест години (2000) и на почетокот беше задолжена за извршување на изборниот процес.

Според изнесеното на средбата, Изборната комисија има две улоги: обезбедување насоки, упатства, совети на претседателите на локалните изборни комисии, како и на Владата и промовирање на изборниот систем и процесот на гласање во јавноста, имајќи го предвид слабиот одзив, посебно меѓу младите до 24 години.

Причината за формирање на Изборната комисија беа серијата реформи во Обединетото Кралство во однос на финансирањето на политичките партии. Пред реформите, според Јонгер, постоеше единствена контрола во однос на потрошените средства во текот на изборниот процес од страна на поединци.

По имплементирањето на реформите политичките партии во Обединетото Кралство не смеат да примаат донации од извори надвор од Обединетото Кралство; тие мораат да ги декларираат сите донации над 5.000 фунти до Изборната комисија која ги објавува и максимумот што една политичка партија  може да го потроши во текот на една изборна кампање (која трае една година) е 20.000.000 фунти.

Во однос на уставната позиција и составот, Изборната комисија на Обединетото Кралство е независно и непартиско тело и одговара пред Парламентот. Никој не може да работи во и за Изборната комисија ако во последните десет години имал каква било поврзаност со партите. Со овие две компоненти, според претседателот на Изборната комисија на Обединетото Кралство, се обезбедува нејзината независност.

Од посетата може да се заклучи дека Обединетото Кралство ја поддржува Република Македонија во нејзиното интегрирање во ЕУ, истовремено барајќи од нашата земја поинтензивен ангажман во исполнувањето на  определените стандарди.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

***БЕЛЕШКА***

***од средбата на членовите на Комисијата за европски прашања и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, со г. Јанез Ленарчич, државен секретар за европски прашања на Република Словенија, остварена на 6 декември 2006 година***

***Скопје, декември 2006 година***

*Во рамките на официјална посета на Република Македонија на г. Јанез Ленарчич, државен секретар за европски прашања на Република Словенија, што се реализираше на 5 и 6 декември 2006 година, во Собранието на Република Македонија на 6 декември 2006 година беше остварена средба[31] со членовите на Комисијата за европски прашања и со Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.*

Средбата претставуваше можност за размена на мислења во врска со процесот на евроинтеграцијата на Република Македонија и во таа насока за споделување на словенечките искуства во процесот на евроинтеграцијата на Република Словенија. Од наша страна беше укажано дека Република Македонија како свој приоритет ја има европската и евроатлантската интеграција, за која постои широк политички консензус и силна политичка волја овој приоритет што поскоро да стане сегашност за македонските граѓани. Во овој процес, Република Македонија очекува афирмација на напорите што ги вложува во постигнувањето на оваа цел и поддршката од другите земји членки на ЕУ, особено од Република Словенија.

Пренесувајќи ги словенечките искуства, г. Ленарчич истакна дека исполнувањето на бараните критериуми за полноправно членство претставува тешка задача, која успешно може да се реализира само ако постои силна и недвосмилена волја и висока свест, како на страната на сите политички партии во земјата, така и на страната на Владата. Беше укажано и на големото значење на парламентарната димензија на овој процес, односно Собранието на Република Македонија може да даде силен импулс, особено преку активностите на Комисијата за европски прашања и Делегацијата во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Во однос на очекуваната поддршка, г.Ленарчич истакна дека Република Словенија и досега ја покажала и во иднина ќе ја дава силната и безрезервна поддршка на патот на Република Македонија кон што поскорашно нејзино европско и евроатлантско интегрирање и изрази надеж дека во многу блиска иднина ќе биде одреден датумот за почеток на преговорите на Република Македонија со ЕУ за полноправно членство.

На средбата беа разменети мислења за можностите, преку ревидирање и повторно активирање на билатералните договори за продолжување на соработката во доменот на образованието и натамошна размена на студенти, подобрувањето на трговската размена меѓу двете земји, како и за користење на искуствата на Република Словенија во процесот на децентрализацијата и јавните финансии.

На средбата беше дискутирано и за либерализацијата на визниот режим, а беше спомнато и прашањето на статусот на ромската заедница во Република Словенија по неодамнешните инциденти во селото Амбрус кога едно ромско семејство се обидело да се врати во селото по неколкунеделниот престој во бегалски камп во Постојна, но било спречено од мештаните. Во однос на ова, г. Ленарчич укажа дека и покрај фактот што Ромите се спомнати во Уставот на Република Словенија и имаат статус на специјална заштита од државата, Владата на Република Словенија и понатаму работи на подобрување на нивната општествена интеграција, преку донесување на законски и подзаконски акти со кои се овозможува да имаат свој претставник во општинскиот совет таму каде што претставуваат 20% од популацијата, право на образование, детска заштита и сл.

На средбата стана збор и за тоа како прашањето за веронауката во училиштата е третирано во Република Словенија. Притоа беше укажано дека со декрет на Уставниот суд е забранета веронаука од која било црква во државните училишта, но сите религиозни заедници може да формираат приватни училишта каде што може да се изведува веронаука, при што се и финансиски потпомогнати од државата.

[31] Средбата ја водеше претседателот на Комисијата за европски прашања г. Тито Петковски, а на неа присуствуваа пратениците: Благој Зашов, Александар Спасеновски, Владанка Авировиќ, Петар Попарсов, Анита Кипаризовска Крстеска, Валентина Божиновска, Панче Дамески, Ружди Матоши, Славица Грковска, Агрон Буџаку, Азис Положани, Силвана Бонева, Влатко Ѓорчев, Фијат Цаноски, Шабан Салиу, Веле Митановски, Елмазе Селмани, Гарип Каба, Тале Герамитчиоски, Неждет Мустафа и Блерим Беџети.

На крајот на средбата беа искажани заемни уверувања дека во духот на конструктивната билатерална соработка, двете земји активно ќе придонесуваат кон нејзино продлабочување и интензивирање.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Сектор за меѓународна соработка**

***ИЗВЕШТАЈ***

***од Состанокот на претседатели на КОСАК***
***11 септември 2006 година во Хелсинки***

***Скопје, септември 2006 година***

*На 11 септември 2006 година во Хелсинки, Република Финска се одржа средба на претседавачите на Комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ - КОСАК, на која како набљудувачи учествуваат и делегации на земјите пристапнички и земјите кандидати за ЕУ. Пратеничката Силвана Бонева учествуваше како претставник на Собранието на Република Македонија.*

*Претседавач на средбата беше г. Јари Вилен, претседател на Големата комисија на Парламентот на Финска. Оваа средба беше подготвителен состанок за Конференцијата на КОСАК закажана за 20 и 21 ноември 2006 година во Хелсинки и на неа се утврди дневниот ред на Конференцијата а се разговараше и за соработката на Комисијата и националните парламенти и за европската енергетска политика.*

Дневниот ред на Конференцијата во ноември ќе вклучи:

- обраќање на финскиот премиер кој ќе зборува за актуелни теми како ситуацијата на Блискиот Исток,
- дебата со комесарот Франко Фратини за проширување на Шенген зоната, како и
- дебата за Северната димензија на ЕУ и Русија на која, покрај министерот за надворешни работи на Финска и претседавачот на Комисијата за надворешна политика на Руската Дума, г. Косатчев, ќе бидат поканети и делегации на Исланд, Норвешка и Украина.

Предлог на Грчката делегација беше во последната точка освен за Северната димензија и Русија да се разговара и за балканските држави.

На состанокот свое обраќање имаше г-ѓа Маргот Валстром, потпретседател на Европската комисија надлежна за институционални односи и стратегија за комуникации. Имено, Комисијата во своето соопштение "Граѓанска агенда - испорачување на резултати за Европа" од 10 мај 2006 година (COM(2006) 211) ја најави до Европскиот совет намерата да "ги доставува директно сите нови предлози и консултации до националните парламенти, поканувајќи ги да реагираат за да го подобрат процесот на формулирање на политиките". Целта е националните парламенти да бидат соодветно информирани за законските иницијативи на Комисијата, што би помогнало тие да се вклучат во процесот на одлучување во рана фаза. Директното доставување на документите од Комисијата до националните парламенти ќе започне на 1 септември 2006 година.

Говорејќи за зајакнувањето на улогата на националните парламенти во креирањето и процесот на одлучување во Европската унија г-ѓа Валстром рече дека политиката на ЕУ мора да биде поразбирлива и порелевантна за граѓаните на ЕУ и ја нагласи потребата од нов пристап со цел да се помине од зборови на дела. Таа додаде дека Европската комисија сака да им помогне на националните парламенти да започнат расправи за прашања врзани за ЕУ и со тоа да се зголеми интересот на граѓаните за овие теми. Европската комисија назначи комесар за институционални односи за да го слушне гласот на националните парламенти и секако дека ќе ги зема предвид предлозите од националните парламенти, но тоа нема да значи дека ќе им даде право на истите да поднесуваат амандмани.

Претседателот на Делегацијата за европски прашања на Националното Собрание на Франција г. Леклер рече дека ЕУ не е доволно блиска до граѓаните и дека треба повеќе да се нагласи состојбата на Блискиот Исток. Европскиот парламент треба да е силен, одговорен и да ја зајакне својата улога, но тој не е конкуренција на националните парламенти.

Претставникот на Шведска истакна дека ЕУ мора да испорачува решенија и да воспостави дијалог со Балканот, умерените муслимани и Русија и да се занимава со други важни прашања како животната средина наместо да се занимава само со технички прашања.

Тема на вториот дел од состанокот беше европската енергетска политика а свои обраќања имаа министерот за трговија, индустрија и енергија на Финска г. Пекаринен, претседателот на Британ петролеум за Европа г. Жан Батист Ренар, како и претседавачот на Советодавната група на ЕУ за енергија и професор на Универзитетот од Хелсинки за технологија г. Петер Лунд. Беа претставени приоритетите на агендата на финското претседателство во однос на енергијата: прво, енергетска сигурност преку подобрување на односите со главните производители и главните потрошувачи на енергија и во оваа насока од особено значење е развивање на односите и соработката со Русија. Второ, ставање акцент на одржливи ресурси за производство и потрошувачка на енергија, притоа охрабрување за поголема енергетска ефикасност и употреба на обновливи енергетски извори и трето, фокус на перформансите на внатрешниот енергетски пазар. Една од заложбите на Финска како претседавач со ЕУ е и подобрување на дијалогот  меѓу земјите производители на енергија и земјите потрошувачи. Беше нагласено дека во моментов прашањето за енергија спаѓа во доменот на националните парламенти, но дека заради подобра ефикасност има потреба за ова прашање Европа да зборува со еден глас. Гласот на Европа ќе се слушне подобро ако постојат јасно дефинирани цели и ако испраќа исти пораки до трети страни.

На состанокот стана збор и за финансирање на Секретаријатот на КОСАК и беше претставен предлогот на финското претседателство за кофинансирање на секретаријатот на доброволна основа. Учесниците на состанокот се согласија да се основа Работна група која ќе го разгледа ова прашање и ќе донесе решение на Конференцијата во ноември.

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***Сектор за меѓународна соработка***

# *ИЗВЕШТАЈ*

***за учеството на Форумот "Ден на Македонија"***
***и средбата "Балканот и Европската унија",***
***одржани на 11 и 12 септември 2006 година***
***во Бари, Република Италија***

***Скопје, септември 2006 година***

*Делегацијата на Република Македонија учествуваше на форумот "Ден на Македонија" и средбата "Балканот и Европската унија", што се одржаа на 11 и 12 септември 2006 година во рамките на манифестацијата "Фиера дел Леванте", на истоимениот саем во Бари, Република Италија. Делегацијата ја предводеше д-р Живко Јанкулоски, потпретседател на Владата на Република Македонија, а во нејзин состав беа: г-ѓа Лилјана Поповска, пратеник во Собранието на Република Македонија, г. Љупчо Тозија, амбасадор на Република Македонија во Република Италија, г-ѓа Радика Секуловска, министер советник во Амбасадата на Република Македонија во Рим, г-ѓа Билјана Огненовска, раководител на Одделението за мултилатерална соработка во Собранието на Република Македонија и г-ѓа Мила Арапческа, соработник на потпретседателот на Владата.*

Традиционалната манифестација "Fiera del Levante", која годинава се одржа по 70 пат во организација на Регионот Пуља, претставува значаен настан кој нуди можности за средби меѓу политичките и економските претставници од Медитеранскиот регион. Во рамките на манифестацијата, која ја отвори премиерот на Република Италија, г. Романо Проди, беа организирани три форуми: "Ден на Албанија", што се одржа на 10 септември 2006 година, "Ден на Македонија", одржан на 11 септември 2006 година и "Ден на Црна Гора", одржан на 12 септември 2006 година.

На форумот **"Ден на Македонија",** што се одржа на 11 септември 2006 година, беа презентирани економските потенцијали на Република Македонија, со цел за привлекување на странски, односно италијански инвестиции, како и промовирање и интензивирање на економските и трговските врски меѓу двете земји. На форумот учествуваа македонски стопанственици, предводени од Институтот за надворешна трговија од Скопје, како и голем број стопанственици од Регионот Пуља. На учесниците им се обратија: г. Луиџи Лобуоно, претседател на саемот "Fiera del Levante", г. Ники Вендола, претседател на Регионот Пуља, г-ѓа Силвиа Годели, регионален министер за медитеранска соработка, д-р Живко Јанкулоски, потпретседател на Владата на Република Македонија, Рафаеле Фасано, потпретседател на Асоцијацијата на претприемачи од Бари, г-ѓа Лилјана Поповска, пратеник во Собранието на Република Македонија, г. Паоло Феручи, директор на Канцеларијата на Институтот за надворешна трговија во Скопје, г. Касам Зендели, потпретседател на Трговската комора на Западна Македонија, г. Иван Илиев, претставник на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија "Макинвест", г-ѓа Љубица Нури, претставник на Стопанската комора на Република Македонија, г. Микеле Грималди, координатор на Секретаријатот на Коридорот 8 и др.

Претседателот на саемот "Fiera del Levante", ***г. Луиџи Лобуоно,*** се осврна на програмата за соработка меѓу двата брега на Јадранското Море, што саемот ја спроведува во соработка со Министерството за развој на Регионот Пуља. Во рамките на оваа програма веќе шест години се остварува соработка и со Скопскиот саем, а на Саемот за земјоделство, одржан во Скопје во 2005 година, учествуваа 30 италијански стопанственици, кои ги изложувале своите земјоделски и прехранбени производи.

***Господинот Ники Вендола***, претседател на Регионот Пуља подвлече дека иницијативата за организирање на "Ден на Македонија" претставува силна и јасна потврда на волјата на Регионот Пуља и "Fiera del Levante" за зацврстување и продлабочување на пријателските, а пред сé, економските и културните врски меѓу Регионот и Република Македонија. Тој потсети на посетата на Регионот Пуља на претседателот на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски, реализирана во април 2006 година и на иницијативата за потпишување на Договор за соработка меѓу Регионот и Република Македонија. Господинот Вендола, исто така, ја подвлече неопходноста за реализација на Коридорот 8, како предуслов за развој на регионот.

На ова се надоврза ***г-ѓа Силвиа Годели***, регионален министер за медитеранска соработка, која оцени дека главната функција на Коридорот 8 треба да биде зближување на економиите на земјите кои ги поврзува, но истовремено и олеснување на движењето на луѓето и стоките. Заради ова, потребно е натамошно развивање на

поморскиот сообраќај и на пристаништата на двата брега на Јадранот, а особено Бари, Бриндизи, Драч и Бар. Госпоѓа Годели се заложи и за развивање на воздушниот сообраќај и воведување на директна авионска линија Бари-Скопје.

Потпретседателот на Владата на Република Македонија, ***д-р Живко Јанкулоски*** се осврна на рефомските активности за подинамичен економски развој, предвидени со Програмата на Владата на Република Македонија. Тој подвлече дека еден од главните приоритети е зголемувањето на атрактивноста на Македонија за странски инвеститори, преку воведување на најниски даноци во Европа и стимулации за инвестирање, поедноставување и зголемена предвидливост на регулативата, подобрена јавна инфраструктура и сл. Исто така, за подобрување на инвестиционата клима и зголемување на интересот на странските инвеститори за вложување во Република Македонија, Владата ги предвидува следниве мерки: експедитивна регистрација на претпријатијата со минимален број на административни процедури, немешање на државата во приватниот бизнис, поефикасен и поконкурентен финансиски систем, реформа на даночниот систем  и сл.

Потпретседателот на Владата д-р Јанкулоски го подвлече значењето на Коридорот 8, којшто е од витално економско, политичко и географско значење за регионот, истакнувајќи дека изградбата на овој  Коридор е од извонредна важност, не само како стратешки проект на полето на транспортот, туку и како можност за продлабочување на регионалната соработка меѓу земјите што ги поврзува. Тој се осврна и на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Италија, како и на интересот за повисоки форми на соработка, односно производни кооперации, трансфер на технологија и заеднички настап на трети пазари.

***Госпоѓата Лилјана Поповска***, пратеник во Собранието на Република Македонија, ги пренесе поздравите од претседателот и пратениците на Собранието на Република Македонија и оцени дека овој форум претставува можност за зајакнување на стратешкото партнерство меѓу Република Македонија и Република Италија. Истакнувајќи дека Европската унија не може да биде комплетна без земјите од Балканот, таа истакна во Македонија исклучително се цени италијанската поддршка во евроатлантските интеграции.

Истовремено, г-ѓа Поповска укажа дека Коридорот 8 претставува природен начин на поврзување на земјите и истакна дека она што го знаеле уште старите Римјани, односно патот Виа Игнација, во денешно време не смее да биде потценето. Таа ја потенцираше значајната улога што во изминатите години ја одигра парламентарната дипломатија за промоција на Коридорот 8. Во врска со ова, г-ѓа Поповска информираше за парламентарната средба за Коридородот 8, што се одржа во јуни 2004 година во Охрид, а на која учествуваа претставници на комисиите за надворешна политика од парламентите на земјите низ кои поминува Коридорот 8.

Госпоѓа Поповска се заблагодари на домаќините за гостопримливоста и отвореноста и се обврза да биде лобист за поблиска соработка меѓу Република Македонија и Регионот Пуља.

Во текот на "Денот на Македонија" беа реализирани бројни билатерални средби и склучени договори за соработка меѓу стопанственици од Република Македонија и Република Италија.

**Средбата "Балканот и Европската унија"** се одржа на 12 септември 2006 година, на неа учествуваа: г. Бесник Мустафаи, министер за надворешни работи на Република Албанија, г-ѓа Меглена Кунева, министер за европски прашања на Република Бугарија, д-р Живко Јанкулоски, потпретседател на Владата на Република Македонија, г. Миоград Влаховиќ, министер за надворешни работи  на Црна Гора, г. Вук Драшковиќ, министер за надворешни работи  на Србија и г. Масимо Д´Алема, потпретседател на Владата и министер за надворешни работи на Република Италија.

Од страна на сите говорници беше истакната неопходноста за влез на земјите од Балканот во Европската унија и беа повторени заложбите за реформи, со цел за побрзо зачленување на овие земји во ЕУ. Беше подвлечено и значењето на Коридорот 8, како мост на поврзување на државите, економиите и културите. На состанокот стана збор и за идниот статус на Косово, при што од страна на албанскиот и српскиот министер за

надворешни работи беа искажани сосема спротивставени гледишта по ова прашање. Господинот Бесник Мустафаи отворено се заложи за што побрза независност на Косово, со присуство на меѓународната заедница. Од друга страна, г. Вук Драшковиќ истакна дека Република Србија никогаш нема да признае независно Косово, нагласувајќи дека не треба да се става знак "еднаквост" меѓу Косово и Црна Гора, бидејќи Косово, за разлика од Црна Гора, никогаш не било независно.

***Потпретседателот на Владата на Република Македонија, д-р Живко Јанкулоски*** во своето обраќање истакна дека земјите од регионот имаат потреба од единствен и ефикасен механизам за координација во однос на изнаоѓање средства и извори за финансирање, со цел да се комплетира транспортната мрежа во регионот, како основа за севкупен развој.

Тој подвлече дека Владата на Република Македонија ја потврдува својата цврста определба за развој на двата паневропски коридори, Коридорот 8 и Коридорот 10, како главни траси за развој на земјата и истовремено за комплетирање на ЕУ концептот. Вкрстувањето на овие два коридора ја прават Република Македонија значаен инфраструктурен јазол на Југоисточна Европа. Господинот Јанкулоски се осврна и на изградбата на патната и железничката инфраструктура на Коридорот 8 што поминува низ територијата на Република Македонија, како и на Трансбалканскиот нафтовод АМБО, кој покрај економските предности, треба да обезбеди долгорочна економска стабилизација на Република Македонија и да го поттикне развојот на регионалната соработка меѓу земјите низ кои поминува. Се очекува овој проект да даде дополнителен импулс за развој на Коридорот 8 и да придонесе за јакнење на европските интеграциони процеси.

Потпретседателот на Македонската влада, исто така, се задржа на традиционално добрите односи меѓу Република Македонија и Република Италија, истакнувајќи дека Република Македонија има целосна поддршка од Италија како на билатерален план, така и во рамките на меѓународните институции. Таа поддршка има особено значење од аспект на јасната определба на Македонија за стекнување со статус на полноправна членка во ЕУ и НАТО.

Д-р Живко Јанкулоски нагласи дека по добивањето на позитивното мислење од Европската комисија и одлуката за доделување статус на земја кандидат за членство во Европската унија, следна цел за Република Македонија е одредување на датум за отпочнување на преговори за членство во ЕУ. Тој подвлече дека статусот на Македонија како земја кандидат упатува силна порака до земјите во регионот за реалноста на европската перспектива. Истакнувајќи дека апсорпциониот капацитет на Унијата не треба да биде изговор во однос на натамошното проширување на ЕУ со земјите од Балканот, тој изрази уверување дека европското семејство не може да биде потполно без интеграцијата на балканските држави.

Во заклучните согледувања од средбата, **г. Масимо Д´ Алема**, потпретседател на Владата и министер за надворешни работи на Република Италија, истакна дека еден од главните приоритети на надворешната политика на Република Италија е стабилизација на земјите од Балканот. Интеграцијата на овие земји во Европската унија е од стратегиско значење и мисија што Италија треба да ја спроведе во рамките на ЕУ. Господинот Д´Алема истакна дека Балканот е во срцето на Европа и би било апсурдно Европската унија да се затвора кон земјите од овој регион. Осврнувајќи се на Коридорот 8, министерот посочи дека по проширувањето на ЕУ со Бугарија и Романија, овој Коридор ќе претставува врска меѓу двата одделени дела на Унијата.

По завршувањето на средбата, потпретседателот на Владата на Република Македонија, д-р Живко Јанкулоски одржа билатерална средба со потпретседателот на Владата и министерот за надворешни работи на Република Италија, г. Масимо Д´Алема. На средбата биле повторени заложбите за зајакнување на билатералните односи меѓу двете земји и истакната поддршката на Република Италија за побрз влез на Република Македонија во Европската унија.

* * * * *

За време на учеството на форумот "Ден на Македонија" и средбата "Балканот и Европската унија", Делегацијата на Република Македонија наиде на извонредно срдечен прием и исклучително гостопримство од страна на претставниците на Регионот Пуља. Беа остварени бројни средби и контакти, при што без исклучок од италијанските соговорници беше понудена помош и поддршка како за реализација на Коридорот 8, така и за интеграцијата на Република Македонија во Европската унија. Македонската делегација, исто така, посети дел од саемските изложби на манифестацијата "Fiera del Levante", кои се однесуваа на Република Македонија и на Коридорот 8.

Министерката за медитеранска соработка г-ѓа Силвиа Годели ја прифати поканата да ја посети Република Македонија, при што ќе биде ставен акцент на соработката за реализација на Коридорот 8. Госпоѓа Поповска и г-ѓа Годели, исто така се договорија дополнително да се поврзат преку активностите на женските движења во Република Македонија и Регионот Пуља.

Во функција на лобирање за Коридорот 8, госпоѓа Лилјана Поповска оствари средба и со г. Микеле Грималди, координатор на Секретаријатот на Коридорот 8, чие седиште е во Бари. Господинот Грималди истакна дека парламентарната дипломатија, а особено средбата одржана во Охрид, била клучна за повторното актуелизирање на Коридорот 8. Тој се согласи да биде продолжена традицијата за организирање на парламентарни средби за Коридорот 8 и ја прифати сугестијата на г-ѓа Поповска овие средби да се организираат на ниво на парламентарните комисии за надворешна политика. Од своја страна, пратеникот Лилјана Поповска се обврза дека преку Собранието на Република Македонија ќе ја иницира следната ваква парламентарна средба.

Господинот Грималди информираше дека во октомври во Скопје ќе се одржи средба за Коридорот 8 на владино ниво, на која ќе биде презентирана подготвената студија за железнички собраќај. Се очекува Владата на Република Македонија да даде поддршка за оваа студија. Во тек на изработка е и студијата за патниот сообраќај на Коридорот 8.

Во рамките на манифрестацијата, д-р Живко Јанкулоски, потпретседател на Владата на Република Македонија и г. Ники Вендола, претседател на Регионот Пуља потпишаа ***Писмо за намери*** со кое Република Македонија и Регионот Пуља се обврзуваат да отпочнат соработка со цел за создавање развиена мрежа на односи, којашто ќе ги опфаќа локалните заедници, интересните здруженија, универзитетите, стопанските комори, саемскиот систем и организациите на млади и жени. Во документот се истакнува дека Република Македонија и Регионот Пуља се вклучени во Коридорот 8, чијашто цел е целосно регионално обединување на перспективата на европската интеграција со поддржување на дијалогот, комунукацијата и размената меѓу народите, културите и верите, надминувајќи ги вековните спротивставености. Владата на Република Македонија и Регионалната влада на Пуља ќе настојуваат во меѓународните институции да ја поддржуваат реализацијата на проектот, обединувајќи го своето дејствување и покренувајќи иницијативи во полза на постигнување на целите.

Во Писмото на намери се предвидува двете страни да се залагаат за поттикнување на заемното запознавање преку културата и поддршката за размена на делегации на новинари, како и збратимувањето меѓу локалните заедници, со особено внимание на младите и жените. Република Македонија и Регионот Пуља, исто така, ќе ја поддржуваат размената на делегации, а особено на претприемачи, преку организирање специфични манифестации за претставување на трговските и претприемачките можности. Двете Влади ќе се залагаат за подобрување на извозните капацитети, преку подобрување на европските стандарди за квалитет и добивање на цертификати за квалитет, користејќи ги во областа на земјоделството надлежностите на Агрономскиот институт на Медитеранот.

Република Македонија и Регионот Пуља дополнително се обврзуваат да потпишат Договор за соработка, во кој ќе бидат утврдени целите и видовите на дијалог и на билатерална соработка, како и да ја промовираат реализацијата на еврорегионот на долниот Јадран, "Заедница на Исток", кој ќе ги вклучува регионите од Јужна Италија и земјите од југот на Балканот.